# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Четвртото продолжение на Четириесет и петтата седница
на Собранието на Република Македонија, одржана на
15 декември 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Макеоднија, сала 1, со почеток во 10,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Пратениците Илјаз Халими, Неждет Мустафа, Али Ахмети, Игор Ивановски, Ангелка Пеева Лауреничиќ, Ристо Пејовски, Петар Наумовски, Љупчо Георгиевски, Никола Груевски, Трифун Костовски, Славица Грковска и Марјан Ѓочев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа таму каде што заставнавме.

Господине Коце Трајановски вие имавте еден предлог.

Дали треба да го гласаме или ќе го повлечете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не го повлекувам. Ќе го гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои се надвор да влезат во салата.

Ќе продолжиме со работа по 15 минути.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи имаме доволен број на пратеници,  констатирам дека на седницата присуствуваат доволен број на пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Пратеникот Коце Трајановски, предложи, согласно член 76 од Деловникиот на Собранието,  Собранието да одлучи Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот да го одложи и да го упати до надлежното работно тело, односно до Владата, тие дополнително да го разгледаат и на Собранието да му поднесат извештај со мислење и предлози.

Предлогот на пратеникот Коце Трајановски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, за гласале 9, воздржан нема, против гласале 63 пратеници.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Коце Трајановски не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Од ова што тука гледам, господинот Сашко Ќедев, не е тука, господинот Ѓорѓи Трендафилов не е тука.

Има збор господинот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитувани колеги, господине претседателе, господине министре,

Мислам дека е време да ја прекинеме оваа расправа, бидејќи се претвара во непродуктивно наддавање околу една политичка солуција која треба на еден сегмент, на албанската заедница во нашата држава да и омозможи и да каже дека има перфоманси дека извела одредена ситуација до крај.

Мислам дека требаше да седнеме да размислиме за содржината на законот уште малку, да го направиме тоа таму каде што му прилега на Собранието, во комисијата, наместо некои работи кои од многу причини, а најчесто од недоволна информираност ги вентилираме јавно и се претвараат во сопствена контрадиција и крајно контрапродуктивни, во однос на потребата што стои пред нас, а таа е да се изведе начин на кој високото образование ќе биде растоварено од политика и во рамките на тоа високо

образование, како една целосна државна постапка ќе можат сите заедници, а во случајов албанската заедница, да ги најдат најсоодветните решенија и да може таа популација, на начин кој ќе ни ги отвори вратите кон вредностите на Европа, а не да ни ги затвара, да го оствари тоа свое право.

Ние овде минавме три-четири дена и еве почнуваме уште еден, во оваа маратонска ситуација во која слушнавме многу малку зошто треба да се донесе законот вака како што се носи, слушнавме многу аргументи зошто, особено од претставниците на дел од албанската популација и заедница во Македонија, зошто не треба да се донесе овој закон. Во такви ситуации, кога работата се кристализира како политички проблем, како потреба за политичко усогласување, кога ја надраснува, а никогаш ја немал, барем според нашите намери, меѓуетничката димензија, умните политичари седнуваат и политички се договараат.

Што слушнавме последниве три-четири дена? Освен аргументацијата на министерот која, стручни луѓе, професори, професори на постојните универзитети, на свој начин ја негираа со многу мал број гласови во нејзин прилог, разбравме дека основањето на уште еден универзитет во државата и на уште еден универзитет во Тетово е политичка поделба на една партија. Разбравме дека сега треба да бидеме државници, откако на недржавнички начин, 13, 12, 10 години ја толериравме оваа креатура за која, дури и луѓето кои имале поблиски, интимни контакти, луѓе кои или работеле, или учеле таму, велат дека била неплодна, дека генерирала повеќе политички проблеми, отколку што генерирала образовни вредности.

Дојдовме во ситуација да ни се рече дека историјата ќе ни се врати, а историјата не е многу далечна, тоа е 2001 година и алузијата беше јасна, ако ова кое е политичко решение, кое треба да припадне како заслуга на една партија не го прифатиме, повторно ќе имаме по планините на Македонија луѓе кои ќе се нарекуваат борци за слобода и повторно тоа ќе биде еден своевиден меѓуалбански пуч во кој ние, остатокот од граѓаните на оваа држава, ќе бидеме тие кои ќе ја плаќаат сметката на сето тоа. Па, ни се кажа дека откако ќе паднеме на испитот, како државници, во поправањето на грешките од конфликотот и откако во планините ќе ни се појави повторно отпорот, дека една наша заедница е биде господар на нивниот дел од државата, а идејата ни е да воспоставиме

образовен систм кој, ако барем нас претходниот не не научи да живееме заедно и да се интегрираме во едно заедничко општество, сега треба да понудиме ние, како помудри, како искусни, како жртви на тие наши заблуди, да понудиме нов систем кој ќе интегрира, а неговиот зачеток го имаме во детал.

Ни се рече дека имаме ригиден политички систем. Па тој ригиден политички систем ја гледаше Мала Речиза и во ниеден момент ригидно не расчисти со неа, иако паднаа жртви, иако во моменти на слабост, иако во моменти на непромисленост, се употребија репресивните механизми на секоја држава, па и на нашата и на патеката на Мала Речица имаме и починат човек, секоја чест, нека му е лесна земјата, и луѓе кои јадеа ќотек. Меѓутоа, тој ригиден систем дозволуваше во овој Парламент, во името на тоа да стане човек и да рече оваа држава била неправда за една одредена заедница во нашата држава, за албанците. Тој ригиден систем го донесе Законот за високо образование кој овде беше донесен, во ова Собрание, со консензус, закон кој најде сила, демократска сила да рече дека сите жртви на заблудата во Мала Речица ќе можат да ги валидираат своите дипломи и да станат рамноправни академски граѓани на оваа држава, а ако се прифатат за тој закон и отидат и побараат во таа една година што преодните одредби на тој закон донесен во ова, наводно ригидно државиче, да станат луѓе со диплома, да можат потоа да си ја бркаат својата среќа и овде и во светот. Овој ригиден систем овозможи мирно решение на една криза која во основа беше конфликт кој беше предизвикан од нетрпението на една политичка структура, да ја замени другата, не македонска, албанска. Ние имавме петмина министри во тој ригиден систем, а ги имаме од 1945 година, првиот облик на држава на македонскиот народ и на другите граѓани, малцинства и заедници во оваа држава и во времето на конфликтот имавме пет, во тој ригиден систем, министри албанци на клучните ресори, кои, доколку беше вистина дека постои целосна репресија во нашата држава, требаше да не бидат министри, туку да бидат на планините и да се борат против оваа држава, во која ги остваруваат своите демократски права. И на крај дојдовме до тоа сега овде да се убедуваме дека со едно решение, јас ги прифаќам аргументите на министерот, јас разбирам во која ситуација се наоѓа, во обидот да расчисти со една креатура. Меѓутоа, се плашам дека ќе ни се случи да создадеме палијативно решение кое нема да биде доволно и кое ќе создава

дополнителни проблеми. Сега се наоѓаме во ситуација да озакониме дека во оваа држава може и натаму да се закануваме, во оваа држава можеме и натаму да претендираме секој да биде господар на своето и така поделени да живееме во карантин, во предворјето на Европа и да гледаме како една Бугарија 2007 година ќе влезе во Европската унија, една Хрватска и Романија во 2009 година. А ние, едно отворено општество, едно, колку толку, со сите дефекти, до пред тоа интегрираме општество, го поделивме прво на заедници, а сега ќе го поделиме на едукативни гета. И да се вратам назад на кажувањата на еден колега кој ни е и главна инспирација, како негација на тоа што го тврди за средновековието во образованието.

Јас неможам да гласам господа, ако не седнеме и не се предоговориме за еден закон кој ќе доведе до тоа некој политички да триумфира над образованието и да му се дадат инструментите потоа да манипулира, тогаш веќе со современи решенија, божемски на средновековен начин и со контролата врз знаењето, да ја држи албанската заедница или дел од неа, во оваа наша држава, во свои политички пазуви, а не да и овозможи да влезе во пазувите, како што сакаме сите ние, на Европа.

Господа, овде се кажа и една работа, последна која сакам да ја рекапитулирам и во стравот да не ни се случи, да се придружам, а тоа е дека ако продолжиме вака да генерираме во тоа Тетово универзитети, ќе ни дојде до дислокација на единствениот, по моите скромни критериуми, универзитет кој не води во Европа а тоа е универзитетот на Југоисточна Европа, Јас мислам дека оваа држава со своите скудни средства, финансиски, материјални и научни и човечки, треба да направи максимален напор да го сочува тој универзитет на Југоисточна Европа и на него да градиме, тука ни се поставени веќе темелите. Средствата што ќе ги фрлиме во овој нов проект со неизвесно исходиште, овој проект кој, сум убеден дека после ваква расправа ќе генерира дополнителни проблеми, да ги ставиме во Ван Дер Штул, да ги пренесеме студентите таму, да ги едуцираме, да ги стипендираме, да отвориме високонаучни, образовни институции каде што луѓето кога ќе дипломираат да можат да и се посветат на науката и да едуцираат други. Да создадеме навистина еден систем во кој нема, од знаењето, откако веќе од јазикот, откако веќе од потеклото, направивме разлика и од знаењето да не правиме разлика и да се разликуваме по тоа кој каде стекнал диплома и натаму да тонеме,

навистина, овој пат во средновековно општество во кое ќе се поделат две заедници и ќе функционираат како племенски. Историската шанса ја имаме ние. Дајте луѓе, еве ако ние грешиме со овој наш интелктуаелн и политички отпор, ние не се закануваме дека ќе бидеме господари на нашето и дека ќе одиме по планините. Ние се обидуваме овде да ја извојуваме, со политички средства и со аргументи, битката. Дајте господа да чуеме од вас аргумент, зошто е ова толку добро. Еве јас сум новинар, доктор сум по други науки, не сум бил професор толку време колку што ги има неколкумина или повеќемина овде, дајте убедете ме да го дадам својот глас. Ама од ова што го чув досега, гледам дека треба да гласам за делби, треба да гласам под уцена, треба да гласам да се озакони беззаконие, треба да гласам некој да биде господар на неговорот. Јас така Македонија не ја гледам, никогаш не сум ја гледал и не сакам и вие да ја гледате.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Чашуле.

Збор има Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувани колеги, очигледно дека онаа маратонска седница кај многу од вас како и кај граѓаните во Република Македонија предизвика некои работи да ги разбереме, некои да не ги разбереме. Но, ние како пратеници досега не бевме убедени од министерот, кој го повикавме саботата наутро беше, ем плус втор пат, ќе го повикаме уште еднаш да излезе да ја објасни и оправда ситуацијата која ја нуди со отворањето на новиот тетовски универзитет.

Од се она што се говореше, силата на аргументите многу силно кажуваат дека таков тетовски универзитет по ниедна основа нема право да се отвори. Значи ни по Устав, ни по она што значи аргументи, ни по она што господинот министер, како некој таен документ, тоа е Проектот основање на универзитетот во Тетово, зад кој стои Владата на Република Македонија, Министерството за образование и наука, кој, во раните утрински часови имав можност да го видам, но од тоа се направи некоја пародија,

господата што беа тука присутни ги слушнаа аргументите и мислам дека после тоа кај многу пратеници, посебно од СДСМ, не би требало да има дилема во однос на тоа дали треба или не треба да се отвори овој универзитет.

Јас би сакал да кажам дека на таа седница бевем можеби и премногу заморни, работата почна како што почна, почна со навреди и извинувања, но после тоа се случија не само наврети, туку закани. Од тука, не видов реакција од сите колеги, како што беше првиот пат, едноставно да ја напуштат оваа седница. Затоа, заканата дојде директно до македонскиот народ. Еве денеска не слушам повротно, од господата кои претендираат дека се за граѓанско и цивилно општество, дека истото општество...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, ве молам, интерпретациите не се во врска со темата. Зборувајте за законот за тетовскиот универзитет. Ве молам.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Точно претседателе се во врска со темата затоа што темата е тетовски универзитет, а ние вчера слушнавме едно. Ако тетовскиот универзитет не биде отворен дека некој повторно ќе семе пушки и повторно на тој начин ќе извојува тетовски универзитет. Ако тоа не е темата, ако не е темата што господинот Баци со неговата граѓанска иницијатива и војниците што ги има со него го освоија тетовскиот универзитет и поставија табли, како да тој сега работи, ние говориме за отворање. Сега ако МВР, еве веќе поминува четврти ден, ја слично како пратеник и поркај тоа што побаравме од вас, а вие побаравте од министерот за внатрешни работи да пренесе информација во која ќе ни кажете што се случува и што се случувало во Тетово. Мислам дека таква информација сеуште не добивме и треба да ја добиеме, за да разговараме за тоа. Но, незнам. Можеби вие имате а таа не е доставена до пратениците.

Проблемот е во тоа што господа, ние треба конечно да се разбудиме, ама изгледа не сме разбудени, говориме за некои теми и после 15 месеци ја држиме главата во вода или во песок, незнам каде и сакаме се на некој начин, само со процесот на гласање да го изласаме она што не треба да се гласа, затоа што аргументите се против. Зошто?

Ова што го кажувавме и ова што господинот министер го нуди, како што рековме закон, тетовскиот универзитет, самиот кажува дека тоа е политички договор помеѓу две политички партии, или коалицијата на власт, тука е ЛДП, не гледам никој. Значи тука е господата од ДУИ и СДСМ.

Тој политички договор е во ред како политички договор, но зад вас господа стојат граѓаните кои ве изгласале. Со ова решение ниту албанската заедница, ниту македонскиот народ, апсолутно не добиваат ништо. Со ова не го решаваме проблемот на високото образование на албанците. Напротив, правиме нова тензија која тензија може понатаму да доведе до ситуација која воопшто не ја посакувате ниту вие, уште помалку ние, а најмалку граѓаните на Република Македонија, посебно тие што се од албанската заедница, за кои кажавте дека сите се ОНА, УЧК. Јас не слушнав тука извинување од никој. Незнам зошто не е така. Но, во секој случај оставам време и простор да се размисли и да се каже.

Она што се основните фактори за кое спориме и говориме веќе четврти или петти ден, незнам ни кој е по ред овој ден, беше просторот. Значи нерешеното прашање, моменталното заземање на Тетово Табак и тоа е решението. После тоа ќе можам и на македонскиот народ и на македонските граѓани да им објаснам што всушност нуди тоа решение, што всушност значи обезбедување на тој простор на кој тетовскиот универзите ќе функционира и Ќе работи, за кој што некој се обидува да направи пародија, но, кажав, да не е толку жално, ќе биде многу смешно. Но, затоа господа пратеници апелирам уште еднаш да размислите добро, кога ќе го давате својот глас.

За што се работ? Во овој закон што ние го имаме пред нас, а во кој што се предвидува на кој и каков начин имаме правна освнова за основање, организирање на универзитетот во кој што многу добро беше образложено како и на кој начин, според Уставот и според Законот сето ова треба да биде извршено.

Значи, еден од факторите тоа е просторот. Просторот во кој што, еве, ќе видиме понатаму дека едноставно начинот на кој што се прави сето тоа, сигурно не е во ред и дека мораме сите тука заеднички да се замислиме, да видиме дали е тој начинот на кој што некој сака да направи универзитет. Во случајов мислам дека ќе имаме еден проблем од поголема природа, така што незнам г-да, на територија што припаѓа сега на приватна

сопственост да вие изградите државен универзитет без тоа да се регулира, апсолутно ништо, мислам дека ќе донесе само проблеми.

Вториот начин и втриот проблем се наставниот кадар, професорите  што треба да предаваат на тој универзитет за кој што нашите професори од Универзитетот “Кирил и Методи” многу јасно се искажаа дека тие го оправдуваат отворањето на овој универзитет и дека стојат зад таа иницјатива и покрај тоа што доаѓаат големи несогласувања со нив и нивните мислења и од студентите и од некои факултети, а се става на прво место начинот на кој што ќе се финансира овој државен универзитет. И, одкако ќе го научат начинот зборуваат дека реакцијата ќе биде уште поголема. Значи, вториот проблем се професорите.

Третиот проблем е програмата. Програмата, г-до пратеници, што ја нуди овој државен универзитет е истата онаа програма што ја има и Штуловиот универзитет или Универзитетот за Југоисточна Европа што моментално работи, што функциониера и што досега, , еве  од сите вас во своите дискусии не слушнав ниту еден збор против, сушнав само добри работи, дека тоа е Универзитет на кој што се студира на повеќе јазици, 80% на албански јазик и дека тие студенти и тие кадри ќе можат и директно да се вклучат во нашето образование и директно во процесот на производство.

Четврто, репродукција на кадри, видовме дека само со едне факултет, Универзитетот во Битола, се репродуцираа огромен правници што едноставно се загуши потребата на Република Македонија од такви кадри. Во случајов, ако само на два километри имаме универзитет што ги има скоро истите или во 90% случаи истите факултети, а ние отвораме нов, јас целта неможам да ја видам дека со тоа решаваме високо  образование. Целта е ова што го кажавте дека се решава на еден начин, еден политички договор меѓу два партии.

Петто е финансирањето. Финасирањето за што ќе проговориме од овој Проект за основање на универзитет во Тетово, говори нешто друго. Со она што ќе го видиме и ќе расправаме после 26-ти кажува дека ќе треба да се говори за буџет  што во основа е намален за 10 милиони денари во студенсткиот стандар за оваа година, 5 милиони за купување материјали во средното образование и масата на плати останува иста и покрај тоа што 4%, како што е кажано од г-дата од образованието, со Програмата на Владата ќе

бидат отпуштени од работа, што значи дека тие 4% се предвидени да бидат пренесени пари што ќе ги задоволат потребите на првата година на оние професори што ќе работат на универзитетот во Тетово.

Но, ние сите, гледајќи ја моменталната и финансиска состојба, стигнавме до ситуација да имаме најголем број невработени од постоењето на Република Македонија и независноста, имаме зголемен број на  загубари, немаме скоро никаква странска директна инвестиција, за жал, а од друга страна немаме ни идеја за развој. И тоа  за жал. И, нудиме една магла дека овие кадри во моментат ќе задоволиме, ќе почнат да учат, да студираат и кога ќе завршат ги очекуваат некои просветни инкубатори со огромни средства што веднаш ќе се дисперзираат во Република Македонија и ќе почнат да работат и ќе донесат светла иднина.

Г-до, на овој начин само лќе добиеме уште една армија невработени, но сега со високо образование, затоа што додека не се зафатиме сите заедно овде во овој Парламент да почнеме да говориме за економијата, да почнеме да говориме за странски инвестиции, да почнеме да говориме за финансии, се до тогаш додека се говори само за политички договори нема да биде ништо од нас.

Цело време се зборува за некои интеграциони процеси, а од друга страна се формира тетовски универзитет што едноставно прави наместо интеграција сегрегација. Сегрегацијата на албанската заедница во Република Македонија  ќе биде уште повеќе очигледна. Тој простор 20% ќе репродуцира толку нови кадри што и самите ќе бидат задушени, така што и овие што во моентов завршуваат на Штуловиот универзитет, многу тешко доаѓаат до работа, за жал. Значи, не е проблемот дали тоа ќе биде Штулов, дали тетовски, битолски или скопски универзитет, мислам дека проблемот е многу поголем, и дека барем од г-дата професори на Универзитетот “Кирил и Методи” и на Битолскиот Универзитет очекував поддршка за оние кадри што беа бркани од Електростопанство и од другите фирми а имаат магистрирано, докторирано и завршено факултети, сигурно биле и нивни ученици и студенти. Тука требаше да се даде многу поголема поддршка но, тоа, за жал отпадна.

Видовме еден закон кој закон се состои од една страна и со 6 членови. Во тој закон, ако нешто вам ви е јасно, мислам дека многу луѓе што го сллушнаа и видоа мислам дека апсолутно не им е јасно што значи тој закон и што со тоа се добива .

Рековме дека тука има многу непознаници, многу работи се нафрлени. Факултети што се основаат се: природноматематички, правен, еконоемски, факултет за хуманистички науки и уметности, центар за политехнички студии, како висока стручна школа. Тоа е членот 1.

Членот 2, дека ќе има повеќе сметки, една директно од буџетски средства, другата од средства што треба да доаѓаат од кредитори и други средства.

3, подготовки за почеток на работа ќе ги врши матичната комисија чии членови ги именува Владата на предлог на министерот за образование.

И, универзитетот ќе почне да работи веданш по завршувањето на нивната работа и процедура.

Финансирање од буџет и други средства. Статутот на затекнатите студенти што е многу интересно така да се реши со член 198 од Законот за високо образование, кој член 198 престана да важи веќе на 31.12.2002 година. Сега, некој се обидува дека тоа не е така и дека треба да продолжи. Значи, се дава еден рок до 2005 година сите овие студенти даможат да се запишат или пак да добијат некаква информација за сето она што неој студирал или нестудирал.

За што се работи? Во оваа ситуација членот 198 овозможува за сеој човек, што ќе се покаже нкој конкурс, да може да добие некоја диплома на завршен, дали е тоа правен, економски или незнам каков факултет, со тоа се поништуваат сите оние дипломи на сите останати студенти, по сите универзитети, затоа што во моментот по потреба можете да добиете нешто затоа што незнам каква евиденција е водена, кој ја водел таа евиденција, колку студенти студирале, дали воопшто студирале, или тоа ќе биде едно решение за сите оние кои останале надвор од системот и за сите оние конкурси што допрва ќе бидат распишани, едноставно да си го најдат местото во системот. Мислам дека тоа не е во ред.

Понатаму, во објаснувањето зошто се отвора оваа школа, велиме дека правиме една анализа помеѓу европските стандарди, стандардите на ЕУ и стандардите во

Република Македонија. Тука е се во ред како објаснување. Во ЕУ структурата на вработените со високо образование се движи околу 25%, во Република Македонија 12,7%. Опфатените матуранти во ЕУ се 50%, во Македонија се 40%. Просечен број на студенти на илјада жуители во ЕУ е 35, во Македонија 22. И, издвојување од БДП во високото образование во ЕУ е 1,4 а во Македонија 0,7. И, што е многу болно, предвидувањата на годишен пораст што се предвидува во ЕУ изнесува 5%, во Република Македонија е минус. Значи наместо пораст имаме пад од 1,2%. На тој начин ние стигнуваме дека треба да отвориме трет универзитет и тоа државен во кој што ќе се инвестира многу и сите заедно ќе го решиме прашањето.

Сега, сега е нештоп заборавено, а тоа е во ЕУ средствата по жител се 20 илјади а во Република Македонија се 1800. Тој сооднос 10:1 во однос на сето ова што претходно го кажав, каде што се работи само за проценти, а не за соодносот од 10 пати, мислам дека е проблем и дека тоа ќе ни донесе уште поголеми проблеми.

Гледајќи ги сите овие работи што сега се случуваат, мислам дека одиме до една ситуација што г-динот министер и комплетно Владата на Република Македонија тргнала да го решава проблемот во обратна насока. Зошто е обратна насока затоа што г-динот министер требаше да излезе пред нас пратениците со нешто многу поедноставно. Првата работа што требаше да ја направи тука да имаме информација колку и една слика за комплетната ситуација на образованието на албански јазик, колку во моментот се школуваат во основно образование, колку во средно образование, колку се запишани на Универзитетот за Југоисточна Европа, колку студенти се запишани на Универзитетот "Свети Кирил и Методи", колку студенти се запишани на Универзитетот "Климент Охридски", на кои факултети се запишани, до каде се стигнати и што всушност на албанската заедница во овој момент им треба.

Вие, на овој начин со тоа што го понудивте ова што го понудивте добиваме многу несимпатина работа, затоа што дуплирате еден универзитет што во суштина е она што е добро, она што функционира и веќе тие студенти се при крај на своите студии. Вие сакате да направите нешто ново, но да накалемите нешто што е старо и со тоа да не постигнете ништо. Ова ме потсетува многу на онаа паралелка што ја направивте во Битола и ми е

страв после две недели повторно да не се предомислите, но во овој случај би сакал да се предомислите и да го повелчете вашето решение и ова што ни го пуштивте денеска тука.

Затоа што, г-дине министре на Факултетот за Југоисточна Европа во моментов студираат 3.143 студенти албанци. Од нив 771 албанец на правен факултет, 961 албанец студира на трета година на Факултетот за бизнис, 495 студенти на Факултетот за јавна администрација, 506 студенти албанци на Факултетот за информатика и 410 на Педагошкиот факултет и методологија. Значи, ова се информации што вие требаше пред мене да ги знаете и многу добро да се размислите што ова значи и колку од овие луѓе утре можат да се подготват, да се вклучат во целиот систем на образование или пак имате склучено некој договор за изво на кадри, па тука мислам ќе профитираме и вие и ние. Од таква работа , барем до сега, не сум слушнал, многу тешко, затоа што земјите и државите што сакаат да ги решат овие проблеми бидејќи знаат, а и ние треба да знаеме дека најскапо од се е процесот на образование, затоа ги прескокнуваат овие работи, едноставно распишуваат огласи, конкурси за прием на овие студенти и оние завршени факултетски образовани луѓе кои можат директно да се вклучат во нивното производство, после проверка на нивниот тест на знаење.

Е сега, што е другата ситуација што за мене е алармантна што ме носи до заклучок дека нешто правите што нетреба да го правите. Тоа е дека досега во Универзитетот за Југоисточна Европа се инвестирале околу 60 милиони евра. Значи, до сега се дадени околу 60 милиони евра, а по ова што вие сакате да го направите испаѓа дека со 2,5 милиони што ги барате ќе направите нешто што е соодветно или барем блиску до ова што значи моментално факултет, Универзитет за Југоисточна Европа. Во овие пари инвестирале ЕЗ и половина од средствата Владата на САД. Мислам дека пробале и тогаш, нашле решение со членот 198 што е влезен во Законот и важеше до 31.12.2002 година, студентите кои студираа тогаш на тетовскиот Универзитет дам ожат да се приклучат на овој универзитет и да ги завршат своите обврски. Значи, секој кој сакаше можеше тоа да го направи. Сегас може да се случи да се пријават повторно наместо овие 3 илјади што студираат редовно и ги водат професори и стручни кадри образование за тоа, да добиеме нови 7, 9 или 11 илјади студенти кои ќе се вклучат во нов образовен систем каде што тука некој вложил 60 милиони евра, а сега со 2,5 милиони ќе студираме

три пати повеќе студенти од оние кои студирале. Мислам дека апсолутно нема никаква можност дека тоа може да се случи, дека не е воред. Тука би сакал само да го цитирам членот 1 од статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа вој се вели дека овој Универзитет е наменет за културата и албанскиот јазик и решавање на високото образование на албански јазик.

Значи , за ова што вие ни го нудите како решение, како законски проект веќе гледам дека по членот 1 од Статурот, дека тоа е решено и се работи само за тоа.

Второ, се овозможува на еднаков начин да конкурираат и студираат сите граѓани на Република Македонија на нивниот мајчин јазик и ќе помагаат како институција токму во онаа интеграција што ја промовиравте односно интеграција на нови млади генерации. Со ова ги решаваме сите проблеми г-до пратеници, г-дине министре. Дали ние сега сакаме повторно да направиме проблеми, дали се во прашање пари, дали се во прашање средсва или пак образување на некој кадар кој останал без работа па треба да му најдеме место каде ќе работи и што ќе работи.

Јас би сакал сега да проговорам нешто во однос на оваа книга што некој интерпретира јас ќе сум читал 200 страни, но ако сум прочитал 200 страни ќе стане еден голем проблем и мислам дека тука ќе треба да станеме и да си одиме и повеќе да не се враќаме, затоа што ова е страшна работа, ова што го имате пред вас. Кој го видел, кој го прочитал незнам, меѓутоа јас се обидов, беше доцна, некојсвати некој не свати, ќе се обидам уште еднаш да повторам само делови од тоа што мислам дека се токму оние клучни моменти поради кои што вие г-до пратеници треба да гласате против ова, а ни беше понудено, ако проект, бидејќи министерот мавташе од оваа говорница дека ние сме имале само две ливчиња од кои што неомжевме да заклучиме дека е оправдано основањето на тетовскиот универзитет. Но, одкако ќе го видите овој проект што носи и како носи, ќе дојдеме до сознание дека не тие две лицчиња, не овие 200 или 500 страни колку што се тука. Г-да нам ни треба разбирање. Некој треба да седне ова да го врати назад ако гласавте против, мислам дека пак имате можност да се врати назад на разгледување не на Комисијата, директно до Владата. Тој политички договор меѓу СДСМ и ДУИ уште еднаш да прфункционира но сега со разум, не само со пишување на некои работи што се далеку од факти и неоможат да бидат никогаш факти, еве, ќе почнеме со

правната основа за основање и организирање на универзитетот, правниот статус на универзитетот треба да се регулира со Предлог за донесување на закон за основање на универзитет во Тетово како државна високообразовна установа, согласно Законот за високо образование.

Имено, според член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование "Службен весник на Република Македонија" број 49 од 2003 година, универзитет може да се основа ако согласно условите утврдени со членот 35 од овој Закон во овој состав има 5 акредитирани факултети и високи стручни школи од кои најмалку 3 се факултети. Со Предлог законот ова се исполнува, определени се 4 факултети, значи природно математички фаултет, факултет за хуманистички науки и уметности, економски факултет, правен факултет и центар за политехнички науки како висока стручна школа. Во рамките на актот за основање кој го усвојува Парламентот, Владата на Република Македонија треба да донесе проект за основање на универзитет. Значи, тоа е овој проект што го имаме ние пред нас. И тој е во ред. Овој проект треба да биде акредитиран пред одборот за акредитација. Проектот треба да содржи простории, нормативни стандарди, кадри и т.н. во форма на проект се доставува до одборот за акредитација. Процедурата минимум ќе трае 3 месеци,додека одборот за акредитација ја кредитира оваа високо образовна институција. Откако одборот за акредитација ќе ја акредитира оваа институција, тогаш оваа институција ќе дојде до Министерството за образование и наука и министерот за образование и наука преку своите инспектори излегува на терен и гледа дали се исполнети фактичките услови кои ги предвидува проектот и инспекторите даваат извештај до министерот за образование за исполнување, или не исполнување на условите доставени во проектот. И тогаш, доколку министерот процени дека се исполнети условите, тогаш се дава дозвола за отпочнување на работата на високо образовната институција. Откако ќе биде дадена оваа дозвола, тогаш минситерот има право да го регистрира универзитетот во регистарот на високо образовните институции. Ова се' е направено со универзитетот за Југоисточна Европа и тој е регистриран во овој регистер за високо образовни институции. После тоа запишување во регистарот овој правен субјект оди пред судот за да се регистрира. Во

моментот кога овој универзитет се запише во судскиот регистер, од тој ден овој универзитет има право да отвори конкурс за запишување на студенти легално. За тоа колкав ќе биде бројот на запишаните студенти, на колку факултети, по колку студенти, тоа го одредува Владата на Република Македонија. Незанеме Владата на Република Македонија каква одлука ќе донесе, колку студенти ќе студираат тука. Тоа не го видовме ниту во документот што ни беше приложен, ниту во овој документ што го имам тука пред мене, а за жал многу од пратениците го немаа, колешката потпретседателка не ја гледам тука, но за жал требаше да знае дека ние како пратеници ова го немаме. Јас не сум член на Комисијата за култура и образование и не можам да знам дека ова е тој проект и го видов во ноќните часови некаде 3 часот после полноќ. И затоа беше таа реакција.

Исто така, уште една работа, доколку сакаме да го зголемиме бројот на студентите треба да се бара дозвола од Владата на Република Македонија . Ова претставува почитувани колеги, процедура за регистрација на еден универзитет вака предложен со овој закон за високо образование. Друга постапка нема, една е постапката.

Но, во член 3 што ни го нуди г-динот министер и што доаѓа од Владата, ние слушаме дека сето ова ќе го реши некоја матична комисија, која матична комисија ќе ја формира министерот, ќе даде предлог до Владата, тие ќе го одобрат, ние ако треба како Собрание ќе кренеме два прста и ќе одобрите и се' е завршено, работата си тера понатаму, така што тука немаме никакви проблеми.

Но, сега да преминеме на ова што значи, ова што ни е понудено како проект. Како проект ни се нуди едно од основните средства кој што треба да го има факултетот и за кој што треба да работи, тоа е обезбеденоста на соодветни простории и опрема за остварување на високо образованата дејност. За да бидам прецизен, би сакал само на кратко да ви прочитам дека согласно член 35 став 1 алинеја 2 од Законот за високото образование, факултетите во состав на Универзитетот потребно е да имаат обезбедено простор и опрема за вршење на високо образовната дејност како неопходен услов за основање на универзитет. Овој услов како норматив и стандард поблиску е утврден со Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високо образовнит еустанови и за вршење на високо образовна дејност, “Службен весник на Република Македонија “ број 33/2003 година, со кој покрај другото за изведување на настава е пропишан потребен

простор од минимум 3 метри квадаратни  по студент. Имајки ги предвид пропишаните нормативи и стандарди се планира значителен дел од потребниот просотр на универзитетот во Тетово да биде обезбеден со пренамена и адаптација на постојните државни просторни капацитети во сферата на образованието кои досега се нецелосно, или несоодветно користени. Покрај ова дониран е имот од физички лица на кои е изграден објект со вкупна површина од 3.890 м2. Објектот е изграден по претходно добиено одобрение за изградба од Министерството за урбанизам и градежништво од 22.04.1998 година. Исто така, и во поглед на техничката опременост на универзитет е обезбедена потребната опрема  и нагледни средства согласно пропишаните стандарди при што значителен дел е обезбеден од донации.

Би сакал да кажам нешто, се работи за државен институт, ова е државен институт и ова што го добиваме овде и како донација од 3.890 м2 е дадено со изјава од Енвер Беџети од Тетово согласно полномошно заведено кај нотар Наџи Зекири во Тетово, со кое што тој под морална, материјална и кривична одговорност изјавува дека после оснивањето, односно после регистрацијата на тетовскиот универзитет, значи после и добивањето на својство на правно лице, целиот недвижен имот опфатен во полномошното од 9.09.2003 година зема обврска дека благовремено, односно во разумен законски рок ќе ги преземе сите правни дејства да во било каква правна форма истиот недвижен имот во целост премине во сопственост на основаниот тетовски универзитет во Тетово. Изјавата ја давам за да послужи како доказ пред надлежните државни органи во Република Македонија . И сега полномошно. Ние долу потпишаните  Деари Мендух од село Мала Речица, Деари Јусуф од село Мала Речица, Деари Реџеп од село Мала Речица и Деари Шабан од село Мала Речица - Тетово ги отстапуваат на користење своите плацови, или поседи заверени тука , градежен плац број 31, градежен плац од 184 м2, градежен плац број 35 со површина од 258 м2, градежен плац 32 со површина од 170 м2 и градежен плац 36 со површина од 189 м2.  Значи, секоја чест на овие четворица луѓе кои отстапуваат свои простории, или плацеви, но знаеме како е приватен посед, може да дојде до нерасчистени семејни проблеми, така што сето ова се постави под знак прашалник и државниот универзитет кој што со самиот збор државен, треба да го обезбеди државата  Република Македонија . Тука го обезбедуваат 4 лица кои што по

бројот на плацевите и ова што го видов од квадратурата која што се нуди изнесува, не како што пишува 3.890, тука се некаде околу 800 м2. Заради тоа, изгледа затоа што ова е недоволно, доаѓаме до една друга ситуација каде што уште во правната основа за основањето на универзитетот стои нешто друго. И се кажува, во своето работење и остварување на високо образовната дејност покрај потпирањето на сопствени ресурси, универзитетот ќе развива форми на соработка и можности за соодветно користење на кадровските, просторните и други потенцијали и ресурси на постојните универзитети во Република Македонија . Што тоа значи? Значи ако тука нема место, едноставно луѓето можат да си се префрлат и да почнат да студираат на било кој универзитет, или да земат било која лабараторија на било кој друг универзитет во Република Македонија . И бидјеки ова го предвидува овој проект на Владата на Република Македонија едноставно да си продолжат како да се наоѓаат исто во тетовскиот државен универзитет.

Господа, дали може ова вака,незнам? Досега не сум слушнал за таква работа. Знам само дека паралелно имаше отворено два правни факултети и во Скопје и во Битола, едниот се затвори. Овде зборуваме за универзитети на 2 км, цела Македонија е 200 км, значи имаме проблем. Проблемот само го зголемуваме, не го решаваме. Значи решението самото се наметнува и треба да излезе од она што кажуваме цело време, а некој не сака да го слушне.

Понатаму што би сакал да проговорам, тоа се изворите на финансиските средства за вршење на високо образовната дејност. Тоа значи ова што го кажав, од Буџетот, па авторски права, па сопственост на универзитетот, донации, подароци, прилози и уште многу такви работи. Но, сега одиме до вкупните средства за финансирање на универзитетот во Тетово за 4-те учебни години се планирани во висина од 482 милиони и 807 илјади денари. Тие се предвидени за повеќе активности. Сигурно дека најголемиот број и она што така паѓа во очи, првото што беше, тоа е ставка 401 нето основни плати и надоместоци. За 2004 година се пресметани за 125 извршители кои ќе бидат во редовен работен однос во износ од 28 милиони 712 илјади денари. Во 2005 година 203 извршители во износ од 49 милиони 241 илјада. За 2006 година веќе стануваат 69 милиони и 771 илјада за 281 извршител и за 2007 година веќе бројката е 347 извршители,значи 220 луѓе повеќе отколку на почетокот на учебната 2004 година кои што

ќе потрошат 87 милиони или за цели 60 милиони повеќе отколку почетните ставки. Вкупно за четирите години износот за потребните средства изнесува 234 милиони и 867 илјади денари. Придонесите од плати се планирани во износ од 140 милиони 895 илјади.

И сега преминуваме до нешто што ни беше доставено како Информација за тие финансиски средства каде и што ќе се троши. Да не се повторувам за нето основните плати и ова  што значеше придонеси, тоа го слушнавте. Но, господа тука имаме еден проблем, јас незнам како овој фаултет ќе може да работи затоа што тргнувајки од она што значи изградба, реновирање и унапредување имаме предвидено во 4-те години  нула денари. Купување на канцелариски мебел нула денари, купување на клима уреди нула денари, купување на лабораториска и научно-истражувачка опрема нула денари, за изградба, реновирање и унапредување повторно нула денари, основање и  специјално одржување пак нула денари и реконструкција на градежни објекти повторно нула денари. Господо, за што говориме незнам? Ленти, касети и друго е нула денари, други административни материјали, нула денари, списанија , весници нула денари, сигурно студентите ќе носат сами весници и списанија и ќе можат да ги прочитаат меѓусебе . Тековно одржување не е предвидено ништо, репрезентација ништо, семинари и конференции ништо. Значи, еден нов универзитет без семинари, без конференции ќе функционира како што ќе функционира и сите ќе бидеме задоволни, среќни, вие ќе гласате, ние ќе гласаме, тој ќе се промовира како што ќе се промовира. Изгледа начинот за промовирање е токму Парламентот на  Република Македонија  и ова наше тука говорење и укажување на факти и едноставно не слушање на ова се што се говори, за жал. И на крајот ќе ни се случи тоа што ќе се случи, но тогаш е касно, тогаш ќе реагира Унверзитетскито совет, ќе реагира Сенатот, ќе реагираат ушт емногу институции во Република Македонија  како биле , еве , неинформирани, поминало толку време од начинот кога сето ова почнало да се движи и да се работи, но за жал еве, тие не биле информирани, сега ќе ја искористат приликата кога Буџетот за 2004, или Буџетот за 2005 година како што беше скратен во 2003, ќе продолжи да се скратува и понатаму и ќе стигнеме до една ситуација сите задоволни, пари нема, но универзитет имаме и тој ќе функционира . Како ќе функционира слушнавме. Ако и тие браќате кои  секоја чест, еве приватна своина веќе одделуваат за еден државен универзитет, ако дојде до нивна

меѓусебна пресметка и недоразбирање, едноставно ќе може да си ги повлечат тие дадени гаранции, ќе одговараат пред судот, но нема да имаме универзитет. Тие студенти ќе треба да останат на улица. Затоа мислам државата треба да биде малку поразумна при донесување на вакви барања на вакви решенија врз кои што ќе треба да се темели нешто за кое што граѓаните на Република Македонија , дали тоа се од албанската заедница, од македонскиот народ, ќе треба да оделуваат од своите средства и одделуваат за да може да се финансира оваа институција.

И сега доаѓаме до последното, она што значи професори и професорски кадар на овој универзитет. И по се ова што го читав, мислам дека единствената цел е токму да се најде место и прибежиште на голем број од овие луѓе да почнат да работат во универзитетот и да почнат да нудат некои решенија и да почнат да продуцираат кадри кои понатаму ќе ја донесат Македонија на крилата на успехот. За што се работи? Јас господа незнам како , но многу од вас критикуваа работи после завршени конкурси дека некој бил примен вака по фамилијарни врски, по семејни врски, по партиски врски и по незнам уште какви врски. Но, пред мене имам нешто што ви е приложено и вас каде што стои: изјавувам дека се согласувам да се пријавам на конкурсот по спроведување на изборната постапка согласно Законот за високо образование да засновам работен однос на универзитетот во Тетово. Господа, зошто ни се конкурси, зошто ни е се кога ние ги знаеме веќе професорите кои се, што се. Ако е вака лесно и на универзитетот “Кирил и Методиј”, дајте сите што имаме завршено и што постојат некои услови да конкурираме, или да бараме од ректорот да потпишеме изјави дека наредниот конкурс ќе можеме да бидеме професори на универзитетот “Кирил и Методиј”. Ова се губи секаква смисла, кога ќе ги видиме луѓето некој е невработен, некој работи во трговско училиШте, некој работи во гимназија, некој не работи никаде и сега некој завршил на универзитетот Мала Речица, магистрирал, докторирал и сега треба да го вработиме дирекно како професор на тие студенти што треба да ги учи таму што до вчера студирал заедно со нив. Господа, мислам дека гледам пред мене сериозни луѓе, но изгледа дека сето ова паѓа во вода. После вакви работи, после ова што не е презентирано, јас мислам дека е апсурд било кој од вас да гласа за ваква работа. Ако гласате одговорноста ја носите вие и за макеоднскито народ и за албанската заедница, затоа што не му решавате апсолутно

ништо. Носите голем проблем, носите луѓе кои што тука ќе бидат 380, башка од тоа , луѓе што треба да се вработат сега, хигиеничари кои што како што кажа министерот ги сменил претходната власт бидејки не биле доволно образовани, изгледа не знаеле да чистат со метлата, па сега ќе купуваме правосмукалки, ќе ги смениме сите. Но не е проблем, ќе се случи и со ова утре да завршат други студенти кои што денес студираат на Универзитетот "Кирил и Методиј", или студираат на Штуловиот универзитет, покажуваат како некои колеги тука , морам да го кажам г-динот Замир Дика, кои што постигнуваат и кажуваат работи кои што треба да ги слушаме сите, но ние еден против друг политички, за политички договор расправаме 5 дена. Господа, каде ќе биде крајот кога ќе дојдат сега наредните проблеми со поделбата на  Република Македонија  со локалната самоуправа, со Буџетот. Г-динот претседателнека ми извини, не до 7,00 сабајле, и една недела кои што многу од нас имаат работено и трети смени по 10, 15 години, имаме кондиција, не е проблем. Ако треба и по 5 часа ќе говориме тука и ќе се потрудиме да ви објасниме некои работи кои што очигледно не ви се јасни.

Вие размислувате политички, не е проблем, но вие сте сепак поединци, го претставувате народот кој ве гласал тука. Дали политички договор на двајца луѓе, на пет луѓе, на две политички партии можат да бидат предизвикот, ние утре како граѓани на Република Македонија повторно доаѓаме во конфликтна ситуација и повторно ќе ни треба Европската Унија и повторно ќе зборуваме за евроинтеграции, а се оддалечуваме со светлосни години меѓу нас. Нема ништо господа од тоа.

Затоа уште еднаш, размислете добро, јас мислам дека министерот треба да биде тој, е, сега ќе го повикам по ЕН четврти пат да излезе и да каже и ако има доблест да повлече, затоа што на толку факти јас кажав, го повлекувам и мојот имунитет ако не е нешто точно ова што сум го зборувл и да одговарам и кривично и морално и правно и секако.

Затоа господине министре повелете кажете што е целта на сето ова да знаеме да ја прекинеме оваа дискусија која се води петти ден, а не е ни дискусија затоа што говори само опозицијата, позицијата не ја слушнав до сега, имаме проблем. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Спировски.

Процедурално господинот Тачи.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Почитувани колеги, господине претседател. Со Вашиот максимален придонес мислам дека Собранието на Република Македонија многу се девалвираше, за жал, и оние кои се главни во овој Парламент, тоа се пратениците.

Јас во името на ДПА ќе дадам еден предлог кој зависи од Собранието дали ќе го прифати. Меѓутоа, претходно се надевам дека нема да ме прекинете доколку дадам додатни појаснувања додека да дојдам до предлогот.

Многу недоразбирања се случија денес кога се разговараше за виталната потреба за високо образование на албанците во Македонија, мислам дека главниот иницијатор на овие недоразбирања се владините партии, самата Влада, самиот министер кој предлага еден многу нејасен закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега не можам да го кршам деловникот, ако имате нешто во врска со процедурата кажете и да поминеме на гласање ако имате некаков предлог. Се е по деловникот, ве молам.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Јас имам конкретен предлог, но не можам предлогот да ви го кажам веднаш.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате три минути да го објасните предлогот.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Треба прво да објаснам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, повелете три минути објаснете го предлогот.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Не можам за три минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тогаш земете збор.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Не може три минути, јас процедурално барам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам господине Тачи зборувавте за дигнитетот, си има деловник, јавете се за збор и предлогот кажете го веднаш.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Проблемот е во тоа, не  ми е јасно дали вие сте свесни што сте направиле лична, како претседател на Собранието, со ова Собрание пред два вечери. Сега ми зборувате овде за дигнитет. Ова е ваша одговорност, јас како опозиција која институција ми дава дозвола да зборувам? Единствена институција ми е Парламентот. Што сакате вие да аплицирате во поглед на мнозинството и сега да ни кинете глава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам јас не ви пречам да земете збор, вие баравте процедурално. Затоа неможете процедурално да објаснувате половина час. Доволно ви е три минути, повелете, дајте го предлогот.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Пред да го кажам конкретниот предлог за тоа како ќе се реши проблемот на високото образование, а не да се политизира, мислам дека претходно едно суштествено прашање треба да се разјасни во врска со манипулацијата која се предвидува со овој закон.

Вие почитувни пратеници на власта, вие сте познати по феноменот на интеграцијата која ја сакате за општеството. Една работа логично не ми е јасна и кога не функционира логиката, тогаш имаме манипулација. Зошто вие правите одделени институции кога сакате интеграција. Ако сакате да го решите проблемот со високото образование за албанците, варијантата која ние ја нудиме пет факултети кои сакате да ги отворите сега на автоматизиран начин да се отворат на Штуловиот универзитет затоа што вие сакате да го наречете Штуловиот универзитет со навреда немајќи предвид кој е Штул.

Со оглед на фактот дека Универзитетот на Југоисточна Европа не е приватен универзитет, доколку за вас САД и ЕУ се приватни, тогаш мислам дека е премногу или нема потреба да се полемизира.

Второ, врз основа на принципите на Рамковниот договор на автоматаски начин господине министре 25% од Буџетот на високото образование во Република Македонија да премине на жиро сметката на Универзитетот на Југоисточна Европа, а не вашите 2% кои сакате да ги намените на овој државен универзитет.

Трето, со оглед на фактот дека вие сте за интеграција во рамките на едно мултиетничко општество - институции,, веднаш ви предлагам да донесете одлука на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” и во Битолскиот квотата од 25% за албанците за факултетите кои не функционираат во рамките на Универзиетот на Југоисточна Европа. Во рамките на овие квоти сакав да дадам едно кратко објаснување за навредувачкиот пристап што го имаат најголемиот дел од македонските пратеници за квалитетот на високото образование на албанците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Тачи ве молам да го дадете процедуралниот предлог. Вие можете да побарате збор подоцна, со задоволство ќе ве ислушаме сите.

Збор има господинот Михајло Георгиевски, а нека се подготви Јанаќе Витановски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министер на Владата на Република Македонија,

Во завчерашната маратонска седница посветена на легализацијата на тетовскиот универзитет што траеше непрекинато повеќе од 20 часа и по времетраењето го постигна својот рекорд во ова Собрание, јас не зедов збор, па бев међу ретките од мојата партија што не го направив тоа. А дали знаете зошто? Сигурно не знаат ниту пратениците од мојата партија, ниту пратениците од другите партии.

Епа господа пратеници, јас како научник и повозрасен човек, а еве од пред пет-шест години и политичар, тоа го направив бидејќи будно и со големо внимание ги следев и ги ислушав сите говорници како од мојата партија, така и од другите, а се со цел да дојдам до релевантно убедување пред да го изнесам мојот конечен став околу ова многу важно прашање.

Прво, би сакал да дадам едно сосема кратко резиме за текот на седницата, потоа за поуките што треба да ги извлечеме од оваа седница и на крајот сакам да ги дадам моите скромни насоки, предлози и сугестии за решавањето на ова битно и суштествено прашање што овде ни е на дневен ред.

Краткото резиме за маратонската седница е следното:широка демократска исцрпувачка расправа со аргументи, контрааргументи и без аргументи, со длабоки мисли, пораки, решенија и површни предлози и сугестии;со добронамерни желби и желби по секоја цена, па ако треба и со војна до самоуништување, само да се задоволи нечија суета.Тоа е моето кратко резиме за маратонската седница.

А сега, дозволете ми почитувани дами и господа пратеници, да ги изнесам поуките што треба да ги извлечеме од оваа маратонска седница:

Прво, повеќе никогаш да не правиме работи со инает.Има народна поговорка која вели:"За инает и вреќа сол се изедува" и една друга "Инает глава кине".И навистина можеше некоја глава да се скине, особено главата на Претседателот, која едно време целиот пожолтен и помодрен, заспиваше на столот, ама инаетот не му даваше да ја пракине седницата и еве, како сега да си ја продолжиме, во нормални услови, релаксирано, со одморени и бистри глави.И нека се запамети дека ништо со сила не бива.Ништо нема појако, а истовремено и покревко од човечкото суштество.Уште една добронамерна поука што треба да ја извлечеме од таа седница, а тоа е уцената.Нема ништо полошо во цивилизираниот свет од уцената.На исцрпувачката седница падна

досега најтешката уцена, изговорена во овој законодавен македонски дом, а тоа е или направите така како што бараме ние, или “ќе ги фатиме пушките”.Тој што го изговори тоа, а се знае кој е  тој, треба да се извини пред целата македонска јавност и повеќе никогаш да не помислува на тоа.Зошто во светите книги, Библијата и Коранот, се вели:”Кој ке фати оружје, тој прв ке загине од него”.Не победува силата и уцената, победува умот и добрината.И уште една поука што треба да се извлече, а тоа е истоветувањето на еден пратеник, со целата негова национална зедница, па ги изговори следните зборови:”Сите Албанци беа УЧК”.Прво, со чиста совест можам да речам дека излажа.Лагата исто така во светите книги се осудува како големо зло и грев.А дека пред целата јавност, одредениот пратеник излажа, можам да му докажам со неколку јавни примери.Така, мојот пријател пратеник од претходниот парламентарен состав, Јонуз Абдулаи, од Гостивар, не беше во УЧК, или мојот пријател м-р Мохамед Каба, поранешен градоначалник на Дебар, не беше во УЧК, или пак мојот пријател и колега  Замир Дика, не беше во УЧК и така можам овде да набројувам уште многу примери, но мислам дека нема потреба.И тој пратеник, мислам дека треба да им се извини на луѓето  што не биле во УЧК, а тој ги прогласи за такви.Тоа е добро и за него, за да си ја олесни душата и за другите луѓе.Тоа му го препорачувам со најдобра помисла.

Почитувани дами и господа пратеници, особено на Вас, господине Претседателе, многу Ви благодарам што ми дозволивте, да си ги кажам моите импресии и поуки од маратонската седница, а сега дозволете ми, да ги изнесам моите скромни согледувања, предлози и сугестии за решавањато на високото образование кај Македонците со албанско етничко потекло во Македонија.

Прво, ја сум од тие луѓе што мислам дека ја знам борбата на македонскиот народ за свој мајчин македонски јазик во училиштата и општо, што траела скоро век и половина и тоа во рамките на Отоманската империја, па во Кралството Југославија, се до Втората Светска војна, кога конечно македонскиот народ, се избори са својот мајчин македонски јазик.Слично на македонците и Албанците во Македонија, по Втората Светска војна, се изборија за учење и зборување на својот мајчин албански јазик, отпрво во основните училишта, па потоа се отворија средни училишта на албански јазик, па потоа виша Педагошка академија, Катедра за албандки јазик и литература при Филолошкиот

Факултет во Скопје, потоа Педагошки Факултет и од пред три години, конечно и Универзитет на албанки јазик таканаречен Штулов Универзитет во Тетово.Тука да не заборавам да кажам дека , на сите факултети на Скопскиот и Битолскиот Универзитет се практикуваат одредени квоти за запишување на студенти од албанската национална заедница, со послаб успех поради јазичните бариери и според некои мои скромни сознанија, досега, на Скопскиот и Битолскиот Универзитет имаат завршено неколку стотици студенти, а и денес студираат на овие универзитети доста голем број на студенти од албанската национална заедница.

Но сепак да се вратиме на Штуловиот Универзитет на албански и англиски јазик во Тетово.

Тоа е модерен европски универзитет, отворен со благослов и материјална поткрепа на Меѓународната заедница, со многу прецизни проекти, пресметки, елаборати, опрема и што не, се со цел да се споредува со другите европски универзитети.На тој универзитет, денес студираат околу три илјади студенти, и тоа околу осумдесет и пет проценти од албанската национална заедница.

Но, да не должам повеќе, бидејќи многу се зборуваше за сето тоа, туку директно да си го кажам моето мислење и добронамерна сугестија.Почитувани пратеници од албанската национална зедница, подобро направете еден асален универзитет на албански јазик, независно како ќе се вика, отколку два а ќилави.Тоа е мојата сугестија и Ви посакувам добар успех и разбирање во истиот.

За да се направи тоа, Ви предлагам да го повлечете овој предлог за легализирање на тетовскиот универзитет, потоа да ја соберете врвната албанска добронамерна интелигенција во Република Македонија и надвор од неа, како што е на пример Кадаре од Париз, нобеловецот по медицина од албанско етничко потекло што живее во Америка и слични на нив, како и од катедрата за албански јазик при Филолошкиот Факултет, Сојузот на албанските писатели на Македонија и други и направете еден издржан проект и план за високото образование на Албанците во Македонија и така со консензуз, меѓу вас самите и тогаш излезете пред Собранието.Мислам дека тогаш ќе нема никаков проблем.Вака, како што сега е поставена работата, ми личи доста несериозно, повеќе на привремена политичка творевина

заснована врз основа на некакви бизнис интереси на поединци, од типот на командант Баци и ред други примитивци од негов ранг и така оставате, сега засега впечаток на несериозност, како меѓу јавноста во Македонија, така и кај меѓународниот фактор во државата.

Ете, почитувани дами господа пратеници, тоа беа моите скромни согледувања и сугестии.На крајот нека ми биде простено, ако некој го навредив во ова мое искажување, па и јас сум грашен човек, човечки е и да згрешам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Георгиевски.

Повелете господине Тачи процедурално.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Слушнав дека вие претседателе сте направиле некаков пазар да ви продолжи седницта до 13,00 часот. Ако не ми дадете збор да се доискажам процедурално, ве известувам дека за нас тој пазар не вреди. Ние ќе продолжиме да дискустираме седумина пратеници по еднаш можеби по два пати, а можеби по три затоа што тоа ни е право кое ни го гарантира Уставот.

Ако ми дозволите да се доискажам процедурално, тогаш можеби ќе го почитуваме тој ваш договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Тачи вие можете да се пријавите, вие сте пријавени, пред вас има пријавено неколку ваши пратеници, нека ви го ослободат редот и вие ќе дојдете многу брзо на ред. Ве молам процедурално си е по деловнички.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Јас знам дека е процедурално по деловнички, но вие не сте тука педагог да ме учите што е процедурално. Јас знам што е процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие го користите за други работи, да земете збор.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Не земам збор, туку ќе кажувам јавно пред сите дека си правел пазар процедурално да прекинете во 13,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа не е точно, туку договор. Повелете вие можете да дискутирате колку ви дозоволува Деловникот, не е точно дека е правен пазар.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Дали ќе дозволите да се доискажам процедурално или ќе продолжиме после да дискутираме после 13,00 часот. Мислам дека има корисен и фер предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете искажете се.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Почитувани колеги, на крајот успеав да го убедам претседателот на Парламентот да ми даде збор и да дадам еден предлог да ја објаснам оваа политичка манипулација која нуди Владата на Република Македонија за наводното легализирање на тетовскиот универзитет.

Дозволете ми уште еднаш да Ви досадам малку околу тезите кои се претставени.

Прво, се работи за петте факултети кои сакате да ги отворите во тетовскиот универзитет. Би било добро тие да се отворат во рамките на Универзитетот на Југоисточна Европа.

Второ, 25% од Буџетот за високото образование на Република Македонија на автоматизиран начин да премине на жиро сметката на Универзитетот на Југоисточна Европа. Со оглед на фактот дека тука ги имаме сите консензуси дека овој универзитет е граден врз основа на правните, образовните, меѓународните и сите други стандарди.

Трето, 25% на квотите на Битолскиот и на Скопскиот универзитет да се резервираат за албанците во оние катедри кои не функционираат во Универзитетот на Југоисточна Европа. Мислам дека албанската партија која е на власт и вие господине министре или намерно или поради некој договор или трето ај да launcheme не ви текнало

дека треба на дециден и одлучен начин да барате од оваа година да се примени тоа 25%. Нема никаков аргумент против ова.

Четврто, како сакаме ќе го наречеме доколку реално и искрено сакате да го легализирате тетовскиот универзитет треба заеднички да дозволиме формирање на комисија од 7 професори, 5, 9, како и да е професионално докажани и морално докажани нека тие бидат двајцата од Скопскиот универзитет, двајца од Универзитетот на Југоисточна Европа, двајца од тетовскиот универзитет и еден нека биде од Универзитетот на Сорбона, Кембриџ итн, кој во рок од една година би го спровеле легализирањето на студентите и образованието кое се одвивало во рамките на тетовскиот универзитет, врз основа на стандардите кои ги имаме во Универзитетот на Југоисточна Европа. Овој универзитет кој за него е приватен, за мене не е, тој не е приватен универзитет, финансирањето било приватно. И заеднички доколку сакаме да го елиминираме, односно решиме овој проблем, кој за мене е проблем на безбедноста и иднината на оваа држава, проблемот на тетовскиот универзитет е таков проблем, а не вашиот универзитет кој вие сакате да го направите сега, затоа што оставањето на страна на 12 илјади студенти, затворањето на нивната перспектива, која има само еден излез, само една работа дегенерацијата, криминалот и конфликтот. Доколку навистина сакаме да го решиме овој проблем и има разбирање за ова, тогаш вие ги имате вашите експерти да направиме јавен договор за 5 години и институциите и Владата на Република Македонија, независно од тоа кој е на власт, да се обврзат на Универзитетот на Југоисточна Европа да се отворат сите катедри кои им се потребни на албанците за нивните образовни цели и катедрите кои што ги имаат македонците. Да речам ова е најбезболниот пат, ова е најправедниот пат и најкоректниот. Јас сум свесен дека ние кај вас сме создале мислење во текот на овие денови дека ве напаѓаме, дека ни е криво, дека ви завидуваме итн, меѓутоа верувам дека сега ќе се уверите после овој предлог, за што коректно е од наша страна да излеземе со конкретен предлог, не само за напад на вашиот предлог да разберете дека нашата загриженост е вистинска а реална и се извинувам што го кажувам ова. Ова докажа дека исто така и вашата манипулација е вистинска и реална. И Црвенковски, и Глигоров 1994 година главниот идеен аргумент за недозволување на функционирање на тетовскиот универзитет беше, велеа дека средното

образование и основното образование албанците го прават одделно и Меѓународната заедница тој аргумент го прифаќа, затоа што се поставуваше прашањето каде ќе се интегрираат албанците и македонците, ако не во високото образование. Сега овој менталитет да се врати и да се изградат посебни институции, тоа создава конфузија и ние тоа го знаеме. Благодарам господине претседател, не знам дали имам процедурално право, можеби Замир ќе го направи тоа. Барам 15 минути одмор или вие или ние да ги повикаме координаторите на парламентарните групи, доколку добро се разбереме, доколку не, јас верувам дека Парламентарната група на ДПА нема веќе намера да дискутира за ова прашање. Вие ќе сте ја донеле таа одлука, ќе гласате. Би сакал овие зборови да висат, овој универзитет господине министер не треба да се направи. Ќе се сретнеме тука и овие зборови ќе останат. Ова претставува политичка манипулација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие како координатор барате 15 минути пауза.

(Објавувам 15 минути пауза).

(По паузата со седницата претседава госпоѓата Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да продолжиме со работа.

Збор има господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам госпоѓо Поповска.

Ние во овие неколку дена расправа за легализација на тетовскиот универзитет ... мислам дека нема претставник од Владата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го повикувам претставникот на Владата да дојде да може да продолжиме со работа.

Во ред, претставникот на Владата е тука. Господине Трендафилов продолжете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Еден од проблемите кој во повеќе наврати беше истакнат во овие неколку дена расправа за легализација на дивиот универзитет во Мала Речица беше од аспект на економските реперкусии и кој ќе ги предизвика, или дека предлагачот не е доволно искрен, а има обезбедено средства од извори за кои не сака да зборува. Ние претпоставуваме дека можеби станува збор дека тие средства се прибирани од Фондот за основање на универзитетот во Мала Речица и понатаму од Фондотм наречен “Татковината повикува”. Фонд во кој во голема мера е користен за изведување на воените дејности во текот на 2001 година. Веројатно е дека со парични средства во овие два Фонда партиципирале не само дијаспората на албанците туку и македонски државјани од албанско потекло и ние во петокот, односно во саботата наутро зборувавме дека зад ова се крие најобичен политички договор и дека ова претставува односно не претставува ништо повеќе освен едно крајно прозирен и крајно лицемерен предлог од страна на Владата на господинот Црвенковски, затоа што според одредени сознанија, верувам дека предлагачот има повеќе информации во таа насока, отколку ние во опозицијата. Верувам дека ним им е многу попознато и имаат повеќе докази и факти, отколку ние дека господинот Фадил Сулејмани своевремено ги има злоупотребувано средствата од овие два фонда и без оглед на неговите обиди да се претстави како поборник за национални или било какви права господинот Сулејмани покажа и висока деловна способност, па доста практично и доста умешно тргувал на македонската берза, се стекнал и со акции од Тетово Табак. Токму од тие причини, не случајно во Тетово Табак беше извршен упад од лица кои се идентификувани, значи класичен криминален чин. Зградата на Тетово Табак беше окупирана со сила, со оружје. Ние сме сведоци дека ама баш нема никаква реакција од страна на Владата и поконкретно од Министерството за внатрешни работи. Значи она што не е успеано да се добие со оружје од господинот Ахмети, тука е колабарционистот Црвенсковски, тој сето тоа ќе го стори најверојатно со одредена надокнада.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам без квалификации колега.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Без оглед дали станува збор за финансиска или политичка надокнада. Што се случува во моментот со наши сограѓани кои заведени од политичките манипуланти, сеуште веруваат дека нивната академска, нивната универзитетска иднина е врзана со дивиот Универзитет во Мала Речица, а не со легалниот Универзите во Југоисточна Европа. Во самиот предлог се тврди дека се ќе заврши со легализацијата на овој универзитет, се разбира сето она спакувано во оној предлог кој Владата го нарекува легализација за дивиот универзитет, туку отворање на нов универзитет. Значи од 13 факултети кои сега работат Владата се обидува да легализира пет. Што ќе и остане на Република Македонија како багаж од овој лицемерен и крајно провиден потег на Владата на Црвенковски. Остануваат факултетите кој нема да бидат легализирани. Значи повторно ќе се случи во градот Тетово да има практично два универзитети, доколку Собранието го легализира дивиот универзитет во Мала Речица со пет факултети, остануваат да работат останатите факултети.

Значи, ќе имаме три факултети. Нецелосно легализираниот див универзитет, така наречениот државен универзитет кој мнозинството очигледно има силна намера да го легализира и легалниот и признат Универзитет за Југоисточна Европа. Ова најверојатно се должи во рамките на тој политички договор дека клучниот коалиционен партнер на господинот Црвенковски нема да презема никакви правни, истражни дејствија за активностите на господинот Фадил Сулејмани и што се тој тргувал и купувал со парите од оние два Фонда за кој зборував во почетокот на моето излагање. Истовремено, ќе се обиде да го поправи својот рејтинг меѓу нашите сограѓани од албанско потекло на сметка на рејтингот на ДПА, затоа што клучниот коалиционен партнер на Црвенковски апсолутно има катастрофален рејтинг, без малку како самиот Црвенсковски, а самиот Црвенковски пак ќе добие на тој начин мир во куќата и ќе може да продолжи со пакетот законски мерки, кои наводно се однесуваат на децентрализација, на територијалната поделба на Република Македонија и конечно на Буџетот. Знаеме дека буџетот ќе биде ригиден и освен опозицијата, освен ВМРО и ДПА кој неколку дена упорно се обидуваат за жал, не на претставниците на владиното мнозинство овде во Собрание да им укажат, затоа што тие очигледно ниту гледаат, ниту слушаат, туку на македонската јавност да и укажат од

штетната последица од еден ваков лицемерен проект на Владата на Република Македонија кој нема да ги реши проблемите, напротив ќе предизвика дополнителни проблеми, затоа што одредени лица кои нема да се најдат на овие 5 факултети, сеуште ќе бидат оставени надвор од системот, надвор од високо образовната заедница во Република Македонија. Значи краткогледоста, и политичкиот опортунизам во коалицијата со која раководи Црвенковски нема крај. Среќа што сме на крајот на годината, затоа што ако беше почеток на годината уште Бог знае што какви небулози би измислил. Овој проект, значи ќе остави отворени прашања. Ќе има легален Универзитет за Југоисточна Европа, потоа лицемерниот предлог на Владата на Црвенковски за легализација на дел од Малоречанскиот нелегален универзитет и остануваат оние факултети кои не се наоѓаат во овој обид да биде легализиран универзитетот, а се со цел да се прикријат деловните потфати на господинот Сулејмани, неговата недостапност за истражните органи и тука е се разбира она лице кое се претставува дека е министер за внатрешни работи кој моментално спроведува акција за разоружување, а ние секојдневно сме сведоци дека да речеме претставниците на средствата за јавно информирање отворено се соочуваат со закани од страна на неидентификувани вооружени лица, непосредно до одредени пунктови за разоружување, но сето тоа нема да заврши ни до ударните вести на дневниците, ниту на насловните страници на нашите весници, затоа што ние ете се подготвуваме да излеземе со еден ваков Предлог проект од страна на Владата на г. Црвенковски, за да можеме во една максимално релаксирана атмосвера да се концентрираме на претстојните Новогодишни и Божиќни празници. За жал, мислам дека Владиното мнозинство можеби поголемиот дел од пратениците на Владиното мнозинство овде во Собранието не се сосема запознати со овој политички договор, можеби би требало тие во сопствените партии да се заинтересираат и да го постават можеби наједноставното и најлогично прашање. Што ќе правиме следниот ден откако во Собранието вие господа ќе го донесете законот за легализација на дивиот универзитет, што ќе им се каже на студентите повторно нема да станат дел од високо образовната институција и високо образовната заедница во Република Македонија. Се разбира, тогаш верувам дека повторно одредени политички и опортунисти од Владината коалиција ќе кажуваат дека тоа ќе ви се случи во текот на следната година од политички причини сега

ќе биде занемарено, затоа што повторно ќе се издвои уште една победа во смисла на разни национални и социјални и било какви други права, но целиот овој лицемерен потфат има една обична прагматична цел. Да го заштитиме г. Сулејмани за неговата манипулација со финансиските средства од оние два фонда, да му овозможиме на клучниот коалиционен партнер на г. Црвенковски да го поправи, односно да се обиде да го поправи својот рејтинг меѓу нашите албански сограѓани и да му овозможиме на г. Црвенковски релаксирано да влезе во пречек на Новата Година, па Господ на помош нека ни е којзнае што се тој човек е во состојба да ги предложи во текот на 2004 година.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, колеги пратеници,

После една ваква маратонска расправа се слушнаа многу факти околу овој предлог, ја разбранувавме македонската јавност неколку дена да дискутира за овој предлог, меѓутоа, слушнавме многу факти и сите воглавно против, ниеден факт разумен за, односно никој не си зеде за право нас пратениците да не убеди зошто токму сега оди овој предлог и зошто вака блед и штур предлог имаме.

Од она што јас успеав нешто да изанализирам нешто од предлогот, кој се состои само од 5 члена и од образложението што ни го дава предлагачот, тој вели дека причини за овој предлог се остварување поголем пристап во високото образование на припадниците на сите заедници, особено на албанците.

Точно е дека во Рамковниот договор е предвидено да се овозможи поголем пристап на етничките заедници во високото образование и истото тоа е преточено во Законот за високо образование, меѓутоа, не видовме разумно образложение зошто сега се основа овој универзитет, кога веќе во градот Тетово на сите ни е познато дека постои Штуловиот универзитет кој дава би рекла одлични резултати како едукативни, така и интегративни, што мораме да признаеме беше една од основните цели да се

интегрираме после конфликтот што ни се случи и сега имаме еден предлог кој нема никаква врска со интеграција, затоа што го основаме, односно би рекла го легализираме универзитетот што веќе 10 години ја бранува македонската јавност и никогаш не наиде на одобрување. Ние сега сакаме сето тоа да го ставиме во некакви правни рамки.

Мене ме интересира зошто не се обидовме да го прошириме Штуловиот универзитет кој е признат и од Европа и кој дава одлични резултати со нови факултети, туку отвараме нов, наместо што би рекол нашиот народ: “Од готово ќе правиме вересија”. Дека функционира овој универзитет и дека дава одлични резултати не е мое мислење, туку е мислење на сите и на оние фактори кој најмногу насојуваа овој универзитет да се отвори.

Во Предлогот кој се дава, никаде не видов образложение како ќе ги исполни предлагачот трите основни предуслови за квалитет на едукативна функација која треба да ја има тој универзитет, ниту по однос на кадрите, ниту по однос на просторот, ниту по однос на опремата. Сите три елементи што значат основни предуслови за квалитетно функционирање на една високо образовна институција се е под превезот на мистеријата. Ни како дошло до кадрите, меѓу другото простриуја разни образложенија дури дотаму дека пола од кадрите немаат нострифицирани дипломи за да можат да работат во Македонија и не знам каков квалитет ќе дадат како професори. Просторот колку е спорен на целата македонска јавност и е добро познат јас не би сакала да го елаборирам, исто така и со третиот елемент, односно опремата.

Значи се она што е содржано во предлогот ни минимум, повторувам не обезбедува стандарди за една високо образовна установа. Не знам зошто упорно предлагачот не сака да го повлече предлгот, повторно да го изанализира и да настапи со многу поиздржан и со оправдан предлог.

Мене нешто што посебно ме иритира, тоа е членот 5, каде што се вели дека затекнатите студенти од универзитетот во Тетово, основан како граѓанска иницијатива. Јас прв пат слушам дека граѓанска иницијатива се основала надвор од сите закони и прописи на државата, а токму дивиот универзитет во Мала Речица, ако вие го крстите како граѓанска иницијатива, е основан надвор од сите закони на државата. Сега не можете да го крстите како граѓанска иницијатива, затоа што тоа апсолутно не е

прифатливо. Очекувате според вас и вашиот предлог господа предлагачи дека државниот универзитет во Тетово ќе остварува меѓуетничка интегративна функција. Јас навистина се прашувам како ќе ја остварите оваа интегративна функција, кога го основате исклучиво, според она што јас успеав од предлогот да разберам само за албанскате етничка заедница. Како вие тогаш ќе се интегрирате кога со овој универзитет се изолирате. Ако сакавте да видите како се остварува интегративна функција, тогаш требаше повеќе да го изанализирате Штуловиот универзитет и да видите на какви основи тој почнал и како се развива како факултет и навистина има интегративна функција. А доволно ги задоволува потребите за високо образование барем засега на албанците. Колку што мене ми е познато таму од некоја бројка над 4 илјади студенти 3140 се албанци и 900 студенти се од другите етнички заедници. Навистина има интегративна функција.

Понатаму тврдите дека вие ќе го избегнете паралелизмот во образованието и дуплирањето на високо образовните установи. Само ако го погледнете членот 1 од вашиот предлог тој веднаш ќе ве демантира.

Тоа што вие тука предлагате е нешто што го имаме на сите универзитети. Јас не гледам дека нешто друго предлагате, некои други факултети кои ги немаме на постоечките универзитети.

Меѓудругото, ми се наметнуваат милион прашања кои јас и на господинот предлагач на комисијата кога го гледавме законот му ги поставив, меѓутоа за жал не добив одговорот, незнам дали тој знае да ми одговори, или не сака. Тоа е како ќе бидат студентите префрлени на редовниот универзитет? Таму предлагате некоја комисија која што ќе ги испитува студентите кои по свое лично барање до 31.12.2005 година ќе се пријават пред соодветната комисија која вие ќе ја основате и ќе се испита нивното кумулирано знаење и ќе се види кој до каде стигнал. Меѓутоа, ниту разбрав кој ќе ја основа таа комисија, под какви услови таа комисија ќе работи, што ќе биде со оние студенти кои нема да покажат доволно знаење, за да можат да бидат вклучени на државниот универзитет, дали нив ќе ги оставиме надвор од системот, или повторно ќе ги вратиме паралелно два во Тетово легални универзитети ќе продолжи да работи дивиот универзитет, па ќе имаме три. Што е со оние кои нема да се јават до определената дата и

што е со оние кои студираат на факултети кои воопшто ги нема во вашиот предлог? Каде тие студенти ќе бидат сместени. Тоа се многу прашања кои отвораат големи дилеми и јас навистина незнам како господинот предлагач мисли да ги разреши тие дилеми.

Нешто посебно што како правник ме иритира, тоа е што со оние кои веќе завршиле на дивиот универзитет во Тетово? Дали нивните дипломи ќе бидат легализирани.

Господа предлагачи, ако навистина ги легализирате дипломите на оние студенти што завршиле на дивиот универзитет во Тетово, тогаш вие одите против целата правна теорија што е позната. Во правото не постои, навистина не постои можност некој закон ретроактивно да важи. Сега ние ќе го донесеме законот, тој ќе стапи на сила, ако го донесеме се разбира и ќе ги легализираме на оние што завршиле пред две, три и пет години, значи ќе се враќаме наназад. Јас сум правник, меѓутоа извинете, таков закон што важи наназад, ретроактивно не познавам. Тогаш вие одите спротивно на сите правни теории и норми.

Јас не би полемизирала повеќе, тога се некои мои забелешки што ги поставив а не добив одговор и се надевам дека господинот министер овој пат ќе даде некакво објаснување за сите дилеми што мене лично ме мачат и конечно ќе каже нешто во прилог што ќе биде прифатливо зошто да го легализираме овој факултет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави господинот Тачи.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Благодарам господине претседателе.

За паузата и за средбата на координаторите на парлементарните групи може да си засмислите дека не помина успешно нашето барање. Сакам да ве информирам само дека останување на нашите зборови, на мојот збор нема а продолжам да зборувам, меѓутоа што се однесува до гласањето за овој закон, лично ми е многу тешко да гласам за овој закон, затоа што гласањето за овој закон е како сечење на главата на неколку илјадници студенти. Со овој закон вие не ги легализирате нив, знаејќи го вашето

делување како СДСМ, кога делувате врз законски основи, потоа преземате крвави акции. Но, за да не ја блокираме ситуацијата доколку вие немате доволно гласови ние ќе ви ги дадеме нашите гласови за да помине овој закон. Тие ќе бидат заложнички гласови, да докажеме дека не правите легализација на тетовскиот универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Љупчо Мешков, а нека се подготви пратеничката Силвана Бонева.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Инспирацијата за почеток на моето обраќање во Парламентот ми даде неодамнешната реплика помеѓу двајца почитувани колеги.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, паузата ќе биде од 14,оо часот, бидејќи имавме премногу паузи. Ефективно ќе ги одработиме тие три часа.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Значи, инспирација за почеток на моето обраќање ми даде репликата помеѓу двајца колеги неодамна кога на прашањето дали вие колега го чувте ставот на вашите избирачи одговорот беше - моите избирачи не водат политика. Тоа е точно, се согласувам, политика водат институциите и тие што се задолжени да водат политика, меѓутоа тоа не значи дека оние што ја водат политиката не треба да го чујат и да го слушнат гласот на своите избирачи и гласот на мнозинството луѓе кои што го даваат својот став за или против одредени важни прашања, едно од нив е денешното за кое неколку дена расправаме.

Поголем број од луѓето што јас ги познавам од мојата изборна единица и некои други кои успеав овие денови да ги консултирам, повеќето од нив негодуваат на донесувањето на овој закон. Дури вчера имавме прилика да ги чуеме изјавите и на првите луѓе на универзитет “Св.Кирил и Методиј” и на Штуловиот универзитет кој исто така како

најкмомпетентни и најодговорни луѓе во тие универзитети исто така искажаа негодување по повод донесувањето на овој закон.

Велам важен е гласот на нашите избирачи и воопшто на народот, заради тоа колку ќе бидат успешни или неуспешни потезите што ги влечат политичарите и институциите задолжени за тоа зависи и каква ќе биде сегашноста и иднината на народот и воопшто на самата држава.

Јас ќе се обидам да дадам некои мои согледувања и аргументи зошто сум против донесувањето на овој закон.

Прво што се наметнува е прашањето од каде толкава итност за неговото донесување и тоа во еден амбиент, во услови во државата кога државата се соочува со многу проблеми, почнувајќи пред се од економска природа, проблеми од меѓуетничка природа, безбедносна состојба и тн. Сега се поставува прашањето дали навистина ова е најпогодниот амбиент за донесување односно за легализирање на овој проект кој што се предлага.

Апсолутно сум согласен со сите оние кои што сметаат дека потребни се средства за основање на овој трет универзитет иако е многу важен предуслов, истовремено не е и примарен. Неможе имајќи го предвид проектираниот буџет за 2004 година да не констатираме дека основање на тетовскиот универзитет ќе предизвика или ребаланс на буџетот со што би се зголемил и онака планираниот дефицит, или ќе се намалат планираните во многу случаи недоволни средства за извршување на обврските и дејноста на буџетските корисници и во рамките на расположивите средства планирани со буџетот, сите ќе бидат подеднакво сиромашни.

Истовремено зачудува непостојаната политика на Владата на Република Македонија во овој сегмент во таа смислса што нас цело ова време не убедуваше дека води рестриктивна буџетска политика, односно штедење на буџетските средства, од кои се разбира негативните последици по својата дејност ги почувствуваа сите буџетски корисници за сега наеднаш да направи, така да речам едно свртување во сосема спротивна насока планирајќи трошење на буџетски средства за работа која во овој момент не е ниту ургентна, ниту приоритетна, се разбира пред потребите на стопанството и на економијата.

На овој начин со легализирањето односно со усвојувањето на овој проект и основањето на третиот универзитет доаѓаме во ситуација да продуцираме високообразовни кадри во амбиент кога безработицата достигнува максимално ниво, кога немаме пари за ревитализација на стопанските субјекти и за инвестиции и кога веќе школуваните кадри масовно ни заминуваат во странство, барасјќи ја таму својата шанса. Дека навистина финансиската состојба во образование е алармантна зборува и податокот кој што имав прилика да го чујам од првиот човек на Сенатот кој што рече дека постои опасност некаде од февруари да дојде во прашање дејноста на Скопскиот универзитет “Св.Кирил и Методиј”, доколку не се обезбедат доволно средства за нивната дејност. Значи, зборува за недоволни средства за постојните универзитети, а камоли сега потребни средства, буџетски за формирањето на овој трет универзитет.

Можеби еден мал дел наша грешка е тоа што до сега не изнајдовме некои поголеми можности за задоволување на нараснатие потреби на младата албанска популација за високо образование иако почетни резултати и напори во државата се присутни и се видливи денес. Тоа може да се види од некои бројки што јас успеав да ги погледам за бројот на студентите. На универзитет “Св.Кирил и Методиј” има запишано вкупно 30.303 студенти, зборувам за најновата состојба од кои 26.638 се македонци, 1.978 се албанци, 403 турци, 603 срби, 268 власи и 68 роми. Ако се анализираат овие бројки на движењето на бројот на студентите во последните три години ќе се види дека бројот на студентите македонци континуирано се намалува и тоа од 90% сега моментално е 87% во вкупниот број запишани студенти на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”, а обратен процес имаме кај студентите албанци каде што нивниот процент на учество во вкупниот број на студенти сега е точно 6,5% од вкупниот број студенти. Значи, имаме еден процес на нивно интегрирање во поголем број односно вклучување во образовниот процес континуирано со поголем процент во однос на вкупниот број на студенти на Универзитет “Св.Кирил и Методиј” што секако е добар процес, имајќи го предвид пред се квалитетот на образование што го нуди овој универзитет.

Истовремено ако направиме друга анализа и земеме дека на таканаречениот малоречански универзитет, барем чув таква бројка 13.000 - 14.000 студенти и ако ги собереме заедно и оние што се на Штуловиот универзитет околу 3.000 - 4.000 студенти и

околу 2.000 на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” и плус ако се земе бројот на Педагошкиот факултет излегува дека повеќе од половината запишани студенти во Република Македонија се албанци што мислам дека укажува бројката од 13.000 или 14.000 запишани студенти на малоречанскиоит универзитет е малку надуена бројка и веројатно е бројка која што треба да овозможи алиби односно аргументи за легализирање на овој универзитет. Во тој број сигурно се вклопени и студенти кои што се дојдени надвор од Република Македонија кои со оглед на квалитетот на образование односно неквалитетот веројатно виделе можност за лесно доаѓање до диплома наместо до квалитетно високо образование.

Во исто време Штуловиот универзитет нема ни една третина студенти од бројот на таканаречениот универзитет што јасно укажува дека студентите албанци некои ги усмерува повеќе само кон тоа да се продуцираат високообразовни кадри, да се даваат дипломи веројатно во насока на остварување на одредени политички цели на некои политички партии и интереси наместо да се оди во насока на квалитетно високо образование и интеграција. ДУИ во самиот  назив на нивната партија стои зборот интеграција. Треба да знае или поточно не може да не знае дека интеграцијата на албанците не може да се прави со студирање на еднојазичен факултет. Интеграцијата може да се остварува таму каде што заедно со нив учат и македонски студенти и студенти од другите заедници. Не може да се прави интеграција на универзитет во кој само на еден јазик се зборува и на кој македонските студенти немаат пристап. Нема таква интеграција, барем јас не познавам бидејќи интеграцијата е процес на взаемни интереси, не може да биде интеграција каде некој го бара само својот интерес, занемарувајќи го при тоа интересот на другите.

Мое мислење е апсолутно дека интеграцијата во високото образование особено може да се остварува само преку Универзитет “Св.Кирил и Мезтодиј” и преку Универзитет за Југоисточна Европа, кои може да понудат навистина квалитетно образование со некои европски стандарди, толку потребни за нашата европеизација. Сега ние вака дискутирајќи сиве овие денови, навистина доаѓаме до една апсурдна ситуација, да пратениците колеги наши албанци бараат студирање на еднојазичен универзитет, бараат само свој универзитет, а од друга страна на ние од спротивната

страна ги убедуваме, аманте луѓе, немојте, вие треба да се интегрирате во државата. Таков барем впечаток се добива.

Фактот што на двата универзитети одалечени на два километри еден од друг се повторуваат истите катедри и научни области и полиња, зборува и за тоа дека се работи меѓу албанските партии за докажување кој е поголем албанец и патриот, едните од другите. Дали ДПА која што во нејзино време се формираше универзитетот за Југозападна Европа, или ДУИ кој сега сака да основа, односно да го легализира, условно да launche речеме, бидејќи ова е закон за основање, не за легализирање, таканаречениот малоречански универзитет. При тоа, воопшто не водејќи сметка за две битни работи - интересот на студентите кои наместо квалитетно да се школуваат, се насочуваат како средство за остварување на политички интереси и исто така што е уште поважно, со ваквиот предлог се поставуваат да речам, спротивно на она што го сугерира и прави меѓународната заедница која својот став, се разбира, по ова прашање јасно го искажа со основањето на универзитетот на Југоисточна Европа.

Искажаниот став на Владата на Република Македонија по ова прашање на два универзитета да се студираат исти студии, во услови кога е очигледна разликата во квалитетот на студирањето, јасно ја покажува политичката волја на едната страна, да се покаже како доминантна кај албанскиот електорат, па дури и по цена на спротивставување на меѓународната заедница, која со ниту еден документ, со ниту еден збор не ја искажа својата поддршка за овој проект.

Таа, како и многу луѓе, кои трезвено размислуваат, дека таканаречениот малоречански универзитет не води кон интеграција на албанското малцинство, туку напротив оди кон нивна гетоизација, која не е добра ниту за албанците, ниту за македонскиот народ. Единствено, ваквиот проект одговара на оние политички сили кои не бираат начин и не им е важна цената да ја остварат својата ненасушна потреба за власт.

Кога зборуваме за основањето на третиот унвиерзиет, не можеме а да не кажеме дека неговото незаконско постоење досега и еднонационалниот состав на студентите и на настанвиот кадар во одредена мерка, ако сакате да се изразам со тие зборови, го навредува донекаде националното чувство на македонскиот народ, кој на одреден начин неговото појавување и долгогодишно постење е надвор од законските рамки, го доживува

како составен дел на војната што се водеше во Република Македонија за таканаречените “албански права” и како ексклузивно право на албанците финансирано од заеднички собрани пари на сите граѓани.

Јас се сеќавам и не можам да ги заборавам изјавите што одредени челници кои сега се шетаат по ходниците на универзитетот на т.н., малоречански универзитет што ги дадоа  по повод демонстрациите кои беа одржани во Тетово, а на што бевме сведоци на телевизиските камери, изјави кои што беа од националистичка природа, односно искажуваа висок степен на национализам на сметка на македонскиот народ и на сметка на стремежот за мултиетнички соживот во РМ. Начинот на кој што се обезбедуваат тие исти луѓе кои ги чувме нивните изјави, сега се луѓе кои што треба на тие млади стручњаци да им држат настава односно тие млади луѓе да ги образуваат на степен на високо образование. Начинот кој што го гледаме секојдневно, односно начинот како на јуриш се обезбедуваат простории за работа на малоречанскиот унивезитет укажува дека не се обезбедени ниту минимални услови за неговото егзистирање односно за неговото функционирање. Луѓето кои ги раководат ваквите законски активности, наместо кривично да одговараат за сторените противзаконски дејствија, тие сега ќе ги учат младите студенти албанци, особено правници како да се почитува приватната сопственост, како да се почитува редот и безбедноста на државата, меѓусебното почитување и соживотот на сите кои живеат во РМ. Апсолутно сум сигурен дека не е главниот предуслов за влез во Европа основањето на овој трет тетовски универзитет, како што некои од пратениците сакаат да  оправдаат нешто што мислам дека не може да биде оправдано. Главни предуслови за влез во Европа се реализација на потпишаниот Рамкмовен договор, безбедносната состојба, економската состојба и заедничко за сите, што е можеби и најважно од се, реформите во РМ, кој што треба тоа да се развива со многу побрза динамика.

Според тоа, мислам дека се лажат сите оние, кои што сметаат дека основањето на третиот универзитет ќе ја подобри безбедносната состојба во РМ, што по мое мислење не е точно. Неговото основање само ќе го озакони незаконското, ќе продуцира неквалитет во високото образование, ќе ги зголеми шансите на противниците на идејата за соживот и

толеранција, а може би ќе го намали угледот на сите нас и нашата држава кај меѓународната заедница.

На крај, сакам да укажам дека од сиот овој изминат период и она што не очекува во блиска иднина да расправаме во овој Парламент, а расправавме за Законот за државјанството, еве сега распрваме за третиот универзитет и ќе расправаме за територијалната поделба, апсолутно се наметнува заклучокот дека во нашава држава и во нашава политика најдобро што функционира е институтот за задоволување на желбите помеѓу коалиционите партнери во власта. Се друго, вклучувајќи ја пред се економијата, е во длабока криза. Затоа, почитувани пратеници од власта исполнете и една наша желба, нека биде новогодишна, гласајте со нас против овој проект, против овој закон, за што мислиме дека ова нема да биде само наша желба, туку ќе биде желба на најголемиот број од граѓаните на РМ и таквиот искажан наш став ќе биде од корист на соживотот и во корист на целокупната интеграција на албанското малцинство во РМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мешков.

Збор има пратеникот Силвана Бонева, а нека се подготви пратеникот Слободан Даневски.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници,

Веќе со денови расправаме по предложениот закон за основање на државен универзитет во Тетово и ние како опозиција се обидуваме со силата на нашите аргументи да Ви укажеме дека овој избрзан закон, кој сакате да го донесете во скратена постапка и без јавна расправа е штетен за образованието во државата и за националните интереси на РМ.

Бевме обвинувани дека со тоа сме против образованието на албанците на нивен мајчин јазик во државата, меѓутоа, сакам повторно и денес да истакнам дека ВМРО - ДПМНЕ од македонските партии прва покажа слух за граѓанската непослушност на албанците, кои што бараа високо образование на мајчин јазик и се зафати да го реши тој проблем со носењето на Законот за високо образование во 2000-та година и со формирањето на универзитетот на Југоисточна Европа, во кој што од странски донации

се направи инфраструктура која што вреди 60 милиони евра и се создадоа солидни услови за развој на високото образование во државата.

Во статутот на универзитетот на Југоисточна Европа се вели дека овој универзитет е наменет на културата на албанскиот јазик и решавање на високото образование на албанскиот јазик, но ќе овозможи на еднаков начин да конкурираат и да студираат сите граѓани на РМ на нивен мајчин јазик. Значи, така тој помага во интеграцијата на младите генерации, а не на нивната гетоизација. Тој универзитет е менаџиран од меѓународната заедница од академци и професори од РМ, албанци и професори македонци и достигна стандарди, кои што ги надминуваат стандардите на високото образование во РМ. Со членот 198 од Законот за високото образование, претходната влада направи напор да се реши и проблемот на студентите кои се запишале да студираат на дивиот универзитет и им даде можност да го легалилзираат стекнатото знаење, преминувајќи од дивиот универзитет во Мала речица во Штуловиот универзитет, до крајот, најпрво, до 2002 година. Значи, сите оние кои ќе поминат до крајот на 2002 година им беше легализирано нивното образование, меѓутоа, сега овој рок е продолжен дури до 2005 година. Но, со промената на власта кај нас оваа измината година функционира принципот што се направила претходната власт нечини, а сега новата власт ќе си направи нов проект за решавање на проблемот со високото образование на албанците, а тој нов проект е легализација на парауниверзитетот во Мала Речица. И, наместо да работат на подигање на образовните стандарди во интерес на студентите, ги враќаат еден век station наназад. Наместо да се вложат средства, овие средства од 2,5 милиони евра, кој што ги предвидува оваа Влада за отворање на нови дисциплини во постојниот универзитет за кој што има потреба на пазарот на трудот, значи, во проширување на универзитетот на југоисточна Европа и со тоа да се отворат пошироки можности, за да студираат и албански студенти од албанската етничка заедница, меѓутоа, да студираат и студенти од другите етнички заедници во Македонија, наместо значи тоа, се стеснуваат можностите за солидно образование.

За ваквото проширување има изготвено и физибилити студија, меѓутоа за потребата од вакви нови факултети, меѓутоа оваа нова власт покажа дека нема разбирање за тоа. Наместо унапредување на можностите и образовните стандарди.

Значи унапредување на тоа што е убаво, и вредно, корисно, со оваа постапка повторно ќе кажам Владата ги уназадува и ги враќа еден век наназад овие стандарди легализирајќи го овој парауниверзитет кој што не ги исполнува основните критериуми што се дадени со Законот за високо образование за формирање на високо образовни институции во државата.

А тоа се опрема, потребен кадар и потребен простор. За просторот чувме дека дури и одборот за акредитација дал позитивно мислење, меѓутоа ќе ве потсетам дека за дел од потребите за функционирање на овој парауниверзитет, против законито се узурпирани просториие на Тетово таба, и се чуваат со силата на оружјето на командантите на бившата ОНА.

Со легализирањето на овој параунивезитет, пратете почитувани дами и господа многу убава порака, едукативна порака, до младите во државата како може со силата на оружјето да се добие се што ќе се посака во оваа држава.

Ќе се задржам сега на опремата со која што располага овој параунивезитет и каков квалитет на образование може да се оствари со неа.

Се вели дека има речиси 10 илјади студенти, има над 8 илјади клупни сточиња во овој униврзитет, и 125 табли. За да ви биде појасно, со што ќе се одвива наставата, со каква опрема и надгледни средства еве само за пример ќе земам како ќе се спроведува наставата за изучување на странски јазици во овој униврзитет и со што? Во овој параунивезитет според проектот кој што ни е доставен, има еден список на опрема во кој што има три дијапроектори, два портабл комјутери, четири телевизори, и два видео рекордери. Ќе повторам за потребите на 10 илјади студнети. Нема видео касерти, нема весници, нема друга стручна литература, ниту пак има во финансовиот план предвидено средства, ниту за семинари, ниту за обуки на наставниот кадар, значи ќе заклучам дека доколу сте заинтересирани и понатаму да зборуваме со каква опрема и какви надгледни средства се располага и за другите предмети, може и да ви го прочитам целиот список, бидејќи не е голем, само страница ипол по сите предмети кои што се изичуваат на овој параунивезитет.

Од институцијата од каде што доаѓам работничкиот унвиерзитет од Струмица, можам само страница ипол да ви набројам надгледни средства и опрема само за

изведување на настава за образование на странски јазици на деца и возрасни и тоа за осум пати помал број на ученици.

Понатаму, да кажеме нешто и за кадарот. Се зборуваше многу меѓутоа фактот дека од потребните 78 професори и асистенти се обезбедени само половината, зборувам многу, а некои од нив па дипломирале и магистрирале и докторирале на овој парауниверзитет. Значи, за да отпочне, отпочнат тие легално да работат, најпрвин во самиот проект не се кажува како тие најпрвин ќе ги легализираат сопствените дипломи, магистратури и докторати, па потоа да ги легализираат и дипломите на стуедентите.

Во проектот за основање на универзитетот во Тетово се вели дека дефинирањето на научните области што ќе и се изучуваат на универзитетот, произлегуваат од постојните состојби со кадар во државата, како и потребите и интересите на граѓаните, меѓутоа, и потребите на пазарот на трудот. Па господа покрај току дипломирани правници во државата, и правни факултети во исто време, од кои што еден правен факултет е само на еден километар од унвиерзитетот од Мала Речица, тоа е Штуловиот унвиерзиет, дали е потребно основање на нов правен факултет и во тетовскиот универзитет кој што ќе се легализира навистина останува да заклучат граѓаните. Тоа покажува дека дефинирањето на оваа научна област во овој проект односно отворањето на овој нов факултет не произлегува од потребата на пазарот на трудот. А нели само пред неколку дена на конференцијата организирана во државата како дел од втората фаза на проектот за стручно образование кој што го спроведува Европската Агенција за реконсрукција и Министерството за образование и наука, превзедовме обврска да се воспостави адекватен систем за стручно образование и обука кое во секое време ќе одговори на потребите на пазарот на трудот во државата. А со тоа и вработување на човечките ресурси. Потребата од ваков систем произлегува од актуелната состојба во државата, невработеноста, неискористеноста на ангажираната работна сила, и постојаниот прилив на завршени стручни кадри за кои што нема работа.

Вие господа, што сте на власт, треба да работите, да го освежите и да го реформирате стариот образовен систем во државата и да го подготвите за новата мисија на образованието во 21-век. Стабилен развој на висок професионализам, благосостојба, праведност, и демократија а не да го враќате повторно ќе кажам еден век station наназад/

Понатаму, во проектот за основање на универзитетот во Тетово, се вели дека со овој универзиет, ќе се решат и нереализираните потреби за високо образование не само на албанците туку и на припадниците на другите заедници во државата. Меѓутоа, јас не можам да сватам на кој начин се мисли да се оствари тоа, кога со концептот за учење само на албански јазик на студентите од албанско етничко потекло кој се нуди, ги гетоизирате младите луѓе само од албанската етничка заедница. Ги одделувате да не учат заедно со младите од другите етнички заедници и наместо да работите на интеграција, аминувате на дезинтеграцијата. И дали со концептот кој што го нудите воопшто го решавата проблемот со високото образование на албанските студенти. Одговорно велам не.

Бидејќи на малоречанскиот унверзитет ќе останат повторно студенти надвор од системот на државата, бидејЌи во моментот има 13 факултети се легализираат пет факултети и две виши школи. Значи останувaат 8 факултети студенти, албански студенти, на осум факултети кои што ќе бидат надвор од образовниот систем на Република Македонија.

Значи, повторно ќе работат на диво. Ве прашувам г-дине министре а и вас претставници од власта: Што со тие млади студенти од овие 8 факултети кои што се изманипулирани, дека ќе им се легализираат нивните дипломи, кога ќе го направите тоа, и како на кој начин? За што повторно ги имаме значи нерешен проблем, повторно можност да се манипулира со луѓето од албанската заедница, кои што дале во минатото многу пари за работење и опремување на овој парауниверзитет, а навистина, видовме колку се можело да биде опремено.

Со тоа, вие почитувани господа, како да работите на тоа постојано да оставате една подотворена врата за тензии во државата. Мала Речица е чист школски пример како една стратегиски важна област, како што е образованието, може да биде заглавена во калта на голиот политички пазар, наместо, да се спроведе толку потребната целосна реформа на високото образование во државата. Наместо тоа, вие го поддржувате повтроно образованието, кое што многу ќе троши, а ќе дава лоши резултати.

Затоа, почитувани колеги, беше несватливо инсистирањето на власта да работиме до безсвест само и само да се донесе овој закон. Останавте должни и вие почитуван

претседателе, и вие министре да ни одговорите на прашањето, ако веднаш не се донесе овој закон и не се оствари навреме политичкиот пазар, дали ќе пукне нешто во вашата коалиција или ше пукне нешто во државата, бидејќи на последното заседание на седницата на овој Парламент имавме можност да го чуеме и тоа.

На крајот, повторно ја повикувам власта да го повлече овој избрзан и несериозен закон, бидејќи девалвира крајната цел, која што и вие ја декларирате, тоа е квалитетното образование, високо образование и тоа не само на албанците, туку на сите граѓани во РМ. Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодсрам г-ѓо Бонева.

Збор има г-динот Даневски Слободан, а нека се подготви г-динот Ванчо Стаменков.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господин претседателе, дами и господа пратеници, господине министер,

Со внимание се следи ова дебатирање во Парламентот, затоа што граѓаните се прашуваат што се случува, што е ова што се случува во Македонија. Не дека не ја следат седницата, туку напротив ја гледале до крајот, туку затоа што неможат да сфатат што ни се случува. Дали ние во Македонија работиме на еден процес на разградување на државата или едноставно демонтажа на државата. Некој ќе каже па што има ова врска со високото образование. Нели се договоривме дека албанците треба да имаат високо образование. Сигурно се договоривме и не го спориме тоа дека албанците треба да имаат високо образование, и не само што треба да имаат високо образование, туку треба и да се интегрираат во сите институции и во целиот систем.

Она што останува како отворено прашање и се прашуваат и политичари и аналитичари е дали и што се случува во Македонија. Дали не постои трети или четврти сиоли, или да кажеме некоја група на граѓани, интелектуалци или луѓе во власта кои работат секогаш во Македонија да има тензии. Дали не се ќарува на тоа дали е тоа перспективата на Македонија, секогаш да се држат тензии, секогаш во Македонија да биде проблематично.

Прашањето околу високото образование, мене ме погодува реакцијата, реагираат студентите, реагираат граѓаните. Но каде се професорите на Универзитетот? Требаше и

ректорот и деканите на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” да станат и да кажат што ќе биде, да слушнеме што е главната поента и што ќе ни се случи со трет универзитет. Дали добиваме или губиме. Дали се добива квалитет или не или е пазар, или е некоја политика или програма. И во самиот буџет што го дава Владата се наметнува прашањето дека во самиот буџет се планираат само средства за плати на професорите. Сигурно дека расположението меѓу пратениците на опозицијата и позицијата е јасно и сигурно дека во Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” ќе дојде до реакција. Реакцијата меѓи научните кадри и она што треба да го сработиме ние во Парламентот, да го изгласаме и односот на силите што постои во Парламентот, сигурно дека законот ќе биде изгласан. Се дебатира и кој ќе поентира од оваа работа. Дали ова е договор меѓу СДСМ и дали она што е договорено меѓу ДУИ ќе биде успешно реализирано како такво, затоа што Штуловиот универзитет е признат и доби поддршка и сигурно дека како таков во него се инвестираат околу 60 милиони евра. Тоа не е случајно така, со поддршка на Меѓународната заедница. Сигурно дека зад овој проект стојат и САД и Европа. Неслучајно се одеше на тоа, за да се задоволат потребите на албанците во Република Македонија и со воведувањето на овој универзитет да се реши прашањето кое висеше со години. Сега се поставува прашањето кој е поголем Албанец, дали оние од ДПА или од ДУИ. Во контекстот на она што во минатата власт партиципираше ДПА и доби поддршка за да се направи Штуловиот универзитет со толку средства, зад кој застанаа и САД и Европската заедница, и сега што се води инает по секоја цена да се легализира див универзитет, се поставува прашањето кој добива а кој губи.

Во дадениот момент ние како држава нема да излеземе сериозни пред Меѓународната заедница. Фактот што ни дадоа средства во висина од 60 милиони евра, како тоа ќе го оправдаме затоа што во Македонија не важат некои принципи - ова е еднаш донесено, а друг ден разрешено и секогаш се поставува прашањето, ако настапуваме вака, катадневна политика да водиме во делот на инвестициите, никогаш не поставуваме прашање зошто ние во Македонија немаме инвстиции и тоа не од надвор, странски инвестиции, туку зошто немаме домашни инвестиции во делот на Западна Македонија. Луѓето се плашат. Зошто се плашат? Заради тоа што не е сигурно.

Сега кога поднесуваме апликација и сакаме да се интегрираме во сите евро атлански структури, еве ќе ја поднесеме и апликацијата како чин со тоа што ќе го официјализираме нашето аплицирање во Советот на Европа,  со што ќе излеземе ние како држава пред тие меѓународни институции? Ќе излеземе несериозни. Кај нас нивната политика може секојдневно да ги менува законите, секојдневно може кој како доаѓа на власт да ја менува политиката. Значи, ние немаме една национална стратегија. Ние немаме стратегија која ќе каже дека ова прашање е затворено и било која влада или било кој министер да дојде, без оглед дали е Албанец или Македонец, треба да работи да се заокружи ова, ако тоа е стратешко решение.

Во делот на барањата на Меѓународната заедница од нас како држава што сака да аплицира за членство во  Европската унија, да ги исполни оние субстандарди или високи норми, сигурно дека со само голо пишување на лист хартија нема да ги задоволиме дадените барања на Европската Заедница.

Зошто сега го поврзувам сето тоа со универзитетот во Тетово?

Ако се вратиме назад, ќе видиме дека од пир или забава, или роденденска забава, незнам какви беа формулациите, па до она триумфално одење во Малра Речица со нереди и убиства, дали се сака сега онаа неправда што е направена пред 10 години да ја исправиме. Сигурно нема да ја смениме свеста и она размислување на голем дел од албанската популација, која била и учествувала токму во тие демонстрации. Се сеќаваат какви беа настаните, како се одвиваа работите и какви беа последиците. Тоа сеќавање сигурно дека нема да се избрише. Дали ние не играме на политиката купување на гласови? Ова сто пати е кажано, нема шанса да се изработат албанските политичари и албанските политички партии.

Нема разлика во делот на она околу образованието.  Заземена е стратегијата, но сега се води еден инает. Кој добива во овој инает? Дали добиваат македонците и албанците? Ние секогаш оставаме прашање, за секое прашање македонските граѓани мислат дека многу им даваме на албанците, а секогаш албанските политичари, па и албанските граѓани мислат дека малку добиваат. Сигурно дека она чудо наречено Рамковен договор - јас сум единствениот пратеник во ова Собрание кој не го гласал Рамковниот договор, не го гласал од принципи. Некој од нашите колеги тука кажува дека

принципите се  за некои животи или незнам што, но ако животот значи пропорција, политиката е компромис. До кога ќе правиме компромис на еден народ? Во дадениот момент компромисот е на македонскиот народ. Немам ништо против, ниту јас ниту многу пратеници тука, дека мора да се уреди овој проект околу образованието на албанците. Сигурно сега оперираме со бројки, квоти и сигурно постои решение да се интегрираат. Не можеме да одиме во Европа со багаж. Багажот ќе значи дезинтеграција. Не можеме ние како македонци посебно да одиме во Европа, а посебно албанците да одат. Ова што останува како едно внатрешно прашање кое треба да го решат внатре политичкките субјекти во Република Македонија, тоа е прашањето дека ние мораме да излеземе со заеднички став и како македонци, албанци, турци, срби пред Европа, затоа што внатрешната политика, внатрешните недоразбирања не може да ни ги реши Европа. Ние мора да излеземе со чисти ставови пред Европа, затоа што како такви ќе не става на еден стенд бај аранжман и ќе не чекаат со години да еволуираме. Нам сега ни престојат и многу тешки седници, ни претстои тешко време, затоа што мораме да го отвориме прашањето на територијална поделба на Македонија. Веднаш се наметнува едно природно прашање. Дали нема да играме на картата на национализмот? Дали нема она што се случува...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, ве молам зборувајте за законот. Законот за теритоирјална поделба ќе дојде и ќе имаме време и место до бескрај да дискутираме за него.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ова е меѓу редови.

Територијалната поделба како таква ќе ни направи многу големи проблеми. Сега некој ќе каже,  па добро, што има врска територијалната поделба со тетовскиот универзитет во Мала Речица. Можеби еден ден ќе прогласиме Голема Речица. Ние со ова некако ја оцртуваме картата. Тука многу наши политичари и луѓе кои се занмаваат со политика,  луѓе кои се нарекуваат врвни пера на новинарството, малку пишуваат за оваа проблематика и малку слушаме анализи од тие луѓе кои се занмаваат со форуми и

анализи, затоа што се оцртуваат некои точки. Ние жигосувавме некои политичари и ги маргинализиравме, затоа што сакале наводно да ја делат Македонија. И сега се оди на проектот - нема поделба на Македонија, ние Македонија како таква ќе ја интегрираме во Европа. Но чекорите кои се прават, дали се гледаат некои точки како се одделуваат. Во западниот дел се работи, незнам како ќе биде сфатено, незнам како ќе пренесат медиумите, некои политичари, но полека се отцртуваат границите. Некој ќе каже дали ти Даневски си националист, но не случајно го зборуванм ова, затоа што со новата карта што се прави територијално, ќе фали само еден мост и сега целата проекција е завршена, полека албанските политичари порачуваат - оставете ни ние во Тетово и Гостивар да си ги решиме правата, затоа што правата на граѓаните во Република Македонија треба да ги решава државата и институциите. Владата е надлежна да ги реши сите проблеми, но чекор по чекор. Без разлика дали некој тука сака да признае дека ни се случуваат промашувања, дека ова е случајно протната работа. Нема ни случајно, се оди со добро разработени сценарија и стратегии. Сценариото и стратегијата добро се оцртуваат. На ред доаѓа градот Скопје, само треба да се направи еден мост и целата ситуација се решава, затоа што како вие ќе ги задржите тие граѓани во западниот дел на Македонија македонци...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, оваа меѓуреченица ви беше предолга. Ве молам, вратете се на законот, ако не ви е тешко.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не, не ми е тешко господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Навистина да бидеме сериозни, зборувајте за законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ако, упорни сте, ќе останеме и до сабајле. Ако инсистирате така, јас ќе почнам пак одново. Ме прекинувате секогаш, ама нема да ме деконцентрирате.

Територијалната поделба ќе значи нови недоразбирања и конфликти како кај македонците, така и кај албанците. Во делот на високото образование мислам дека има суфистицирани решенија и може да се најде решение, да се повлече овој проект, затоа што не е добро - јас го разбирам и министерот. На министерот не му е лесно, дека мора да игра на национална карта. Така се бара, затоа што гледаме што ни се случува во нашето опкружување, што се случува на Балканот. Сите националистички партии и националисти и радикали добиваат. Сигурно дека свесни се албанските политичари дека мораат да играат на оваа карта. Свесни се затоа што ќе биде борба за гласови, затоа што кога отвораме вакви теми кои значат некој интерес во делот на политиката, каде што треба да се вметне политиката, се јавуваат и сите пратеници и сите политички партии. Но кога ќе дојде ред да зборуваме за она што значи живот во делот на економијата, земјоделството, многу малку не има тука, салата е празна и многу години не наметнавме некое прашање за да го подбриме стандардот. Малку разговараме за стандардот, за условите за живеење и нивно подобрување. Што ни се случув? Имаме университет кој е познат, имаме добри факултети кои се меѓународно познати со добри дипломи и нашите дипломци ко завршиле во Република Македонија се признати скоро секаде во светот, затоа што има традиција на пример, Архитектонскиот и многу други факултети кои се признати и даваат плејада на добри врвни стручњаци, така што никогаш не е проблем било кој од Македонија ширум светот да наоѓа и вработување и како такви да бидат признати и потврдени.

Сега со овој трет универзитет, малоречански универзитет, со неговата легализација, дали не сакаме да си направиме проблем кој и не постои. Иако сите сме свесни и знаеме дека ако таму има бројка и сега се оперира со 14 илјади, 12 илјади, 10 илјади студенти, на кои ако не ми се легализира дипломата од тетовскиот универзитет, како ќе се вклопат во образовниот систем на Република Македонија. Сигурно дека министерот и Владата требало да седнат и да најдат едно соодветно решение, еден преоден период, да ги интегрира. Дали ќе ги интегрира во постојниот универзитет или на Штуловиот универзитет, со тоа дали ќе се зголемат квовите или ќе се отворат нови факултети, ова прашање малку тука го дискутиравме, добивме малку штур одговор од министерорт и од Владата и би било добро да се врати овој проект назад, да размисли

Владата, да размисли министерот што ќе се добие, што губиме. Сигурно дека со ваквото решавање, со ова легализирање на диво, ние влегуваме во една перспектива на секоја етничка заедница, на секоја група на граѓани по пат на сила да легализираме се. Може да се случи да се соберат во делот на Источна Македонија, да кажат еве патот е наш, ќе извадат оружје, трактори и незнам што, ќе дојдеме ние во Собрание и ќе го легализираме и тоа. Воведуваме една многу лоша пракса дека по пат на сила, по пат на уцени, по пат на закани, ние преку ова што значи филтер,  а филтерот е Парламентот, Владата нам може да ни доаѓа со било какви законски проекти, но главната вина и главната одговорност ја носиме ние пратениците во Собранието. Затоа што не се јавија професорите на универзитетот, не кажаа, а ќе кажат ние не ја разбравме оваа шема, не е доволно обработена, немавме доволно информации, а вие пратениците, вие носите одговорност, зошто вие како последен филтер излгасавте. Јас ги разбирам пратениците од СДСМ, им е наредено, вие нема што да зборувате, ова прашање како такво е договорено и мора да се затвори, иако јас чувствувам дека дел од СДСМ не се согласуваат со ова, туку таква е работата, таква е директивата и сигурно вака како што е дадено ќе биде изгласано. Но што натаму? Проблемот не е затворен, затоа што тогаш ректорот ќе се јави и ќе каже - е сега, одобрени се таму еден милион и 800 илјади евра, тие се за плата, ама наваму е се намалат парите од буџетот на другиот универзитет. Потоа ќе се јави Штуловиот универзитет - договорот беше за три до пет години додека да стартува Штуловиот универзитет, затоа што ако може малоречанскиот таканаречен универзитет да се легализира како трет, тогаш со исти методи и Ван Дер Штуловиот универзитет, затоа што од година на година му се намалуваат средствата, ќе се впуштиме во нова авантура, дал пак ќе имаме нови нереди, дали пак ќе имаме демонстрации или излегување во планина со пушка, за да стане и тој државен универзитет. Влегуваме во една перспектива, каде што и најголемите оптимисти поминуваат во песимисти, затоа што прашањето вака излгеда наивно. Можеби со меѓупартискиот договор да се задоволат некои страсти, дали е договорено, дали се купуваат и продаваат гласовите, дали уште сега, рано, почна претседателската кампања, или некои да речам сили,  таканаречена сива еминенција води некој проект за тоа Македонија секогаш да биде немирна, секогаш Македонија да има проблеми. Ако се сака,

а може да се реши, затоа што не гледам тука меѓу разните политички партии дека не постои консензус по прашањето на високото образование на албанците, дека треба да се интегрираат - сите се согласуваме. Дека е дадено, виза ви тоа дава помош и САД и Европа, дека се дадени средства, дека се направени проекции,  дека се донесени професори, дека работи стручно, работи добро, а дипломите на Ван Дер Штуловиот универзитет ќе бидат признати во Европа. Слушаме дека таму студираат 4000 студенти од кои 3100 албанци а околу 900 од разни други националности, македонци, турци, роми и други етникуми, така што она што требаше да значи и работа на таканаречениот Рамковен договор за мене - сега ние испаѓаме од рамката на Рамковниот договор. Со една заложба се сите политички субјекти тука, политички партии, дека како такво нужно зло го изгласаа во Парламентот Рамковниот договор и дека Рамковниот договор уште малку доаѓа при крај, се работи на проектот на законите за децентрализација. Сега меѓу граѓаните и јавноста, меѓу политичарите стои едно отворено прашање. Кои се сега следните барања на албанските политичари, дали ние тука ќе завршиме, дали ќе завршиме со максималистичките барања на албанците.

Дали нема да отвориме ние сега од некоја друга и некои други барања, други барања од албанските политичари?

На ова прашање несака никој да одговори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Даневски, само да ве информирам дека во 14,00 часот правам пауза, имате уште четири минути, па по паузатаможете да продолжите.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро, јас ви бројам, ова петта интервервенција ќе ви вратам јас, не се секирајте.

За делот на буџетирањето односно финансирањето на Универзитетот во Мала Речица,каде што сите ставки се....

(г-динот  Вејсели говори од место, не Мала Речица - Тетово)

Па, добро вие рековте ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ве молам , продожете г-дине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро, за Голема Речица, и Голема Речица ќе стане сигурно.

(г.динот Вејсели дофрлува од место)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете г-дине Даневски, ве молам г-дине Вејсел.

Голема Речица сигурно ќе стане историско место затоа што добила универзитет, таквото е расположението меѓу политичките сили во Македонија.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас го задржувам вашето внимание во делот на она што ќе значи финансирање, затоа што ќе ни се јават ценетите професори ќе почнат да плачат, знаете што, ќе нема пари, ќе нема ова, затоа што едно време слушнавме дека од Скопскиот универзитет бара до Владата и до Парламентот некаде 150 нови кадри да се вклучат во Скопскиот универзитет. Знаете зошто? Затоа што пополека оние што се на крајот на работниот век и на животот веќе заминуваат во пензија, дури такви се и критериумите за многу професори неможат да добијат катедра и она што е стручно, она што е квалитетно. Еве за Економскиот факултет уште од 1968 година само двајца професори добиле катедра, затоа што и таму се прави селекција. И на Универзитетот влезе политиката, што е најлошо. На Универзитетот влезе политиката и каде се сега тие професори, каде се тие марки на професори да станат ако се на ниво на тоа ќе го дигнеа гласот професорите на Универзитетот, да и објаснеа на јавноста, можеа и нас да не подготват во Парламентот, да не подготвеа, можеби во тоа е решението, можеби ќе ни дадеа некоја научна студија, научна анализа дека е нужно потребон да имаме и трет универзитет. Дали сега и каде во светот, ја би го прашал и министерот, можеби и неможи да ми одговори, во кој град во светот има два универзитета на два километри. Никаде во светот не постои. Непостои таков град. Има градови-држави што се по над 10 милиони граѓани, некаде 20 милиони

граѓани и таму немаме два универзитета да функционираат во еден ист град. Можеби не знаеме, можеби ќе ни помогне министерот, но главната поента

(г- Љупчо Јордановски со тропање им обрнува внимание на пратениците за тишина во салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас се извинувам ако ве вознемирува, нема да тропа повеќе.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро, вие само не се деранжирајте, г-дине претседателе, уживајте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега е точно 14,00 часот еве гледам на компјутерот, објавувам пауза од еден час, вие да можете да продолжете по паузата.

(паузата започна во 14,00 часот)

(по паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

Почитувани пратеници продолжуваме со работа.

Повелете г. Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г. претседателе, г-да пратеници, г. министер, точнонавреме, малку доцниме. Јас би ја завршил мојата дискусија и би апострофирал некои тези од моето излагање, и сигурно на почетокот би повторил, иако на почетокот би сакал да кажам дек анемам против образованието на албанците нанивниот мајчин јазик, всушност го поддржувам и ценам, дека колку повеќе ќе има образовани граѓани толку ќе имаме и како држава и како општество полесно ќе се расправаме со сите проблеми во делот на она што значи реформа и просперитет на Република Македонија. Но, пристапот што го нуди Владата е скандалозен и е надвор од вообичаените процедури. Ни се нуди една дивоградба да

прерасне во државна институција. Со тоа се легализира, односно спротивно на законот а се дава пример како се постигнува нешто што е спротивно на прописите и процедурите.

Законот за основање на државен универзитет во Тетово не значи заокружување на реформите во високото образование, туку обид за претворање на еден политички проблем во образованието. Со овој универзитет нема да се подобри квлаитетот на образованието туку истото ќе се дикредитира како полигон за решавање на политички проблеми.

Основањето на третиот универзитет нема да ги зголеми понудата, конкуренцијата и квалитетот на високото образование во земјата туку ќе ги фаворизира, албанците ќе ги направи поприивилегирана група во општеството.

До колку целта на законот е реализирање на образовните права на мајчин јазик исто може да се реши и во рамките  на постојните универзитети или пак со давање акредитација отворање на нов приватен универзитет.

Со овој закон не се дефинирани средствата, просторот ниту неопходните услови за институционализирање на универзитетот туку за тоа ќе се прави повторно преку други закони односно преку Законот за високото образование со што проблемот уште повеќе ќе се усложни. Тоа ќе придонесе до раздор меѓу универзитетите бидејќи се помалку средства ќе останат за редовно функционирање.

Барам министерот, премиерот, Владата да кажат каде има ваков модел на студирање и каде е основан етнички универзитет што ќе биде фаворизиран од Буџетот, односно од сите граѓани, иако на него ќе се запишуваат студенти од една етничка заедница, од албанска етничка заедница.

Дали тоа го дозволува нашиот Устав и дали со него нема да ги дискредитираме македонските студенти и студентите од другите етнички заедници.

Рамковниот договор не предвидува вакво нешто и со овој закон ние го прекршуваме договорот зад кој како граѓани стојат Европската заедница и САД. Дали е потребно согласност од САД и  ЕЗ  за редефинирање на Охридскиот договор или се прекришување на одредбите од овој Договор. Ако не тогаш секое друго решавање надвор од договореното ќе отвора нови делби и недоразбирање.

На двата државни универзитети има квоти за студенти од заедниците и одтука се поставува прашањето дали се оправдани потребите и квалитетот на кадри кои евентуално би се школувале на Тетовскиот универзитет. Високите потреби на албанците за високо образование не се одредени ниту пак се дефинирани потребите за кадри што ќе завршуваат на еден ваков универзитет. Сигурно дека покрај овие тези би морал да го спомнам она што ние како држава почнувајќи од ивршната и ние како законодавна власт мораме да водиме сметка за тоа што ако сме се договориле како сериозна држава, ако сме се договориле како сериозен фактор за она што во минатиот период го направи ДПА за Албанците со тоа што им донесе еден модерен универзитет од европски карактер, со тоа што донесе средства некаде 60 милиони евра значи дека она прашање што беше третирано од албанците дека македонците не сакаат и се спротивставуваат веше решено на еден софистициран начин.

Ова сега што ни се случува, немој да излезе како она, кога се прашуваат Мујо и Хасо. “Зошто Мујо ти одиш во џамија”, тој вели “За инат властима”. Така да ние ја тераме работата за инает. Сега кој е поголем албанец, дали ДПА се поголеми албанци или ДУИ. Или, оваа работа ја тераме за инает. Не е тоа затоа што сега министерот е од ДУИ туку , дај, ние во суштина ќе направиме нови антагонизми. Дали ќе го вратиме целиот процес назад. Дали оние рецидиви што останаа од назад , што мислевме дека ги приспоивме иако со Рамковниот договор оваа материја не ја третира законот, сега ние отвораме проблем каде што не постои. И, самиот предлог кој беше тука даден од група пратеници дека може на еден многу софистициран начин да се надмине проблемот, да се врати, да се разгледа, министерот да го врати назад во Владата да се разгледа, да се реши статусот над 12, 13 или 14 илјади студенти на Малоречанскиот универзитет. Што значи да се искористат сите можности.

Првтаможност би била, не само можност туку и фолозофијата, тоа би значело и интегрирање и при носењето на законот и профункционирањето на Штуловиот универзитет беше да се направи еден микс, една интеграција, да се интегрираат, да биде една мешана средина, да биде еден модерен универзитет, во делот на она што значи признавање на дипломите во цела Европа, што тоа се постигна.

ЕЗ сигурно во тесна соработка со САД даде не само виза туку даде и средства, дадени се 60 милиони евра со тоа што е направен Универзитет модерен по теркот на Европските универзитети. Дали не постои можност оние квоти кои што постојат на државниот универзитет да се зголемат, да  се направи присилба, да се направат разговори, легализацијата она што значи Тетовски универзитет да се интегрира или да се вклопи во Штуловиот универзитет. Да се отворат нови факлутети, да се отвора нови катедри за да се направи една анализа. Ние не добивме анализа, не добивме издржано кажување ни од министерот ни од Владата. Јас по втор пат би повторил загрижува, го слушнавме гласот на студентите. Студентите се против тоа. Дали се во право или не ќе цени Македонската јавност, но не го слушнавме гласот на универзитетските професори. Гласот на универзитетските професори треба да каже јасно, а не таму слушаме со половина уста  м... м...м..., Што е тоа прашање.  Требаше да кажат отворено ла не кобајаги јадат бурек. Да каже  ректорот што е тоа и што ќе направи тој како професор на Универзитетот, како ректори, како декани, подекани да кажат и да не убедат нас пратениците. Не ние тука да кажуваме поголеми антагонизми кој е поголем албанец, кој е поголем македонец.

Кога ќе имавме една студија отворено ова прашање да го решиме, да го решиме на начин како што доликуга. Иако сме дале виза иако се согласуваме и ако е вклопено во шемата на Рамковниот договор дека Штуловиот универзитет е тој и ако таму студираат 4000 студенти да се зголеми бројот, да се најде во догледно време перспектива, да се финансира и Штуловиот универзитет и тоја да биде финансиран и од државата. Да се реши. Ние знаеме со кои бројки располагаат кога се зборува за финансирањето на факултетот. Се работи за 50 милиони евра. Ние сега во Буџетот немаме предвидено ставки. Како ќе функционира тој универзитет?  Како ќе функционира таму треба помагала таму треба програма, таму треба додатни инстументи, техника, технологија, треба средства за одржување или едноставно е само наброено. Треба да се обезбедат плати за професорите на универзитетот. Што значи тоа? Што значи тоа, како ние ќе го гласаме буџетот? Која ставка? Министерот и Владата треба да кажат, ние планираме дека, ако се легализира дивата градба наречен тетовски универзитет Мала Речица обезбедуваме толку и толку средства, тие и тие средства да се стават во Буџетот. Ние сме пред

изгласување на буџетот. Дајте да ги отвориме тие работи. Ако има став Владата и ако парламентарното мнозинство веќе зазело таков став и ако се крши тука со сите нелогики, иако ова неможат да го сварат ни обичните граѓани ни интелектуалците, тука ние имаме професори на факултет, професори на факултет кои треба да стана и да кажат, некој се сега доценти, некои незнам што се, потенцијални се професори. Тука да ги чуеме. Јас мислам дека од редовите на СДСМ имаме неколку професори кои предаваат на факултет. Треба да станат и да го чуеме нивниот глас. Неможе тука да стане по некое време и да каже е нема пари, дајте, што ќе праивме. Е, нема пари. Е неможе и јаре и паре. Или јаре или паре. Така е во животот.

Убаво да размислите за што гласате и како гласате. Да се договориме и отворено да го решиме прашањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам за тишина.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не, дајте ми го звончето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Она што со Законот за државниот универзитет во Тетово не значи заокружување на реформите во високото образование, туку ние правиме еден обид да внесеме политика во образованието. Сите очекуваат дека образованието ќе биде имуно на политиката. Не. Отидовме до тоа да ги инволвиравме и професорите кои имаат реноме, рејтинг, титули, почитувани, ги инволвиравме во политиката. И што, што ни се случи. Ќе дојде студент на испит ќе го прашаат од која партија си, а ти си од нашите, мож шестка. Како ние го инфлиртиравме во образованието, полагаат партиски.Нема квлитет. Ние сме ставени на еден голем испит. Во голем испит сме ставени пред  ЕЗ. Немој да мислите дека

рвропјаните ќе ни простат кзко што сакаме ние. Ќе даваме жмигавец во лево ќе вртиме во десно днг, карамбол, се заврши работата. Не бива, епа не бива . Ајде сега да ги пегламе работите. Не се пеглаат работите . Криво дрво никој не исправил, немој да мислите дека некој може да исправи криво дрво. Е таква политика водиме  затоа што немаме стратегија, ни за образование ни за наука, ни надворешна политика, ни внатрешна политика . Неможе, ние делуваме како држава , ако сте го гледале филмот "Каде е пилотот" авионот лета "Боинг" 747, нема пилот. Таква е состојбата во Македонија. Смешно е за жал ама вистиниот, ние ги збунивме граѓаните. Се држат граѓаните на тензија , нестабилно, опасно за живеење , под притисок,со затварање, со убивање , со присила. Луѓето се воспаничени, овие од администрација викаат абе кога одиме на работа нозете ми се враќаат назад. Не ми се оди ни на работа веќе. А налет нека е, многу пари земаме по шест илјади бог знае што ќе се случи. Секој ден стресови. Имираат луѓато одејќи на работа. Никој не знае ако дојде денеска, го чека решение , на никој ништо не му е сигурно.  Граѓаните во Македонија живеат и си велат абе оваа војна е полоша психолошка војна , подобро да имаме војна или земјотрес него ли ова што ни се случува.  Никој не се чувствува сигурен.

Зошто? Затоа што се практикува власта на многу веќе минат начин на живеење . Дајте ние да се ориентираме и ако сите тука политички партии се залагаат да аплицираме во она што значи големото семејство, големата фамилија на Европа. Но ние неможеме вака со аткох носење законски приекти , денеска ќе донесеме утре, пу, пу, ова не важи. Е нема пу, пу, за Европа. Она што важи важи. Она што е донесено како законски проект и она што е како хипотека ние мора да спроведеме тоа.  Нема играње, се се врти пак доаѓаме ние, одговорноста ја носиме ние пратениците. Ние пратениците сме најодговорни, неможе никој да не амнестира нас. Ние сме тие што убиваме во овој Парламент. Со носење погрешен закон ние ги убиваме луѓето, им го убиваме моралот, им ја убиваме честа, затоа што еден законски проект погрешно донесен не се исправа. Неможе да се амнестира било која политичка партија. Сведоци сме дека катадневно ги менуваме законите. И кој ќе не земе нас како сериозна држава. И ќе се свртиме, ете немаме инвестиции, странски инвестиции.

Дајте да направиме ние амбиент нашите македонски граѓани да инвестираат . Ние не сме направиле амбиент нас на македоците , албанците не ни веруваат ќе ни веруваат странците. Нон се е тоа. Кој будала ќе дојде да инвестира . Само се занимаваме кој министер ќе дојде, ајде писмо ,прати, како Перо Гошев што прави , прати писмо ревизија на оваа фирма, нема друго ајде правиме модерен рекет. Што се случува во оваа држава? Се има ли некоја визија , се има ли некое чувство дали ние ќе правиме држава. Дали државата не ја разградуваме, ги плашиме, ако зборуваш ти, ќе добиеш пријава, е нема ништо е ќе добиеш друга пријава . Ќе заврши тоа нема, па новинарите, во оваа држава нас не судат новинарите

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам г. Даневски сега новинарите не се тема, ве молам , за законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас се извинувам, не се сите новинари како ви што викате господин претседателе. Има и чесни новинари. Има и чесни, јас вика за оние што добија стан од Владата, оние што се портпароли, за тие зборувам, а за оние, во право сте и вие г. претседателе, има и чесни новинари. Се служувам, го делиме ние мислењето.

И би се вратил пак на она што нас не погодува сите. Не погодува сите нас во Република Македонија  затоа што не дискутираат, еве колегите кои од место сакаат да зборуваат, не дискутираат од СДСМ. Зошто се плашат. Дали вие кога ќе се вратите во базата дали чувствувате обврска да кажете, или така е договорено. Дајте да ги отворимепроблемите. Проблемот со албанците, за ова сум дискутирал 100 пати, проблемот ни се случи затоа што никогаш не сакаме да ги отвориме проблемите со албанците. Секое затворање на проблемите, секое недефинирање и оставање најмала можност ни се мултиплицираат работите и прават дополнителни проблеми. Мора да се каже дека оваа стратегија во оваа држава, во образобванието тоа и тоа, децидно кратко и јасно. Ние оставаме простор утре било кој, било која политичка партија од албанците, зависно дали е опозиција или позиција оди со нови барања. Кога ќе завршат тие барања? Дајте да седнеме тука во Парламентот да се издоговоримекои се барањата на

албанците. Сега имаме еден апсурд-Штуловито универзитет го донесе ДПА, Рамковниот договор го донесе ДПА, Рамковниот договор го партиципира во власта ДУИ и не го потпишува. Тоа не може. Или да се редефинира Рамковниот договор или овој Рамковен договор не важи. Не постои ни една држава по пат на сила да е сменет Уставот. И тие што ни доаѓаа, олеснувачи, незнам како ги нарековме, помагачи, маткачи ни ја искомплицираа работата, еве завршува Рамковниот договор. Со Рамковниот договор ние завршуваем со законот за децентрализација. Ќе ги донесеме законите за децентрелизација, па што натаму ќе измислиме. Ќе видиме, ќе помине, ќе има тука тегање, ќе има локумење помеѓу позиција опозиција ќе се влечат седници и до крајот на февруар ние мора да ги донесеме. Што понатаму? Што понатаму ќе се бара од нас макеоднците? Па, не соблековте голи. Уште што треба да попуштиме. Се е дадено. Јас незнам што уште треба да се даде, и тоа ќе се даде. Проблемот помеѓу нас макеоднците е што нема разбирање помеѓу нас макеоднците..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Албанците си водат една коегзистентна политика, знаат во секој момент што сакаат, знаат што бараат албанците. Ние македонците не знаеме што бараме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски , ве молам зборувајте за законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Тетовскиот универзитет од Мала речица. Македонците не знаат што бараат. Во момњнтот ни е се смешно. Јас ја имав таа прилика, тука сме малку што останавме со многу мандати, 5-6 пратеници, се што е замислено и се што е дојдено од албансктие политички партии се е поминато. Прашање е на време. Вие само се смејте, има да плачете еден ден. Се си е поминато. Ама апсолутно дали за ден два , дали за година две,

се си поминува, си има една стратегија. Си работи перфектно. Албанците знаат и македонците треба да учат политика. Тука доаѓаат, некои знаете ли како се влезени. Се качуваат како во воз. Ќе земе карта, ќе го фрли багажот, а возот си оди. Додека не дојдат профилирани политичари, додека не се знае тие што сакаат, додека нема стратегија, додека нема македонско национално единство Македонија ќе тоне. Која Европа ќе не прими нас. Овие се дават, се замлатувате вие која Европа и Европска унија. Тоа е измислена работа. Кој сака сиромаси, кој сака багаж. Ние не сме расчистиле македонци со макеоднци, македонци со албанци, како ќе се интегрираме. Ние не можеме да се интегрираме кога имаме за образованието као ќе ги интегрираме, ќе влеземе ли во Европа, посебно макеоднци, посебно албанци. Не. Ние работимена тој проект и треба да работиме. Штуловиот универзитет е измислен да се интегрираат албанците, да се влезе да се изврши подготовка. Ние сега слушаме тука некои приказни од некои многу умни глави кои викаат за нас е најважна работа како ќе биде Косово. Нас ни е важно да биде стабилно Косово. Тие истите што плукаа кога доаѓаа врвни раководители од Косово, истите плукаа, сега тие истите се бацуваат со Косово. а кого кој да верува. Ги збунивме граѓаните, ја збунивме Европа. Ние дали знаеме што се случува во оваа држава. Немаме ние стратегија. Немаме стратегија, само се замлатуваме. Парламентот е една гласачка машина. Не е само сега, и во минатиот Парламент беше сито. Исто, како ќе решеа политичките елити. Да се гласа - машината си гласа. Се дига рака поавтоматизам, завршена приказна. Тука завршува, а тоа што ќе се случува тоа ќе го видиме по проекцијата која е замислена. Ние не можеме како држава без стратегија. немаме стратегија во ниедн аобласт. Тука слушаме само демагогии и празни политички фрази. Ни кажуваат вака, вака ќе биде и слушаме, слушаме, ама тие приакзни не се за политичарите. Тие приказни се за некои бабички, дедовци што ги лажт вие само бидете мирни, бидете мирни, слушајте се ќе си дојде. Ние го пропуштаме возот за Европа. Ја пропуштаме и последната карта. Ако се споредуваме со државите со кои бевме блиски некаде 75% бевме 1990 година со Словенија, ние сега зад Словениај заостануваме 110%. Нема шанса да стигнеме затоа што не сака никој да го отвори прашањето што е тоа што нарпавила Словениај повеќе од Македонија. Каде е проблемот? Дали нема Македонија кадар, дали нема капацитет. Не нема капацитет, туку едноставно додворувањето едни

меѓу други кога се нема стратегија, кога не се покаже дека си партнер, ние треба да покажеме дека сме партнери и во НАТО структурите дека ќе бидеме партнер и дека ќе бидеме партнер во Европската заедница. Ние треба да се фокусираме не да трчиме голи према Европа. И кога ќе дојдеме Еврпа ќе никаже стоп - ајде сега да видиме дали сте исполниле некои услови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, вратете се на законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На образованието. И за образованието ќе рече како ние ви дадовме средства да направите универзитет. Вие значи не лажете. Зошо не лажете? Како такви лажговци ние не скаме. Ако сме дале 60 милиони евра и сме финансирале сега стануваме ние несериозни. Како овој проект, кој значеше нешто во Европа, посебна тежина нас ни даваа затоа шо сите во Европа и САД сакаа да успее во Македонија  проектот таканаречен Оридски договор. Беше на голем испит Меѓународната заедница затоа што се потрошија пари. Видоа дека им пропадна проектот во Босна, видоа дека не е решен статусот со Косово, имаат огромни проблеми во Косово затоа што, немој да испадне дека Македонија ќе биде колатерлна штета на ова што веќе ни се случува во..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам господине Даневски уште еднаш ако не се држите до темата ќе ви го одземам зборот. Косово овде не е тема на разговор. Ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Колатерална штета.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам држете се до законот, до темата на оваа седница. Вие се кажавте, ама најмалку зборевте за законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Еве, најмногу за законот претседателе.

Рамковниот договор не предвидува вакво нешто за решавање на високото образование. Тоа е решен проблем. Сега со воведување на третиот универзитет, легализирање одиме во погрешна насока. Даваме на знаење на сите граѓани дека по пат на сила во Парламентот може да се легализира се. Она дадено право, или пренесено право не се ускратува веќе. Тоа е влезено веќе право. Неможе ако нешто му дадеш на човек да му го земеш. Во моментот на многу пратеници тука им изгледа смешно. Сега треба да се вратат дома, сакаат да си идат, да се заврши оваа приказна, да си одиме да си одмараме, но сите ние ја носиме одговорноста. Одговорноста на пратениците е тоа што ние сме последниот филтер. Граѓанит ене ги интересира. Владата нашла механизам и кога ќе дојдат и меѓународнит еисntитуции не се обраќаат дека законто го донела Валдата туку вели законот го донесоа пратениците. Одговорнсота доаѓа на Парламентот. Владата може да ни предложи билокаков закон , како и што пратеник може да ни предложи било каков закон, ние сме последниот филтер, ние сме тие што можеме да ги пегламе разликите и недореченостите. Многу бегло се бега од ова. Многу бегло сака да се избега од дискусија од оваа тема, но ќе ги видиме резултатите. Резултаите ќе се мултиплицираат после. Во моментот изгледа смешно, неатрактивно, не интересно, на оваа тема сме дискутирале многу пати . И кога се тргнуваше према Тетово некаде 90-те години, кога се идеше со коли, кога се дигаа прсти и тогаш дискутиравме. Не можете вие на човек со сила нешто да му земете, па и да му дадете. Нешто си има што го следува. Ако сме се залагале и се залагаме дека ќе почитуваме човекови права, Конвенција, Европска повелба, од Обединетите нации дека она што следува на сите во оваа држава, не можеме да ги правиме една категорија граѓани од прв ред, друга од втор ред. Сите етнички заедници треба да бидат исти. Ние се доведовме во ситуација ако зборуваш во Парламентот, ако си макеоднец да се срамиш да кажеш дека си македонец? Зошто? Затоа што одговара на 3-5 луѓе што имаат личен интерес, за тоа ли што сите ќе треба да бидеме марионети? Да се срамиш да кажеш во државата дека си македонец. Зошто? Ако зборуваш дека си македонец тогаш си националист. Не си воопшто националист. Ние сите зборуваме како македонци, разговараме, дојде тој апсурт, сенс во Македонија

македонците да ги бараат своите права. затоа на некого му е смешно. Тие не ја разбираат работата. Тие се дојдени анонимуси тука за да ја завршат работата. Еднократна употреба, ајде ќе ја завршат работата. Но, останува историјата. Историјата ќе суди. Од големото око на народот не избегал никој. Може да се קријат сега под име на имунитет, но мора еден ден да се плати цехот. Не може никој да избега. Ние носиме одговорнсот. Одговорност носиме сите. Сите што направиле криминал ќе одговараат..

(Реакција на некои пратеници од место).

А, не може селективно. Ти си од другата политичка партија да, а овие што се нашата нема за тие . Не, ќе ги отвориме сите прашања. И криминал ќе погледаме и злоупотреби ќе погледаме. Не може ние да правиме монтирани политички случаи. Не може ние да се вратимена вербалниот конфликт, вербалниот деликт. Двајца сведоци овој е шпиун, ќе гласат двајца вака. Е, тоа не бива. Не бива затоа што законот не се почитува. Власта не е Водно. Водно политиката не е една партија како Водно...

(Реакција на пратениците од место).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, ова е последен пат, седми пат како ве опоменвуам да се држите до темата. Следнито пат ќе ви го одземам зборот по Деловник.

(И понатаму реакција на некои пратеници од место).

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Парламентот е таа институција каде што мора да се чуе различноста, мислењата, борбата на идеи. Тука треба ние да ги вкрстиме идеите, борбите, различностите. Ако сакате вие да го префрлиме ова надвор од институциите на улица, на некого му одговара анархија, затоа што така ќе задрежи најмногу народ. Дали е ова земјоделска задруга или не, незнам, некои земјоделци тоа го размислуваат сигурно. Не е земјоделска задруга, ова е Парламент. Тука ние имаме обврска да дискутираме по сите закони. Имаме обврска пред сите граѓани затоа што ние сме тие што носиме одговорност. Ние сме избрани од народот. Ние одговараме само на народот. Не одговараме ние на претседателот на Собрание. Одговараме само на народот. Само народот може да не смени, а тоа што не

заплашуваат дека ќе не менуваат, ќе не затвораат , слободно. Имаше тука некои авантурист ќе зема имунитет. Слободно дајте почнете со одземање на имунитет. Дајте отворете го. Како ќе се зема имунитет, што мислите вие со години ќе остане оваа власт? Ни случајно,немојте да мислите . Да научите една работа. Во Македонија не се гласа за власта. Во Македонија се казнува власта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви го одземам зборот г-дин Даневски.

Благодарам, доста се слушнавме, доста кажавте. Ви го одземам зборот седми пат ве опоменувам , според Деловникот, Ве молам напуштете ја говорницата. Најпристојно ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ова беше само завршен збор. На г-динто Тачи му давате збор, а на мене како макједонец ми го одземате не можам да зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски вие не зборувате по темата . Седми пат ве опоменав, вие зборувате , ве молам напуштете ја говорницата. По Деловник ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ако иамте нештопротив мене..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немам јас против вас ништо, само ве молам , постапувам по Деловник.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро , ќе си го задржам правото да се јавам уште двапати..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате, не ви го спречувам.

Има збор г-динот Ванчо Стаменков, а нека се подготви г-динот Зоран Крстевки.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани дами и господа пратеници,

Денеска на дневен ред го имаме - Предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово, со Предлго на закон. Значи имаме по скратена постака во една фаза да донесеме многу сериозен закон, односно основање на државен универзитет како трет државен универзитет во државата. Несватливо е за една Влада, една држава да по скратена постапка нуди да се донесе еден така сериозен проект во Парламентот. И несватливо е како може парламентарното мнозинство, односно колегите пратеници така несериозно да се однесуваат кон сета оваа работа и посматрајки ги со внимание како се однесуваат при говорите на колегите пратеници од опозицијата, бидејки они воопшто не дискутираат, ни еден аргумент не слушнав да се каже во одбрана на овој проект. Него единственото нешто кое што е во главата е кога ќе дојде моментот да се гласа. Тоа е разочарувачки и сметам дека вака со ваква работа нема да направиме ништо добро за нашата држава. Него и понатака ќе продолжиме во таа насока на разградување и уништување на сето она што со генерации што е стварано.

Како може едно парламентарно мнозинство, да прифати воопшто да прифати да се разгледува еден ваков закон по скратена постапка. Ако ние знаеме дека Република Македонија е сиромашана држава, во која што народот едвај ја остварува својата егзистенција, дури еден голем процент на населението веќе е надвор од таа нормална егзистенција , едноставно нема пари да си го купи лебот. Ние со несериозност и со ваков пристап сакаме еве, уште повеќе и она малку што го имаме како Буџњет, да го разградиме и едноставно да го уништиме.

Ако направиме анализа зошто овој закон е дојден во Парламентот и зошто пратениците од мнозинството молчат ќе видиме дека ова е договор меѓу двајца луѓе. Се договориле двајца луѓе дека треба да се легализира тој парауниверзитет во Мала Речица, ама името нема да биде унвиерзитет во Мала Речица, туку ќе биде тетовски

универзитет за да ги збуниме граѓаните и по таа директива пратениците од мнозинството едноставно не треба да дискутираат , туку што побрзо да се изгласа.

Овој договор, ова пазарење е постигнато се со цел колиционоит партнер од албанската националност односно партијата ДУИ на своите гласачи, на граѓаните од албанската националност да и се удвара и да каже нешто постигнале за подобрување на животот на албанците во  Република Македонија  и дека со овој закон тие ги зголемвуаат правата на албанците во  Република Македонија .

А, забораваат дека веќе го губат легитимитетот и она што фуриозно го освоија со оружје в рака дека веќе го немаат и дека албанците не веруваат во нив повеќе и дека во нив гледаат само една група на луѓе, кои што си ги исполнуваат своите лични интереси. Тоа е факт и многу брзо ќе се случи кога вистинското лице на оваа групација, ќе биде обелоденето и во јавноста, а веќе и се обелоденува дека единствените намери биле да се исполнат некои свои лични амбиции, свои лични интереси. Така што, ова како законски проект, како законско решение, кое треба да го донесеме тука, воопшто не е ни во насока на зголемување на правата на албанците во Македонија. Дали албанците ќе добијат нешто со овој универзитет или ќе изгубат, ќе го поставиме тоа прашање. Мое мислење е дека ќе изгубат, затоа што прво, ќе добијат неквалитетно образование, ќе се девалвира дипломата интелектуалец може да се каже, со високо образование во албанскиот електорат. Затоа што, овие досега што завршиле по регуларен пат некои од нашите универзитети, прво, ќе бидат во втор план, а овие новите кои што ќе бидат легализирани како дипломи ќе бидат во прв план и ќе добијат предност во интеграцијата односно вработувањето на албанците во државните органи. Тоа е и целта на оваа групација, за што повеќе нивни членови да влезат во државната администрација.

Друга работа е што дипломите кои што ќе ги добијат младите од албанскиот електорат, нема да имаат никаква вредност. Јасно е дека секој претприемач прво погледува од каде е дипломата, кој универзитет ја има дадено, со каква тежина е таа диплома, па потоа вработува соодветно стручно лице во својата фирма. Овие дипломи ќе бидат безвредни. Може да имаат вредност само за вработување во државната администрација. Тоа, на сите нас тука ни е сосема јасно. Така, да не ги залажуваме

граѓаните дека нешто ќе направиме на планот на поголемите права на албанците, со тоа што овој парауниверзитет, односно нелегална институција, ќе ја легализираме.

Инаку, законската регулатива која што ја имаме во Македонија предвидува дека нелегална институција е спротивна на законите. Оваа е една од тие нелегални институции, која што спротивно работи на законите во Македонија и кои што важат. Не е јасно зошто надлежните органи било во претходната власт и во оваа власт до денеска не покренале никаква постапка против сторителите на овие дела. Зошто немаме поднесено кривични пријави против овие извршители, кои го оформија овој парауниверзитет, оваа институција. Дали воопшто некој во државата од надлежните институции има увид во она што како наставно градиво се предава на овој парауниверзитет. Што учат студентите на парауниверзитетот во Мала Речица, кои се тие предмети и какво е тоа градиво. Дали таму има некои предмети кои што водат кон рушење на РМ и кон уставниот поредок на државата. Тоа се факти, кои што мораме да ги кажеме и аргументи , работи, за кои што никој не покренува прашање во државата. Како може на кој како ќе му текне така да формира некоја државна институција, а да не биде казнет според законите на државата.

Инаку, би се задржал и на други аспекти од она што значи како негација на отворањето на ваков трет државен универзитет. Значи, еве да одиме на економскиот аспект. Дали во Република Македонија постојат ресурси во економијата, во буџетот, за да се финансира уште еден државен универзитет. Ајде да направиме анализа на буџетот. Еве, претходната година донесовме буџет за 2003 година и знаеме дека од сите надлжни органи тука, министерот за финансии, комплетната влада, мнозинството парламнтарно упорно се повторуваше дека државниот буџет е рестриктивен, затоа што во државата нема пари. Кога побаравме додатни средства за образованието во сите негови сегменти, почнувајќи од најниското, основното образование преку средното образование до факултетите беше одговорено дека во буџетот не постојат средства за таа работа. Значи, другиот дел, воопшто економската состојба во државата каква е, гледаме дека пропаѓаме секој ден се подлабоко и подлабоко. Економијата е во страшен колапс. Се повеќе и повеќе фирми се затвораат, а нови не се отвораат. Она што се нарекува трговски дефицит се повеќе и повеќе расте, а долгот на државата се повеќе, како е внатрешен, така и надворешен се зголемува. Ние, ако продолжиме вака, државата ќе ја доведеме во

банкрот. Како смееме да размислуваме во таа насока дека ова е нешто несериозно и ова е нешто што нема да влијае на економијата во државата. Вие знаете, сите ние сме студирале, сите ние сме биле на факултетите, знаеме колку средства треба за да се одржува еден универзитет. Тоа се огромни финансиски средства. Огромен потенцијал на луѓе, кои што ќе бидат вработени тему, да не зборуваме за просториите и нагледните средства со кои што треба да биде опремен универзитетот. И, ние, без око да ни трепне, без воопшто да дискутираме, прифаќаме еден таков проект. Со која памет смееме да си дозволиме двајца луѓе да ни ја кројат судбината и без едноставно да заборавиме на нашиот морал, на нашето размислување и тоа да го прифатиме како решение.

Јас апелирам до пратениците на мнозинството да влијаат да се повлече ова од парламентарната седница, од дневниот ред. Владата да го врати овој закон. Можеби во некое друго, време побогато кога ќе имаме можности, постои таква можност кога ќе има повеќе средства во државата да отвориме и универзитет на албански јазик. Да, кога ќе биде оваа држава побогата, а не во овој момент кога знаеме дека 95% од населението гладува. А, ист е случајот и со албанското население, така што тука нема разлики кој повеќе гладува, дали македонците или албанците. Ако ги посетиме албанците, ќе видиме дека исто и таму има огромна сиромаштија. А, тие очекуваа од овие кои сега седат во власта да ја зголемат вработеноста и да го подобрат животниот стандард, а не тука да ги залажуваат со некои парауниверзитети кои што ќе се легализираат. Исто така, знаеме дека минатата година се донесоа измени на Законот за ДДВ, фактички на данокот, со цел да успееме да покриеме некои минуси во буџетот, за да успееме да обезбедиме додатни финансиски средства, за да можеме 2003 година да ја завршиме како-така. Е, сега, можеби овие финансиски средства кои што ќе се ангажираат со овој нов универзитет, трет универзитет, ќе треба да имаме повторно некое покачување на даноците. Така што, колеги пратеници вие како парламентарно мнозинство треба можеби да сметате и на таква можност што веќе во првите месеци од 2004 година да донесеме нова измена на Законот за ДДВ или некој друг данок, за да обезбедиме финансиски средства, да размислуваме малку подалеку.

Исто така, во прилог на ова дека не треба да се донесе ваков закон е и анализата на состојбата во образованието, во сите сегменти на образованието. Ајде да појдеме од

основното образование. Имаме училишта во катастрофална состојба. Учениците немаат основни услови за да ја изведуваат наставата. Имаме пропаднати училишта кои што секој момент можат да се срушат и да предизвикаат, не само да го загрозат животот на учениците, кој што е и најголемото нешто, туку колку се и како амбиент здрава околина за изведување на наставата. Гледаме дека се повеќе жолтицата е присутна во училиштата, а тоа е поради условите што владеат во нив. Тоа се нехигиена, лоши услови за настава, а да не зборуваме за квалитетот на наставата на нашите основни училишта. Наставата се изведува на едно ниво, а споредено со другите земји, доцни за стотина години. Ние сега ќе инвестираме во високото образовние, а немаме пари да инвестираме во тоа основно образование, каде што одат најмалите, потомците на кои што треба да се потпира иднината на оваа држава. Па, немаат основни услови за физички развој на децата во Македонија. Дали тоа некому му е јасно дека ќе имаме младина, која што физички се повеќе и повеќе доаѓа до израз неразвиеноста односно заостанатоста. Оптоварени со она што како наставна програма со години го имаме station наназад, а воопшто не се менува, иако се најавуваат тие реформи и во наставната програма и во образованието. Учат по три часа математика дневно, 2 часа македонски или некој друг јазик, еве, албански и ништо друго немаат. Тие деца со едни огромни чанти одат на училиште и ние очекуваме тие правилно да се развиваат без никаква физичка активност, без никакви други умствени или физички активности, а ние треба да се потпреме на нив дека тие се иднината на Македонија. Зборуваме за високото образовние, тие нема да стигнат до високо образование. Како ќе стигнат до високото образование, кога нема да завршат основно образование. За средното образование си е приказна за себе и тоа како воопшто да не постои. Таму се оди за да се земе една диплома, која што ќе значи чекор кон универзитетската диплома да се земе. Има некои предмети и децата одат на училиште и без книги и едноставно не се знае зошто одат таму. Споредбено со средните училишта во нормалните држави, веќе не може да се одреди, колку сме назад и каде сме, гледајќи ги условите и каде учат. Така што и да стигнам до највисокиот степен кај нас до универзитетите, високото образование, тие се во толку жалосна состојба што, еве имавме случаи кога не можеа да си платат за електрична енергија, за греењето, па мораше Владата да интервенира да направи дотација, за да продожат со својата функција. Во условите во кои што студираат

студентите како се опремени кабинетите, тоа пак зависи од случај до случај, од факултет до факлтет, како бил умешен нешто да направи во тој поглед. Факт е дека последните десет години, не верувам дека има некоја инвестиција во таа насока, не само во тековното одржување на зградите, во опремувањето на кабинетите, така што и она што како нагледни средства постои во овие факултети е веќе застарено и не е во тек со технолошките процеси во светот. Имаме и случаи, токму овие сега од албанскиот електорат, членови на Владата од ДУИ, кои се многу загрижени за образованието на албанците на мајчин јазик, нивните деца да ги праќаат на униврзитети во странство, таму сигурно не учат на албански јазик, туку учат или на англиски или на германски или на некои други јазици. Во овој универзитет нема никој да испрати свое дете да учи и тоа е факт. Се повеќе веќе се смета на бројка од преку 10.000, можеби и 20.000 студенти од Македонија кои студираат во странски земји. Кој како си има можности побогатите и македонци и албанцки си ги испраќаат децата надвор од земјата. Ние, мораме да се соочиме со тој факт деа е тоа така, а оние посиромашните и тие наоѓаат едно решение, ги испраќаат своите деца во Бугарија, каде што ни е најблиску и каде што може да се студира поефтино. Веќе бројот на студентите од Источна Македонијад кој студира во Бугарија е поголем од бројот, од бројот на студенти кои стурираат на Скопскиот универзитет или Битолскиот универзиртет.Веќе доаѓаме до една таква бројка. Тоа е така, а тоа е така затоа што треба да платат високи суми на пари, за да се запишат на нашиот универзитет. Значи, ние наместо да го шириме овој постоечки универзитет “Кирил и Методиј” кој што треба да се развива, да се проширува, да станува што поценет во светот, да инвестираме во него, да прибере што повеќе студенти,да следат што поквлитетна настава, ние сега си играме тука политика и ќе собереме политички поени со отворање на некој нов универзитет кој што тек треба да почне со работа. Тоа е без преседан, сигурно никаде во ниедна држава во светот нема да се решат на таков чекот. Тоа може само да се случи тука во Македонија.

Исто така, ајде да направиме анализа на студентскиот стандард. Знаете сите дека поднесувавме амандмани за подобрување на студентскиот стандард при усвојување на Буџетот за 2003 година. Ни еден од тие амандмани не се усвои, образложението беше дека нема пари во Буџетот. Знаеме, сите сме биле студенти како сме живееле како

студенти, а сега уште полошо се живее, бидејќи она што како услови, како амбиент го имало тогаш пред 20 години или 15, зависи кој кога студирал сега сето тоа е веќе во многу полоша состојба, бидејќи не се ивестирало сите овие години во овие објекти, во она што значи студентски стандард. Знаеме во каква состојба се и домовите и студентските населби. Така да нели е попаметно да еве дел од овие огромни средства да се насочи на подобрување на студентскиот стандард, да ги подобриме условите за живеење на студентите, со тоа што со тоа ќе постигнеме една цел да остваруват што подобри резултати во студирањето. Инаку тоа можеме уште да зборуваме за овој економски аспект, може уште многу да зборуваме, во интерес на времето ова е петти ден, ќе скратем тука, ќе се осврнам на квалитетот, како втор аспект кој што би го елаборирал е квалитетот на образованието во Македонија.

Значи, кое квалитетно образование го имаме, покажува фактот колку се ценети дипломите кои што еве и двата наши универзитети ги издаваат. Сигурно има разлика, прво, помеѓу дипломата земена од Битолскиот универзитет и дипломата земена од Скопскиот универзитет. Тоа е факт и сите ние тоа добро го знаеме во Македонија дека е така. Дипломите од Скопскиот универзитет, односно”Кирил и Методиј” се поценети и повредни и едноставно може да се каже оние кои завршиле на Скопскиот универзитет се и поценети како интелектуалци, како луѓе со факулетска диплома при своето вработување. Е сега овие универзитети значи постојат многу години, се развиваат на севкупен план, кадровски пред се, имаат една инвестиција во кадровскиот потенцијал, професори, асистенти. Тоа е една традиција која што може да се каже сепак е постигнато на ниво, иако далеку заостанува зад она што како што може да се каже европски универзитет во европските земји.

Но сепак, можеме да се гордееме, посебно Универзитетот Свети “Кирил и Методиј”, посебно со одредени факултети, бидејќи на сите факултети не е ист квалитетот на наставата, но со одредени факултети можеме да се гордееме. Затоа, која е логиката ние да почнуваме од нула, кога веќе имаме некои имиња кои се познати надвор во светот. Значи, наместо да градиме и да ги развиваме овие универзитети, ние ќе почнуваме од нула и со нешто ново и можеби ќе бидат потребни 50 или 100 години, за да го достигне тоа ниво и овој нов универзитет што го предлага Владата, односно коалициониот партнер

на Владата ДУИ, бидејќи тоа е лично негов проект и на никој друг, или изнуден да се прифати од коалициониот партнер СДСМ. Тоа мора јавно да си го признаеме. Значи, која е логиката да формираме нешто ново кое можеби ќе се стекне со некој рејтинг после 50 или 100 години ако опстои. И ова говори во насока дека беспредметно е да се расправа по овој закон, во овој момент посебно, во овие услови на живеење во Македонија и ние воопшто во овој Парламент си го губиме времето со ваков проект.

Исто така, во насока на тоа што го спомнав претходно е и студирањето надвор од државата кај побогатите луѓе од Македонија, кои своите деца ги испраќаат надвор од Македонија, за да се стекнат со светски призната диплома, со која диплома ќе можат да работат секаде, и овде во Македонија и секаде во светот. Дајте да ја кажеме вистината, да не ги залажуваме граѓаните на Република Македонија, посебно од албанската националност и да им признаеме дека ние нашите деца ги испраќаме надвор од Македонија. И нема да ги пратиме на овој универзитет во Мала Речица, бидејќи никој не верува во него, ниту предлагачите од ДУИ веруваат во него, туку е чисто политичка фарса за да се врати колку толку кредибилитетот кај албанскиот електорат.

Исто така, за квалитетот на наставата битно влијание има кадровскиот потенцијал. Како што реков, кадровскиот потенцијал се гради со години, не преку ноќ. Не може еден професор на факултет преку ноќ да се изгради како професор. Во него се инвестира, тој оди на семинари, симпозиуми, многу години треба да се инвестира во тој човек за да биде квалитетна наставата што ќе ја изведува. И ние сега ќе најдеме одеднаш луѓе способни сето тоа да го изведуваат квалитетно, односно да им обезбедат на студентите соодветна квалитетна настава. Да не зборуваме за материјалните средства кои ќе бидат огромни. Со сегашинот буџет сигурно нема да ги обезбедиме и сигурно дека овој универзитет ќе биде се, само не универзитет според она со кое ќе располага.

Исто така, морам да го споменам и Универзитетот на Југоисточна Европа, за кој се спомна дека се обезбедуваат 60 милиони евра инвестиции. Тоа е огромна инвестиција која некој не сака да ја гледа и не сака да ја искористи, единствено заради тоа што овој универзитет е оформен од претходната партија од албанскиот електорат, која беше може да се каже од ДУИ, проект на ДПА. Затоа сегашните, новите, не сакаат да признаат дека тоа е решението за студентите од албанската националност и да се прошират, може да

се каже, факултетите на овој универзитет, да се зголеми бројот на студентите кои студираат таму, туку еве ќе отвориме ние нешто ново, тоа е подобро и едноставно без никаква логика.

Исто така, еден многу важен момент во оваа работа е она што го пропагира Владата за соживот и интеграција на албанците. Токму обратната работа се прави овде. Каков соживот, каква интеграција! Кога се сака да се направи едно гето, гетоизација на албанците, потполно да се издвојат од своите врсници од македонска националност. Како можеме ние да ги зближиме младите, ако ги разделиме. Кој кого зближува сега? Албанците ќе си бидат во Тетово на тетовскиот универзитет, кој така се нарекува, а македонците ќе бидат во Скопје и тие треба да имаат соживот и да соработуваат меѓу себе. Која е таа логика која покажува дека некој се бори за соживот и интеграција. Мислам дека тоа се нелогични работи, така што воопшто дури не треба да се зборува, јасно им е на сите граѓани на Македонија дека никој не гради соживот, туку едноставно се врши разградување на она што се нарекува меѓунационални односи, создавање на се поголеми разлики, се поголема дисперзија, се поголемо оддалечување врз основа на национална основа. Затоа, дајте зборувајте ја вистината овде во овој Парламент, доста се служиме со вакви декларативни може да се каже изјави за соживот. Јасна е целта, една е, тоа е вториот пакет на закони кој ќе дојде наредните денови за територијалната поделба. Ова е првата глупост ако може да се каже, втората е веќе помината на владината седница и ќе дојде за неколку дена. Таа е уште поголемата глупост од пакетот на закони. Тука ќе имаме исто така можеби 15-20 дена дискусија за тоа. За ова 5-6 дена дискутираме, а за тоа верувам дека 15-20 дена, а можеби и цел месец ќе зборуваме, бидејќи никако не смееме да дозволиме тоа да помине во овој Парламент. И нема да помине, бидете уверени во тоа. Ова можеби ќе го изгласате, но следната глупост нема да ви помине.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке,

Во оваа четири дневна дебата втор пат се јавувам. Прво, да го изразам својот протест за начинот за кој беше закажана и водена оваа седница од страна на претседателот на Парламентот. Со тоа се покажа една немоќ и се намали капацитетот и довербата на законодавниот дом како еден од трите столба на поделбата на власта...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Крстевски, се извинувам, претседателот не е присутен тука, дури не може директно ни да ви одговори.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам дека ме гледа на телевизија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мислам дека не е коректно, можете после тоа да се јавите процедурално да му кажете што мислите. Ве молам, како дискусија.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Значи се покажа дека ставањето на точката на дневен ред како итна, со оглед на слабата подготвеност, не го доживеа својот избор на првиот ден и ние пратениците бевме понижени, така да кажам во едно деноноќие овде да водиме разговор на глуви, притоа да не се оствари ни оној елементарен демократски постулат на парламентарната демократија да имаме одговор барем на оние прашања кои по својата суштина се стручни прашања и врзани за темата. Додека ние овде деноноќно расправавме, дел од министрите се гоштеваа во Маврово и наместо вообичаено како во други европски парламенти, кога се закажува итна седница, да биде присутна целата Влада, а најмалку премиерот, нам токму од тоа Маврово ни дојде и одговорот на она што овде три дена разговаравме, во изјавата на потпретседателот на Владата, а тоа е дека овој закон всушност не значи реализација на точката 6.2 од Рамковниот договор, што значи дека она што во 2001 година беше предмет на политички дијалог и договор под услови кои на Македонија и беа наметнати и заради кои се прифати таква одредба, а тоа буквално

значеше по формирањето на така наречениот Штулов универзитет државата да се обврзе со финансиска поддршка да го потпомага зголемувањето на квантумот или интересот да се студира на албански јазик. Сега е јасно дека политичкиот пазар или договор, да се формира посебен етнички универзитет, кој патем речено никаде во Европа од тој тип не постои, е всушност изместување и на уставната дефиниција на Република Македонија и обележување на нешто што нема да запре на овој чин, ќе следат нови барања за нови акредитации за медицински факултет, за фармација, можеби за земјоделски итн, до моментот на барање и на посебна академија на науките, се во функција на зголемена сегрегација на нашево општество, во која точките на интеграција нема да ги наоѓаме, туку со политички средства ќе ги потенцираме.

Оттука и беше разумен предлогот на ДПА, сепак овој закон да се врати на доработка, прво, заради тоа што ваков каков што е предложен прашање е дали има уставен основ и второ, јасен и дециден е Законот за високо образование кој бара при основањето да бидат наведени сите елементи кои го сочинуваат чинот на основање, што подразбира и простор, средства, кадри и се она што една сериозна државна институција треба да има. Во овој случај тоа го немаме и тоа е само дополнување, како што рекоа овде многу пратеници, особено албанци, дека проблемот не само што не се решава, не само што се одложува, туку тој ќе создаде и нуз проблеми, бидејќи само една мала група на институции, факултети се формираат, кои патем речено со Штуловиот универзитет се повторуваат во три катедри, а се она што е наследство на тој така наречен тетовски универзитет ќе си остане како проблем за тие што го почнале и тие кои го презеле ризикот да стекнуваат знаење на тој универзитет.

Значи, ние денес не решаваме образовен проблем, туку ние образованието го политизираме и внесуваме политички проблем во образованието. Јасно им на сите, особено на оние кои ја познаваат научната кадровска основа меѓу албанците дека на овој универзитет ни оддалеку нема квантум на професори и друг потребен кадар кој може да пренесе знаење, а уште повеќе тоа знаење да биде компатибилно. Со потребите на стопанството, економијата, општеството во Република Македонија и уште подалеку, компатибилно со она што го викаме европско образование и наше приближување во тој единствен систем.

Со овој чин ние директно и удираме шлаканица на меѓународната заедница. За цело време на конфликтот и пост конфликтниот период таа имаше доблест да ги следи сите наши фрустрации и да учествува и да биде партнер во решавањето на кризата во Македонија, врз база на тој интерес, врз база на надминувањето на сите состојби беше исфинансиран и основан Штуловиот универзитет. Ние сега една добро смислена концепција, добро фундирана со простор, кадар, со образовни програми кои се компатабилни со европските, ги ставаме во втор план, немаме за нив решение или го одлагаме тоа решение, но се прашуваме на чија сметка и зошто тоа го правиме. Дефакто од утре треба да имаме три универзитети на албански јазик, еден државен, еден приватен со меѓународен капитал и еден кој ќе биде полуприватен или џепен така да кажам, кој ќе стои како политички фактор, кој ќе ја уценува било која влада како оваа на Бранко Црвенковски, која нема доволно мандати самата да формира влада и ќе мора секогаш да се потпира и на тој фактор. Дека ова отворање на овој универзитет ќе придонесе да се создадат дубиози и внатре во албанската популација заради можноста од тоа, бидејќи ќе бидат ограничени и средствата и можноста за бројот на запишување, се поставува прашање како во наредните години ние ќе се однесеме кон ова прашање. Повеќе од извесно е дека идната година, а 2005 година ќе кулминира буџетскиот дефицит во Република Македонија, со оглед на тоа што ќе опаднат донациите што го решаваат тој проблем во изминатиот период, а уште повеќе и заради тоа што ќе нараснат одредени обврски на државата Република Македонија спрема надвор, така што идните години ќе бидат многу послаби. Ќе бидат и заради тоа што економијата оваа година беше многу лоша и се лаже и Владата и маркетингот што го прави дека со еден шопинг центар ќе ја подигне економската структура, а само ќе ја зголеми потрошувачката, ако се разбира во економија. Значи, или ќе ги одложиме проблемите и на оваа димензија ќе и го оставиме оној горчлив вкус дека се работи на политички договор на кој опозицијата се спротивставува и тоа ќе остане така, или при евентуална, а да не речам и сигурна промена на власта, ќе мора да се редефинира стратегијата и во овој сегмент на образованието, најмалку што ќе мора да се направи е Штуловиот универзитет да се сочува, но се плашам дека тогаш нема да нарасне потребата тој да биде со доминантно македонски студенти, бидејќи за оваа сметка, за оваа политичка иницијатива во

образованието ќе ослабнат сите можности Македонија да инвестира за едно европско образование и тогаш ќе се наметне како природно право македонците тој универзитет да го посакаат како свој универзитет и да го финансираат како таков. Затоа, за мене е далеку од потребата, кога веќе разговараме овде од позиција на заедници, ние македонците да кажуваме што е подобро за албанците. Тие веројатно подобро треба да знаат и така да се однесуваат спрема тој свој интерес,нема ништо поприродно и полегитимно од тоа право. Но бидејќи сето ова чини пари и сето ова се плаќа од даноците, се плаќа од џеповите на граѓаните, ние мораме да водиме сметка и за тој аспект на секој проект кој има директни финансиски реперкусии во државата.

На крајот, на овој универзитет редно е да му дадеме и име, бидејќи вака како што е со оваа придавка Мала Речица некако не оди, мислам дека слободно може да го понесе името и на премиерот на Владата, бидејќи тоа е чисто политички договор меѓу коалиционите партнери во Владата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

И по пет дена расправа ниту министерот за образование и наука, ниту пак некои од колегите пратеници од позицијата не изнесе цврст и аргументиран став за потребата од основање на овој универзитет во Тетово.

Колегите од СДСМ со исклучок на два - три тројца колку ме држи меморијата упорно молчат и се дистанцираат да се впуштат во дискусија и бранење на овој предлог за донесување на законот за основање на државен универзитет во Тетово што уште еднаш цврсто ги потврдува моите претпоставки дека овде воопшто не се работи за некои сериозен проект на Владата, туку се работи како многу пати што до сега беше спомнато, само за чист политички договор помеѓу СДСМ и ДУИ.

Постојано само колегите од ДУИ интензивно и фанатично го бранат основањето на овој универзитет и предлогот, можеби тоа е нормално, затоа што неговата

легализација е нешто што тие го ветија на нивните избирачи, па и нормално е така фанатички да го бранат. ВМРО-ДПМНЕ во последните денови многу пати искажа сериозни аргументи против донесувањето на овој предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово. Мислам дека секој интелектуалец ќе разбере дека изнесените аргументи се во позитивен правец, а не се насочени негативно во однос на правата на албанците за високо образование на својот мајчин јазик.

Иако колегите од позицијата ќе речат дека им досади изложувањето и образложувањето на аргументите тие очигледно после пет дена треба да се повторат за да на крај сепак размислат за што ќе гласаат.

Денешниот пристап во моето излагање ќе биде насочен кон споредување на она што го предлага позицијата преку овој предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово и оние контрааргументи што ги нуди опозицијата.

Првиот аргумент што го нуди позицијата е дека со легализацијата на овој парауниверзитет ќе се задоволеле потребите за високо образование на албанците на нивен мајчин јазик.

Контрааргументот пак на опозицијата е дека со основањето на универзитетот за Југоисточна Европа тоа право на албанците за стекнување на високо образование на својот мајчин јазик потполно е задоволено.

Вториот аргумент на позицијата е дека легализацијата е потребна со оглед на она што го имавме како образложение во предлогот за да може досегашните студенти да ги легализираат стекнатите дипломи како и оние дипломи што допрва ќе ги стекнат, затоа што тие студенти немале каде да го продолжат своето студирање освен на овој парауниверзитет.

Контрааргументот на опозицијата е дека тие студенти би го продолжиле своето образование на универзитет на Југоисточна Европа или на двата постојни универзитети “Св.Кирил и Методиј” и “Свети Климент”.

Третиот аргумент на позицијата е дека легализацијата на овој универзитет ќе значело подобрување на образовната структура на населението на научно - технолошкото ниво и ќе се обезбедело севкупен развој на земјата.

Ќе ви го понудам контрааргументот. Со досегашното 10-годишно со сигурност ви тврдам ниско ниво на образование на овој таканаречен парауниверзитет во никој случај не ќе може да се подобри образовната структура на населението, а посебно не во високото образование. Научно - технолошкото ниво може да се постигне само со соодветен високостручен кадар со соодветна опрема и нагледни средства кои се користат во текот на наставата и се неопходно потребни за одржување на образовниот процес што никако не е случај со овој парауниверзитет. Севкупниот пак развој на земјата најмалку ќе се постигне со вакви парцијални, избрзани политички мотивирани, небулозни предлози од страна на Владата на Република Македонија, како што е овој предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово.

Ваквата декларативна борба за развој најмалку коренспондира со интегративните процеси на ДУИ како што гласи името на партијата што е дел од владеачката коалиција, а од чии редови доаќа министерот за образование Азис Положани, така да се повеќе личи на разединувачка или сеграгирачки процес.

Четвртиот аргумент на позицијата е дека опозицијата особено ВМРО-ДПМНЕ има заостанати погледи во однос на високото образование на албанците на свој мајчин јазик, затоа што се против легализацијата на овој парауниверзитет.

Меѓутоа, контрааргументот на опозицијата е следниот: Господа пратеници од позицијата, ние многу напред гледавме кога се основаше таканаречениот Штулов универзитет или универзитетот на Југоисточна Европа. Ние одамна гледаме и на пред и визионерски и затоа на оние на кои тоа не им е јасно јасно им покажуваме и се обидуваме овие четири дена да им укажеме што ќе се случи во иднина откако ќе се легализира овој парауниверзитет.

Петтиот аргумент на позицијата е Одборот за акредитиација на високото образование чиј претседател е господинот Тито Беличанец кој даде позитивно мислење за основање на државен универзитет во Тетово, значи одборот даде еден свој придонес за легализација на овој парауниверзитет.

Контрааргументот кој го укажува опозицијата е следниот: самата хронологија на настаните што се случуваа е всушост тој контрааргумент. Имено, господинот Беличанец пред околу шест месеци кога на собраниска седница беше законот за

изменување и дополнување на Законот за високо образование имаше свои определени забелешки и свое мислење според кое дискутабилно било дипломите од овој парауниверзитет да не можат автоматски да се признаваат и не би можел овој универзитет експресно да се легализира како државен универзитет освен ако не станувало збор за политичка одлука. Понатаму, според овој господин, прашањето на високото образование на албанците ќе се заокружи со проширување на универзитетот на Југоисточна Европа, а не со задолжително отворање на државен универзитет кој би бил на товар на буџетот.

Ова мислење на господинот Беличанец кое како што реков го имаше пред шест месеци, за шест месеци, успеа откако доста културно, стручно и многу квалитетно му беше објаснето и на успешен начин беше убеден за да даде позитивни мислење за основањето на овој парауниверзитет, негова работа беше уште да ги убеди останатите членови на одборот за акредитација на високото образование за да на крај сите среќени дадат амин за основање на овој парауниверзитет.

Можеби испуштив некои од аргументите кои се зборуваа овде пет дена, но сметам дека овие се генералните аргументи на Владата на Република Македонија. Но, ВМРО-ДПМНЕ нуди и други аргументи кои се против легализацијата на овој парауниверзитет.

Според еден од нив, легализацијата на овој парауниверзитет е сепак политичка одлука и е резултат на пазарењата помеѓу СДСМ и ДУИ при коалицирањето што е многу важна работа.

Вториот аргумент е дека ректорот на скопскиот универзитет “Св.Кирил и Мезтодиј” според последните изјави кои ги имаше ако не се лажам во саботата дека тој воопшто не сака да размислува за ефектите кои ќе произлезат од легализирањето на овој парауниверзитет се додека не почнале да се намалуваат средствата потребни за финансирање на скопскиот универзитет, па дури тогаш господинот ректор ќе реагирал. Е, тогаш јас би сакала да му кажам на господинот ректор штета што не е присутен овде, дека ќе биде малку доцна за реакција, затоа што дотогаш сите конци ќе ни бидат испуштени и нему и на сите нас од раце.

Во врска пак со позитивното мислење на Одборот за акредитација на високото образование начинот на кој е донесен, и неговата содржина, ме мотивира да размислувам дека токму дел од професорите кои се членови на Одборот за акредитација, се разбира со чест на исклучоците, сметам дека тие професори и ќе учествуваат во образовниот процес на легализираниот тетовски универзитет, така да на тој начин тие ќе можат да се стекнат со дополнителни приходи. Во овој правец можеби ќе треба да размислуваат и колегите пратеници од позицијата за да на крај ја увидат целата оваа фарисејска политика која се води со легализацијата на овој парауниверзитет.

Најважното нешто што никој од колегите албанци едноставно не сака да го разбере е дека проблемот на албанците за стекнување на високо образование на свој мајчин јазик нема да се реши целосно, туку само делумно и албанците на крај нема да ја добијат положбата што им припаѓа, за кое нешто сепак е најодговорна Владата на Република Македонија, токму поради ваквите палијативни решенија и предлози, како што е предлогот за основање на државен универзитет во Тетово. Ова го велам од причини што ако тие се сметаат за граѓани на Република Македонија, ако тие се залагаат сеуште за унитарна Република Македонија, ако размислуваат за идејата на Република Македонија и нејзината перспектива кон Европската унија и НАТО, тие сепак прават погрешни чекори со затворање на албанците во кругот на овој парауниверзитет, така што нивната комуникација се одвива исклучиво во рамките на овој парауниверзитет што ќе доведе до нивна изолација во однос на другите образовни институции каде што покрај албанци учат и македонци и другите припадници на заедниците.

Би завршила со следниот предлог кој иако веќе му го кажав на министерот, би сакала пак да му го повторам и вреди мислам да го слушне. Опозицијата, рековме дека често пати е обвинувана дека не била ниту конструктивна, ниту креативна, е за да ја негираме оваа толку погрешна теза, ВМРО-ДПМНЕ ви нуди предлог, односно решение кое се наоѓа пред министерот Положани, кое веќе го кажуаме пет дена, а тој никако да го види.

Решението е следното. По истекот на времето предвидено универзитет на Југоисточна Европа да биде финансиран од меѓународната заедница, истиот да продолжи да се финансира од буџетот на Република Македонија, односно да стане

државен универзитет. Доколку пак се утврди потреба од проширување на образовниот процес на самиот универзитет истиот да се прошири со нови еден или повеќе факултети. Овој предлог според мене почитуван министре, мислам дека е и конструктивен и креативен и лесно применлив.

Овде би сакала само да напоменам во однос на финансиските можности кои се бараат од една страна за финансирање на овој парауниверзитет, а од друга страна да му напоменам на министерот дека поздипломците кои користат стипендии од месец февруари колку што имаме информации до ден денешен немаат добиено ниту денар. Би сакала министерот Положани да ми одговори дали е тоа така или не е.

А, за на крај, со ваквата моја дискусија сметам дека изнесов и конкретни аргументи и предлози и уште еднаш покажав дека ниту зборувам напамет, ниту зборувам неаргументирано, ниту зборувам невистини и лаги, ниту пак искажав мислење кое повикува да не даде Господ на војна или разгорување на национална, верска, расна омраза. Многу ми е жал што колегата Кондарко овде не е присутен во салата, меѓутоа, сигурно е надвор во кулуарите, па можеби ќе ме слушне, можеби нему не му одговара, го иритира и го прави нервозен сето ова што досега го кажав и ме тера да размислувам дека овој предлог за донесување на законот за основање на државен универзитет во Тетово и на него и на сите негови колеги пратеници од позицијата, многу ги повредува и ги плаши, но тоа посебно на господинот Кондарко не му дава право да укажува дека ако не ме штител пратеничкиот имунитет тој ќе поднел кривична пријава, незнам за што, меѓутоа господинот ќе поднел кривична пријава.

Би сакала да го замолам ако ме слуша во иднина да не се грижи за мојот имунитет, туку да се грижи за неговиот.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете процедурално, но само да е во врска со процедурата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе,

Салата е празна, сакам да реагирам процедурално. Значи, пратениците од позицијата јас можам да ги разберам зошто молчат, зошто не дискутираат, но апсолутно не можам да ги разберам зошто не се присутни во салата, како за нив да не се однесува овој закон. Меѓутоа, македонската јавност барем нека види, дека очигледно или се појдени по бурек, или можеби спијат овде на двоседите и фотељите, за да бидат нели, свежи и одморни кога треба да го стиснат копчето.

Јас ве молам претседателе, или повикајте ги пратениците да имаме нормална атмосфера да работиме, или прекинете ја седницата откако пратеницит на позицијата ќе се наспијат и одморат, и да дојдат овде свежи и да работиме кога ќе дојдат тие.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По Деловникот може да се води дискусија.

Повелете господине Ѓорѓе Паљошковски, а после сте вие господине Жарко Караџоски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван министер,

Легализацијата на малоречанскиот параунверзитет, тема која побудува многу различни мислења во јавноста. Тема која ја засега македонската јавност и тоа на многу полиња, во зависност од тоа дали им пречи насилството со кое се воспоставува некое тело, дали им пречи прекршувањето на постапките и најбитно, дали им пречи рестрикцијата на финансиите за високото образование кое неминовно ќе настапат.

Почитувани колеги, да не заборавaме една работа. Ние сме пратеници благодарение на граѓаните. Граѓаните не избраа нас не затоа што излгедаме најубаво, туку за да ги браниме нивните интереси. Нашиот мандат и легитимитет потекнува и произлегува од граѓаните. Ние постоиме заради нив и ние трева да ги браниме нивните ставови. Тоа секогаш треба да биде водилка и патоказ за секој од нас. Како пратеник од источниот дел на Република Македонија, секогаш се водам со специфичните интереси на

граѓаните кои опстојуваат и егзистираат. Го претставувам и пренесувам нивниот став и нивниот глас.

Драги колеги,

Нивниот став е јасен. Тие никако не се согласуваат  со ставот на оваа Влада да се легализира нешто за кое нешто пред некое време се тврдеше дека е параинституција, квазитворба, потфат, осуден на неуспех уште од самото формирање. Тие и јас како еден од нивните репрезенти не се согласувам со овој Владин предлог не затоа што сме анти демократи и дискриминатори. Лоши луѓе и антиалбанци. Ние се спротивставуваме на безаргументноста, непотребноста, непринципиелноста и селективноста во примената на правото и задоволувањето на потрбите. Ние никако не смееме ксенофоби, затоа што не се спротивставуваме на квотите кои дозволуваат упис на албансците на скопскиот универзитет за само 60-тина бодови, додека во исто време македонци се одбивани со рекордни 90 бода. Ако некој не обвинува за ксенофобијата, истиот тој ксенофобијата треба да си ја побара во сопствените редови, секогаш е проследена со геотеција како што нуди малоречанскиот универзитет. За студирање таму не се предвидениквоти за останатите заедници кои се различни од албанската, а наставата е исклучиво на албански јазик, што е незаменливо за држава како што е Македонија, каде што носител на државноста е македонскиот народ. Во овој случај незамисливо е основање на државна високо образовна институција, каде што нема да се држи настава на официјален јазик на државата. Значи во овој случај една заедница е привилегирана а останатите дискриминирани. Тоа е правиот аргумент во поглед на селективноста во третирањето на своите граѓани.

Вториот момент или аргумент повеќе е во поглед на селективноста, во третирањето на своите граѓани и финансискиот, поточно неговата фискална компонента. Во оваа насока би сакал да потенцирам дека државата неоправдано селектира и од едни граѓани, претежно од источниот дел на земјата бара да ја полнат државната буџетска каса безусловно а другата групација на граѓани, етнички албанци им се прегледува низ прсти во поглед на исполнувањето на таа најважна обврска на граѓаните - плаќањето даноци, заради заедничко задоволување на потребите на државата. Но, кога ќе дојде момент на распределба на тие буџетски средства албанците се привилегирани, се

задоволлуваат нивните барања и тоа од парите собрани од некој друг, а македонците не можат да ги остварат своите интереси, како тие да се осудени на вечно чекање на подобри времиња. Како да се граѓани на друга држава а не на Македонија. Сигурно дека ќе има реакција на ова мое гледање, но јас зборувам со факти. Еве, нека ме демантираат. Ако ги земеме прегледите на наплата на сметките за струја од Електростопанството на Македонија, пријавите за плаќање даноци од Управата за јавни приходи, сметките за вода, од Водостопанството, сметките за телевизија од МРТВ, ќе заклучиме дека најмала наплата од 20% има во тетовско-гостиварско, кумановско-липковскиот регион. Ако знаеме дека во тие региони живее население од претежноалбанско потекло тогаш по аналогија и логика јасно е кој го полни Буџетот. Сепак, наместо средствата да се трошат рационално и да се задоволлуваат потребите кои се просторно пропорционално покриени се одделуваат пари за легализација на малоречанскиот парауниверзитет и тоа во насока Тетово да добие два универзитета а Источна Македонија ниеден. Така ние сме без малку осудени нашите деца да ги праќаме на студии по Бугарија, Србија, Грција и други земји со што најмногу трпи Македонија.Верувајте, трошоците за студирање на еден студент чинат многу. Родителите на тие деца одвојуваат од храната само за да им овозможат школување на своите чеда. (Трошоци за патување, трошоци за исхрана, трошоци за студии, трошоци за книги, трошоци за сместувзње, премногу трошоци). Сега, повторно треба од нашите пари да го финансираме универзитетот на другиот крај од земјата.

Со однапред загарантираната работа дека таму нашите деца нема да студираат, затоа што наставата е на албански. Ако издвоиме средства за тој парауниверзитет сигурно дека дополнително ќе се покачат сегашните огромни трошоци за студирање на нашите деца.

Би ја искористил оваа прилика и јавно да ги прозивам пратениците од СДСМ и ЛДП во поглед на нивните размислувања, затоа што гледам дека не го слушаат гласот на народот кој ги избрал.

Драги пратеници од СДСМ и ЛДП од источниот регион на РМ, земјоделецот кој по цел ден копа по нивите за да преживее и се бори со поплавите и ги плаќа даноците за финансирање на приватните журки.

Пратеници од битолско, измамените штедачи од ТАТ не одвојува од својата уста за да финансира образование на јазик кој не го разбира и на кој не може да студира негово дете.

Пратениците од Штип и штипско, наместо да ја поддржите нашата иницијатива за отворање универзитет во Штип и да ги намалите трошоците за студирање на вашите деца и децата на Вашите гласачи вие го поддржувате универзитетот на Тетово. Гласачите не ве избраа за тоа.

Почитувани колеги.

Подобро тие пари наменети за Мала Речица да ги пренамениме и да ги искористиме за да ги подобриме условите за живот на студентите во студентските домови. Да им направиме нови вециња. Да им ги исчистиме собите, да ги уништиме инскетите, да им обезбедиме храна како што заслужуваат. Да им обезбедиме културно забавен живот по европски терк. Да се потрудиме да ги комјутеризираме факултетите. Да воведеме безплатен интернет, намалување на партиципацијата, намалување на цената на полагање на испитот, многу нешта можеме да направиме.

Почитувани колеги, јас ќе гласам против овој закон затоа што не се согласувам со предложениот текст, со постапката, со начинот на легализација низ политичка призма, но, најмногу ќе гласам против затоа што така чувствуваат моите избирачи, луѓето од мојата изборна единица кои ги претставувам и за кои сум денес тука. Тие се девалвирани, обесправени и понижени. Со овој законј дополнително ќе се влоши пред се нивната финансиска состојба. Јас не можам тоа да го дозволам. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално бара збор Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници,

Согалсно член 64 став 4 од Деловникот на Собранието на РМ, би сакал да изнесам еден предлог во име на Пратеничката група на СДСМ.

Македонската јавност е свесна дека се води јалова дискусија и дека се трошат државни пари за веше слушнати дискусии. Покрај тоа сакам да информирам дека со опозицијата беше направен договор, кој е показен и очигледно намерата не е грижата за

Македонија, туку кочење, блокирање на работата на Собранието пред предстојната седница и законите кои ни претстојат. Да ве потсетам не очекува буџетот кој треба да го донесеме до крајот на оваа година и Законот за територијална поделба.

Ние не ја спречуваме опозицијата да дискутира. Ние го немаме тоа право и не го бараме тоа. Ние сакаме да кажеме дека пратениците од Парламентарното мнозинство иако имаат многу работи да кажат и многу работи да реплицираат на изнесените неточни тврдења според наше мислење, но сепак ние се одлучивме повеќе да не дискутираме и да не реплицираме. Зошто? Јасно беа изнесени нашите ставови. Беа дадени цврсти аргументи и негледаме цел пак да ги повторуваме, а покрај тоа граѓаните од нас очекуваат да работиме, да носиме законски проекти, а не деноноќно да ги повторуваме и пречитуваме стенограмите еден со друг. 15 септември ние ја добивме довербата и свесни сме и спремни сме да работиме во интерес на граѓаните. Спремни сме да ја понесеме одговорноста после 4 години на избори за нашата работа и одлуките што ги носиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Конечно да ги видиме пратениците од СДСМ во салата, колку што го разбрав координаторот на пратеничката група на СДСМ тој се повика на член 64 став 4, а тоа е дека седницата трае до 17 часот, ако Собранието не одлучи поинаку. Ако за тоа беше повикот, добро сме разбрале.

Што се однесува до тоа дека опозицијата сака да зборува и да прави трошок итн., ние ги кажуваме само нашите аргументи. Г-дине Макрадули можете да излезете од овој матен гордиев чвор - сугерирајте на Владата нека го повлече законот и опозицијата нема повеќе да дискутира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Г'зим Острени како координатор на пратеничка група.

Г'ЗИМ ОСТРЕНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Како што се гледа оваа работа продолжува и натаму така што не се вели ниту да ниту не од опозицијата, затоа јас од името на ДУИ го поддржувам предлогот на г-динот Јани Макрадули и сакам да кажам тука дека и ние нема да дискутираме денеска како што дискутиравме вечерта помеѓу петокот и саботата, затоа што имаме што да кажеме на сите и да реплицираме, но како и да е, се гледа дека нема потреба освен тоа што продолжува безконечно процедурата се гледа колку е значајно да се донесе законот за универзитетот на албански јазик.

Значи, го поддржуваме уште еднаш предлогот на г-динот Јани Макрадули.

Има збор г-динот Жерновски како координатор на пратеничка група.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Од името на Пратеничката група на ЛДП да го изразам и нашето жалење што координациите помеѓу координаторите на политичките партии во Парламентот очигедно се неефикасни. Со жалење да констатирам дека договорот што го постигнавме не е почитуван. Со жалење да констатирам дека тенденциите се сосема поинаку во Парламентот.

ЛДП, нејзините пратеници, повеќе нема да се јават за дискусија. Должиме објаснување на граѓаните дека нема ниту да реплицираме на дискусиите од опозицијата иако има многу што да се реплицира и да се одговори.

Граѓаните сакаат ефикасна седница, граѓаните сакаат ефикасен парламент, и не само што се согласуваме со она што го предложи координаторот на СДСМ и она што го договоривме како координатор на коалицијата, туку би сакал да побарам од Парламентарното мнозинство да изгласа продолжување на седницата која се одвива во моментот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трендафилов, процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мислам дека г-динот Макрадули, нема право да и сугерира на опозицијата односно да ВМРО затоа што тој и неговата група убави ги одмолчија овие пет дена и ако воопшто

се загрижени за тоа дека Буџетот е на дневен ред прво ќе размислеа како ги вложуваат парите со овој лицемерен предлог за кој ние пет дена се расправаме.

(Реакција на пратениците)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е реплика, не е процедурално.

Го ставам на гласање предлогот да се продолжи со работа.

Ве молам да гласаме.

(г-динот Спиро Мавровски бара збор процедурално)

Прво да изгласаме па потоа процедурално.

Гласале 68 пратеници, од кои 67 за воздржани нема и 1 против.

(Реакција на пратениците од ВМРО ДПМНЕ.)

(Господинот Коце Трајановски бара збор процедурално.)

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, уште еднаш набрзина гласавме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, во што е грешката. Имаше предлог да се гласа.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ние баравме процедурално и тука изгубивме време, не гласавме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете сега процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, апелираме до Парламентарното мнозинство да не бара продолжување на седницата по 17 часот со оглед на тоа што започнавме во 10,00 часот, бидејќи сметаме дека оваа точка на дневен ред не е толку итна, за да мора да се донесе денес после 17,00 часот, т.е.вечерва.

Ние во нашите дискусии во овие пет дена што изминаа кажавме колку овој закон не е добар и што се ќе донесе како реперкусии во РМ. Затоа сметме дека не треба да се продолжи оваа седница, а околу тоа колку ние се грижиме да бидеме ефикасни или

неефикасни во работењето на парламентот многу зависи од содржината на законите кои што ги предлага позицијата. Инаку, вака, на овој начин ние ќе дојдеме во состојба да бидеме само аминувачи на она што опозицијата ќе го направи.

Да ве потсетам, доколку продолжиме вечерва, како што направивте во петокот навечер, сметам дека на некој начин ќе се наруши работата на Собранието, бидејќи од утре почнува комисиската расправа за 26 декември, кога е наредната седница и затоа ние нема да можеме да учествуваме на тие комисиски расправи доколку денеска работиме токлу касно.

Затоа апелираме седницата да се прекине и да продолжи наредните денови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Жарко Караџоски а како последен се надевам г-динот Ѓорѓи Оровчанец.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратенци,

Незнам на што да се заблагодарам на одреден број пратеници од СДМ кои што останаа, не излегоа за жал, се извинувам и ПДП, дали тоа значи дека мојата дискусија ги интересира, па ви недостасува додатен стимул, затоа што досега столиците беа празни. Но, независно од сето тоа ставовите ги слушнавме почитувани колеги. Сега пред малку ги слушнавме ставовите од сите пратенички групи. Ставот е многу јасен, ќе молчиме како риби, а ќе гласаме како војници. Не верувам дека ПДП ќе ме поддржи во ова, тие не го искажаа својот став, верувам дека и понатаму ќе излегуваат, барем да не бидеме сами. А, тоа пак, од проста причина што, колеги, ако некој пак е виновен зошто се продолжи сето ова е токму господинот Вејсели. Можеби онаа седница некнешна ќе завршеше во некој разумен период, меѓутоа, господинот Вејсели искажа нешто што искажа, да не речам очигледна лага, меѓутоа, тоа беше мотив да се развие една дискусија, во која што сега гледам дека ви е досадно да ги слушате.

Господине Вејсели сакам само да ве потсетам дека кажавте две лаги. Кажавте дека сите студенти и дека скоро сите албанци биле членови на УЧК. Јас морам да ве демантирам, прво, вие не бевте член на УЧК а не верувам ни другите поблиски до вас. Исто така, вие кажавте дека сте господари на своето. Од овде ви порачувам дека ниту сте

господари, ниту пак ќе бидете. Нема ваше, нема наше, има едно заедничко за нас и за вас, како што милува да каже ДУИ. 3;начи, иако почитувани колеги, во изминатава недела бескрајно многу и бескрајно долго се говореше за таканаречениот тетовски универзитет, сметам сепак дека никогаш не е премногу говорење кога треба да се осуди една злоупотреба на власта, каква што се обидува да направи оваа власт на граѓаните на РМ со истиот тој наводен универзитет. А, дека станува збор за злоупотреба, почитувани колеги е многу очигледно. Ако легализацијата на овој универзитет не е обид на оваа Влада или поточно на коалиционите партнери СДСМ и ДУИ да добијат или подобро да ги надоместат изгубените политички поени, тогаш зошто толку релативно тивко од страна на Владата се поминуа ова прашање. Зошто Владата точно не кажа кои се придобивките што Република Македонија ќе ги има со тоа што инвестира одредена сума на пари во една квази образовна институција. Ако е ова проект на Владата, тогаш зошто ресорниот министер, господинот Азис Положани не излезе и јавно во бројки не каже колкав број на студенти се очекува да има од овој универзите, какви кадри по стручност ќе излезат од него, каде ќе работат тие кадри, каква полза ќе има Република Македонија од нив. Ние, почитуваниот министер повеќе пати го повикуваме во овие неколку дена да излезе и да каже, но очигледно и тој ја прифатил улогата на риба во овој Парламент и без разлика што доаѓа од Владата, затоа што се солидаризира со парламентарното мнозинство и одлучија дека можеби молчењето е најдобар лек во оваа ситуација.

Уште еден експеримент на Македонија е очигледно дека економски не е исплатлив и навистина не и треба. Веќе крајно време, почитувани колеги, да се ослободиме сите, особено политичарите од човечките страсти како лични амбиции, желба за моќ и слава и сериозно да му помогнеме на овој народ, кој секојдневно се соочува со низа институционални проблеми. Ако оваа власт сака на Македонија да и помогне, тогаш нека изготви економска програма, во која овие три милиони евра, кои се инвестираат за овој универзитет, ќе ги инвестира и за неколку години од нив ќе очекува профит. Единственото оправдување, кое претставниците на власта го даваат е дека секој без разлика на етничката припадност има право на образование на својот мајчин јазик. И, тоа е навистина така. Но тоа не значи дека ова право кое им припаѓа и кое најмногу оди во полза на малцинските етнички заедници, може да се злоупотребува. Не може ова право

да се користи за признавање на некакви си дивоградби, во кои се сместени неколку самопрогласени даскали за универзитет. Македонија, најверојатно, е единствената држава на Европскиот континент, во која што сеуште се јавува како проблем пред неа, не се решава со соочување и трајно надминување на тој проблем, туку со легализирање на истиот. Македонија денес, почитувани колеги, е правна држава. Констатираат пратениците на власта, но во неа со Устав и со закон на терористите им е дозволено да станат пратеници и министри, убијците и криминалците да добиваат амнестија според посебно изготвен закон, дивоградбите со се даскали стануваат државни универзитети. Ме плаши, почитувани колеги, сознанието дека Македонија се повеќе станува земја на исклучоци, а не на правила и стандарди. А, исклучоци никој не сака, особено не... Таканаречениот тетовски универзитет се предвидува како универзитет на албанците на Македонија. Не е никаква тајна дека во него се предвидува настава исклучиво на албански јазик за студенти кои припаѓаат на албанската етничка заедница. Тогаш, се прашувам, што е Штуловиот универзитет? Уште еден неуспешен експеримент. Или, на оваа Влада и одговара така тој да биде претставен. Дали оваа легализација навистина не е обид на СДС и ДУИ да го девалвираат успешниот чекор за решавање на проблемот на образованието на албанците, кој го направи претходната власт. Ако навистина постојат такви намери, тогаш да ги предупредат дека преголема е цената, која што ќе ја плати македонскиот народ за нивните хирови.

Почитувана господо, универзитетот не се основаа со политички акт, ниту заради инает на претходната власт. Универзитетот се основа заради нескротливата потреба за знаење на веќе изградена интелектуална свест, на која не и е доволно знаењето што го даваат средните училишта и уште полошо не и е доволно знаењето што го нудат самопрогласените професори со ксенофобични идеи, како што постојат во Мала Речица. Ваквата потреба за знаење, може да ја задоволат веќе постоечките универзитети во Скопје и Битола. Набрзо и Штуловиот универзитет, па затоа нема потреба од основање на нов државен универзитет. По воените дејствија во 2001 година, конечно двете страни признаваме дека најдобра гаранција за опстанок на Македонија не е изолираноста и силата на различните етнички заедници, туку во солидарноста на тие заедници кои пред себе прифаќаат заеднички задача од заеднички интерес. Од каде, тогаш нови поделби,

нови раздвојувања,  нови клучеви за чисто етнички универзитети. Која е потребата на албанската етничка заедница да учи изолирано од останатите етнички заедници во Македонија. Од што се плаши? Дали, можеби зад ова помалку не се крие некоја ксенофобија.

Моите претпоставки, почитувани колеги, не се неоправдани, бидејќи во последно време сите проекти на Владата се однесуваат на изолирање и гетоизација на етничките заедници. Како пример, Законот за високо образование, овој закон што сега го дискутираме, одлуките на министерот Положани за формирање на албанска паралелка, а со тоа и на чисто албански училишта, претстојниот закон за децентрализација и тн. Дали има крај? Дали има крај, почитуван министре? Нели мислите дека што е многу, многу е, како што некој кажа, премногу е. Јас и незнам кој победува со овој закон, но добро познавам, поточно добро го познавам тој што губи.

Господине министре, а и господине премиер, ако слушаш, потпретседателката на вашата Влада, викендов од Маврово јасно испрати порака дека Владата можела од целата ситуација околу малоречанскиот универзитет да излезе, како што таа рече, со чисти раце. Не верувам да цитираше некого, ова е веројатно нејзин израз. Бидејќи тој не бил обврска која произлегувала од Рамковниот договор, но Владата препознала проблем во Тетово со овој универзитет и таа ќе го реши. Мене не ме чуди определбата на Владата да ги препознава проблемите и да ги решава, туку ме чуди како Владата не го препознала проблемот со веќе постоечкит еуниверзитети во Македонија, со нискиот студентски стандард, со прокапените кровови на студентските домови, со безбедносните проблеми на дел од територијата на РМ, со неисполнување на обврските од Рамковниот договор, кои се однесуваат на македонската етничка заедница, поточно македонскиот народ, со новите отпуштања, со зголемувањето на невработеноста и економското тонење на Македонија, со неуспехот на македонската надворешна политика.

Мене ме чуди начинот на кој оваа Влада ги решава проблемите, кој ќе ги препознае кои не се проблеми, туку како што претходно реков само хирови на власта. Мене ме чуди и ме плаши тоа што македонската интелегенција, ректорите на веќе постоечките државни универзитети, па и професорите во нив многу скромно и сиромашно се обидуваат да се спротивстават на оваа ступидна идеја за легализирање на тетовскиот универзитет. Ме

плаши декларативната автономност на универзитетите и фактичкиот став, независно што тие имаат од власта. Ме плаши тоа што пратениците од СДСМ молчат и само го чекаат моментот кога треба потврдно да гласаат за овој закон од срамни пет члена. Ме плаши што оваа Влада го избрала Макаиавелскиот принцип дека ако власта мора да избира, но дали народот е подобро да се плаши од неа или да ја сака, таа се решава за првото.

Почитувани пратеници, Македонија е во политичка криза. Владата се соочува со недостаток на соодветни кадри. Еве, конкретно, министерот Положани станува министер за образование на албанските наставници и професори, на албанските ученици и студенти. Дали тоа значи дека е потребен министер, кој ќе ги штити и унапредува интересите на македонските професори, ученици и студенти. Македонија е во политичка криза. Таа пред меѓународната јавност не настапува како стабилен субјект, на кој во иднина ќе може да се смета како иден партнер. Еве, конкретно. Во 1995 година истите функционери кои денес се во Владата, беа и тогаш, но за разлика од тогаш, тие функционери, вклучувајќи го и тогашниот и сегашниот пермиер Црвенковски беа против формирање на универзитетот во Тетово, нарекувајќи ја иницијативата на ваквиот универзитет како мртвороденче, неуставна категорија надвор од институциите на државата. Презедоа акција во февруари 1995 година за решавање на дивоградбата во Мала Речица. Во тоа време Европската унија и целата македонска јавност застанаа зад определбата на Владата да не се признава и легализира малоречанскиот универзитет, дури и финансиски помогнаа на друг законски начин во рамките на институциите, да се реши проблемот околу образованието на албанците во Македонија, од што произлезе и Штуловиот универзитет.

Како сега оваа Влада ќе го оправда новото сосема различно сфаќање за тетовскиот универзитет пред Европа. Повеќе од очигледно е дека оваа политичка криза на Македонија ќе ја реши само со нова политичка структура. Дали дивиот универзитет што се легализира не е само задскривање на неспособноста на тамошните самонаречени професори да држат настава во рамките на Штуловиот универзитет. Зошто? Некои од албанските политичари сакаат да ги омаловажат албанските студенти, нудејќи им албански универзитет, кој ги нема потребните стандарди за признавање на дипломите, кои ќе произлезат од него. Зарем навистина власта мисли дека Европа и универзитетите

во неа лесно ќе забораваат дека овој универзитет некогаш бил дивоградба и присилно со оружје формирана образовна институција. Зарем мислат дека ќе се заборави дека овој универзитет ја чини Македонија прескапо и во економска и во политичка смисла. Зарем мислат дека ќе се заборави дека овој универзитет е основан заради политичка волја на власта, за да го добие албанскиот електорат на следните избори. Само незнам, почитувани колеги, каква е ползата да ги добиеш гласовите на албанскиот електорат, а да го изгубиш сопствениот народ. Мене ми е јасно дека и покрај напорите што ги прави опозицијата, оваа легализација ќе ни се случи. Но, останува можноста да ги повикам студентите на факултетите во Штип да поднесат граѓанска иницијатива, овие факултети да прераснат во нов државен универзитет во Источна Македонија, кои покрај постојните катедри, ќе има и нови, да ги искористат просториите на факултетите и после пет години на работа да си побараат легализација. Бидејќи, ако Македонија има средства да вложува во нови државни високообразовни институции во Западна Македонија, тогаш сигурно има средства да вложува во развој на државни високообразовни институции и во Источна Македонија.

За крај, почитувани пратеници од СДС, сите овие денови молчите како риби. Ве прашувам, зошто сте тука. Упорно седите и чекате да го изгласате историскиот закон за доброто на македонскиот народ, без нималку храброст барем да кажете со неколку дискусии зошто тоа го правите. Кој го тоа направи, некој кажа одамна, но кој тоа ќе го направи, денеска ќе видиме или можеби утре. Зарем за вас сите овие аргументи на опозицијата се беспредметни. Зарем за вас не значи ништо реакцијата на македонскиот народ искажана на разни начини. Можеби со ДУИ размислувате многу поевропски. Но, тоа не го видов кога двајца пратеници, едниот Вејсели, другиот Џезаир Шаќири, повикаа на директна закана и уцена, дека ако треба и повторно ќе одат во планините со оружје во рака, дека тие се господари на својот терен.

Барем да ве слушнат , почитувани колеги од СДСМ, па и овие од ДУИ, барем со оградување или осуда со две реченици да кажете дека тоа што овде се случи вие не го подржувате, и се оградувате. Не мора да дискутирате за се што зборува опозицијата. Барем во тој дел да ве слушнам.

Очигледно, вашите европски погледи се идентични се со ДУИ, но сакам само едно да ви укажам.

Едно треба да знаете, почитувани колеги од СДСМ, вие сте тие што ја носите одговорноста. Народот, особено Македонскиот народ, вас ќе ве памти и вас ќе ве осудува. Вие сте сите тие што одговорноста за ова што го носите, не само што ќе биде денес, туку таа ќе биде и понатаму и ќе остане на идните поколенија.

Почитувани колеги на  СДСМ, ако ова е начин и ако на овој начин ја предадовте власта во рацете на народот, прашајте го сега народот какво фајде има од сето тоа. Да не остана народот со празни раце, наместо со власта во свои, очигледно дека остана со празни раце.

И тука би завршил, апелите до вас не стигаат, не доаѓаат. Ние како опозиција ќе бидеме упорни ќе ги соопштуваме нашите ставови па белки некој од вас, барем овие четворица што ги гледам овде, ќе се предомислат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Караџовски.

Повелете г. Оровчанец, а нека се подготви пратеникот Орданчо Тасев.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Г-дине претседател, г. министре, колеги пратеници, но за жал само од нашата пратеничка група, со редок исклучок на една елита од СДСМ , еве и г. Мешков морам да го поздравам затоа што и тој упорно седи овде со нас за да докажеме она што треба да го докажеме, а некој несака да слуша, а незнаеме дали е глув, дали неразбира или едноставно се прави луд.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Оровчанец, бирајте зборови, се договоривме. Глув, луд, тие работи да не ги користиме.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Добро, г. претседателе ќе се држиме на темата и ќе почнам на овој начин.

Целата оваа приказна околу образованието и целата оваа приказна околу овој проект на Тетовски универзитето започна со огромен притисок и партиципација и

убедување дека сето тоа е дел или производ на она што е договорено во Рамковниот или Охридскиот догоров. Практично, се почна од оној момент или стана проѕирно во оној момент, да кажам транспарентно, затоа што до тогаш не беше на тој начин пласирано, во моментот кога требаше да се промени законот за високо образование.

Законот за високо образование дојде во пакет заедно со законите за осонвно и средно образование пред Собранието на Република Македонија , и како што требаше да биде некој ред, тие закони да профункционираат односно во процедурата да ги поминат сите фази на нивна разработка, овие први два закони за основно и средно образование ќе продолжат во процедура во онаа постапка која што е предвидена за вакви значајни клучни закони за една земја. Меѓутоа, се случи нешто неочекувано, а тоа е донесување на законот за високо образование по една кратка процедура.

Во целото тоа образложение беше наметнато дека сето тоа се прави да се подобри состојбата на високото образование во Република Македонија , да се подобрат состојбите во постојните универзитети во Република Македонија , односно на Универзитетот “Кирил и Методи” и Битолскиот Универзитет. Меѓутоа, во целата таа работа исплива едноставно членот 95, кој што веќе ги покажа тенденциите и сето тоа се правеше со крајно оправдување дека се работи за нешто што е договор од повисока категорија или повисоки цели, а тоа е Рамковниот договор. Кога ние реагиравме како опозиција дека е тоа вон контекстот на Рамковниот договор, тогаш бевме замолчувани со тоа дека не знаеме да го читаме, односно не знаеме да го толкуваме Рамковниот договор. И сега доаѓа овој проект и во самиот почеток, во презентацијата на овој Проект дојдовме повторно до Рамковниот договор дека тој е пак производ, односно добра намера на сите граѓани на Република Македонија , во име на таа колективна свест наре

чена Рамковен договор, дека треба да го реализираме. Меѓутоа, очигледно е како се дискутира, како работите стануваат јасни, веќе произлегува една некохерентност и во Владата околу овие прашања. Пред некој ден, односно мислам вчера, бевме сведоци дека заменик премиерот, г-ѓица Радмила Шеќеринска даде изјава во која што рече дека законот за тетовскиот универзитет не произлегува од обврските на Рамковниот договор, туку има некои други повозвишени цели и незнам што друго. Ова е неконзистентно во однос на претходно најавуваното, пласираното, и неконзистентно во однос на она што

сегашниот премиер на Република Македонија , г.Бранко Црвенковски, овде на оваа говорница го кажа: ниедно слово повеќе или помалку во Рамковниот договор. Очигледно никој не се држел до зборот, очигледно овде станува збор за нешто што е надвор од Рамковниот договор, меѓутоа, генерално гледано на сеопшта штета на Република Македонија . Во која смисла? Прво, финансиска, второ нарушување на меѓуетничките односи, она што е цел на Рамковниот договор и трето, тоа е страшна грешка во сегментот на образованието.

Ваква неконзистентност континуирано ни се пружа и мислам дека сите ние треба да бидеме свесни дека практично Владата во изнаоѓање на решенија и водење на државата лута, не се снајдува, донесува палијативни мерки, меѓу кои и оваа, која што за мене ќе предизвика значителни штети.

Колку е сето ова неконзистентно зборува и приодот на министерот. Во која смисла? Г-динот министер при донесувањето на овој закон имаше воведно излагање, дојде на оваа говорница и зборуваше неполни пет минути за овој закон, очигледно свесен за постигнатиот политички договор, кој политички договор му носеше за право да верува дека оваа работа е веќе јасна, дефинирана и дека на крај ќе заврши онака позитивно како што се надева. Меѓутоа, после обемната дискусија која се разви, министерот најде за потребно да се обрати пред македонската јавност, меѓутоа, повторно неконзистентно, никаде немаше никаков аналитички сегмент на тоа што се нуди, зошто се нуди, кои се придобивките и што од сето тоа ќе произлезе. А после ова, после неколку дена гледаме дека министерот воопшто и не одговара на прашањата, на дискусиите кои што се водат околу оваа работа. Претпоставувам дека на министерот се му е јасно, останува дека нам на опозицијата ништо не ни е јасно, меѓутоа, изгледа најнејасно му е на СДСМ кој што воопшто не видов дека има некаков став овде. Зошто да прави ова министерот тоа е лично прашање, јас можам само да погодувам.

Прво, министерот без оглед на интерпелацијата која ја поднесовме , кола зборува за други моменти, не го сметам за толку несериозен колку што несериозно се пријде кон оваа работа, односно како личност е посериозен од приодот што овде беше реализиран. Што е работата, дали треба тој да го донесе овој закон и на тој начин да заврши и со својата кариера? Затоа што г. министре сметам дека по прогласувањето на овој закон,

веќе ќе немате политички движечки моторни сили, затоа што упорно 10 години полтичкиот амбиент и кариера ја правевте на борбата за овој универзитет. Сега кога ќе заврши мислам дека и без интерпелација, во скоро време, за три до четири месеци ќе бидете сменети во оваа Влада на г. Црвенковски. Според тоа правите сам егзекуција.

Второ, како образован и културен човек мислам дека сте сватиле дека на овој начин се постигнуваат лоши перформански во образованието и меѓу албанците, меѓутоа и генерално воопшто во образованието. Меѓутоа,тоа е ваш избор, ваше право и не би можел и не сакам повеќе тоа да го коментирам.

Најсимптоматично овде е она што се случува во поглед на дискусиите. Гледаме дека овде практично немаме адекватна реакција или едноставно не постои дискусија, не постои дебата. Ова е Парламент затоа што ЛДП, СДСМ воопшто не учествуваат во дискусија. Пратеничката група на ДУИ учествува, тоа ми е разбирливо и прифатливо. Бараат аргументи да докажат зошто е тој проект добар. Меѓутоа, не гледам ниеден аргумент, барем досега изложен од пратеничките групи на овие две коалициони партии во Владата на Република Македонија. Дури и нешто повеќе, не се ни присутни затоа што не сакаат ни да слушаат за што се зборува и мислам дека она што овде беше кажано за трошењето пари, тие ги трошат сега парите на народот со отежнати раце од судбината на народот во нивни раце и полегнати по мебелот на Клубот на Собранието на Република Македонија , наместо тие пари да ги одработат овде. Толку неконзистентен став, тоа е неверојатна работа.

Оваа неконзистентност продолжува во целиот општествен сегмент и понатаму. После неколкудневни дискусии мораше да дојдеме во позиција да се јават и луѓе кои треба да дадат свој став или мислење, односно видовме дека се огласи ректорот со некои изјави кои одат во смисла ние ќе кренеме бунт ако нам ни се крати, тоа е некое силење, наместо да излезе ректорот и да каже за што се работи и како се работи, да се направат анализи за образованието. Тој и покрај тоа што е свесен за тоа што се случува, повторно завлегува во една демагогија на т.н. јалови закани и сугестии. Едноставон нема доволно сила да се спротивстави ама баш на ништо а посебно не на ова.

Пред малку зборував во овој сегмент дека на овој начин образованието спрема албанската популација сигурно ќе доживее крах. Сега ќе кажам нешто повеќе дека

образованието во Република Македонија ќе доживее страшен пад, а за тоа треба да се грижи ректорот на Скопскиот универзитет. Пред извесно време, можеби пред 10-тина дена, имавме средби со ректор од западните земји, не сакам да кажам кој. Човекот беше изненаден дека кај нас како држава функционира практично еден илегален универзитет. По неговите сознанија за што се работи и како се работи, тој смета дека воопшто не треба да се легализира, затоа што тој сомнителен квалитет на настава кој што не е дефиниран, не е акредитиран, непознат за јавноста, нетранспарентен, едноставно ќе доведе до севкупна девалвација на нивото на дипломите и на нивниот квалитет во нашата Република. И го поставува следното прашање: Дали вие мислите како земја дека ваши дипломци треба да одат во странство да земаат магистратури, докторати итн. На овој начин вратите ќе ви бидат стеснети затоа што не ќе имате доволно квалификации за да се пласирате и да барате такви работи.

Според тоа, не само за албанската популација, туку и за севкупната популација во Република Македонија, овој пад на квалитет ќе се одрази многу негативно.

И уште еднаш, кое е решението? Никој не е против тие студенти, ете, би биле измамени или незнам што. Никој не е против образованието на албанците. Меѓутоа, можеше таа програма многу конзистентно да се инкорпорира спрема Штуловиот универзитет, кој има дефинирани параметри на курикулум , на квалитет итн. На тие студенти затечени на овој илегален универзитет можеше да им се даде шанса да ностририфцираат со полагање на диференцијални испити спрема курикулумите итн. и на крајот и тие лично да се извлечат од целата криза, а тие што се способни реално да ги добијат заслужените дипломи и да бидат граѓани како што треба, оние што не учат едноставно да не добијат дипломи. Меѓутоа, се случува еден процес кој е сосема спротивен и кој не води во натамошна деструкција на образовното ткиво на Република Македонија , од кое сите ние ќе страдаме, сите, колективно ќе страдаме.

Морам да ви кажам и уште една друга работа. Овие денови ме сретна еден родител кој вели вака. Ми поставува прашање: Изгледа по се она што се случува дека државата има пари за образование, тогаш до колку се донесе овој закон, моја намера е јас да организирам и други родители кои ќе излезат да бараат да ни се врати партиципацијата, затоа што државата може да не школува сите бесплатно, затоа што јас

зедов крдит со мојата бедна плата во износ од 1.500 евра за да платам школување на моето дете. Јас ќе излезам и ќе барам да ми се вратат тие пари. Јас сметам дека тој човек има право, затоа што со негови пари на некој начин повторно ние финансираме една институција која не го заслужува тоа.

И последен сегмент на омето излагање е севкупната ситуација поради која-еден сегмент е и ова и други работи што се случуваат-гледаме дека практично се применува едно полтичко насилство, еден притисок да се реализираат работи кои не само што се погрешни, туку надвор од размислување треба да бидат.

Како пракса насилството очигледно се подрастично во поголем степен и се по фрекфентно се реализира и во ова Собрание, реализирано до таа мера да се заканува за наши територии и повторно враќање на пукање доколку не го направите ова. Таков тип на притисок г-дине претседателе, не смее да се дозволи во ова Собрание и мислам дека..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, г-дине Оровчанец овде веќе морам да интервенирам. Вие го побаравте стенограмот и во стенограмот пишуваше од г-динот Џезаир Шакири дословно следново: “ ако некој се враќа во минатото и ние можеме да се вратиме во минатото”. Ниту се спомнати оружја, ниту се спомнати ова, а ваше е право да го интерпретирате и немојте да ме повикувате вашата интерпретација јас да ја прифатам.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе, минатото овде на сите ни е јасно, ние имавме криза во 2001 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, ве молам, продолжете, вашата интерпретација не е основа мене да ме повикувате, јас да нешто..

ЃОРЃИ ОРОВЧНЕЦ:

Во ред г-ине претседателе.

Меѓутоа дека насилството продлжува, продолжува. Кога се формираше оваа Влада интенцијата беше оние кои ја тероризираа  Република Македонија  дека со нивна политичка активност по амнестијата и влегување и во Парламентот и во структурата на

власта ќе дојде до демократизација, овде гледам и тие структури демократски, веќе стануваат насилнички. Според тоа, од 15 септември не само што ја зедовме судбината во свои раце туку сме со судбината далеку од разионални решенија. Отидовме во крајна ирелевантност и ирационалност која што незнам колку влади ќе можат да ги исправат. Затоа ги замолувам , затоа што постојат практични решениај за ова решението да се донесе правилно, не со онаа бахатост со која што се излезе, нема ниеден аргумент. Јас би гласала ако ме убедите. Вие не излеговте ни да ме убедите. Ниеден аргумент да не се даде. Тоа не е нормална демократија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Оровчанец. Збор има пратеникот Орданчо Тасев, а нека се подготви госпоѓа Ганка Самоиловска Цветановска.

Повелете.

Дали се откажува г-динот Орданчо Тасев, бидејќи јас го најавив, јас кога ќе најавам, тогаш значи дека се откажувате.

Повелете госпоѓа Ганка.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Пет дена , претпоставувам дека се пет, можеби и повеќе дискутираме за овој Предлог закон на Владата. Одговори не слушнавме, но она што нај смптоматично и затоа денеска директно ќе му се обратам на министерот за образование како предлагач на овој закон кој пет дена присуствува во Собранието на Република Македонија во стилот слика има тон нема бидејќи беше запрашан со илјадници прашања зашто му беа директно упатени илјадници прашања, тој не' не удостои пратениците, не го удостои законодавниот дом во Република Македонија да ни одговори на ниту едно единствено прашање. Значи,крајно потценувачки однос не само кон пратениците од опозицијата , туку кон целокупното Собрание на Република Македонија со што се гледа дека законодавнио тдом на Република Македонија е претворен и е ставен во функција на административно тело на Владата на Република Македонија . Но затоа пак минситерот за образованеи г-

динот Положани вчера не ја пропушти приликата во Маврово на форумот зад затворени врати и во присуство на Меѓународната заедница, јас бев навистина пријатно изненадена дека министерот е елоквентен и знае да зборува, да го нападне ВМРО-ДПМНЕ да го нападне и потпретседателот и претседателот дека тоа е една крајно нероформирана, не трансформирана партија, националистички опредлена и т.н. и т.н.

Затоа, г-дине министре, јас денеска ќе ви упатам дирекно прашање и инсистирам да ми одговорите за да слушне целата македонска јавност како и вашето гласачко тело албанскито електрорат и вашите симпатизери и членови на вашата партија заради која станавте минситер во Валдата на  Република Македонија . Би сакала да ве прашам и да ми одговорите , кој е дилот, значи нема да бидат прашањата упатени од сегментот на образованието бидејки тука работите се апсолутно чисти бидејки не ни дадовте одговори во доментот на образованието, сакам да ни одговорите и да и одговорите на јавноста бидејки вие тоа го знаете, бидејки сте креатор на тие договори, кој е дилот, кој е догворот меѓу ДУИ и ректорот Фадил Сулејмани? Кој е дилот меѓу ДУИ и СДСМ? Сакам да ми одговорите каде се отидени парите од Фондот во кој уплаќале иљадници албанци за студии на нивните деца. Значи фонд формиран за подршка на парауниверзитетот во Мала Речица. Каде се парите одтидени од тој фонд? Каде се парите кои родителите ги уплаќале за нивните излажани деца? Кои се криминалните активности на Фадил Сулејмани. Дали е тоа договорт меѓу ДУИ и Фадил Сулејамани? ДУИ добива политички поени со цел да го легализира ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Ганка Самоилова, ќе имаме пратенички прашања да ги поставите тие прашања. Во врска со законот..

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Не, не , не  ова е во контекс, не ова е суштината на Предлог законот за легализација на малоречанскиот универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

А, добро, се извинувам. Се извинувам на пратеничката.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Македонската јавност има право да ги дознае овие работи, ве молам. Ова засега директно во судбината на сите македонски граѓани, ве молам да не ме замолчувате. Тоа е позадината, не е позадината пристапно високо образование за сите граѓани во Република Македонија и на албанците и на нивниот мајчин јазик. Македонската јавност има право да се запознае со позадината. Кој се криминалните активности? Одговорете и на македонската јавност и на вашите гласачи, дали со парите од Фондот се купувани акции во Тетово Табак? Дали е тоа дилот? Вие ќе ги заштитите криминалните активности на Фадил Сулејмани, ќе печалите политички поени, а СДСМ тоа ви го овозможува бидејќи очигледно г-динот Црвенковски работи на реализирање на агендата на ДУИ наспроти претседателските избори. Одговрете и на македонската јавност. Одговорете и што ќе се случи со нострификацијата на сите тие прелажани млади албански студенти кои не се студенти, кои не се ни ваму ни таму? Одговорете што ќе се случи со нивниот статус. Тоа се иљадници судбини. Цела една деценија се лажени студентите. Упропастени се млади животи.

Што ќе се случи со 8-те од 13 факултети? Пет ќе легализирате, а другите? Што ќе се случи со 8-те? Тоа и го должите не смао на нашите гласачи , на граѓаните од албанската етничка заедница, им го должите тоа на вашите гласачи да видат за когого дадоа својот глас. Кажете кој е сопственик на акциит еод Тетово Табак? Кажете дали ќе имаме три факултети во еден град? Факултетот на Југоисточна Европа, сега ќе имаме државен со 5 факултети и уште еден нелегален факултет со 8 факултети не легализирани.

Вчера ме прашавте и ме обвинивте дека сум констатирала дека ова е национално предавство, да. И , ме прашавте што е за ВМРО-ДПМНЕ нациоанлен интерес, прашање од национален интерес. Јас ви одговорив. Јас ќе ви одговорам и тука и таму. Ви одговорив. И зад затворени врати и зад отворени врати.

Прашање од национален интерес за ВМРО-ДПМНЕ е достапно квалитетно високо образование за секој млад граѓанин во  Република Македонија . Наспроти тоа , знаете ли што е национално предавство? Кога не се застапуваат националните интереси.

Благодарам, очекувамо дговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-динот Орданчо Тасев.

(Господинот Кондарко бара процедурално).

После г-динот Тасев ќе добиете процедурално.

(Г-динот Кондарко бара процедурално).

Повелете процедурално, само процедурата, ништо друго.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине пртседателе, бидејки сега г-динот Орданчо Тасев е на ред како пријавен говорник, во име на пратеничката група на СДСМ сакаме да и соопштиме на јавноста дека одсега па натаму се додека г-динот Тасев не се извини јавно во Собранието лично на госпоѓата Ана Андова за изнесените лични навреди и вулгарности во ова Собрание ќе го бојкотираме неговиот настап и ќе ја напуштиме салата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Ганка.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Пратеничката група нема потреба дополнително да ја напушта салата бидејќи таа во изминатите пет дена не е присутна во салата. Ова е само театар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Коце Трајаноски.

КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе, сметам дека процедуралната забелешка на г-динот Кондарко не држи бидејки ние како пратеничка група се извинивме на колешката Ана Андова, а воедно и кажавме и тогаш дека многу повулгарни дофрлања имаше од страна на пратениците на СДСМ и сметам дека со тоа заврши таквиот начин на работење. Сметам дека овој начин е начин да се излезе од салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И јас сметав дека завршивме, но некои очигледно тоа не го сватив.

Повелете г-дин Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Благодарам претседателе, на самиот почетокморам да кажам дека немам намера да се извинвуам на пратеничката Ана Андова, еднаш се извинивме, мислам се извини пратеничката група, меѓутоа од мое име јас нема да се извинам заради тоа што доколку се земат стенограмите ќе се види дека, напротив, навреди имаше од другата страна .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро ја апсолвиравме таа тема.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Нема да ја елаборирам пвоеќе, меќутоа работа на Кондарко и на нивната пратеничка група која што и така не е присутна во собраниската сала нивна работа е дали ќе бидат присутни или нема да бидат присутни во салата.

Меѓутоа, ние како пратеници на ВМРО-ДПМНР ние ќе ги кажеме нашите размислвуања во врска со законот, така да ич не е важно и ич не е битно дали Кондарко со неговите пратеници ќе биде тука или нема да биде тука. Тоа е негова работа.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван минситер,

Деновиве македонскиот Парламент се наоѓа пред еден исклучително сериозен тест, тест кој не само што претставува една претпоставка за макеоднската државотворност, туку и силна порка кон граѓаните на Република Македонија за начинот на кој се остваруваат зацртаните цели на нечии декадентни политички концепти.

Последниве 10 години во макеоднската јавнсот се пласираат тези дека правото на образование на албанците во Република Македонија е одземено и маргинилизирано. Конструквијата на ваквите тези несомнено е инспирирана од политички мотиви кои немаат ништо со реалното согледвуање и градето на образовниот процес во Република Македонија . Не се оправдани тврдењата дека образовниот процес кај албанската популација е дискриминиран поради барањата на едно националноста или на едно националниот образовен систем.

Ваквите тврдења всушност се извор на незадоволство и фрустрации кај албанската заедница и секако дека предизвикуваат последици во меѓуетничките релациии соживот.

Согледувајќија историската димензија на егзистенцијата на тетовскиот параунiверзитет можеме да заклучиме дека неговата суштинска образовна улога во моделирањто на перспективното образованеи во Република Македонија е маргинална сведена само на една политичка креација.

Тетовсиот параунвиерзитерт е политички инстумент со кој се служат албанските партии за себе промоција и за здобивање гласови кај албанското политичко тело. Првобитната улога на овој параунiверзитет ја имаше токму таа улога која што досега и ја оствaруваше. Неговото постоење можеше да се оправда само како една национална симболика и создавање на еден амбиент за идно политичко профитирање. Секако жртва на тоа беа младите албанци кои претпоставувам цврсто верувајки во квалитетот на тоа образование ладнокрвно беа изманипулирани и претворени во политички инструмент.Процесот на образованието, посебно на високото образованеи е сериозен, комплексен и мултидисциплинарен. Кон одвивањето на ваквите процеси мора да се пристапува професионално и сериозно, доколку тој процес служи за манипулација и за политичка улукративност, тогаш и навистина се губи неговата смисла.

Денес постои светска тенденција образованието да се добие со универзално значење и перспектива. Макеоднската држава како земја која се стреми кон членство на ЕУ мора да ги антиципира битните точки на европски стандардизираното образование и да работи во правец кон тие процеси. Влезот на Република Македонија во семејството на европските држави е во принципиелна врска со понудениот квалитет на

образованеито.Притоа заедничката европска политика на образование е база за европска интеграцијаи за европски просперитет коај мора да биде и наша егземпларна насока  конкоја ќе го создаваме едуактивниот интегритет на македонското образование, наука и култура.

Несомнено државата т.е.  Република Македонија  е должна да ги подржува, да ги унапредува и да ги развива образовните институции кои нудат програми што се перспективни, просперитетни и солидно засновани врз принципите на универзалност и космополитизам. Содржината на образованието и на образовната стратегија , за реалното промулгирањена истата прекусистемско произведување на кадри е во корелативен реципроцитет со државниот интерес. Затоа , оправданото инвестирање во оразованието впрочем преставува инвестирање во човековите ресурси како носител на потенцијалниот напреден т.е. прогресивен капацитет. Добро образовани, млади амбициозни  луѓе можат позитивно да придонесат за имплементација на постоечките европски принципи и стратегии во рамкит ена образовниот систем. Затоа и ние како држава  мора аналитичко и експлицитно да се осврнеме и да се ангажираме кон темелно образованеи на младата популација.

Како законодавен дом должни сме да ја оценимеоправданоста од донесувањето на вооj закон со кој би се  легализирал уште еден државен универзитет, а тоа е случајот со тетовскито универзитет.

Да согледаме дали навистина постоењето на ваков универизет ја оправдува подршката од државата и дали постои  државен интерес за легализација на тетовскито параuниверзитет. Притоа универзално прифатените столбови на квалитетот мора да бидат имплементирани во постоењето на секој универзитет билокаде затоа што сепак се работи за прашање кеo во доменот на високо поставени цели на секоја држава.

Тетовскиот параuниверзитет со својата структура, својот кадар и можности во никојслучај не ги исполнува услвоите кои би му овозможиле солидно функционирање. Со неговата можна легализација би се отвориле можности за хипер продукција на кадри кои нема да бидат во можност својата скромна едукација да ја прикажат попрактичната димензија на работењето. Едноставнопроцесот на легализација на тетовскито универзитет или параuниверзитет егзистира , сега, со неговата легализација како

политичка смисла т.е.како политичка битка на ДУИ кој злоупотребувајќи го вистинското значење на институцијата универзитет и академско образование во својот оригинерен статус преку политичките дилови со СДСМ се обидува на албанскиот алекторат да му прикаже накаква победа , која всушност е и пирова, лажна и опасна, која носи едноставно префикт на пораз. Тоа е пораз на уставноста, пораз на правната држава , на демократското живеење и творење и конечно порас од кој губат и албанските и македонските студенти.

За легализацијата на тетовскиот парауниверзитет се нудат аргументи. Се говори дека со неговата легализација се зајакнуваат демократските процеси , демократското општество и принципи. За жал таквите аргументи не се друго туку лажни хипотези , политички маркетинг и демагогија кои тенденциозно ја еродираат државната констукција на образованито систем. Таквите аргументи извираат всушност од презентираната реторика на албанските политичари во Република Македонија .

Ние како законодавен дом не смееме да дозоволиме ерозија на македонскиот образовен систем. Не смееме да дозволите студентите на униврзитетите “Св.Кирил и Методиј” “Св. Климент Охридски” и Универзитетот на Југоисточна Европа да бидат загрозени од постоњето на универзитет чиј програми се во корелација на она што значи квалитет и професионалност. Не смееме да дозволиме нечии политички интереси да бидат над Рамковниот договор, над Усавот и секако не над просветителството како иднина, а пред се како наука.

Ние како ВМРО-ДПМНЕ се залагаме за модерно образование како постулат, идеал кон кој се стреми. Како партија на власт ние и го докажавме тоа, го реализиравме проектот на Штуловиот универзитет со што создадовме одлични услови за школување на младите албанци. Истиот концепт беше поддржан и од Европската Унија со што се создадоа европски гаранции за функционирање и просперитет. Несомнено образовните асепекти што ги нудат програмите на Штуловиот универзитет обезбедуваат модерно и високо профилирање на студенти. Таму студентите се здобиваат со знаење кое е европски сстандардизирано и признаено. Поради тоа навистина нема никаква потреба од функционирањето на уште еден универзитет кој што е далеку и зад можностите на Штуловиот универзитет.

Необјаснива е агресивната тенденција на владеачката коалиција да ги руши стандардите на образованието. Необјаснива е нивната безобзирана намера како низ еден дволичен и недостоен начин се обидуваат да бидат над рационалноста убедувајќи ја притоа јавноста во исправноста на очигледната манипулација. Необјасниво е колку политичкото инсистирање може да има ерозивни ефекти врз правниот систем на една држава. Низ едно флагрантно непочитување на образовните кодекси и покрај сигналите на меѓународната заедница дека концептот за високото образование на албанците е решен повторно се реактивира една тема која негативно се рефлектира и кај македонската и кај албанската заедница.

Имено, имплементацијата на Рамковниот договор како основа за меѓуетничкиот соживот повторно се разјадува со проблеми кои непотребно се форсираат.

Последиците од можното легализирање на тетовкиот парауниверзитет може навистина да предизвикаат дисконтинуитет на започнатиот процес на меѓуетничкиот соживот, толеранција и демократизација.

Имено, со можната легализација би се испратила порака до субверзивните клетки на македонското општество претставени во ликот на определени екстерни идеи. Тетовскиот парауниверзитет е своевиден модус на реализација на радикалните тенденции во Република Македонија.

Се поставува и прашањето колку Република Македонија е подготвена да финансираа уште еден универзитет без да другите универзитети го губат својот квалитет. Во земја како Реублика Македонија каде што владее сиромаштија, невработеност, општествена апатија и економска криза постоењето на уште еден универзитет несомнено ќе ја деструктуира финансиската положба на останатите универзитети кои секако ќе го загубат и својот квалитет, професионалност и модернизација. Тогаш најмногу ќе изгубат студентите, а со нив и Република Македонија. Затоа е потребно да се пристапи кон овој проблем, мошне аналитично со дополнителни консултации, анализи и планирања.

Како Парламент мораме да застанеме против сите опасности што можат да ги загрозат нашите национални интереси посебно образованието како витален двигател на македонската држава и народ и да спречиме било каква дискредитација на македонските

образовни институции. Образованието е нашата иднина, а студентите претставуваат столб на интегративните процеси во Република Македонија.

Доколку застанеме против легализацијата на тетовскиот универзитет застануваме едноставно во одбрана на Република Македонија, на македонскиот народ, на иднината на нашите деца и конечно застануваме на браникот на нивното заслужен квлитетно образование.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално бара збор господинот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Од името на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам пауза од 1 час за да би можеле да се одмориме, а воедно и заради некои консултации.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, денеска не баравте пауза, имате пауза од 1 час.

(Пауза од 18,05 часот.)

(По пауза)

(Седницата продолжи со работа во 19,05 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Сакам процедурално да реагирам во продолжение на паузата и да побарам од вас како претседател на Собранието ако може да кажеме некој реален временски рок до кој можеме вечерва да работиме независно дали ќе завршат дискусиите или не. Значи јас предлагам од 21,00 до 22,00 часот вечерва да се прекине оваа седница и да продолжи во еден од наредните денови, бидејќи позицијата очигледно покажува една невидена желба за донесување на овој закон. Ние ги кажуваме нашите контра аргументи и ќе продолжиме понатаму. Се оди на издржливост на опозицијата, меѓутоа сакам да потсетам дека ние ќе бидеме упорни со нашите дискусии. Ако треба и уште една ноќ, до утре изутрина ќе

работиме се со цел да се обидеме да ги убедиме пратениците од позицијата дека немаат аргументи за донесување на овој закон и да и кажеме на македонската јавност дека со донесувањето на овој закон се прави еден невиден престап во Република Македонија.

Затоа претседателе на крај би ве замолил и од аспект на тоа што пратениците од внатрешноста на Република Македонија, со оглед на тоа што е зимно време кога ќе се враќаат во своите домови има снег и голомразици и можно е да настанат одредени проблеми на патот. Значи уште еднаш апелирам седницата да ја прекинеме во 21,00 или во 22,00 часот вечерва.

Сметам на вашата конструктивност при ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски, јас ќе проценам кога треба да се прекине тоа право ми го дава деловникот.

Има збор господинот Чедомир Краљевски, а нека се подготви пратеникот Илија Китаноски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам претседателе и воедно почитуван министре, колеги пратеници овде што сте присутни.

Образованието  е еден од главните столбови во општеството и затоа како свера треба да му се посветува секогаш и во секоја прилика исклучително внимание, енергија и континуитет во следењето на проблемите и решавањето на отворените прашања. Квалитетното образование е претпоставка и нужен предуслов или што би се рекло кондициус сине кванон. За економскиот раст и развој на секоја земја затоа што од него произлегуваат едуцирани кадри кои во иднина ќе бидат носители не само на економскиот туку и на политичкиот, културниот, спортскиот и воопшто севкупниот општествен живот. Затоа и проблематиката на образовниот процес бара совршена опсервација и навремена реакција, како и аналитички изведена акција.

Од ова произлегува дека незамисливи се предложените ад хок решенија или решенија од ракав истресени, да ми извинете на изразот во образовната сфера или во сферата како што предмалку ја опишав колку е важна за развојот на општеството и на

државата. Особено ако тие решенија се резултат на дневно политички интереси, политички пазари и задкулисни игри помеѓу коалиционите партнери во актуелната влада.

Ако го земеме предвид фактот дека сите овие продирања во образовниот процес се прават во исклучително осетлива област на високото образование треба да бидеме свесни дека негативните ефекти од избрзаното легализирање и неиздржаното официјализирање на дивиот универзитет во Тетово својата понатамошна сила ќе ја манифестираат во подоцнежниот период и тоа со разорно дејство.

Да тргнеме со ред.

Факт е дека легализацијата на малоречанскиот или тетовскиот парауниверзитет е политичка одлука. Тоа и официјално го призна и потпретседателот на актуелната влада госпоѓа Шеќеринска пред целата македонска јавност. Значи отворено се признава дека се меша политиката таму каде што не и е место, во образованието. Ако политичките игри се воведат во овој секот кој по правило и дефиниција треба да е необременет од секакви дивови, а најмалку од политички тогаш се разбира постапката е неправилна. Тоа е минус на целиот проект и тоа минус кој од старт го обележува и осудува овој проект на неуспех.

Нормално е дека треба да изнесам и конкретна против аргументација која оди во прило на одбрана на мојот став. Аргументи на моја страна има премногу и ако треба да ги набројам сите ќе ми требаат неколку часа претпоставувам а ако почнам и секој поединечно да го образложувам ќе ми требаат можеби и денови. Но, јас нема да бидам во случајот опширен во мојата експликација и во интерес на правилата на парламнтаризмото и парламнтарната дебата ќе се задржам само на неколку од нив, или поточно на два.

Првиот е моето остро осудување и несогласување со воведување на принципот на остварување на политички цели по пат на примена на насилни средства.

Вториот е финансискиот момент во целата оваа ситуација, поточно драстичното намалување на средствата за функционирање на веќе постсојните универзитети и општо средствата од и онака рестриктивниот буџет за сметка на политичкиот дил за легализација на малоречанскиот или тетовскиот парауниверзитет.

Да легализираш нешто што само пред 7 години си го окарактезирал како мртво новороденче, вонинстуционална творба, слепо црево, тесно грло и тн, е исто како

нешто да плукнеш па потоа да го излижеш. Овој пат таа плуканица има далекусежни последици по севкупниот живот во Република Македонија вклучително и врз постигнатата донекаде стабилност на меѓуетничките односи во Република Македонија. И покрај постоењето на дополнителн аргументи јас најпрво би се задржал на една тема која има и може да има и понатаму рефлекси врз целокупното општествено живеење, врз функционирањето на политичкиот живот и врз севкупните односи на секое едно ниво помеѓу било кој општествени сегменти. Зборувам за воведувањето на принципот на остварување на политички цели со примена на насилни средства.

Значи на граѓаните на оваа држава им се става до знаење дека отсега па натаму наместо силата на аргументот ќе се почитува аргументот на силата. Така нашите граѓани за било која одлука, прашање, ситуација која ги тангира нивните интереси ќе се обидат да ја земат правдината во свои раце и со употреба на секакви методи и средства ќе се трудат да го остварат нивниот интеес.Тогаш нема да може да им се лутиме затоа што веќе еднаш сме го направиле преседанот и тоа неминовно не води кон отворање на вителот на злото. Влегување во магепсаниот круг од кој се излегува само кон дното и никако на површината или кон врвот.

Да го илустрирам тоа со пример. Имаме  ситуација некаде 1994 година група на наводни интелектуалци, можеби и вистински, меѓутоа со сето тоа што го предизвикаа понааму тешко може да им се даде таков епитет, заведуваат група на млади албанци и формираат некакво тело кое го нарекуваат универзитет, а кое за волја на вистината не ги исполнува критериумите ни за основно училиште. Тогаш е направена првата грешка. Некој заведува и доведува во заблуда дел од нашата млада популација и отворено ја повикува да се стави наспроти Уставот и законите на Република Македонија да се стави настрана од правниот систем и фунционира како пара тело.

Тогашната влада на чело со тогашниот премиер, господинот Црвенковски остро реагира на ваквите постапки. Најпрво го оквалификува тој парауниверзитет како мртвороденче, тоа лично го изговара господинот Црвенковски, потоа како приватна журка на некои типови, тоа го тврди господинот Фрчковски и тн., следат изјави од тој тип од многу релевантни фактори кои беа во тогашната власт во Република Македонија.

Следува слика број 2. 1995 година Црвенковски решава со сила да ја сузбие девијацијата на младите, како што тој ја нарекува приватната забава на Фадил Сулејмани. Реакцијата е конретна и со примена на сила на државниот апарат. Се испраќа полиција која го тепа народот, убива еден цивил и се враќа со порака дека работата е завршена, универзитетот не постои. Тогашната влада ликува и е во триумфален занес. Сепак гледаме дека парауниверзитетот продолжил да постои.

Јас ќе се навратам повторно на преседанот. Повикувам било кој претставник на Владата да ми оговори што ќе се случи во следната ситуација, една хипотетичка ситуација која може да стане многу реална во догледно време можеби.

На пример група на млади луѓе, да речеме од Гевгелија на кои им дошло преку глава од плаќањето огромни трошоци за студиите во Скопје, на кои им се здосадило да спијат во студентски соби како од филмовите на Емил Костурица се решава да прави униерзитет. Наоѓаат пет професори кои ги поддржуваат во нивните барања и едноставно земаат оружје и влегуваат на пример во просториите на индустрискиот комбинат Црвени Брегови и држат настава. Излегува некој командант, пандан на командантот Цаци и говори дека ова е универзитет и крв ќе падне ако некој го тврди спротивното. Што ќе направи тогаш владата. Ако се води по принципот на аналогија ќе треба да го признае. Ако се води по нејзиниот познат принцип на селективност и принципот на политичко договарање ќе испрати специјални сили кои ќе го воспостават владеењето на правото, затоа што сепак Гевгелија не е Тетово. Тоа е првата работа што ја изнесувам како против аргумент за легализацијата на тетовскиот параунверзитет.

Да одам на втората, финансиите. Многу значаен збор за сите граѓани на Република Македонија, па и за сите граѓани во светот. Парите го движат светот, немањето пари е директен пат кон сиромаштија и директен пат како нашиот народ би рекол жива болест. Од значењето на финансиите произлегува и осетливост на јавноста кога се тие во прашање особено во ситуација во каква се наоѓаат граѓаните на Македонија, во услови на низок животен стандард, низок степен на задоволување на животните потреби или просто речено на дело во секојдневието имаме сиромаштија.

Во проектот за легализација на малоречанскиот параунверзитет е предвидена стапка на околу два милиона евра за почетот на работа на истиот.

Напоменувам за почеток, конкретно, за платите на професорите и останатиот наставен кадар. Ако го земеме за пример и споредба фактот дека на секој универзитет во светот вклучувајќи ги и нашите, платите земаат учество од околу 10-15% од вкупната маса на трошоци, тогаш, би рекол, и осреден математичар ќе пресмета дека за функционирање на Малоречанскиот или тетовскиот парауниверзитет, се потребни околу 15-20 милиони евра. Се поставува прашањето од каде тие пари, кој ќе ги плаќа тие даноци. Дали на тој начин ќе се намалат средствата за функционирање на веќе постоечките универзитети. Дали на тој начин ќе се намали и онака катастрофалниот студентски стандард. Многу прашања, ниеден одговор.

Се поставува и прашањето зошто во материјалите што ги добивме за претстојната седница кога ќе расправаме за буџетот на Република Македонија не се предвидени ставките за финансирање на овој проект. Министерот ни даде одговор дека, ако беа предвидени тогаш ставките во буџетот за финансирање на проектот, ние ќе сме излегле со забелешка дека сеуште детето не родено, а капата му е скроена, дека универзитетот не е озаконет, не е донесен законот, а ние сме предвиделе средства. Значи и таа проекција, најверојатно, пошто не е подложна на дискусија односно не може да биде предмет на расправа пред овој законодавен дом, може да биде и неточна. И, најверојатно е неточна, затоа што од споредбите што ги правиме за функционирањето на веќе постојниот Универзитет на Југоисточна Европа, споредбите со постојниот универзитет “Свети Кирил и Методиј” и оној во Битола, се доаѓа до заклучок дека средствата предвидени од 2 милиони евра не се доволни да ја исполнат ставката трошоци на универзитетот ни со една, би рекол, една петтина.

Дами и господа, особено вие, кое сега не сте моментално присутни од парламентарното мнозинство имајте доблест, разбудете ја вашата свест, совест и не смеете да дозволите со ставањето на тетовскиот парауниверзитетот под државна капа со финансирање од државни средства на приватните журки да дозволите да се намалат средствата за изведување на наставниот процес на децата на оние луѓе кои не ве гласале и од кои потекнува, се извинувам, кои ве гласале и од кои потекнува вашиот мандат и легитимитет да носите и вакви одлуки. Треба да бидете свесни ако го осакатите екстремно слабиот фонд за финансирање на универзитетите, тогаш вие и никој друг ќе

бидете одговорни за намалениот квалитет на настава, за малиот процент на пренесување на знаења, за некомпатибилноста на нашите студенти со своите врсници од странство, за неадаптирањето со европските и светските текови во образованието.

Не би должел многу, одлуката во секој случај останува на вас. Вие треба да размислите дали сакате да имате европска и модерна младина произлезен од квалитетен образовен процес или гетоизирана студентска популација, со бројни антагонизми меѓу овој и оној, оној и онаа, вие и тие, тие и ние и така се до бескрај. Пред да го стиснете копчето за гласање размислете добро, повторувам добро.

Би се навратил за момент до обврската од Рамковниот договор. И, повторно не можам на друг начин да размислувам, освен на единствено правилниот начин, а тој е следниот. Обврска од Рамковниот договор е договор да се постигне со оваа Влада или со некоја друга влада да се прошири квотата на студирање на македонските студенти од албанската етничка заедница на постојниот веќе формиран, веќе докажан, веќе еволуиран Универзитет на Југоисточна Европа, кој е единствената високо образовна институција каде што целосно можат да се задоволат потребите за високо образование на студентите албанци, со највисоки стандарди, со најквалитетен, едукативен наставнички кадар и кој универзитет и низ самото име ја покажува симболиката на интеграција на Република Македонија во европските и евроатланските структури преку создавање на кадри, на завршени студенти, магистранти, докторанти, кои ќе бидат мост помеѓу оваа држава, која претендира и понатаму да остане унитарна држава, држава на македонскиот народ и на сите етнички заедници што живеат во оваа држава и која ќе обезбеди оптимални услови преку пренасочување на, би рекол, рационален начин средства од буџетските извори на Република Македонија во зголемувањето на обемот на наставата во Универзитетот на Југоисточна Европа и преку зголемување на квалитетот на образовниот процес во тој универзитет.

Почитувани дами и господа пратеници,

Би сакал да ја прокоментирам за момент “визионерската политика” во образованието на коалиционата Влада, предводена од СДС. Пред еден месец имав прилика да разберам од еден настап на ректорот на универзитетот Свети “Кирил и Методиј” дека експертите од Европската унија ни предочиле дека ако сакаме да бидеме

подготвени за влез во унијата во периодот до пристапување во членство, треба да едуцираме најмалку илјада експерти високо образовани кадри од сите области на она што се вика европски студии. Во согласност со тоа тим на професори од Универзитетот Свети “Кирил и Методиј” со помош на експертите од Европската унија изработија проект за формирање на нов високо квалитетен факултет за европски студии во Скопје. Проектниот тим ги обезбеди преку донации најголемиот дел од финансиските средства потребни за започнување со работа на овој нов факултет. Било поставено барање до Владата, таа да обезбеди само простории и дел од режиските трошоци за функционирање на факултетот. Одговорот од вице премиерката задолжена за евроинтеграции бил дека тоа се премногу средства за оваа штедлива Влада и дека повеќе се исплатело да се пуштат наши студенти на постдипломски студии во странство. Според “визионерскиот план” на Владата оваа година заминаа 5 студенти на постдипломски студии на евроинтеграции во странство, а идната година ќе заминат дури 20 студенти. Ако според Европската унија, потребни ни се минимум илјада такви кадри, значи дека оваа Влада, со ова темпо планира Република Македонија да ги обезбеди тие кадри и следствено да бидеме поканети за членство во Унијата за најмалку 50 години во 2053 година. Повторувам дека се користам со податоците, кои ги произнесе ректорот на универзитетот Свети “Кирил и Методиј” господинот Александар Анчевски на Собранието на форумот за евроатланска интеграција на Република Македонија, одржан пред еден месец во Скопје. Во исто време, во времето на држењето на тој форум, командантот Баци со своите трупи окупира повеќе објекти во Тетово, со цел да се префрли така наречениот тетовски универзитет во нови полуксузни простории и да се изгради студенски дом, каде што ќе се самопрогласи за директор. Владата на г. Црвенковски со широко срце, не само што ја прифаќа, туку и ја поддржува окупацијата на Баци, со итен предлог дивиот факултет на Баци и на Сулејмани да го институционализира. Но, не застануваме тука. Штедливиот премиер од џебовите на македонските граѓани ќе одземе три милиони евра годишно за финансиски да го помогне Баци и неговите вооружени другари во нивната окупација на имотот на истите тие граѓани, наместо, ајде да кажеме, истите тие пари, истите тие три милиони, како и секој рационален човек да ги вложи во нешто што е многу сигурно, што веќе постои, што веќе дава и ќе дава и понатаму резултати, а тоа е,

повторно ќе кажам, Факултетот на Југоисточна Европа или Вандер Штуловиот универзитет во Тетово. Значи, освен тоа што Владата не сака да финансира европско образование по сите стандарди, да отвори факултет за европски студии, поддржан од Европската унија, кој единствено може да ни обезбеди влез во истата унија, што според најновите анкети е желба на над 90% од македонските граѓани и е воедно цел, која е цел на сите политички структури, политичка цел на сите политички структури во Македонија, со консензус, би рекол, донесена. За Владата реномираниот универзитет на Југоисточна Европа поддржан од ОБСЕ и целата меѓународна заедница, каде се добива призната диплома, не ги задоволува потребите на албанците за високо образование на мајчин јазик. Секако, Владата има пари за финансирање на дивиот приватен жур на Баци и Сулејмани. Принципот на владеењето на апсурдот што го практицира оваа Влада на овој начин е заокружен.

Почитувани колеги, колешката Ганка, а и претходно и другите колеги од мојата пратеничка група поставија можеби десетици и десетици прашања до почитуваниот министер, меѓутоа, ние сеуште не добивме одговор на ниту едно од прашањата. Од таа причина, јас во мојата понатамошна дискусија ќе поставам прашања и ќе се обидам да се дадам сам одговор на поставените прашања.

Првото мое прашање е што ќе стане со студентите кои веќе достигнале трета, четврта година или веќе имаат завршено на факултетот, конкретно на медицинскиот факултет на дивиот тетовски универзитет, сеуште нелегализиран и на факултет за фармацеутски студии на истиот тој универзитет. Имено, знаеме дека постоечкиот нелегализиран универзитет, тетовски или Малоречански, како сакате постојат 12 факултети. Во проектот за легализација на овој тетовски универзитет постојат само 5 факултети, што ќе стане со разликата или со студентите кои не можат да ги продолжат, не можат да фатат континуитет во студирањето во легализираниот, еве за извесно време ќе бидеме сведоци и на таа работа, бидејќи парламентарното мнозинство желно го очекува тој момент и желно очекува ние да прекинеме со нашиве дискусии, за да дојде тој чин на легализација и признавање што побргу, меѓутоа, дали ќе се решат проблемите и што ќе стане со овие студенти. За поткрепа на ова мое прашање и одговор после што ќе го дадам, ќе ја спомнам конференцијата или симпозиумот на македонските лекари од

албанската етничка заедница, одржана на 24 и 25 октомври 2003 година во Тетово, на кој симпозиум бил и г. министер Азис Положани или неговиот колега министерот за здравство на Република Македонија, г. Селмани. Таму, бидејќи и министерот Азис Положани е лекар по професија, па можеби бил и таму присутен. Но, сега ми дава сигнали дека не бил присутен, меѓутоа, моите информации се дека бил присутен таму. На тој симпозиум, претседателот на тоа Лекарско здружение, на лекарите албанци на Македонија, доктор Агим Рамадани констатирал односно е донесен заклучок дека нема признавање, нема легализација на тетовскиот универзитет, без во него да егзистира, да се легализира медицински и фармацевстки факултет, затоа што аргументацијата нивна била дека имаме студенти, кои веќе ислушале трета и четврта година на медицински факултет имаме и завршени дипломци, дипломирани фармацеути на тој универзитет односно факултет. И, сега, што ни нуди Владата со овој концепт, би рекол, недоречен концепт, концепт кој е заснован на политички договор, кој не произлегува од објективните потреби за високо образование и кој нема да го реши постојниот, ако веќе така го нарекуваме проблем. Јас не велам дека е проблем, мислам дека тој проблем е апсолвиран и веќе решен на адекватен начин, на современ начин, што ќе правиме со тие студенти. Се разбира дека проблемот останува отворен. Значи, ќе следи и втор чин и трет чин и понатаму, се до конечно, би рекол, апсолвирање на проблемот. Јас го дадов одговорот што е решение на проблемот. Решение на проблемот е во согласност со веќе донесениот и постојан Закон за високо образование и со формирањето и веќе потврдениот Универзитет на Југоисточна Европа, да се прифатат овие студенти да ги полагаат тие диференцијални испити, евентуално, ако е така предвидено во Законот за високо образование и да продолжат да ги завршат студиите на најрационален начин и на најдобар можен начин на овој постоечки универзитет и на тој начин да придонесат во квантумот на зголемувањето на бројот, би рекол, на интелектуалците што ќе живеат и што ќе работат во Република Македонија и кои ќе придонесат за нејзин сеопшт просперитет и побрза интеграција во европските и во евроатланските структури.

Меѓутоа, очигледно на овој начин тој проблем останува отворен и ние сега немаме визија, Владата не нуди никаква визија и проект што ќе стане со тие студенти, што очигледно ќе претставува понатаму проблем.

Како резултат на таквото ненудење на целосно и комплетно решение, ние ќе дојдеме во ситуација од еден постоен и современ, од еден нелегален, неадекватен, несовремен, неквалитетен тетовски или малоречански - кога велам постоечкиот мислам на универзитетот на Југоисточна Европа, да добиеме уште еден универзитет, тоа е сега легализираниот - еве за извесно време и легализиран ќе биде тетовски универзитет. Значи, од еден би рекол А категорија, од еден во минусно салдо категорија и трет универзитет кој ниту ќе ги реши, ниту ќе ги елиминира постојните проблеми на високо образование на албанците, туку напротив, ќе продуцира нови проблеми, нови недоразбирања и нови проекти на некоја, можеби оваа или наредна влада, се заради еден политички инает и се заради еден политички дел кој не е заснован на објективните потреби за високо образование на албанците во Република Македонија.

Ние овде имавме, би рекол за мене, за прв пат во историјата можеби во меѓуетничките односи во Република Македонија, една јасна поделеност кај албанските интелектуалци, кај албанските партии, кај албанските пратеници, јасно изразен став дека во прашање не се националните интереси на албанците, во прашање е квалитетот на високо образование на припадниците на студентите на албанската етничка заедница и тоа е најважното во моментот. Само можам да им честитам на пратениците од ДПА на прекрасната експликација на професорот на Факултетот на Југоисточна Европа господинот Замир Дика за вистинските можности, за вистинските потреби и за вистинското апсолвирање на проблемите што го тиштат високото образование на албанците и за единственото можно решение, а тоа е предвидените средства што и така и така ќе ги издвои Република Македонија од Буџетот, барем ад го заокружат процесот на високото образование и еднаш за секогаш да го затворат проблемот и тоа образование да се пренасочи, односно тие средства да се пенасочат со единственото целесообразно решение, а тоа е Штуловиот универзитет или универзитетот на Југоисточна Европа.

И уште еднаш би сакал да апелирам до сите пратеници, посебно до пратениците на парламентарното мнозинство, макар за момент да имаат доблест и да делуваат и на своите колеги од опозицијата, да ги прифатат аргументите што ние веќе петти ден ги кажуваме, бидејќи во нашата пратеничка група, ни повеќе ни помалку, но има пет универзитетски наставници на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје. Сите

тие пезт универзитетски наставници овие денови излегуваа и би рекол дека тие се најповикани, иако и професијата на господинот министер не е од образовната струка, тој е лекар по професија, да ги прифатат забелешките на нашите пет универзитетски наставници, бидејќи и нивните аргументи дека овде не се работи за политички инает од страна на опозицијата, па еве ние не сакаме да се легализира тетовскиот универзитет. Ние сакаме еднаш за секогаш да се затвори прашањето и проблемот на високото образование на припадниците на албанската етничка заедница. А единствено оптимално рационално решение е во постојниот универзитет  на Југоисточна Европа. Ако не ви се доволни тие аргументи на нашиве пет еминентни пет наставници, тогаш прифатете ги аргументите на универзитетските наставници на пратеничките групи на позицијата. Пред некој ден овде имавме прилика да го слушнеме мојот сограѓанин пратеникот Иван Анастасовски, кој е универзитетски наставник на Факултетот за физичка култура, но се извинувам незнам кој предмет предава, меѓутоа, истиот рече дека овде како пратеник не ја застапува професијата и не се залага за ставовите што му ги налага неговата професија, туку тој е тука во својство на претставник на граѓаните. Од мојот почитуван колега Спиро Мавровски муј беше поставено прашање дали одржал некои трибини во врска со неговиот став што овде го изнесува, дали тие граѓани што му дале мандат да седи во овие пратенички клупи му рекле дека треба да гласа за легализација на тетовскиот универзитет, или тој сакаше така на еден скриен начин да ја избегне својата совест, професионална определба, бидејќи таа му наложува ако ништо друго да размислува рационално, целесообразно и како е најдобро за едукација на студентите, а тоа е да не се легализира овој тетовски универзитет, туку да се зголемаст квотите на студирање на постојните универзитети, вклучувајќи ги и двата, Битолскиот и Скопскиоит, и Штуловиот универзитет во Тетово.

Јас повеќе не би сакал да должам. Ве повикувам, ве повикуваа и моите колеги од пратеничката група на доблест, разум, на рационално размислување, на затворање на овие проблеми еднаш за секогаш би рекол, иако нема ништо константно, вечно и фатално, да ги земете предвид  овие аргументи што ви ги кажуваме и најблаго речено да го повлечете проектот, законот за легализација на тетовскиот универзитет, да му дадете “шанса на мирот”, така се употребува таа кованица, шанса на разумот, шанса

да се доработи нешто, да се испреговара во меѓувреме, да се формира тој совет на мудреци на старци, на универзитетски професори од разни универзитети, да донесат најцелесообрано решение кое засекогаш ќе го запечати овој проблем, ќе го стави веќе како дел од историјата на неслагањето меѓу, ајде да кажам интелектуалците внатре од албанската етничка заедница меѓуниверзитет интелектуалците од македонскиот народ и другите етнички заедници што егзистираат во Република Македонија на најцелесообразен и најдобар начин за тие што треба да се образуваат, а тоа се младите припадници на албанската етничка заедница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Краљевски.

Повелете господине Китаноски, а нека се подготви и пратеникот Стојан Андов.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги, господине министре,

Како пратеник во Собранието на Република Македонија навистина сум загрижен поради крајно непопуларниот начин за донесување и расправа по овој предлог закон. Имено, се се сведува на веќе однапред изрежирано и однапред договорено сценарио на владеачката гарнитура, па се прашувам која е целта на нашите расправи и дали некој воопшто ги следи. Очигледно пратеницит од позицијата не ги следат, барем не од оваа сала. Меѓутоа, јавноста, граѓаните на Република Македонија и те како се заинтересирани и верувајте се животно заинтересирани дали овој предлог закон ќе помине или не.

Ние од опозицијата сме свесни дека секој предлог кој ќе го дадеме, без разлика колку да е конструктивен и издржан, нема да биде изгласан само и само поради фактот што партиите на власта однапред се имаат испазарено околу овој предлог закон, и нормално го имаат парламентарното мнозинство во Собранието.

Како пратеник избран од страна на народот, веќе имам остварено повеќе контакти со гласачите од мојата изборна единица, со кои разговарав за нивните мислења

околу самиот предлог закон и ќе се обидам дел од нивните мислења да презентирам во текот на оваа моја дискусија. Само се прашувам дали пратениците од власта го направиле истото, посебно пратениците од СДСМ и ЛДП, затоа што во нивните изборни програми стои нешто друго, а никако не е спомнато легализирање на малоречанскиот парауниверзитет, а уште помалку дека истиот ќе биде ставен под државна капа, што значи дека нивните гласачи повторно се излажани и изманипулирани.

Граѓаните на Република Македонија добро знаат кога и како започна работата на овој малоречански парауниверзитет, каков беше ставот на тогашниот а воедно и сегашниот премиер за ова прашање, со какви капацитети располага оваа параинституција и каков е квалитетот на образованието кое тамошните студенти можат да го добијат. На граѓаните исто така им е јасно дека малоречанскиот парауниверзитет не се легализира зашто има потреба од такво нешто, туку станува збор за политички договор на партиите на власт за додворување на гласачите од електоратот од албанската националност. Очигледно власта е испрашена од најавите од албанскиот електорат дека нема да излезат на претседателските избори наредната година, доколку во вториот круг немаат кандидат од албанската националност, па со овој непотребен луксуз владеачките партии сакаат да го придобијат овој електорат на своја страна.

Основната теза со која се сака да се протурка овој закон по секоја цена е дека со легализација на малоречанскиот парауниверзитет трајно ќе се реши прашањето на високото образование на граѓаните од албанска националност. Да ве потсетам дека на постојните државни универзитети студентите од албанска националност се запишуваат да студираат во таканаречени национални квоти, со таканаречена позитивна дискриминација. Исто така, студентите од албанска националност, покрај квотите кои ги имаат на веќе постојните државни универзитети, исто така имаат можност да студираат на својот мајчин јазик на Катедрата за албански јазик на Филолошкиот факултет во Скопје и на Педагошката академија. Врв на правата на албанската етничка заедница за високо образование на мајчин јазик е секако Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово таканаречен Штулов универзитет, кој беше отворен за трајно решавање на високото образование на албанците, како што стои и во Статутот на тој универзитет. Само тоа значи дека тезата легализација на малоречанскиот универзитет како трајно решение за

високото образование на албанците веќе не држи, бидејќи истото веќе е квалитетно решено.

Проблемот со малоречанскиот универзитет, односно со студентите кои студирале или студираат во него веќе е решен со самото тоа што им е овозможено на сите тие кои студирале на тој парауниверзитет, а располагаат со квалитет, своето образование да го продолжат на Штуловиот универзитет и таму да го докажат своето знаење. Затоа, сметам дека Република Македонија своите ресурси треба да ги вложува кон подобрување на квалитетот на постојнит високо образовни институции, а не да инвестира во нешто за што ниту знаеме, ниту пак некој излезе да ни објасни што добиваме.

Почитувани колеги, во овој предлог закон кој е повеќе збунувачки отколку објаснувачки, никаде не стои што ќе се случи со квотите за националностите на постојните државни универзитети, дали тие ќе бидат укинати или не, ако се усвои овој закон. Потоа, каква ќе биде уписната политика на новиот државен универзитет, доколку овој предлог биде изгласан и многу други навидум ситни, но многу значајни прашања кои не се опфатени со овој предлог на закон и кои ќе останат енигма за нас пратениците.

Втората теза со која се брани овој предлог на закон е дека истиот произлегува од Охридскиот рамковен договор. Теза која и претходните дискутанти докажаа дека не држи, бидејќи во Охридскиот рамковен договор никаде не стои таква обврска или нешто слично. Затоа, веројатно поради немањето аргументи, пратениците од владеачките партии во петокот и саботата наутро настојуваа што побрзо да се донесе овој предлог закон, да го одиграат добро изрежираното гласање во време кога граѓаните на Република Македонија спијат, а целата фама околу овој предлог закон да спласне, за да сето ново внимание на јавноста се насочи кон новиот пакет закони за локална самоуправа, посебно кон законот за територијална поделба.

Почитувани пратеници, на Република Македонија не и е потребен уште еден луксуз од типот на приватни журки кои се ставаат под државна капа. Постојните високо школски институции нудат квалитетно образование за сите граѓани. Република Македонија треба да вложува во постојните високообразовни установи, а со тоа образованието да добие на квалитет. Наместо инвестирање во ветер и магла, да се

инвестира во компјутеризација на постојните универзитети, со што ќе се избегнат меѓудругото и катастрофалните гужви пред студентски прашања, да се инвестира во современи технички помагала, со што ќе се подобри квалитетот на високото образование. На местото на прокиснатите бараки и згради, да се инвестира во изградба на нов студентски дом, со што ќе се надминат проблемите за сместување и слични инвестиции кои ќе го подобрат квалитетот на образованието и студентскиот стандард.

Според сите до сега искажани мислења на пратениците, сметам дека оваа проблематика не е доволно разгледана од страна на Владата на Република Македонија и дека не се земени предвид реалните барања и очекувања на граѓаните, па затоа овој предлог закон да се повлече од дневен ред и да се врати на доработка, како и законот за територијална поделба, со кој на градовите Кичево и Струга вештачки им се придодаваат рурални општини со доминантно албанско население, како што се Зајас, Осломеј..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Законот за територијална поделба сеуште не е на дневен ред господине Китаноски и ве молам немојте да прејудицирате, што ќе испадне од расправата незнаеме.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Во контекст на темата е претседателе, ќе завршам.

На градовите Кичево и Струга вештачки им се придодаваат рурални општини со доминанто албанско население како што се Зајас, Осломеј, Велешта и други, кои по ниеден друг објективен критериум не припаѓаат кон овие два града и кои комплетно ја менуваат нивната етничка структура. На овој начин албанската етничка заедница ќе доминира со над 50% учество во вкупното население во овие два града.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, по втор пат ве опоменувам, третиот пат ќе ви го одземам зборот. Држете се на темата ве молам.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Сметам дека со донесувањето на овој закон, како и со законот за територијална поделба, навистина Република Македонија влегува во една фаза каде што и онака разнишаните меѓуетнички односи можат да ескалираат до несакни последици, бидејќи во јавноста, посебно во Западна Македонија кај македонското население владее вознемиреност, владее неверување, владее еден страв од неизвесната иднина со донесувањето на овие два закони, кои што практично се врзани со секојдневното нивно живеење, посебно со тоа што Кичево и Струга како градови кои што со стотици години station наназад имале доминантно етничко македонско население, на овој начин, на еден вештачки начин, со ниту еден објективен критериум, ќе станат градови со доминанто албанско население, а праксата и искуството од другите градови во Западна Македонија им дава за право на граѓаните да навистина стравуваат за иднината, за својата иднина и за иднината на своите деца во огништата во кои што и нивните предци живееле и кои што ги оставаат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рамадани, процедурално.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Не само да ја прекршам монотонијата, туку и почувствував лична своја употреба, немојте да ме разберете погрешно. Оваа процедурална интервенција ја правам и како пратеник, одговорен пратеник.

Во прв ред сакам да ме подржам пратениците кои веќе четврт мандат се тука, господинот Петковски и господинот Андов. Јас многу добро го разбирам она што вие го кажавте. Неколку дена веќе ден и ноќ вие пратеници на македонската опозиција и сосема сум свесен дека ако опозицијата можеби и така би требало да делувате, со самиот факт дека треба да создадете едно мислење, мнение, кое е за најголем дел од вашиот електорат е позитивно.

Меѓутоа како пратеник кој е познат за неограничена комуникација со претставници на политички партии и етнички заедници,некој од нив ми велат дека и покрај се на оваа

работа треба да и се стави крај. И, мојата процедурална интервенција е во насока да се прекинат дискусиите со самиот факт што има некои правила во парламентарната демократија кои сме ги научиле и со нашево искуство и со читање. Во овој случај независно од тоа колку сме ние задоволни со предлогот за овој закон за основање на тетовскиот универзитет, независно дека ние сме ги дале нашите забелешки, дури и јас како припадник на позицијата, а и вие треба да разбереме една работа дека и покрај се одговорноста треба да им ја оставиме на оние кои во овој парламент се коалиција и се мнозинство и тие сигурно дека ја сносат и сопствената одговорност.

Со оглед на фактот дека ја имаат таа одговорност, има мнозинство на гласови, ние треба во најмала рака да почитуваме еден бонтон  на однесување на тоа ниво што електоратот на која било партија, да не го донесеме тој електорат да го донесеме до таа мера да им бидеме досадни и ним да им биде досадно од нас.

Затоа, би ви сугерирал вака да ја разберете и оваа моја интервенција и дефинитивно да пристапиме кон гласање и така да им ја оставиме одговорноста на парламентарното мнозинство. Дали тие добро деллувале или не ќе го докаже времето заедно со одговорноста која ќе ја имаат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Рамадани тоа не зависи од мене, овде има пријавено за дискусија, тоа зависи од самите пратеници.

Следниот дискутант е г-динот Стојан Андов, а нека се подготви пратеникот Србиновски Илија.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван г-дине претседателе, почитуван г-дин министре, почитувани колеги пратеници,

Ние овде со денови расправаме по еден предлог закон, се изредија сите аргументи кои ако бреше прашањето и ако беа споровите во сферата на образованието досега повеќе пати ќе најдевме решение. Ќе најдевме некое приближување и ќе најдевме некој излез од оваа ситуација.

Наспроти тоа по повод овој закон ни се случуваат работи кои не се случиле во Собранието. Досега во овие 13 години ние не сме имале расправа до 7,30 часот наутро, ние сме имале ноќни расправи со паузи каде на паузите сме ги разгледувале прашањата и сме настојувале да се усогласиме. И, ако застанеме длабоко во ноќта сме ја завршувале седницата со резултат со донесување на акти. Прв пат вака ни се случува во 7,30 часот наутро да завршиме и да речеме после првиот работен ден пак да почнеме од почеток.

Тоа очигледно произлегува од некој специфичен случај што го имаме сега пред нас. Тој случај прво, покажува дека  ниеден од аргументите што се однесуваат на образовниот процес, на потребата за образование на албанците на нивни јазик, албански јазик, не е оспоруван, ниту од едната ниту од другата страна. Ниту од страна на Владата ниту од страна на опозицијата. Не е поречена желбата да се помогне во организацијата и овозможувањето на поголем број студенти од албанската етничка заедница да студираат на својот мајчин јазик. Меѓутоа, едната страна упорно укажува дека разумот налага и цел свет така работи тоа да се постигне преку инвестиции во постоечките институции и во користењето на нивните капацитети, во зголемувањето на нивните капацитети. Значи, пред се, во унвиерзитетот на Југоисточна Европа во Тетово и во двата универзитета кои постојат во Скопје и Битола.

Во цел свет така би пристапиле но овде кај нас упорно се турка нешто друго. Да се остави настрана универзитетот на југоисточна Европа, да се остават настрана двата универзитети во Скопје и во Битола и да се прави нов

универзитет во Тетово. Тука сега е нејасно, нејасно е зошто универзитетот на југоисточна Европа кој е основан врз основа на закон кој е донесен летото 2000-та година во кој инвестираа нашите пријатели САД, Европската Унија и други Европски земји, универзитет кој имаше три свои цели да отвори можност на широко студирање на студенти од албанска националност кај нас на својот мајчин јазик, да студираат по стандарди на образовниот процес кој е вообичаен во поразвиените Европски земји и да студираат заедно со неалбанци на тој универзитет за да не се гради комплетен ѕид меѓу младите, туку напротив интеграцијата меѓу младите да се негува.

Зошто сега одеднаш тој универзитет е апсолутно неинтересен за законодавецот, неинтересен е и универзитетот во Скопје и универзитетот во Битола и се оди на оснивање на нов универзитет.

Бидејќи нема објаснување со докази од образовен карактер, со докази кои тврдат дека ние овде расправаме за развој на образованието, постигнување на повисок степен на образование на младите овој пат албански студенти излегува дека се работи за друг проблем, за проблем од политичка природа, политички договор. Кога ги прашуваме претставниците на Владата дали е овој проект во Рамковниот договор, постои ли ова во Рамковниот договор, тие отворено тврдат дека не постои овој проект во Рамковниот договор, но наишле на проблем, политички проблем и Владата треба да го реши и прави друг договор за решавање како таа го гледа. Меѓутоа, во документацијата што ја приложува ниту има доказ дека се решавало образовното прашање, ниту пак кој друг проблем е решен со овој проект.

Тука се поставуваат две крупни прашања: прво, ако се погреши со овој потег, а на пат сме да погрешиме и затоа јас не би брзал така лесно да го ослободиме мнозинството од доказите кои ги изнесуваме и тоа се повеќе и се поупорно. Можеби ќе се разбудат малку и ќе поразмислат сериозно околу тоа. Ако погрешиме во образовниот процес ќе имаме назадување на образовниот процес, нема да се оствари и да напредува оној стандард кој е во Универзитетот во Југоисточна Европа, ќе се намалат можностите да напредува стандардот и на овие два универзитета, а таа замена што ќе дојде таму нема да биде адекватна за мене. Тоа со години ќе има свои крупни консеквенции во образовниот процес. Тоа не смееме да си го дозволиме. Тоа е првиот проблем.

Вториот проблем е смееме ли не и кој смее во Македонија да оди во сферата на чувствителните меѓуетнички проблеми кои ги имаме и во таа сфера на градење доверба меѓу различните етникуми во Македонија да оди надвор од Рамковнит договор. За да оди надвор од Рамковниот договор треба добро да застане и да каже во Собранието зошто оди надвор од Рамковниот договор, кои проблеми наишол што не можат да бида решени во рамките на Рамковниот договор, во тие рамки кои се дадени таму и зошто токму ова решение го договара.

Јас сега ги разбирам зошто молчат пратениците од СДСМ па и од ДУИ, зошто молчи и министерот. Кога ние имаме работа со политички договор кој е презентиран овде како закон тоа не се луѓе кои учествувале во тој договор и кои имаат право, имаат можност да прават такви политички договори. Тој договор е правен од премиерот Бранко Црвенковски и со својот коалиционен партнер со г-динот Ахмети. Но, зар личи, така да не остави овде да не дојде да објасни што тоа го раководело тој да го направи овој договор дополнително, паралелно со Рамковниот договор и да се мачиме со денови, место да дојде овде да каже, луѓе, јас како премиер согледав таков и таков проблем, надвор од Рамковниот договор, овие и овие работи предлагам да бидат на овој или на оној начин решени и мислам дека така треба. Ако нема храброст тоа да го направи и да дојде овде тоа да го каже и да не ослободи нас од оваа мака што сами си ја даваме и се вртиме во круг,  тогаш барем требало да примени една друга метода во подготвувањето на овој предлог, да ги викне претставниците на другите потписници, всушност сега се оди надвор од Рамковниот договор по едно многу важно прашање, а креатор е само еден од потписниците на Рамковнот договор.

Имал кога Бранко Црвенковски да ги повика и Груевски како сегашен претставник на потписниците и г-динот Беџети како претставник на еден од потписниците и г-динот Џафери како еден од потписниците да побара согалсност да им ги изнесе аргументите. Инаку, се фрла вака едно кукавичко јајце овде кај пратениците, ниеден немал можност да го избере патот низ согледувањето, ни одмерувањето на решенијата,ниту пак согледувањето на проблемот и овде треба ние да седиме со денови и ноќи да се надмудруваме и нас да ни биде чудно зошто тоа што го кажуваме а што е евидентно и сите знаат нема, ова не е претежно и не е пред се образовно прашање, туку нас ни се поттура политички договор, политичко прашање, затоа што не е најдобриот начин на решавање , не е единствен начин на решавање на образовното прашање со кое се соочуваме и има поарни патишта како да се решат образовните проблеми и има и предлози овде.

Заради тоа, мислам оти остануваат овде две можности. Или Владата привремено да ја побара прекид на расправата по оваа точка сега, и да организира контакти со потписниците на Рамковнот договор и да разјасни зошто така дошло до овој предлог и

зошто е потребен овој предлог. Ако го поддржат потписниците нормално тогаш ќе сметаме дека еден проблем не е добро согледан во тоа кратко време кога се расправале таму во Охрид, не виделе како треба и што друго ќе се најде, и тогаш да се реши. Да видиме како ќе го решат. Може нема да биде баш истиот предлог, може ќе се поправи нешто во предлогот. Или пак ако тоа мисли некој оти нема многу време, нека дојде г-динот Црвенковски овде и нека објасни зошто токму овој пат го избрал. Инаку, јас не гледам резон во тоа да некои што имаат аргументи силни аргументи врзани за суштината на образовниот процес да се откажат едноставно да се фатат на кондиција вие изборетесе колку сакате ама ќе се уморите и ние ќе си го донесеме законот. Така не се работи во демократски услови,така не се работи во државата каде треба да ги решаваме нашите проблеми. Не да ги концентрираме уште и згуснуваме. Видете да се разбереме. Ако ова појде вака без објаснување, без рационално објаснување, тоа значи оти г-динот Црвенковски си зема за право како претседател на Владата и по други прашања да може да оди надвор од Рамковниот договор. За таа работа мислам оти тогаш ние Рамковниот договор ќе го маргинализираме, ќе се прави селекција што од Рамковниот договор ќе се спроведува а што пак ќе изволи г-динот Црвенковски преку неговите рамки да оди и нови работи да внесува овде. Или пак, ќе има министри кои ќе имаат право да истуркаат проекти преку Рамковниот договор, како што е сега господин Положани ако е успешен министер, а пак ќе има други министри кои тоа нема да успеват заради тоа што ете послабо стојат и г-динот Црвенковски. Според тоа мојот предлог е да се прекине расправата и да се организираат консултации Владата да ги организира со потписниците на Рамковнот договор да го расправи ова прашање и ако тоа не сака, нека дојде г-динот Црвенковски да објасни ќе го ислушаме внимателно, можда има аргументи човекот па да видиме ако е така, тогаш се надевам дека ќе престанеме со постојаното јавување на збор. Инаку зошто да престанат луѓето, се разбира ќе си ги повторуваат и 10 пати и 100 пати аргументите, никој не им ги поречува. Никој не сака да одговори на тоа.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Збор има г-динот Илија Србиновски. Повелете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодрам, почитувана потпретседателке,  почитувани пратеници, почитувани пратеници, почитуван министре,

Може би по трет пат се јавувам за дискусија да кажам дека овој предлог закон е неиздржан, неоснован, а и непотребен од следните причини. Г-динот Андов убаво укажа се, меѓутоа, јас сега ќе се потрудам да дадам едно образложение, зошто не треба да биде овој закон неоснован и неиздржан затоа што е и непотребен е, од следните причини: образованието во РМ, преставува сфера во која што се одвиваат значајн процеси, на едукација и воспитание на младите. Оваа сфера ја карактеризира изклучителна чувствителност за тоа што квалитетното образование од нашата млада популација е наша обврска како држава и ние мораме цврсто да застанеме за градење позиции во која низ еден позитивен амбиент, низ една суштинска и едукативна дебата ќе ја темелиме иднината на нашата земја. Како др жава должни сме самите пред себе а и пред светскиот тек на образовни процеси да креираме категоризација и квалификација на образование кое ќе преставува и предуслов за нашиот влез во Европската Унија. И светските интегративни процеси. Образованието,е уставно загарантирано, начело и секако доследното придржување кон принципите на осовременување на образованието ќе биде и нашарефлексија за културолошките, научните и државно правните модификации на образовниот систем. Многу примери на Европски земји укажуваат дека инвестицијата во образованието е најисплатлива инвестиција. Тоа ни го имаат сугерирано и  многу земји со слична историска генеза. Многу препораки и искуства на ЕУ, укажуваат на тенденциозно форсирање на образовниот сегмент како државотворен сегмент кој создава тло за општествен економски и социополитички прогрес.

Примерот со Ирска кој денес прерасна во просперитетна и развиена држава е доволен доказ за тоа. Нивното оправдано инвестирање во образованието е основа на целокупните државни процеси. Економскиот подем на Репбулика Ирска, се должи на нивното адекватно инвестирање во образованието, инвестирањето во младата генерација мора да биде наша кауза како динамика, конципирана според меѓународното прифатените стандарди. Но, се разбира инвестицијата пред се мора да биде оправдана и реципрочна инвестиција која нужно возвраќа со оправдан образовен потенцијал и динамика. Каков образовен систем ние ќе изградиме останува нашата амбиција свест и

потреба да продолжиме по патот на Евро позицијата и современите законодавства. Критериумите за создавање европско образование се строги и темелни. Тие мораат доследно да се почитуваат и структуираат. Пристапот и методологијата кон имплементирање на истите во македонското законодавство мора максимално аналитично да се втемелат и обзнанат.

Потребата од легализацијата на тетовскиот парауниверзитет го става под знак прашање процесот на модернизација и европеизација на македонското образование.

Историската паралела на ваквиот универзитет не ја оправдува неговата легализација. Имено со какви методи беше изведен ваквиот парауниверзитет. Преку милитантна акција на насилство и деструктивност. Ние не можеме да прифатиме милитаристичка концепција за оформување образовни институции. Каков карактер ќе добие македонското образование во квалитет и потенцијал не можеме да потклекнеме пред жртвувањето на македонската демократија, правна држава. Не можеме да создаваме решенија кои само ќе бидат налик на некаква демократска мотивација, а истовремено ќе произведуваат реперкусии кои удираат на принципите на македонската држава. Ние како Собрание сме должни да создадеме заштита од можните негативни влијанија на политиката. Да ги заштитиме младите генерации од конфлоиктни состојби, насочување кон безизлесни ситуации. Секое минимизирање на улогата на квалитетниот студентски кадар е опасност која крие можност за девалвација на нашата репрезентативност во глобалните системски кодески на едукација.

Јас на можната легализација на тетовскиот парауниверзитет не препознавам демократизација, туку  препознавам отворање ново политичко поентирање на ДУИ. Зарем образованието ќе биде метод за нови политички профитирања. Зарем функцијата на образовните институции ќе се сведат на политички маркетинг. Тоа ли е почитување на европските стандарди. Тоа е само опасност за пројавување  незадоволста кај младата популација која би се здобила со чувство на дискриминираност и девалвација на нивното знаење и труд. Мора внимателно да го сфатиме значењето на македонското образование. Тоа не е сфера која егзистира во политичките програми на партиите само за собирање на гласови од избирачите. Прашањето е сериозно и кон него треба да се почитува и респект и нужно внимание. Навистина, ние треба да ги идентификуваме

проблемите во македонското образование, но да се измислуваат проблеми кои се надвор од закните на логиката значи и самите себе си и македонските студенти да ги ставиме во позиција на политички инструмент.

Во Рамковниот договор не е предвидена легализација на тетовскиот универзитет. Како држава мораме да останеме доследни на доследната прагмантираност на Охридскиот договор. Секое отстапување од тој договор отвара простор за идни отстапувања кои секако доколку не се уставно карактеризирани ќе бидат генератор на нови политички тензии и кризи. Мораме да останеме доследни на принципот, уставноста како основа на државно правниот идентитет на Република Македонија. Суштината на Рамковниот договор е во неговата интегративност. Пацифистичката димензија и сплотувањето на националните интереси легализацијата на тетовскиот парауниверзитет неминовно води кон дезинтеграција и гетоизација на младата албанска популација. Потребно е студентите да имаат меѓусебна соработка и комуникација, а не сегрегација од образовно социолошкиот дискус во Републиката. Не претставува ли тоа  можност да се формираат пунктови на национална декаденција и екстремизам посебно по повикот кон албанците за елементите на политичката филозофија на овој парауниверзитет. Тоа не е смислата и идејата на Рамковниот договор. Со него еклативно се нарушуваат точките на охридскиот процес.

Отстапувањето од Рамковниот договор не се ништо друго туку знак и порака дека основата на уставно правниот интегритет се декомпонира со сомнителни мотиви. Се поставува прашањето дали навистина Рамковниот договор се почитува или се моделира спрема политичките потреби на ДУИ и СДСМ. Секако дека избегнувањето од принципите на Рамковниот договор може да предизвика само негативни импликации посебно по ова прашање кое е чувствително и злоупотребено за политичко поентирање. Ако веќе се повикуаме во вистинската функција и смисла на Рамковниот договор, тогаш секое отстапување од неговата содржина преточена во уставна рамка претставува во намала рака грубо кршење на уставните принципи и насоки. Изјавите на еминентни професори кои беа вклучени во процесот на креирање на Рамковниот договор дека не е коректно да се злоупотребуваат рамковно регулираните прашања се само поткрепа на неоправданоста за правна формулација на ваквите квази решенија. Секое политичко

обликување на образованието за свои потреби ја загрозува и онака кревката сфера на интерперсонални односи меѓу припадниците на заедниците. Затоа можното легализирање на тетовскиот парауниверзите несомнено ќе создаде простор за некои идни политички манипулации и интерпретации на Рамковниот договор. Секоја манипулација води кон идни политички кризи што можат да прераснат во лоша практика на владеачката коалиција.

Во името на некакво визионерство за демократски процеси, Владата на Бранко Црвенковски инсистира на апсурдноста, на нелогичноста, на агресивните самоволија за презентирање на супстандарди. Политичките пазареа на ТУИ и СДСМ оправдуваат со некаква нужност за демократизација која е лажна и вулгарна. Која е апсурд самата за себе. Со нивната методика на политичко визионерство Република Македонија се здобива со имиџ на земја каде што образованието е регулирано со милитантно исфорсирани образовни законски решенија.

Политичките аспекти на легализацијата на малоречанскиот парауниверзитет се во директна корелација со економските реперкусии на неговата егзистентност. Имено, да ги истакнеме финансиските компоненти од можното државно финансирање на овој парауниверзитет.

Како го гледам пред себе ова законско решение. Веднаш ми се наметнува мислата за потреба од уште еден тред државен универзитет во Македонија и модусот со кој се предвидува неговото финансирање, или наједноставно речено од каде би можеле да се изведат финансиски средства за уште еден универзитет.

Тргнувајќи од општо познатите стандарди кои се применуваат на постојните два универзитети во Македонија веднаш се наметнува прашањето дали принципите на самофинансирање и принципот на квоти за заедниците ќе бидат застапени во ова законско решение а со тоа и на овој трет во фаза легализирање универзитет па со тоа еднаш за секогаш да се регулираат овие спорни решенија. Со тоа и да се изедначат рокоите зашто веќе 10 години албанците се привелегирани на нашите универзитети, се запишуваат во државни квоти кои се финансираат директно од државниот буџет. Никаде не се споменува во овој предлог закон за основање на државниот универзитет која ќе биде судбината токму на тие квоти и дали сите тие кои досега се употребуваат за тие

квоти ќе се расподелат подеднакво помеѓу сите постоечки државни универзитети или ќе одат директно за финансирањето на тетовскиот универзитет. Од друга страна се поставува прашањето за постоењето на ваквите квоти на самиот тетовски универзитет, бидејќи кога ќе биде директно финансиран од државата дали ќе му се наметне воведување на вакви квоти за заедниците со што би се обезбедила рамноправна застапеност на етничките групи пред се на македонците како што е тоа случај со Универзитетот Кирил и Методиј.

Со ова се зачнува едно многу посуштинско прашање за кое што многу малку се зборува, а тоа е постоење на процес на мини Охридски договор кој овој пат би се применувал во обратен правец. Неговата заштита би се одвивала на мнозинскиот македонски народ кој во овие општини е во малцинско присуство.

Прашањето за квотите е директно поврзано со принципот за самофинансирање, партиципација, кој беше воведен токму поради буџетската дупка во образованието кој ги предизвика донесувањето на овие квоти.

Посебно треба да се разгледа формата на самофинансирање која денеска е задолжителна за сите студенти на двата државни универзитети, а на овој трет во фаза на легализирање универзитет вакво самофинансирање воопшто не е предвидено со тоа што трошоците за образование на тие студенти директно паѓа на товар на даночните обврзници. Кон ова кога ќе се додадат и средствата кои што се побаруваат од буџетот за опремување на овој универзитет се добива една огромна цифра која веднаш го наметнуа прашањето за оправданоста на тие средства. Поточно квалитетот кој што ќе го добие државата од ваквото финансирање или поточно кажано кадарот би излегол од оваа институција и неговата употребна вредност на целата територија на Република Македонија.

Кога сме кај финансиската целисходност на постоење на ваквиот универзитет би требало да се спомне и фактот за оправданоста постоење на два универзитети на раздалеченост од само 2 км при што доаѓа до непотребно инфраструктурно и кадровско дуплирање, што претставува уште една финансиска ирационалност.

Кога би се направил сублимат на правно-економската оправданост на овој параунинверзитет се поставува прашањето дали параметрите на нормалното

универзитетско функционирање го оправдуваат тоа. Секако дека не. Со легализација на ваквиот параунивeрзитет Република Македонија ќе биде земја каде што и покрај конкретната лоша економска состојба се креираат решенија што директно ги опструираат позициите на државнотворноста, правната држава, економската благосостојба и динамичен прогрес. Тоа секако ќе има последици и по европската иднина на македонската држава.

Почитувани пратеници,

Ви се обраќам по трет пат а вие господа претставници на СДСМ за да ги оставите амбициите и апетитите за можни интереси и фотељи сите да внимавате како ќе гласате по ова прашање и по вакви слични. Сочувајте ја државата, историјата и народот ќе не осуди. На народот веќе му е јасно сега. Пробудете го барем за момент чувството на патриотизам и националното во себе. Немојте да дозволите да си ја изгубите државата. Кој сака нека биде и како сака нека се договори партиски ова е крајно време кога треба сите да се освестиме зашто доколку не биде така, ние кога ни било најтешко сме ја сочувале државата, а сега кога ја имаме враце да ја губиме, да ја изгубиме пополека нема да дозволиме.

Јас како пратеник од ВМРО-ДПМНЕ јасно кажувам дека и сега и сите вакви грешни чекори ќе гласам против, но сакам и господата македонци претставници на други партии да гласаат поединечно. Секој да види кој како ќе гласа и да видат кој со своите два прсти ќе прави чекори за да ја предадат својата држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници од опозицијата, почитувана македонска јавност,

Се надевам дека сите ги опфатив бидејќи тука не гледам ниту еден претставник на позицијата. Веќе неколку дена дебатираме во Собранието околу донесувањето на законот за легализација на таканаречениот тетовски универзитет. Во петокот спрема

саботата граѓаните на Република Македонија имаа можност да следат целовечерна програма каде дискутирајќи и спротивставувајќи ги своите аргументи за и против легализацијата на оваа своевремено сатанизирана институција од истите тие кои денес со сите сили се обидуваат од истата оваа говорница да не убедат сите нас и целата македонска јваност во оправданоста на легализацијата и ставањето под државна каса на таканареченото мртво роденче или приватната журка од Тетово. Дали господинот премиер Бранко Црвенковски за кој што имам информација дека во моментот се наоѓа на концерт на Тоше Проевски чувствува минимум грижа на своите кога  на своите пратеници во Парламентот им сугерира  да ја поддржат легализацијата на парауниверзитетот во Тетово. На денот на промовирањето на оваа параинституција на власт беше СДСМ и премиер повторно беше господинот Бранко Црвенковски. Во интервенцијата на македонската полиција во обид да се спречи промоцијата на оваа таканаречена високообразован институција беше убиен човек, еден од приврзаниците, демонстранти на таа промоција. Дали премиерот денес со комплетно изменето мислење по однос на легализацијата на овој парауниверзитет ќе ја прогласи интервенцијата на македонската полиција за фабричка грешка а невино убиениот граѓанин за колатерална штета. Дали премиерот ќе оди кај најблиските на овој несреќно настрадан човек и ќе им се извини, ќе им изрази сочувство или можеби ќе им предложи некој од факултетите или институтите на оваа  параобразовна институција да го носи неговото име.

Срамно е господа пратенци после толку кратко време да ни се случуваат вакви бизарни ситуации кои тешко ќе можеме да им ги објасниме на генерациите кои доаѓаат после нас.

Дали Република Македонија е толку финансиски моќна држава да може да финансира три универзитети а за кратко време и четири универзитети и од онака финансиски исцрпениот буџет.

Дали на граѓаните на Република Македонија ќе им биде натоварена уште некоја давачка за да можат командантите на УЧК и анонимните професори испилени од истиот тој таканаречен универзитет да ја продолжат журката меѓутоа сега на товар на сите граѓани на Република Македонија. Може ли тоа финансиски да го издржи материјално исцедениот граѓанин.

Албанците во Република Македонија бараат високо образование на мајчин јазик. Тоа прашање до таа мера се исполитизира што неколку години station наназад, неколку состави на Парламентот изгубија многу време и енергија да го расчистат тоа прашање. Се најде решение за кое помогнаа и медијаторите од Европската унија, односно господинот Ван Дер Штул и албанците покрај Педагошката академија и квотите на двата државни универзитети добија уште еден универзитет на кој тие можат високто образование да го стекнуваат на мајчин јазик.

Дали со притисокот на легализација за овој параунивeрзитет не се вршат задкулисни подготовки за промовирање на државотворноста на албанците во Република Македонија, а со тоа и федерализација и поделба на државата. Всушност, тоа и јавно го слушнавме во една од репликите на еден пратеник албанец упатено до господинот Никола Груевски во која тој му вели дека тие ќе биле господари на нивниот дел. Тезата дека со Рамковниот договор е договорено албанците во Република Македонија да добијат универзитет на мајчин јазик кој ќе го финансира државата се неточни и тенденциозни. Ваквата теза е и противуставна бидејќи во Уставот на сите заедници им се гарантира основно и средно образование на мајчин јазик онаму каде што тие се мнозинство, а високо образование може да се изведува на јазикот на една етничка заедница само во приватни високообразовни институции. Државни високообразовни институции имаат право и сите да се школуваат на својот мајчин јазик, меѓутоа неможе тоа да биде поставено на еднонационална основа, неможе да биде основан универзитет кој што припаѓа само на една етничка заедница.

Граѓаните на Република Македонија се надеваа дека со ставањето во функција на Штуловиот универзитет ќе исчезне идејата за таканаречен универзитет во Тетово. Меѓутоа со доаѓањето на власт на коалицијата СДСМ ДУИ парауниверзитетот во Тетово стана политички профитабилен инструмент на ДУИ кој во име на таканаречените природни права на албанците да учат на својот мајчин јазик во сите степени на образование каде и да живеат бара надвор од уставниот поредок на Република Македонија парауниверзитетот во Тетово да биде прогласен за државн. Со тоа тие ќе добијат само уште еден белег во борбата за легализација на вековните стремежи на Призренската лига за поделба на Македонија и создавање на голема Албанија.

Со ваквата практика максимално се политизира образованието и се остава можност и другите етнички заедници во догледно време да бараат остварување на слични права во образованието, основање на еднојазични универзитети на само една етничка заедница. Можете да замислите Тетово кој е град со 60 илјади жители ќе биде единствениот град во светот кој ќе има два албански универзитети, а студентите ќе ги нема во доволен број во државата, најверојатно ќе се увезуваат од странство, од Албанија и од Косово.

Сите знаеме дека во Тирана има еден универзитет. Истиот случај е и во Приштина, иако и во Албанија и во Косово има за 10 пати повеќе албанско население отколку Македонија.

Дали со легализацијата на параунверзитетот во Тетово, ќе завршат барањата на албанците за остварување на нивните загрозени права или уште неколку парламентарни состави ќе се занимаваат нивната наводно обесправеност или конечно ќе почнат да расправаат и за економија и развој.

Почитувани пратеници, посебен проблем ќе биде легализацијата на диплимите на веќе дипломираните студенти и официјализацијата на веќе стекнатите научни титули на дел од тие дипломирани студенти. По која програма студирале тие студенти, кој ја ревидирал таа програма. Дали е извршена соодветна акредитација на луѓето кои ги едуцирале таквите кадри. За која држава се школувале овие студенти и на кои работни места ќе го покажуваат во практика своето знаење. Дали новопромовираните магистри, доктори на науки утре ќе им конкурираат на некоја катедра и на стручните наставници, кои своите високообразовни титули ги имаат стекнато на легалните универзитети во државата, во легална процедура и по легална и стручно ревидирана програма.

Се прашувам, дали еден од идните наставници на овој т.н. универзитет ќе биде и командатот Баци или некој исто така заслужен како него во борбата  за насилната легализација на параунверзитетот, при што е крајно криминално извршено и узурпација на туѓ имот, за да се удоми оваа параинституција.

Почитувани дами и г-да, сите многу добро знаеме со какво внимание и посветеност треба да ги разгледуваме прашањата кои се разгледуваат на еден доста значаен сегмент од општеството како што е младата  популација. Особено, ако разгледуваме прашања

кои се поврзани со нивната примерна активност и задача, како што е образованието во суштина. На оваа тема треба да и пријдеме максимално сериозно, со голема доза на аналитичност и проценка на позитивните и негативните последици од конечното решение. Темата е позната, дури имам впечаток дека цела Македонија деновиве живее , следејќи ја истата, по некогаш и до раните утрински часови. Тоа внимание на граѓаните дополнително не обврзува сите нас да бидеме трезвени и свесни за своите дискусии и како финална резултанта гласот кога ќе го дадеме, со кој ќе се запишеме во историјата на ова или она светло. Имаме комплетно промашување и заобиколување на нормалните меѓународни и општо прифатени стандарди за универзитетска еваулација. Имаме девалвирање на јавноста и нејзиното исклучување од јавната дебата за законот , која е уставно и законски загарантирана. Да ве потсетам , во членот 9 од Законот на органите за државна управа се стипулира  дека органите на државна управа , како што впрочем е и Министерството за образование, се должни, повторува, се должни да им предочуваат на заинтересираните субјекти и да ги ставаат на јавна расправа сите законски предлози, кои се како во изработка, така и готови решенија. Имаме илјадници студенти кои со денови мрзнеа токму пред ова исто Собрание, протестирајќи дека со легализацијата на Малоречанскиот универзитет ќе се уништи нивниот кревок стандард, а никој не ги слушна или не сакаше да ги слушне.

Немаме информации каков кадар ќе држи предавање на тој парауниверзитет, од кој образовен профил со идните евентуални професори, на која институција го добиле своето образование и кој ќе ја оценува нивната работа. Сите добро знаеме дека овој парауниверзитет, кој треба денеска вие да го озаконите и да го официјализирате, беше воспоставен од чисто политички причини. Како наводен аргумент  за дискриминирањето со кое Македонската држава го вршела врз нејзините граѓани од албанско-етничко потекло.

Сите добро знаеме дека таа вештачка творба беше воспоставена по пат на примена на сила, надвор од правниот систем на државата, надвор од цивилизациските форми кои треба да се почитуваат. Денес на сите тие девијации им даваме правна сила.

Дами и г-да, не треба да ја занемарувате и заборавате причинско последичната врска помеѓу настаните. Не треба да заборавате на принципот на спирала на настаните и

повторување на истите. Не треба да останете глуви на нашите тврдења дека еднаш легализиран не универзитет, туку принцип на постигнување на цели со сила, ќе стане општо правило во секојдневниот живот. Што би значело ова? Тетовскиот параунивeрзитет беше воспоставен со сила, работеше во илегала и на крај , еве, имаме предлог за негова легализација. Но, ние не го легализираме целиот универзитет. Ние легализираме само пет високообразовни институции односно факултети од истиот тој факултет. Логично си го поставувам прашањето, што е со останатите факултети кои нема да бидат легализирани. Дали тие ќе се укинат. Дали тие ќе престанат да постојат. Јас знам дека ни факултетите ќе се укинат, ниту ќе се затворат, ниту пак ќе бидат ставени во мирување. Тие ќе останат да функционираат во илегала, чркајќи подобро време, а македонската јавност треба да знае дека тоа подобро време не е ништо друго, туку чекање да се дојде до нова напната ситуација во коалиционите редови на актуелната власт и тогаш тие непризнаени факултети, да бидат фрлени на масата како влог од страна на Ахмети, кој Црвенковски после многу наводни натегања ќе ги прифати со констатација, тоа е добро за Македонија. Ова би го поткрепил со одговор кој го даде министерот Бучковски на нашето пратеничко прашање, што со илегалниот медицински факултет, кој функционира во рамките на Тетовскиот медицински центар. Се сеќавате каков беше одговорот. Јас ќе ве потсетам сите вас и македонската јавност. Тоа е класична приватна журка. Е, па, дами и г-да, видовме како завршуваат приватните журки. Завршуваат со општа еуфорија на една страна и чувство на понижување на друга страна и секако со државни пари во нивните буџети. Значи, со легализирањето на Малоречанскиот параунивeрзитет, Македонија ќе стане најбогата земја со универзитети по глава на жител, а Тетово убедливо најуниверзитетски град не само во Европа и светот, туку и во вселената и во сончевиот систем. Тогаш, Македонија ќе ги има Скопскиот, Битолскиот и Штуловиот универзитет. Мала Речица легална и Мала Речица нелегална. Тетово на 60 илјади жители и на неколку километри квадратни ќе има три универзитети. А, источна Македонија на илјадници километри квадратни ќе нема ниту еден. Каков апсурд. Па, тие граѓани од Источна Македонија не се ли и тие граѓани на оваа земја. Дали тие граѓани плаќаат даонци. Кој е овде дискриминиран? Ве прашува вас пратеници од парламентарното мнозинство, особено вие кои сте дел , кои сте дојдени од тој дел на

Македонија. Сигурно дека немате одговор. Јас би сакал и јас би немал да сум на ваше место растргнат помеѓу партиската директива и гласот на народот, за кој знаете каков е. Да не се разбереме погрешно. ВМРО-ДПМНЕ не е против високото образование на граѓаните на Македонија од албанско етничко потекло. За потсетување, ВМРО-ДПМНЕ го воспостави Штуловиот универзитет , една институција која е највисоко оцената од сите релевантни меѓународни институции. Институција која интегрира а не сепарира, која не гетоизира, како што тоа го прави овој Малоречански параунивердитет. ВМРО-ДПМНЕ е енергично против политичките дилови во образованието, против нарушените постапки, начини и критериуми за основање на универзитет против неквалитетот и очигледната деструкција на општеството, која ќе се воспостави ако се официјализира овој Малоречански универзитет. Пратеници од парламентарното мнозинство, особено вие од СДСМ и од ЛДП , знам дека и самите сте убедени дека неоправданоста на легализацијата на параунивезитетот, знам дека и потајно и длабоко во себе знаете што е исправно. Не се ставајте во позиција на партиски извршители и обични копчиња за гласасње, клласична гласачка машинерија. Пред да гласате замислете се и не гласајте механички, туку како луѓе со срце и разум.

Почитувани дами и г-да, за прв пат треба да бидете тоа што навистина треба да бидете, а тоа е да бидете народни пратеници, а не обични партиски марионети. Застапувајте го интересот на народот и интересот на оние кои го дадоа гласот за вас, а не интересот на некои ваш член кој сака да се кандидира за претседател или било каков друг внатре партиски интерес. Нели ви е срам што сте дел од оваа екипа што сака да го легализира параунивезитетот, што сака да легализира 12 илјади дипломи издадени на истиот тој параунивезитет и што сака да отпочне процес на уништување на високото образование на Република Македонија . Им ја укинавте социјалната помош на илјадници семејства кои едвај го поминуваат месецот, кои немаат да им купат на своите деца доволно зимска облека и да ги израдуваат со новогодишни подароци, затоа што нема доволно пари во буџетот, на Малоречанскиот универзитет имате пари да го финансирате.

Ги избркавте од работа оние кои ја бранеа државата за време на конфликтот и уште многу други административци, чесни работници, затоа што биле товар на Буџетот, а финансирањето на Малоречанскиот универзитет нема да биде товар на Буџетот. Ак оваа

Влада сака да го подобри високото образование на етничките заедници во Македонија, зошто не му даде една финансиска инекција на Штуловиот универзитет, за да се подобрат условите за студирање. Зошто не им даде финансиска инекција на Скопскиот, на Битолскиот универзитет. Во Штуловиот универзитет студираат многу албанци, но освен албанци на тој универзитет се образуваат и сите други етнички заедници. Ним и дипломите им се признати надвор од државата.

Претходната Влада на многу ефикасен начин го реши прашањето на високото образование на албанците и немаше никаква потреба за повторно отворање на ова прашање. Штуловиот универзитет не претставува никакво оптоварување на буџетот, има квалитетна настава, убава градба, технолошки е многу добро опремена. Зошто е потребно сега на неколку километри од него да постои друг универзитет кој ќе биде огромен товар врз буџетот на Република Македонија , каде што се одвива настава во куќи, во подруми и на тој начин се стекнуваат дипломи, кои сега ќе треба да бидат признати како диплома за завршено високо образование на државен универзитет на Република Македонија.

Кога би го споредил Штуловиот универзитет со парауниверзитетот во Мала Речица, исто како да ги споредувам Хардвард со неој универзитет од Заир или Зимбабвре. Сега, таа диплома добиена во Мала Речица, треба да има иста вредност со дипломата добиена на правен или економски факултет на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” . Па, не ли ви е жал за оние студенти, кои учат по цели денови за да положат еден испит или за оние кои поминуваат неколку години по студентските домови, за да ја заслужат таа диплома, чии што родители трошат огромни средства за да го финансираа студирањето на нивните деца во друг град. Знаете ли колку од нив не успеале да завршат факултет и сега вие сакате да ја изедначите вредноста на дипломата од Мала Речица, со вредноста на дипломата од универзитетот “Свети Кирил и Методиј:.

Многу ме интересира колкав е бројот на студенти кои се запишале на парауниверзитетот во Тетово и колку од нив се откажале, а колку завршиле. Г-да пратеници, на Република Македонија не и е потребен квантите во високото образование. На Република Македонија и е потребно квалитетно високо образование.

Многу ме интересира и едно друго прашање, дали Владата има некаква гаранција дека некогаш на овој универзитет што сака да голегализира ќе се вее Македонското знаме како симбол дека тој универзитет е државен Македонски универзитет. Мене тоа ми е малку веројатно. Ситурен сум дека некој пратеник од СДС има син или ќерка кој е студент. Дали го имате прашано вашето дете колку е задоволно од условите кои ги има моментално на факултет и дали нема потреба од никакво подобрување од моменталните услови. Дали сте го прашале дали сака да биде компјутеризирана наставата што ја посетува, а сето тоа да заличува на еден вистински Европски универзитет. Сигурно, познавате и некој студент кој е сместен во некој од студенските домови. Дали сте го прашале и него колку е задоволен од условите во домот и дали има или нема потреба од нивно подобрување. Дали сте ги прашале студентите дали сакаат нивните дипломи да бидат признати во целиот свет, а не само во Република Македонија. За да биде признато неговото знаење надвор од границите на Република Македонија , треба да покажеме дека начинот на кој што се обрсазуваат студентите во Република Македонија е еднаков како и начинот на кој што се образуваат студентите во ЕУ. Кога веќе сакаме да го забрзаме процесот за влез во Унијата, зошто не го подобриме и нашето високо образование, меѓутоа да го подобриме со квалитет а не со квантитет. Право , да се образуваат на свој мајчин јазик имаат албанците. Сега, наместо парите од граѓаните да одат за подобрување на образованието на нивните деца, парите одат во Тетово, поточно во Мала Речица. 80% од населението ќе дава пари, за да на неадекватен начин можат да се образуваат 20-тина проценти од населението. Невиден апсурд и тоа во време кога имаме катастрофална економија и кога огромен дел од народот нема леб да јаде. Зошто еднаш не се послуша гласот на народот, гласот на оние кои директно се загрозени со овој закон. Тие се обидоа на мирен начин да и кажат на Владата дека не е во ред тоа што планира да го направи. Вашата лажна програма веќе е одамна прочитана. Вашите ситни политички интереси народот ги препозна во овој закон. На вашите лаги, не може да почива иднината на Република Македонија

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пријавен е г-динот Зоран Крстевки, но тој е отсутен.

Следен е г-динот Ѓорѓе Паљошковски

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитувани дами и г-да, почитувана претседателеке, демократијата претставува една од основните цивилизациски придобивки на човештвото. Во согласност со тоа и сите останати придобивки утврденое во демократско донесените правни регулативи, се сметаат загарантирани права и интереси на сите граѓани во целост. Во рамките на Уставот и законите, јавната расправа, слободното организирање на граѓаните за изразување на јавното мислење , слободата во изразувањето, правото на образование се загарантирани како едни од основните уставни начела достапни на сите поддеднакво. Меѓутоа, денес ние расправаме за една , навистина, комплексна ситуација. Иако, актуелната владеачка гарнитура се труди до максимум да ја девалвира суштината на овие дискусии преку нејзиниот интер однос, преку нејзината незаинтересираност за основните национални прашања, целосно се труди да ја намали вредноста и вистинската улога на овој Парламент.Преку одржување на маратонските седници, на кои претседателот на Собранието на Република Македонија , пред се, од политички интереси на неговите партиски шефови, не дозволува прекин, пауза или одложување на расправите. Меѓутоа, без разлика на тоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе истрае целосно, ќе се потруди да го сопре донесувањето на овој навистина срамен закон за целата држава, за сите нејзини граѓани, за студентите и воопшто за сеокј иден млад интелектуалец во Република Македонија, без разлика колку и да трае оваа денешна или било која друга наредна седница во врска со ова прашање. Никогаш досега не се случило да се донесуваат вакви комплексни и навистина значајни законски решенија со учество во расправата само на опозицијата. Без никакво учество на претставниците на владеачката гарнитура, со кои исклучок на ДУИ, кој што се најмногу и најдиректно засегнати од реализацијата на овој навистина за нив значаен проект. Нормално, неопходна е потребата од добивање на политички поени пред своето гласачко тело, посебно во услови кога нивниот рејтинг значително опаѓа. Во ред е да се донесуваат законски решенија, потребни за подобрување на статусот на младите во Република Македонија.

Но дали сте свесни дека со легализацијата на оваа параустанова ќе овозможите востановување на една нова пракса во државата. Дали сте свесни дека со овој чин практично секој што ќе посака да реализира било каква своја идеја ќе се погрижи да ги примени истите методи карактеристични за решението на ова ситуација. Знаете дека некој ќе биде мотивиран од ваквиот неодговорен однос на власта и утре ќе се реши да формира слични парадржавни институции , со надеж дека за неколку месеци, па и години истите ќе се озаконат. На што би личело? А зошто и да не очекуваме утре некој да рече да формира параздравствена установа, да почне да се издава здравствени книшки, сини, зелени или било какви здравствени картони и по опредлен период да очекуваме да стигне проект на неколку страници и истиот да помине без некоја посебна парламентарната расправа и да се здобиеме со уште една државна клиника.

Навистина, почитувани колеги, ова е надвор од разулот. Ова е еден од најгорливите проблеми веќе 7-8 години во Република Македонија , а истиот тој проблем сега се сака да се протурка без демократска расправа за период помалку од 7 дена. Бидете реални, да беше толку едноставна ситуацијата, немаше да се оставиовој проблем да егзистира толку долг период, посебно имајки го предвид начинот стандардите и условите во кои е формирана оваа параустанова. Во ваше време, за оваа параустанова се подготвуваа специјални полициски акции, имаше и загинати луѓе. Не заборавајте, народот помни дека и тогаш вие СДСМ бевте на чело на државата и премиер на тогашната Влада беше актуелниот премиер на Република Македонија Бранко Црвенквоски. Но сепак, едно не ми е јасно, дали мислите дека нашиот народ има кратко помнење. Немојте, ве молам со такви методи. Ова што вие денес го правите е срам за целата макеоднска јавност, по секоја цена се трудите вашите интеркоалициони договори да ги наметнете како основни предуслови за нормално функционирање на нашата држава. Се заканувате како владеачка структура дека ако не се донесе овој закон, можно е да има проблематични ситуации во државата. Нема ништо посвето и потрјно од Република Македонија . Овој народ еден ден ќе ве критикува за оваа ваша приватна забава. Со вашиот апсолутно незиентересиран однос кон примарниот интерес на студените создавате дополнителна иритација и револт кај младите интелектуалци. Една недела македонската младина се движеше низ улиците, смрзнувајки се , исцрпувајки се

на лошите временски услови, се со една цел, да ви докажат дека не сте во право. Никој од вас не најде време да оди и да поразговара со нив, да ги сослуша нивните барања, да го слушне нивното размислување, да ги консултира, со оглед на тоа што вие сте оние што ќе ги почувствуваат најголемите последици на оваа ваша проектна и договорена манипулација. Единственото нешто кое ве интересираше за целиот тој период беше тоа дали ВМРО-ДПМНЕ ги организира протестите дека тие имаат политичка димензија. Не е тука суштината на проблемот. Суштината на овој проблем е во тоа до кога ќе се трудите со вакви ситни удари да го залажувате македонскиот народ. До кога ќе уживате во поигрување со чувствата на македонските студенти. До кога ќе манипулирате со професорите на универзитетите и директорите на средните училишта. До кога со тие форми на притисоци.

Добивте црвен картон од студентите. Нели ви е тоа доволен сигнал дека нешто кај вас не чини. Искрено, навистина треба да се загрижите и подобро да го разгледате ова прашање.

Република Македонија е малку покомплексна држава во тоа како сакате да ја претставите. Во оваа наша држава има и други градови, на кои им е неопходно отворање на универзитет. Во Источните делови на нашата татковина нема никакви најави за отворање на вакви и слични образовни институции. Размислете дали има потреба, отвораме уште еден универзитет во град со 60 илјади жители на раздалеченост од околу 2 км. , а еден цел дел од територијата на државата останува непокриен со институција од овој тип. Размислете подобро каде ќе ги вложувате средствата потребни за реализација на оваа параустанова. Имате катастрофални услови на живот во студентските домови, застарен систем на административни-технички активности, односно пријавување на испити. Одвојте дел од средствата и зголемете го Буџетот на постојните универзитети, да се компјутеризираат факултетите. Сето тоа е примарно и неопходно да се направи. Пред се, тоа е од интерес на студентите, а со тоа и на сите граѓани.

Затоа, на крајот од ова мое излагање, би апелирал до вас да престанете да финансирате приватн изабави. Почнете да работите на сериозни проекти од суштински интерес за сите граѓани на Република Македонија .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ;

Почитувана потпретседателке, министре, почитувани пратеници,

Бидејки парламентарното мнозинство на Валдата не е присутно во салата, а бидејки и претседателот  на Парламентот не е присутен во салата, ни останува да дебатираме со министерот за образование.

За оваа точка на дневен ред дискутираме, се надевам заклучно со утре бидејки ќе продолжиме ние со оваа седница, веќе една недела. Бројни дискусии од страна на опозицијата, самонеколку од страна на  парламентарното мнозинство, бројни прашања од страна на опозицијата поставенидо минситерот, а ниту еден одговор од минситерот. Јавноста, министре, има право да знае зошто на ниту едно прашање не одговарате. Зошто парламентарното мнозинство не учествува во расправата, гледам и сега салата е празна. Дали сакаат да се донесе законот или не сакаат. Можеби е некоја игра и таа игра треба да ни ја кажете овде. Го предложивте законот, меѓутоа, не сакате да се донесе. Ако е така, кажете, не морате вие како минситер односно претставник на Влада, нека кажат од СДСМ, од ДУИ, не сакаме законот да се донесе, ние ќе престанеме со расправа. Немам ниедна одбрана на овој закон од страна на парламентарното мнозинство. Ниту еден факт да кажат за позитивноста во донесувањето на овој закон. Ова е прв случај закон да се поднесе во Парламентот а да нема ниту една одбрана. Значи, јас се надевам и мислам дека тоа е така. Можеби и вие самите не сакате да се донесе. Ако сакате, кажете, ќе расправаме, ќе дебатираме. Меѓутоа ваков случај до сега немало во Парламентот.

За цело време во расправата во овој Парламент по овој Предлог закон имаме уште еден интересен момент, а тоа е цело време е присутен само минситерот за образование како претставник на Владата. Исцрпувачка седница една недела,од сабајле до вечер, завчера преку цела ноќ, меѓутоа, вие сте присутен сам како претставник од Владата, министер за образование. Јас се надевам дека има и заменик министер, ние го знаеме, Тале Герамитчиоски. Меѓутоа, ова е исцрпувачка седница, сепак и вие треба на некој

начин да се одморите, да имате консултации со Министерството, докаде е оваа работа, зошто опозицијата прашува на ваков начин, како ќе одговориме - не одговарате, меѓутоа, барем да ги знаете одговорите. Меѓутоа, во ниеден момент не дојде заменик министерот.

Сега тука имаме две тези за да разговараме. Дали во Минситерството за образование надлежностите и ингеренциите се поделени апсолутно, значи за албанските прашања од областа н аобразованието е одговорен минситерот албанец - мое почитување спрема вас - и за македонските прашања од областа на образованеито е одговорен заменик минситерот. Јас мислам дека тоа така функционира откако постои оваа Влада. Секогаш кгоа требаше да се одикаде што има проблеми за македонскиот дел одеше заменикот министер. Секад екаде што требаше да се оди за прашања од албанскиот дел вие бевте присутен таму. И нормално тоа функциони, во ред. Меѓутоа, како државен универзитет, овој не го правиме универзитет на албанците,. Вие сами рековте дека овој универзитет е државен универзитет и не е легализација на Малоречанскиот универзитет. Оваа легализација Што јакажува ДУИ е само лажење на студентите. Инаку, ако е државен универзитет, требаше да биде тука присутен и заменик министерот и да го брани овој закон како државен универзитет на Македонија со седиште во Тетово, без име.

(Во меѓувреме претседателто Љупчо Јордановски седнува на претседавачкото место).

Разговарав јас и минатиот пат, овој универзитет ќе нема име. Имаме Унивезитет “СВ. Климент Охридски”, “Св. Кирил и Методиј” и Универзитет на Југоисточна Европа со седиште во Тетово и ќе имаме еден државен универзитет без име во Тетово. Ако е тоа така, значи се поставув аовој голем проблем, дали во Министерството за образование надлежностите се поделени меѓу македонско прашање - албанско прашање, тоа треба јавно да се каже овде и да знаеме дек аовој универзитет нема да биде државен, туку овој универзитет ќе биде универзитет на лабанците во Тетово и тоа треба јавно да гокажете овде.

Ако е тоа така, ако имаме потполна поделба меѓу македонско прашање во Минситерството за образование и албанско прашање во Минситерството за образование , тогаш се поставува прашањето зошто макеоднското мнозинство во коалицијата меѓу

СДСМ и ДУИ да гласа за албанско прашање, кога вие албанците си ги решавате прашањата со вас како министер албанец, а макеоднските прашања се решаваат со заменик министерот макеоднец. ЗоШто тогаш македонскито дел од коалицијата да гласат за овој закон. И сега имаме одговор, а тоа е , навистина, македонскиот дел од вашата коалиција не сака да гласа за овој закон. Тие не кажаа ниту еден збор, ниту еден факт во одбрана на овој закон. Присутни се тука само заради гласање. Нема да кажат ниту еден збор. Ако е вред таа коалиција, ако е вред тоа минситерство за образованеи, требаше и пратениците македонци..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, господине Балковски, не зборувајте за коалицијата, зборувајте за законот.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

За законот зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, туку зборувате дали е вред коалицијата или не.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Го барам заменик минситерот Тале Герамитчиоски, бидејки ова е државен универзитет, господине претседателе, не е албански универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овде имате претставник на Владата и тоа е доволно според Деловникот.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

По Деловникот да, меѓутоа ова е исцрпувачка седница, сепак требаше да биде присутен и заменик минситер и претставник од Министерството за финансии. Не можеме вака само со еден претставник, било да е тоа и министер, да одлучиме за државен

универзитет, цела владеачка коалиција ја нема, минситерот не одговара, ние одиме понатаму и ќе издржиме докрај, да видиме до кога ќе биде тоа, затоа што претседателот на Парламентот оди во една исцрпувачка седница и се надевам дека ќе преовласа позитивното расположени и оваа седница ќе се прекине сигурносо уште неколку дискусии.

Овде се изнесе и фактот дека Парламентот за оваа расправа троши многу државни пари, државни средства и Парламентот односно опозицијата треба да се замолчи, за да не троши државни пари. Државните пари се определениспоред вас само за државниот универзитет што ќе го основате во Тетово. Ако е тоа така и тоа јавнос е кажа, треба да се каже дека и тоа е уште еден обид на замолчување на опозицијата.

И минатиот пат поставив доста прашања, меѓутоа не добив одговор на ниту едно. И пак ќе го псотавам тоа. Бидејки се води исцрпувачка расправа неколку пати кажав исцрпувачка расправа, ве молам, г-дине претседателе, министре како претставник на Владата, кажете што е суштината на оваа расправа. Дали е толку важно ние денес - беше многу важно да го донесеме овој закон во петокот. Многу беше важно. Вие ги измачувавте и вашите претставници на Парламентот, ние не се измачувавме затоа што ние ќе одевме ако требаше и уште еден ден да продолжиме, меѓутоа , вашите ги измачувавте и законот не го доенсовте, не го донесовме сите и пак функционира сега во понеделник. И Парламентот функционира и Владата функционира. Зошто и денес исто така да се измачуваме - ние сме подготвени, тоа веднаш да го кажам и ќе одиме ако е потребно уште повеќе отколку што дискутиравме во петокот спроти саботата , меѓутоа, зошто да се оди во оваа исцрпувачка расправа. Зошто, кога имаме една недела, кога расправаме за овој закон , значи има некој проблем. Проблемот е што опозицијата нон стоп расправа, а проблемот е што позицијата воопшто не стана за да каже ни еден аргумент, ни еден факт во одбрана на тој закон. Значи, проблемот постои, ова е само измачување да се види кој повеќе Ќе издржи. Издржа опозицијата и ние пак ќе издржиме. Меѓутоа, проблемто постои и треба да го решиме. На ваков начин нема да се реши. Нема да се реши изатоа што минситерот е тука една недела, едноставно треба заедно со вас како претседател на Парламентот со координаторите да се види во што е проблемот. Овде нешто не функционира, имаме блокада, ако ние работиме како Собрание. Имаме блокада во

целиот систем, блокиран е Парламентот. Значи треба да се види во што е проблемот и на каков начин тоа да го решиме. Што ќе се случи - еве ве прашувам јавно сите и да размислиме, еве и вие како претставник, и ние како Парламент, како претседател, како претседателство, што ќе се случи да продолжиме и утре и задутре, а вие сакате да го донесеме денес. Значи, проблем постои и тој проблем треба да го решиме заеднички, или вие едноставно да ја одложите целата расправа, да ја скратите расправата, едноставно да преминеме на некои други точкиод дневниот ред, а ова остане како отворено прашање па после кога ќе имаме повеќе време да дискутираме, да се уклучи позицијата. Можеби ќе свати дека треба да го брани законот или ќе свати дека треба да не го брани законот и да гласа против. Значи уште не се решени вашите размислувања во коалицијата дали треба овој закон да помине или да не помине.

Затоа што навистина се поставува прашањето колку универзитети ќе има во Тетово, со овој предлог закон ние не знаеме. Јас и минатиот пат кажав, едниот дел од мнозинството кажува дека ќе имаме нов универзитет во Тетово, другиот дел од мнозинството кажува дека ќе имаме легализација на тетовскиот универзитет во Мала Речица, меѓутоа и во коалцијата не се знае дали ќе се легализира постојниот нелегализиран универзитет, дали ќе имаме нов универзитет, не се јасно дефинирани тие работи. И, затоа е тука проблемот.

Многу избрзано се излезе со овој предлог закон, сигурно вие тука имате договори помеѓу СДС и ДУИ едноставно да помине Законот и вие самите не знаете на каков начин да помине законот, дали да се легализира универзитетот или да се отвори нов универзитет. Законот ви е за нов универзитет како наслов, меѓутоа внатре се кажува за легализација на тетовскиот универзитет. Но, и тука морам да кажам дека едноставно ги лажете студентите што студираат сега на малоречанскиот нелегален универзитет, затоа што во член 1 од Законот за основање на државен универзитет во Тетово кажува дека е основан државен универзитет во Тетово без име, како највисока автономна високообразовна, научна, уметничка установа со следните високообразовни уставнови во негов состав. Да ги прочитам уште еднаш: “Природно-математички факултет, Факултет за хуманистички науки за уметности, Економски факултет, Правен факултет и Центар за политехнички студии како висока стручна школа”.

Ако се оди за легализација на тетовскиот универзиртет, едноставно се поставува прашањето каде се останатите факултети, уште 8 факултети ги нема овде. Во член 1 ги нема. Можеби ова не го знаат студентите на малоречанскиот универзиртет. Можеби тие знаат дека еве опозицијата прави опструкции, меѓутоа ќе издржи власта, Владата ќе издржи ќе се донесе и ќе бидат легализирани. Не, тие 8 факлултети на овој универзитет ги нема. Значи, овде не се работи за легализација на тетовскиот универзитет.

Што ќе правите со тие 8 факултети? Ако ги легализирате кажете сега, или повлечете го законот после месец дена, направете нова програма и тие 8 факултети едносавно ставете ги во член 1 или поднесете амандман каде што член 1 се надопонува со уште 8 факултети или на ваков начин неможе да стане збор за легализација на тетовсккиот универзитет. Значи вие ги лажете студентите што студираат таму. Дали сте се прашале што ќе правите со студентите и на каков начин тоа ќе им го објасните? Досега објаснувавте, нема закон. Сега донесовте закон, не ги ставивте факултетите. Можеби целта ви е ајде понатаму па ќе го легализираме универзитетот, пак нелегален и ќе имаме 3 универзитети во Тетово. Ќе имаме и за Југоисточна Европа, ќе имаме и новиот универзиртет, ќе имаме и легализиран малоречански универзитет. Три универзитета.

Ако е тоа така подгответе предлог закон и двата предлог закона да ги разгледуваме на една седница, Предлог закон за основање на државен универзитет и предлог закон за легализација на тетовскиот универзитет каде што во тој предлог закон во член 1 би биле останатите 8 факултети. Или можеби тие студенти не ви требаат. И, тоа се поставува како прашање затоа што ние не дебатираме, ние овде само кажуваме од другата страна не добиваме одговор. Можеби тие студенти не ви требаат. Или можеби очекувате да се запишат сосема нови студенти, тие ви беа потребни, сега студенти за 8 факултети не се потребни, ако е тоа така и тоа треба да го кажеме.

Понатаму во член 2 се кажува дека универзитетот има својство на правно лице. Универзитетот има една сметка за редовно работење преку кое располага со буџетските средства како една или повеќе посебни сметки преку кои располага со средствата шт ги остварува од самофинансирачки активности, од донации и од кредити.

Е, сега, ако се работи за нов универзитет тоа е во ред. Меѓутоа, бидејќи сите знаеме дека не се работи за нов универзитет, дека се работи за постојниот универзитет,

дали како Минстерство за финансии во Владата, меѓутоа и како Парламент ние треба да знаеме со кои средства моментално располага овој факултет. Кои се тие средства? Овој факултет не започнува сега од нула. Тој и сега работи. Значи има средства. Од каде се тие средства. Дали се од самофинансирање, дали се од спонзори, дали се од некои активности што едноставно студентите морат да платат за тие работи. Меѓутоа, тие средства ние како Парламент ако носиме закон треба да ги знаеме тие средства, кои се тие сметки и кои се тие самофинансирачки активности, кои се тие донации или дали има земено кредити, овој постоечки нелегален универзитет.

Ние тие средства мора да ги знаеме и да знаеме со колку средства стартува овој факултет. Овој факултет не стартува со нула средства како што пишува во програмата. Нула средства, едноставно нема ништо и се започнува со нулта позиција. Значи има средства. Тие средства или ги криете на некој начин или не ги кажувате или пак немате направено потполна финансиска конструкција, колку средства се потребни да се започне како нов државен универзитет.

Во член 3 кажува дека подготовките за почеток со работа на универзитетот ќе ги врши матичната комисија и тоа видете "подготовките за почеток со работа", а универзитетот работи. Нелогична ситуација.

Понатаму пишува членовите на матичната комисија ќе ги именува Владата на РМ на предлог на министерот надлежен за работите за високо образование и универзитетот ќе почне со работа веднаш по завршување на процедурата водена од страна на матичната комисија.

Како е можно универзитетот да почне со работа веднаш кога универзитетот работи ако е за легализација. Затоа јас кажувам дали овој закон е за легализација или овој закон е за нов универзитет. Ако е за легализација напишете овде предлог закон за легализација на државен универзиет во Тетово и направете ги членовиве правно издржани.

Во член 4 пишува дека средствата за финансирање на дејноста на универзитетот ќе се обезбедуваат од Буџетот на РМ и од други определени со закон. Кои се тие извори не знаеме ништо, затоа што толку е овој член. И, како ќе се обезбедуваат средствата пак не знаеме затоа што е кажано дека само два милиона евра се доволни за

почеток, а потоа ќе видиме дека тие воопшто не се доволни. И, тоа е огромна манипулација дека овој универзитет чини ефтино, меѓутоа бидете сигурни дека овој универзитет ќе чини многу поскапо и од Ван Дер Штуловиот универзитет, а таму добивме, ние како држава добивме помош од 50 милиони евра од САД и Европската Унија, а сега овие пари ќе мора сами да ги даваме како држава.

За тоа треба да одговори министерот за финансии кога ќе го разгледуваме Буџетот од каде ќе ги најде тие средства кои ќе бидат неопходни за овој универзитет.

Во член 5 пишува дека статутот на затекнатите студенти од универзитетот во Тетово ќе се решава согласно членот 198. Значи ова е доказ дека факултетот се легализира. Е, сега да ве прашам, ако кој се затекнати студенти? Дали се затекнати студенти од овие 5 факултети овде и што ќе се прави со затекнатите студенти од 8 факултети што не ги пишува во член 1 од законот. Значи тие ќе бидат пак нелегални студенти и затоа јас реков претходно дека едноставно вие манипулирате со студентите албанци. Студентите албанци во малоречанскиот универзитет воопшто не го знаат овој предлог закон. Затоа што, ако го знаат овој предлог закон ќе ви се побунат вас, не Парламентот, ќе дојдат пред Влада. И, ќе се побунат, и ќе речат зошто нас овде, ги нема уште 8 факултети. Вие треба да имате одговор за тоа. Ако не сакате нас да ни го кажете тоа, треба да им го кажете на студентите албанци што моментално студираат на тој универзитет. Со, тие 8 факултети. Значи, вие едноставно помалку и од половината од тие факултети ги легализирате и кажувате јавно овде дека го легализирате тетовскиот универзитет. Апсолутно не е точно.

Освен овој предлог за донесување закон за основање на државен универзиртет со 6 члена што апсолутно е неприфатливо за таков универзитет што не се знае дали е легализација, дали е нов, колку средства има од стариот, колку ќе се префрлат во новиот, колку студенти има, вие и во програмата немате направено колку студенти ќе се префрлат, колку се затекнати студенти, дали знаете колку студенти се сега затекнати и со колку студенти оваа матична комисија ќе започне студентската година. Не знаете.

Тоа е проблем на Владата. Тоа едноставно ќе биде проблем и на Парламентот кога ќе се побунат и пак ние овде ќе го решаваме тоа. Затоа е неиздржан

овој предлог. Ако не е така тогаш треба јавно да кажете дека едноставно се отвара нов универзитет, сите студенти не важат, се се почнува од почеток и едноставно вие формирате ваш универзитет. Напоменувам, буквално ваш универзитет, затоа што со овој предлог закон ниту го легализирате стариот универзитет, ниту пак правите некоја можност за студентите да се прекфаликуваат на некој начин во студирањето во југоисточниот универзитет.

Исто така кажувам ваш дека само вие како коалиција ги знаете причините зошто носите предлог закон за нов универзитет, а зошто не носите предлог закон за легализација. Тоа само коалицијата СДСМ и ДУИ го знаат. Нас овде не ни се кажа ниту од претставник од Владата ниту од парламентарното мнозинство ниту од македонската страна, ниту од албанската страна. Не ни се кажаа кои ни се причините зошто овој универзитет вие го правите нов универзитет во Тетово.

Од друга стана цела јавност знае, цела меѓународна јавност знае дека универзитет во Тетово постои, тоа е универзитет на југоисточна европа кој ги има сите услови за студентите кои студираат да се стекнат со знаење врз сите европски стандарди. Но, тој универзитет вие не го признавате и тука неможе воопшто да изнесете ни еден факт дека го признавате затоа што ќе напомнам уште еднаш на двегодишнината од основањето од тој универзитет ниеден претставник од владата не беше присутен во Тетово. А, беа присутни целаа меѓународна заедница, сите амбасади, сите меѓународни организаии, само претставник од Владата немаше а беше присутен и Ван Дер Штул бидејќи беше прогласен за почесен доктор на универзитетот на Југоисточна Европа.

И, сега од една страна се залагате за наука, се залагате за знаење за огромна соработка со меѓународната заедница, а од друга страна кога таа меѓународна заедница дава огромни средства за универзитет во нашата држава вие едноставно не ги почестувате само со вашето присуство таму на двегодишнината. Немораше да биде ни министер за образовние. Претставник од Владата немаше таму. Ниту еден претставник.

И, ова е трето прашање што ви го поставувам. Првото, второто, третото, зошто не го признавате треба јавно да кажете или немора и овде туку во Владата или во матичната комисија за образование и наука. Зошто не го признавате, што е проблемот што не го признавате вие југоисточниот универзитет во Тетово. Дали има некаков

проблем? Јас кажав дека тој унивезитет не е сопственост ниту на ВМРО, не е сопственост ниту на ДПА. Моментот беше тогаш во тие околности така и ние како држава ги добивме тие средства. Тој универзитет останува пак на студентите. Таму 80% од студентите се албанци, 20% се македонци и други националности, кои што учат врз сите европски стандарди.

Владата нема јавно кажано, тоа е факт, меѓутоа со сите потези што ги правите воопшто не го признавате тој универзитет. Јас се прашувам како и меѓународната заедница можеби во вашата комуникација имате разбрано, меѓутоа зошто и меѓународната заедница не го поставува како прашање. Зошто оваа влада не го признава универзитетот за кој што ние вложивме 50 милиони евра. Тоа е голем проблем и за меѓународната заедница е проблем. А, поминаа веќе две години универзиетот почна да вади нови први дипломирани студенти, дипломци на универзитетот на Југоисточна Европа. Едноставно се работи според европските стандарди во студирањето и овозможување на студентите во нивното студирање и тогаш се поставува прашање ако лигички се размислува зошто  овие средства што се наменети за отворање на нов државен универзитет или за легализација на универзитетот во Мала Речица едноставно не се пренаменат во овој универзитет во Југоисточна Европа.

Зошто тие средства кои се наменети за легализација на унврзитетот или за отварање на нов универзиет не се пренаменат пак во овој факултет каде што и ваму учат 80% албански студенти. Сепак јавно мораме да се прашаме и на дебата каде што треба да ги отвориме сите прашања, или можеби вие воопшто не сакате на универзитет во Тетово да учи ниту еден македонец. И, сега сакате да отворите точно чисто албански универзитет. И,тоа виде го прзвите и ако овде пишувате дека универзитетот врз сите определби, врз закони ќе биде универзиет и на албанците и на другите. Кој ќе учи на тетовскиот универзитет во Мала Речица. Ќе учат само албанци, тоа треба на сите да ни е јасно, и вие тоа го знаете, ако во законот пишува дека тие и тие ќе учат. Ќе учат албанци и тоа кои што се сега запишани и кои не ќе имаат можност, вие можеби така ќе ги направите потоа и прописите,не ќе имаат можност потоа да се префрлат на универзитетот во Југоисточна Европа. А, знаете ли зошто нема да учи ниту еден друг освен албанците во тетовскиот универзитет? Нема да учат заради квалиетот. Квалитетот

е несразмерно поголем по однос на универзитетот на Југоисточна Европа отколку овој универзитет што ќе го отворите вие.

И, може да се случи едноставно ако не ги држите под присила албанските студенти вие да отворите универзитет а да немате студенти, затоа што со легализација на овој универзитет сите студенти легални од нов државен универзитет ќе ви се префрлат на универзитетот во Југоисточна Европа.

И тогаш овие средства што треба да ги пренамените, едноставно Универзитетот на Југоисточна Европа да им се овозможи таму уште поголем број на факултети, затоа што таму има услови. Сигурно вие знаете дека како министер од Министерството за образование, претставници од тоа министерство, отидени се во тој универзитетски камп. Таму студентите навистина учат, без разлика дали се Албанци, дали се Македонци, дали се други странци, дали се други националности, таму студентите вистински учат и се здобиваат со знаење. Тоа знаење ние како држава треба да го искористиме, а едноставно само од политички побуди сега правиме студентите врз основа на сите закони, сите прописи ќе ги држиме и нема да им дозволиме на албанските студенти да поминат во Универзитетот на Југоистична Европа, затоа што Владата ќе формира нов државен универзитет во Тетово, а нема да го легализира, па стариот Универзитет во Мала Речица. Едноставно со оваа игра на зборови не знаеме ние дали ќе се формира нов универзитет, дали ќе се формира стар универзитет, дали ќе се легализира третиот универзитет. Затоа кажувам дека треба да се повлече овој закон, да се дефинира што се прави, што Владата намерава да прави, да излезат овдека претставници од Владата, да има овде мнозинство од пратеничките групи каде јавно ќе дебатираме и со факти ќе кажеме дали е тоа можно да се направи, или дали тоа не е можно да се направи. Неможе со сила ние да направиме универзитет. Со сила универзитет ние можиме да направиме, а ќе немаме студенти кои ќе учат на тој универзитет. Или ќе имаме студенти кои што ќе учат на тој универзитет, меѓутоа ќе бидат присилени да учат, дека тие реално кажано ќе видите дека после прва или втора година студентите контактираат помеѓу сите универзитети и со Југоистичен универзитет и Св. Климент Охридски и Св. Кирил и Методиј и ќе контактираат и со овој универзитет. Едноставно ќе видат дека каде се подобри условите таму ќе одат. А условите не можат да бидат подобри во универзитет што долги години работел

нелегално, значи на некој начин немал средства или имал средства за тоа никој ништо не знае колку средства имал, колку немал, меѓутоа, на некој начин едноставно биле приморани студентите да учат на тој универзитет.

Кога се работи за средства сакам да напоменам дека овдека се зборува за два милиони евра и тоа буквално секогаш се кажува дека овој универзитет за отворање ќе чини два милиони евра. Меѓутоа, тоа воопшто не е така, или ако е така треба да се каже, да се објасни, треба да има претставници од Министерството за финансии и едноставно да каже дека навистина врз тие и тие ставки толку и толку средства се наменети за овој универзитет, затоа што мислењето по проектот за основање на овој универзитет не кажува така.

Во точка 4 се вели: “Во проектот е прикажан износот за потребните средства за основање и работа на новиот универзитет во Тетово за 4 години”. Меѓутоа, се укажува дека Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија за основање на новиот универзитет треба да обезвбедат дополнителни средства. Ова го пишува во мислење по проектот за основање на универзитет во Тетово. Значи не се два милиона. Ние треба сега да видиме од каде е таа сума два милиони евра, затоа што кажува дополнителни средства, а не знаеме колку средства. Тоа е друго прашање што воопшто ќе ја зголеми сумата на отворање на овој универзитет за неколку пати.

Понатаму се укажува дека социјалната структура на студентите значително е влошена, без разлика дали се тоа Македонци, дали се Албанци. Нивната социјална структура навистина е влошена во сите универзитетски кампови, односно студентски домови. Сега одборот кажува со што битно е ограничен пристапот на младите кон високото образование и затоа се препорачува да се предвидат и средства за студентски стандард. Значи треба стипендирање, кредитирање, сместување, исхрана, достапни учебни помагала и друго. И за тоа ние не знаеме колку средства се потребни.

Исто така, се укажува дека предложената листа на опрема не е доволна заради што се смета дека треба да се издвојат дополнителни средства за нејзина набавка. И тука не знаеме колку се тие дополнителни средства за нејзина набавка. Значи мислењето на одборот за акредитација не е е позитивно како што се тврди во јавноста дека имаме позитивно мислење од Одборот за акредитација, имаме предлог-програма, имаме

предлог-закон и едноставно само опозицијата е таа која што не сака овој закон да се донесе. Инаку се е спремно и универзитетот може врз база на матичната комисија која така ќе одлучи за некој ден да почне со работа универзитетот во Тетово. Меѓутоа, мислењето на Одборот не е така. Мислењето на Одборот овдека кажува дека треба на некој начин да соработува со Југоистичниот универзитет во Тетово. Секаде во сите точки кажува дека има потреба и можност да се има предвид и можноста за студирање што го има и Југоистичниот универзитет во Тетово и двата постојни државни универзитети. Во проектот треба да е нагласена меѓуетничката интергративна функција на новиот државен универзитет, повторно овдека се споменува, имајќи ги предвид како позитивни искуствата на универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Овдека ви кажува јасно, така да и одредбите од Законот за високо образование, со кои се обезбедува еднаков пристап на сите граѓани кон државните високообразовни установи со употреаб на македонскиот јазик. Дали во овој момент во Малоречанскиот универзитет постои еден студент што не е Албанец. Немам ништо против Албанците, меѓутоа, затоа кажувам цело време дека и Албанците со овој универзитет решен на ваков начин едноставно нема да го добијат потребното знаење, како што ќе го добијат во универзитетот на Југоисточна Европа.

Во точка 5-1 се кажува дека се подржува пристапот за двопредметни студии на педагошките студијски програми, меѓутоа, тој пристап треба доследно да се примени и да се отстранат концепциските недоследности по години. Исто така, треба драстично да се намали бројот на двосеместралните предмети и да се воведат едносеместрални предмети, со што ќе биде овозможена примена на кредит на трансфер-системот. Според сите овие работи не е така постапено во Предлог-програмата. Значи, Предлог-програмата е направена пред ова мислење . Мислењето е направено врз основа на Предлог-програмата и апсолутно не е постапено по сите забелешки што ги дал Одборот на акредитација.

Понатаму пишува за да се надмине паралелизмот со студијските програми на двата државни универзитети, универзитетот за Југоисточна Европа во Тетово, како што се на пример студиите на право, економија натамошно моделирање на студијските програми, треба да се направат дополнителни напори. Кои се тие дополнителни напори што се направени во оваа Програма за универзитетот во Тетово. Ако ги има, треба да се

кажат. Матичната комисија на образование требаше да виде како е направен првиот предлог од Министерстото за образование, односно како е направено Предлог-програмата, мислењето од Одборот за акредитација и едноставно, требаше после да види дали според ова мислење е постапено во Предлог-програмата, затоа што овдека се насоки, овдека се услови кои што треаб да се направат во Предлог-програмата, ова да помине. И се кажува дека треба да се обезбеди задолжително образовно јадро на секоја студијска програма.

Исто така, треба да се изјасни и за соодветноста на кадрите потребни за изведување на настава по одделни факултети и студијски програми.Видовме на каков начин се обезбедени кадрите кои што ќе предаваат на овој државен универзитет.

И на крајот се кажува дека уште на почетокот пожелно е да се обезбеди неопходната соработка по однос на студијските и предметните програми со постојните универзитети во Република Македонија, при што ќе се оствари усогласување на студијстките програми и ќе се избегне паралелизам и непотребни повторувања на студијските програми. Дали оваа програма, поставувам повторно прашање господине министре, затоа што Вие сте претставник на Владата и ние мораме да дебатираме со Вас. Оваа дебата што ние ја правиме е во интерес да се донесе некој закон кој што ќе видиме на каков начин тоа ќе се донесе, во интерес на студентите кои што ќе студираат на тој универзитет. Дали оваа програма што е овдека направена им е дадена на Ректоратот на универзитетот на Југоисточна Европа, дали им е дадена на Универзитет св. Климент Охридски во Битола, дали е дадена на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, за да види Ректоратот, односно стручниот актив на сите професори, на сите ректори од факултетите дали ова содејствува со целокупната програма за студентите, односно за студирањето во Република Македонија, а не да имаме изјава од ректорот на универзитетот Св. Кирил и Методиј, каде што кажува дека Универзитетот св. Кирил и Методиј ќе реагира само ако не се обезбедат средства и ако средствата од универзитетот се земат од Универзитетот св. Кирил и Методиј и се даваат на новиот државен универзитет. А треба двата ректори, двата универзитета и третиот универзитет во Југоистична Европа заедно со Одборот за акредитација да се состанат и едноставно да решат дали може вака да функционира. Затоа се високообразовните научни институции,

затоа е Ректоратот, затоа е Универзитетот св. Кирил и Методиј, затоа е и универзитетот Св. Климент Охридски во Битола. Едноставно взаемно сите ректори да седнат и да видат на каков начин ќе се донесе нов државен универзитет, а не да ги интересираат само парите. Ќе реагираме ако ни се земат парите. Ако не ни се земат парите значи воопшто не ги интересира и Ректоратот на св. Климент Охридски и Ректоратот св. Кирил и Методиј, дали во Македонија ќе има два универзитета, дали ќе има три државни, не се прави на таков начин целата програма и целата структура на високообразовните институции во Македонија. Ако тие тоа не го сакаат, ако тие се интересираат само во однос на финансиските средства, требаше Владата, требаше Министерството за образование едноставно да ги собере и да им предложи да ја прегледаат Програмата, ако се така да се донесе закон кој што ќе функционира. Ние ќе донесеме, односно вие ќе донесете закон иако не гледам никој овдека кој што сака да донесе закон, освен вас што издржавте цела недела како единствен претставник од Министерството за образование, можеби вие единствено сакате да се донесе овој закон, можеби и вработените од Министерството за образование не сакаат, затоа што ниеден претставник од Министерството за образование не дојде да ве поддржи вас. Заменик министерот не дојде да ве подржи, да каже едноставно, дајте пет, десет, петнаесет минути тој ќе го брани Законот. Значи едноставно вие издржувате до крај. Меѓутоа, ниту парламентарното мнозинство не сака да го донесе Законот. Ги нема. Нека покажат камерите кој е тука претставник од парламентарното мнозинство. Затоа на некој начин издржувате и навистина треба да одите во таа насока.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас обезбедувам услови.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Претседателе, Вие обезбедувате услови, ние можеме да разговараме овдека и ние како опозиција да излеземе да разговараме еден по еден и овде да нема никој освен стручните служби и тоа пак ќе бидат услови. Меѓутоа, државен универзитет во секоја држава претставува гордост на државата и треба со тие државни универзитети едноставно да се манифестира во науката и во знаењето во сите земји и во Европа и надвор. А ние го носиме без тие што се предлагачи. Тие се услови што треба да ги

обезбеди Парламентот и претседателот, или парламентарното мнозинство, или координаторите. Ние зборуваме овдека, ќе зборуваме до сабајле, тие се условите. Тие не се услови, тие се технички услови. Меѓутоа, суштествените услови на каков начин треба да го донесиме овој државен универзитет ги немаме. И што ќе се случи ако ние завршиме со дискусија во три часот ќе треба сите да станат и да дојдат да го гласаат Законот и да кажат ајде побрзо да се изготви Законот. Не се тоа услови кои што се потребни ова Собрание и Владата која што е предлагач да го донесе овој закон за државен универзитет. Затоа што ако е државен универзитет на сите свечености кои ќе бидат присутни овде ќе доаѓа и тој ректор што ќе биде прогласен на државниот универзитет. Кој го подржува тој ректор, освен министерот за образование. Значи парламентарното мнозинство единствен случај е кога и парламентарното мнозинство не го подржува овој закон. А од друга страна, морам пак да напоменам, затоа што навистина е голем пропуст спрема државата и спрема сите меѓународни организации и институции, голем пропуст е владата да нема свој претставник по повод одржувањето на двегодишнина од Југоисточниот универзитет. Таму не даваме претставници од Владата, овдека немаме парламентарно мнозинство за одобрување на овој законски универзитет, па како ние ќе одиме напред во развој на оваа држава без никакви елементарни услови за создавање на науката за студирање на студентите за образованието на студентите на оваа држава. Не се овие услови. Ова е исцрпувачка седница. Затоа велам ако имате на ум, или ако се имате договорено како парламентарно мнозинство од една страна, како владини претставници кажете да видиме што е таа работа и ние конечно да го изгласаме, ние ќе гласаме против, парламентарното мнозинство ќе гласа за, меѓутоа, кажете што е тоа толку битно во државата што мораме Законот за државен универзитет да го донесеме денес или што мораме утре да го донесеме али како што вие кажувате пресија се врши врз нас овдека, мораме Законот да го донесеме, затоа што после ќе разговараме или ни престојат огромни други закони, Законот за територијална поделба, Законот за буџет и за други работи. Па ние ако разговараме овдека за државниот универзитет кажете колку време со вакви услови без парламентарната позиција овдека, без мнозинството ќе ви се потребни овдека да го донесеме законот за територијална поделба кој е од суштествено значење за државата каде што државата на најголем начин да се изврши поделба на

Република Македонија. И тогаш парламентарното мнозинство нема ли да учествува, или тогаш ќе видиме како ќе ги бранат парламентарното мнозинство како ќе ја бранат Струга или како ќе го бранат Кичево. Сега молчи за универзитетот во Тетово, затоа што има министер Албанец и целата одговорност е на него и парламентарното мнозинство од СДСМ од македонската страна нема одговорнсот министерот за оваа работа. Вие имате одговорност. Меѓутоа одговорноста ќе ја има кога ќе дојде Законот за територијална поделба, кога и министерот за локална самоуправа е Македонец а македонското мнозинство од парламентарната коалиција ќе треба да ги брани. На каков начин ќе ги брани тогаш делбата на Кичево и Струга. Тоа треба да се запрашаме сите овдека, а не закони, да се делат ингеренции ако се на Албанците ги делиме, министерот е Албанец и тој нека се грижи за неговите работи, министерот е Македонец па тој нека се грижи за тие работи. Ќе видиме тогаш дали претставници од ДУИ  ќе бидат присутни и колку жестоко ќе ја бранат таа работа. Ќе ја бранат жестоко затоа што е во нивен интерес. Меѓутоа, нема да го бранат министерот, бидете сигурни.  Затоа не е во наш интерес, значи немојте да мислите ова што го разговараме ние е во наш интерес. Народот виде кој се бори,на каков  начин се бори, кој е издржлив и на каков начин и до кога е потребно ќе издржи. Меѓутоа, и ВМРО ДПМНЕ и Либералната партија и ДПА едноставно ова не е интерес за партиите. Овдека е интерес за студентите без разлика дали тие биле Албанци или Македонци. Студентите кои што треба им овозможи оваа држава  нормални услови за студирање, затоа што тие треба да го донесат развојот на државата.  Тие треаб да ги донесат инвестициите.  Владата сега дава неколку стипендии кои што ќе одат во странство, а од друга страна не го подржува универзитетот. Вие ќе си го донесете тој универзитет. Треба како предлог, дајте да видиме, овој предлог сватете го сериозно, многу сериозно, и немојте еднаш веќе да молчите, кажете дали се прифаќа, дали не се прифаќа, зошто не се прифаќа. Ние овдека од една страна зборуваме сите од друга страна вие молчите. Предлози даваме ние.  Како сакате. Или да молчиме и ние и што ќе биде. Вие еднаш направивте така. Излеговте на говорница, ставивте часовник и молчевте пет минути. Сакате линие да молчиме така 20 минути ишто ќе направиме. Не е решавање тоа на проблемот. Проблемот се решава со предлози. Ние даваме предлог. Повлечете го Законот, тоа ви го кажа и господинот Андов, тоа ви го кажаа и од ДПА. Ви укажувавме ние

една недела повлечете го законот. Викнете ја матичната комисија, таа комисија нека го разгледа. Во таа матична комисија викнете ги и одборот за акредитација. Не е страшно ако се дискутира и ако излезе дека некој грешел. Повикајте ги ректорите и едноставно, експертите од другите три универзитета. Зошто не ги викате. Тие ако не сакаат вие викнете ги. Вие сакате да донесете нов закон. Вие сакате да направите нов универзитет. Вие викнете ги. Тие не доаѓаат. Тие се интересираат, како што и самите рекоа пред целата македонска јавност дека тие се интересираат само за средства. Меѓутоа, вие викнете ги бидејќи тие треба да се заинтересираат и за нажинот и програмата на сите студенти, на целиот универзитет кој што ќе егзистират во Република Македонија. Ова ќе биде државен универзитет. Тие ректори меѓусебно кога ќе се прогласи овој универзитет ќе треба да се сретнат. За што ќе разговарат, само за средства, или ќе разговараат за наужни програми. Тие треба да разговарат за научни програми, а не да се разговара за средства, има ли, нема ли средства. За средства се знае кој треба да кажува.

Видете колку е, после финансиската конструкција, после тоа викнете од Министерството за финансии, откако ќе го соберете тоа, матична комисија, Министерство за образование, Одбор за акредитација и ректорите на факултетот. Повикајте претставници од Министерството за финансии, направете една финансиска конструкција колку навистина ќе чини оној универзитет. Ние можеме сега само да се напаѓаме позиција, опозиција, меѓутоа не знаеме колку ќе чини универзитетот. Овие два милиони евра така се дадени. Кажете колку. И десет ако се, ако се согласиме сите и десет ќе ги најдеме. Меѓутоа, да знаеме колку ќе чини. Да знаеме колку средства има, сега со колку средства располага овој универзитет, затоа што тој е постоечки, мора да располага со некои средства, да знаеме дали се тие доволни, дали не се, на каков начин тоа ќе го направиме. Ние како Парламент тука воопшто не знаеме. И вие не знаете. Затоа направете една аналиа, видете дали тие средства се подобри, да се направи нов универзитет или дали тие средства се доволни да се унапреди и уште да се зголеми нивото на студии на Југоисточниот универзитет. Ако е тоа така немојте да правите нов универзитет. Дајте ги тие средства за студентите. Тој универзитет, не е ни од ВМРО, не е ни од ДПА. Тој универзитет е на државата. Дајте ги тие средства во Југоисточниот универзитет затоа што со тие средства само вие ќе имате поголема потврда на студирањето на студентите.

Тие што студираат таму на некој начин вас благодарноста ќе ви ја искажат, не нас. Вие ќе одите таму и ќе кажете толку и толку средства, наместо нов универзитет ги даваме во Југоисточниот универзитет. И тие студенти што сега се на Малоречанскиот универзитет, на некој начин, значи со анализи, ќе се најде начин на каков начин и тие да се префрлат во Југоисточниот универзитет. Отворете факултети, отворете се. Зошто сте затворени. Отворете се. Науката треба да биде отворена. Кога ќе се направи таа програма, дојдете овде, пак ќе разговараме и тогаш ќе дебатираме како влада, ќе дебатирате вие, ќе дебатираат и претставници на парламентарната коалиција која воопшто не е присутна сега. Ние не знаеме сега дали тие сакаат закон или не сакаат, дали сакаат универзитет или не сакаат, а не сакаат. Сакате вие, тие не сакаат. Тие се дојдени овде само за гласање. Тоа треба да го знаете. И едноставно и ние како опозиција ќе изнајдеме начин на кој најдобар начин, ние сме за тоа тука, на каков најдобар можен начин да профункционираат високо образовните институции во Република Македонија, за интерес најпрво за Република Македонија, за интерес најпрво за студентите, без разлика дали се македонци или албанци, меѓутоа и за интерес на сите универзитети, и овој универзитет што саката да го направите и тој универзитет за легализација на Малоречанскиот универзитет и Универзитетот на Југоисточна Европа и Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” и Универзитетот “Свети Климент Охридски”. Значи за развој на сите универзитети ова треба да го направите. Затоа, сите овие предлози што ги даваме, кажете дали се согласувате, или не се согласувате, немојте да молчите. Ако не се согласувате, некој друг ќе каже друг предлог. Можеби со тој ќе се согласите. Меѓутоа во интерес на студентите мораме ние овие работи заеднички овде да ги направиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Љубчо Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе на Парламентот, почитувани пратеници,

Минатите десетина години владеачката коалиција не изненади со два збунувачки предлога. Едниот е оној за кој дискутираме денес за кој сметам воопшто дека не се

работи за некое претешко, сериозно национално прашање, ниту од аспект на македонците, ниту од аспект на албанците. И второто за кое сметам за кое навистина е многу сериозно национално прашање, тоа е Законот за територијална поделба со кое Владата стратешки и долгорочно ја раскршува унитарноста на Република Македонија и овозможува правење на федерации и конфедерации, и многу слични комбинации.

Зошто за овој предлог за кој дискутираме денес, не сметам дека е високо рационално прашање. Мислам дека одговорот сите го имаме, затоа што тоа прашање е апсолвирано, затоа што прашањето на високото образование на албанците веќе е надмината тема во Република Македонија и тоа многу јасно и двосмислено можевме да го слушнеме и од многу пратеници.

Исто така сметам дека и за македонците не е некое национално прашање. Напротив национално прашање е што повеќе образование за албанците во Република Македонија, а зошто мислам така, ќе се задржам малку подоцна. Значи, прашањето за кое зборуваме денеска, тоа е легализација на универзитетот Мала Речица односно негово претварање во државен универзитет е повеќе прашање на еден политички инает, на едно политичко изживување и дури на политички парадокс. Едноставно збунети сме затоа што сметаме дека ова прашање се враќа непотребно на дневен ред во Република Македонија, кога веќе знаеме дека ова прашање е завршено и ставено надавор од високите теми за кои треба да се дискутира, или пак уште повеќе да се губи толку време во нашите парламентарни расправи. Конечно дека се работи за едно надминато прашање и дека му се приоѓа само од аспект на задоволување на некакви политички суети, зборува и самиот факт на незаинтересираност на владеачките структури што сите ние го гледаме и за што многу пратеници дискутираа.

Меѓутоа, и во оние мали и почетни напади со кои се направи обид да се префрли топката повторно на страната на позицијата, од страна на пратениците на СДСМ и ДУИ, имаше обид да се обвини ВМРО-ДПМНЕ, па и другата опозиција дека е против високото образование на албанците, дека е против високото образование воопшто во Република Македонија односно да се наметнат инсинуации дека повторно некој сака да создава меѓуетнички тензии. Токму заради тие мали краткорочни обиди на напад кои, за среќа

многу брзо завршија и како што гледаме веќе подолго време останаа без аргументи односно би рекол повеќе денови останаа без аргументи во овој Парламент.

Сакам да потсетам налку за историјата на проблемот на високото образование во Република Македонија, меѓутоа и за оние кои се потрудија на време да го решат истото тоа прашање.

Ќе ве потсетам почитувани пратеници дека проблемот на високото образование во Република Македонија ескалираше благодарејќи на сегашната Влада предводена од СДСМ, некаде, ако не се лажам 1988, 1989 година, тогаш малку со подруго име, меѓутоа континуитетот е истиот, можеби со 80% истоветно политичка односно кадровска структура.

Ќе ве потсетам сите тука дека проблемот на високото образование на албанците и воопшто на образованието на албанците во Република Македонија, се отвори на широка врата во моментот кога сегашната партија на власт, тогаш инспирирана од нивните партиски другари од Белград кои го укинуваа Уставот и високото образование на Косово, ги направија истите чекори и во Република Македонија, па така беше укината Педагошката академија во тоа време и двојазичната еведиинција во школите во Република Македонија. Тој краткорочен чекор, за жал потоа се претвори во, ако не се лажам 15 годишна агонија на високото образование, затоа што албанците од сите политички партии и политички опции потоа перманентно тој пример на укинување на Педагошката академија го претставуваа како највисок степен на укинување на човековите права односно девалвација и понижување на нивните права во образованието. Дека е тоа така, јас ќе ве потсетам односно сите што учествувате во политиката во минатите 13 - 15 години.ногу добро знаат дали биле на власт или на опозиција, дека немаше дипломат кој доаѓаше во Македонија, во тоа време, во изминатите 12-13 години кој не го поставуваше тоа прашање како едно од главните прашања на човековите права во Република Македонија.

Вториот момент повторно го сврзувам со СДСМ, овој пат после 1992 година, ми се чини откога датира прашањето на високото образование, како повторна писмена иницијатива во македонските институции, за да кулминира со настаните 1995 година, ми се чини, со судирите во Мала Речица. И повторно ќе потсетам дека на власт во целиот тој

период беше актуелната власт на СДСМ. Значи повторно имаме 6 нови години на владеење на истата таа политичка структура која денес го обвинува ВМРО-ДПМНЕ и целата опозиција дека не сака високо образование на албанците во Република Македонија. Значи имаме 6 нови години каде, според зборовите на многу пратеници и политичари од ПДП, затоа што тие тогаш беа постојано во власта, на едно постојано возење, игри од ваков или онаков карактер. Тоа беше, едно повторно златно време кога СДСМ имаше апсолутна власт во Република Македонија, многу често, не само со просто мнозинство од 61 пратеник, туку многу често, ако не се лажам и 2/3 мнозинство затоа што 4 години ВМРО-ДПМНЕ не учествуваше во Парламентот, туку беше надвор од Парламентот односно вон парламентарна опозиција и повторно преспивање на целиот тој период на 6 години власт, да се реши и да се затвори прашањето на високото образование. И повторно ќе повторам дека во овие 13 години кога повторно стануваше збор за човекови права на албанците во Република Македонија, 90% се трошело само на времето, високо образование. Другите теми се спомнувале срамежливо или многу малку, во поглед на она кога станувало збор за високото образование. Значи повторно 6 години преспиени, од оние кои денес не убедуваат и сакаат да ни кажат колку многу е важно завршувањето на тетовскиот универзитет односно неговото претварање во државен универзитет.

Конечно дојде 1990 година, иста ваква расправа, кога тогашната Влада даде предлог за една форма на високо образование, со кој ќе се реши проблемот на високото образование на албанците во Република Македонија, така наречениот Штулов универзитет, односно Универзитетот на Југоисточна Европа, предлог на тогашната Влада кој беше дочекан на нож од СДСМ, од сите негови сателит партии, од сите негови сателит медиуми од Македонскиот универзитет и еден куп професори од Универзитетот Кирил и Методиј кои во тоа време имаа многу сила и храброст да го критикуваат тој проект за решавањето на високото образование, а денес гледаме нема ниту еден од нив да се јави во Република Македонија и да се бори против оваа парадоксална ситуација што ја имаме денес во Република Македонија.

Ќе ве потсетам дека чинот на Предлог проект со кој се решаваше високото образование, ВМРО-ДПМНЕ го чинеше, во таа фаза, загуба на 6 пратеници кои кога

излегоа од пратеничкиот состав на ВМРО-ДПМНЕ, главен мотив беше високото образование на албанците, таа 1999 година, за едне месец потоа, тоа се претвори во обид за рушење на Владата од истите тие пратеници, од истата таа структура. Значи се на се една голема политизација и ставање на едно толку високо национално прашање и тоа го изговарам навистина со одговорност затоа што длабоко сум убеден дека таа 1999 година, прашањето на високото образование во Република Македонија и за македонците и за албанците беше прашање од национален карактер. Денес, три години после тој настан, апсолутно не можам да се согласам дека е тоа прашање од национален карактер и национален интензитет и за македонците и за албанците. Значи тој храбар чекор ВМРО-ДПМНЕ и политичката партија и коалицијата која се наоѓаше тогаш на власт го плати многу скапо, со многу критики со многу напади. Бевме обвинети дека е тоа крунски доказ за предавството на ВМРО-ДПМНЕ на националните интереси на Република Македонија, а јас длабоко сум убеден и ден денес сметам дека ние тогаш прејудициравме еден потез и направивме еден чекор, во право време, можеби и задоцнето и тогаш, меѓутоа во право време за да се затвори прашањето на високото образование.

Меѓутоа, кога станува збор за сите тие 13, или ако земеме од 1988 година, кога беше направен чекорот на укинување на високото образование односно на тогашната Педагошка академија, ние не можеме да дојдеме до едно прашање, кое не често нашите гласачи и нашите граѓани го потценуваа, а тоа е прашањето какви визии даваа политичките партии во Република Македонија, за какви идеи се залагаат во одредено време и дали тие визии се остваруваат или не се остваруваат. Токму заради тоа ќе бидам слободен да ја дадам констатацијата.

Ако СДСМ 1988 година го укина високото образование на албанците, ако СДСМ 6 години од 1992 до 1998 година немаше слух да го реши прашањето на високото образование на албанците во Македонија и ако СДСМ направи невиден удар против ВМРО-ДПМНЕ во 1999 година кога го дадовме предлог решението за решавање на високото образование на албанците во Македонија, јас не можам ништо друго освен да констатирам дека ми е жал што во Република Македонија 13 години главна политичка партија која неколку пати се враќа на власт е СДСМ. Ваквата политика спрема прашањето на високото образование, не можам да го наречам ништо друго освен како

една краткорочна потврда на кусогледоста на СДСМ во Република Македонија, зад крупни национални прашања, кога тие треба да се пресечат и кога тие треба да се решат. Затоа уште еднаш ќе кажам дека овој предлог денес не претставува никакво навремено решавање на проблемите, туку напротив претставува навистина своевиден парадокс прегазен од времето, прегазен од настаните, прегазен од се она што може денес да го краси една современа и модерна политика.

Кога сме кај високото образование и разните инсинуации, јас само уште еднаш ќе го потврдам тоа што го кажав на почетокот.

Навистина сметам дека високото образование на албанците во Република Македонија е национален интерес за нашата држава и дека тоа не се голи зборови, ќе го потврдам со факти.

Нашата Влада беше Влада која 1999 година ја обнови укинатата Педагошка академија и ја претвори во нов Педагошки факултет. Нашата Влада го донесе Законот за така наречениот Вандер Штуловиот универзитет со кој може денес да се гордее цела Република Македонија и посебно албанците во Република Македонија затоа што со тој факултет многу факултети од скопскиот универзитет Свети “Кирил и Методиј” можат да позавидат и едноставно да имаат грижа на совеста како таму функционира и како таму работи истиот тој универзитет и факултетите што во неговите рамки.

Ќе потсетам дека Владата на Република Македонија исто така даде многу во насоката на средното образование на албанците во Република Македонија. И денес повторно ќе го поставам прашањето на своевидниот парадокс.

Ќе ве потсетам дека нашата Влада уште 1999 година во Буџетот за 2000 година, значи пред кризата одвои пари и ја почна изградбата на две средни училишта на албански јазик, за младите албанци Зеф Љуш Марку во Скопје и ми се чини Медицинската средна институција во Тетово.

Она што мене до ден денес ме збунува е зошто актуелниот министер за образование, зошто актуелната Влада и коалиционите партнери од ДУИ денес свесно го кочат, година и пол, после 15 септември, изградбата на двете овие институции за средно образование на албанците во Република Македонија. Дали во прашање повторно е само еден политички инает затоа што оваа, но со претходната Влада го почнала тој проект

пред нив, па сега се чека, а впрочем за тоа имаме и доказ, се поместуваат камел темелниците од едно место на друго, а проектите ги нема никаде. Сето тоа се примери со кои јасно доаѓа до израз дека претходната Влада свесно инвестирала во образованието и во средното образование и во високото образование на албанците во Република Македонија. А дека не се работи за лажно зборување дека сметаме оти е тоа национален интерес на Република Македонија, ќе ви ја откријам и тајната зошто сметаме дека тоа е национален интерес, затоа што длабоко бевме убедени, преку што повеќе ученици во средните училишта и што повеќе ученици во факултетите на алански јазик, ние ќе имаме еманципација и на македонскиот албанец, меѓутоа уште повеќе што е за нас важно, еманципација на албанката во Република Македонија, како нова личност, еманципирана која ќе може да внесе еден нов стил во животот на албанците во Република Македонија. Значи, зборовите и нашите заложби да се изградат тие средни училишта и да се направи тој универзитет за високото образование, не била само лажна понуда туку суштинска реалност и наша насушна потреба. Меѓутоа какви се напади и какви се удари доживеавме во тоа време, ние многу добро се сеќаваме, а мислам дека и денешните актери на политичката сцена исто така многу добро се сеќаваат. Значи нашите докази се многу јасни што е тоа што е направено за образованието, од било кој степен на албанците во Република Македонија и зошто денес се спротивставуваме на овој парадоксален закон кој денес се нуди во Република Македонија.

Нашето спротивставување е многу јасно:

Прво, затоа што е многу јасно дека се работи за политички инает, во конкретниов случај меѓу ПДП и ДУИ и ДПА од другата страна. Политички инает меѓу раководството на Вандер Штуловиот универзитет и познатото и славно раководство на малоречанскиот универзитет. Не се работи за ништо друго, освен за долгогодишен инает на две структури. Доброто во целата таа работа што и двете структури се албански, за да не испадне дека некој повторно загрева меѓуетнички судии. Чист класичен политички инает, кој ќе испадне попометен, кој ќе оствари една или друга материјална корист, а во конкретниов случај јасно каде оди тоа. Оди во малоречанскиот универзитет.

Зошто велиме изживување? Затоа што, почитувани пратеници ние малку го заборавамe фактот дека во овој момент, кога зборуваме за легализација на тетовскиот

универзитет, ние имаме една конкретна ситуација што јас можам да ја наречам од аспект на македонската Влада чист државен, а потоа и национален мазохизам, затоа што да дозволи Владата на Република Македонија да излегува со ваков закон кога истиот тој универзитет, истиот тој ректорат ги узурпира институциите на државата, го узурпира “Тетово табак”, го узурпира “Македонија табак”, кога ги узурпира на ист таков насилен начин спортската сала во Тетово, на ист таков начин го узурпира стадионот во Тетово. Секој ден чекаме командантот, легендарниот веќе командант Баци да го узурпира и “Медицинска пластика”, затоа што веќе се знае дека човекот сакал од “Медицинска пластика” да прави универзитетска библиотека, многу бил по читањето, па сака и тој простор да го заземе во Тетово. Значи, не може сето тоа да се нарече со ниту еден друг збор, туку државен мазохизам, како министрите, како Владата која е задолжена да ги штитат институциите во Република Македонија, правниот систем во Република Македонија, да ужива во ваквиот стил на командант Баци. Јас не можам ништо друго да спомнам, односно само да му честитам на неговиот стил, затоа што тоа очиогледно функционира кај Владата на Република Македонија во денешно време.

Го заборавaме фактот кога една недела трошиме за оваа дискусија, ние имаме узурпирани институции, узурпирани згради во Тетово, имаме узурпирани улици и плоштади и цели објекти во нашиот град Тетово.

Да не зборувам за парадоксот. Зошто парадокс? Затоа што, прво, сите дискутанти се согласија дека предлогот на закон е комплетно несериозен, без никаква програма, без какви професори, без во какви згради, без каква опрема. Едноставно, само лист хартија со кој што ние треба да го прогласиме малоречанскиот универзитет во нов државен универзитет на Република Македонија.

Затоа, уште еднаш ќе потенцирам, на крајот на краиштата, тоа што беше спомнато многу пати, повторно со ова прашање не се решава проблемот. Не се решава проблемот затоа што таканаречениот малоречански универзитет се признаваат само пет факултети, а осум други остануваат непризнати. Значи, после неколку месеци или после една година ќе имаме повторно проблем, повторно притисок и останатите осум да се признаат и да се легализираат. Не се решава проблемот, затоа што од другата страна, една институција што функционира како докажана во нејзиното функционирање,

Штуловиот универзитет, повторно се остава без решавање на финансиското прашање, нефинансиското покритие, а знаеме дека овие донации од странство ќе пресушат. И, после година, после две години, ние ќе мораме како држава да го поставиме прашањето и на финансирањето на високообразовната институција, на таканаречениот Штулов универзитет. Повторно дискусии, повторно отворени прашања, пвоторно нерешени прашања и кругот ќе продолжиме да го вртиме во една иста линија.

Токму заради тоа, сметам дека денеска, при решавањето, при гласањето за овој проблем, најмалку треба да се појде од она што се нарекува политички инает или политичко изживување, политички парадокс. Сметам дека власта, составена пред се од СДСМ, ЛДП и од ДУИ треба да ја прифати подготвеноста на опозицијата во која, повторно да биде проблемот помал за решавање се и ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија, меѓутоа и ДПА. Нашиот предлог сметам дека горе - доле е идентичен и со малку разбирање ние можеме овој парадоксален пример на закон да го надминеме.

Имено, целата опозиција денеска има согласност дека овој закон треба да се повлече назад во Владата, дека треба да се излезе со заеднички проблем односно со заедничко решение на спојување на тие два универзитети во еден. Никој нема против, јас само ќе потсетам дека и при Ван Дер Штуловиот универзитет беше исто и тогаш изразена надежта дека Мала Речица, со она што е вредно, со она што не се поклопува со Ван Дер Штуловиот универзитет треба да се спои и да биде една институција за високото образование во Република Македонија.

Во таа насока јас можам само да потенцирам дека со едно вакво решение ќе имаме едно општо задоволство и кај власта и кај опозицијата и ќе покажеме една големина како држава и како власт и како опозиција, затоа што ќе решиме, ќе затвориме едно прашање.

Вториот проблем, никој нема против овие истите средства да се префрлат на тој нов високообразовен центар, бидејќи на тој начин ќе имаме вистинско функционирање и решавање на таму некои клаузули од Охридскиот договор што некој сака да ги толкува на вакoв или онаков начин - финансиско поддржување на високото образование во Република Македонија. Секоја злоупотреба и поврзување на малореченскиот универзитет со Охридскиот договор исто така е од оној аспект на

прашања што во последно време се повеќе ги слушаме дека Охридскиот договор треба да се чита широко и пространо во неговиот дух.

Јасен е истиот тој Охридски договор, а самиот факт што во Охрид можеби ни 15 минути не се отворило прашањето на високото образование, зборува дека тоа прашање било затворено со високото образование на албанците 1999 година, со Ван Дер Штуловиот универзитет освен финансиската поддршка на тој универзитет.

Жалам што морам да спомнам дека навистина неотребно, актуелната власт во Република Македонија, без некоја сериозна најава, без некоја сериозна издржаност денеска ни нуди еден комлетно несериозен законски проект, прво како напишан текст. Станува збор за несериозен законски проект. И навистина сум шокиран од молкот на сите уверзитетски професори во Република Македонија кои на еден таков успешен начин молчат пред политичкиот чин на донесување на една ваква високообразовна институција, а потоа пред она што се нарекува несериозност и неиздржаност на законскиот проект што денеска е понуден.

Затоа, уште еднаш ќе повикам дека оваа подготвеност на опозицијата да се излезе со единствен проект и да се реши трајно прашањето на високото образование на албанците во Република Македонија треба да се искористи. Треба Владата да го повлече овој законски проект и да се излезе со едно заедничко решение што ќе не задоволи сите нас.

На крајот, навистина не можам уште еднаш да се изначудам со каква умешност и со каква непотребност актуелната влада отвори едно затворено прашање во Република Македонија, на каков начин повторно успеа да ги запали страстите, меѓуетнички во Република Македонија за едно прашање што сите ние го сметавме дека е затворено. Фактот дека со ова прашање не само не се затвора ништо, туку се отвора нов долг што треба повторно да се решава после неколку години, јасно зборува дека навистина се работи за предлог од многу краток политички здив.

Затоа, сметам дека овој интерес на опозицијата да се реши проблемот да се искористи треба законскиот предлог да се повлече и да се излезе со ново решение каде што високообразовните институции во Република Македонија ќе се понудат обединето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Георгиевски.

Повелете господине Рамадани. Имате реплика од три минути.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Знам дека ќе реплицирате, ќе го браните нормално.

Господине Георгиевски, вие направивте многу добра хронологија на настаните. Само потврдивте една теза за која што ние многу често разговаравме. Изгледа дека вашите спротивставувања што сте ги правеле овие години меѓу вас и СДСМ, секогаш сметката била чиста меѓу вас и албанците. На албанците да се нанесе штета во однос на албанците. 1994 - 1995 година кога се нападна Тетовскиот универзитет, да, СДСМ го направи тоа. Меѓутоа, вие многу добро го подржавте тоа преку ваши изјави и тоа многу голема поддршка дадовте тогаш. Кога се основа, со големи маки, Педагошкиот факултет, со многу голема работа а на ПДП, вие собравте илјадници и илјадници студенти пред Собранието за да кажете не и на тој Педагошки факултет што претставуваше исто така дозирано високо образование за албанците.

Што е уште полошо, во овие замки многу често сме паѓале и ние како албански политички партии. Дефинитивно, помислив на ова. Меѓуетничките односи во Република Македонија никогаш не биле регулирани на ниво на државни институции, туку односите меѓу македонците и албанците биле регулирани на ниво на политички партии. Што значи извонредни меѓуетнички односи меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, што значи меѓу раководствата а денеска има одлични меѓуетнички односи меѓу СДСМ и ДУИ, а некогаш имало многу добри меѓуетнички односи меѓу СДСМ и ПДП. Од ова произлегува дека секогаш имало одлични меѓуетнички односи меѓу македонците и албанците, меѓутоа во рамките на политичките партии и во рамките на она кога е некој во опозиција, а кога е во позиција.

Доколку имав време ќе ја развиев оваа теза малку повеќе, меѓу тоа ова е заклучокот. Доколку е тоа така, ве молам да прекинете со вашите дозирања на образованието на албанците во Република Македонија. Доколку овој проект претставува

дозирање, а вие се спротивставувате на СДСМ дека дава многу, а вие велите дека е малку, а нам ни изгледа дека е малку и сето она што сте го спомнале во изминатите години за нас било секогаш малку, за опозицијата многу, за СДСМ многу и вие меѓу вас сте направиле едно спротивставување. Меѓутоа ние оваа игра ја знаеме и јасно ви ја кажуваме. Воопшто да не се мачите, оваа работа повеќе не ви оди. Ви велам најдобро е да се реши проблемот вака.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја пречекоривте репликата, така што следниот пат 20 секунди помалку ќе ви сметам.

Една минута има за контрареплика господинот Георгиевски.

Повелете.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Во принцип не сум од оние кои многу реплицираат, меѓутоа господинот Рамадани спомна една работа, дека 1995 година, кога имаше полициска интервенција ВМРО-ДПМНЕ ја подржа таа интервенција кога беше во опозиција. Точно е и сметаме дека е обврска на секоја опозиција, кога власта има безбедносни проблеми да ја подржува. Добро што потсетивте на еден таков момент, можеби не толку критичен, меѓутоа малку критичен кога ВМРО-ДПМНЕ ја поддржа, како опозиција, македонската полиција во интервенцијата во Тетово.

Меѓутоа, многу добро се сеќавам дека ПДП во тоа време беше дел од власта. Ние бевме во опозиција, а ПДП беше дел од власта. Ќе Ве потсетам дека и ПДП ја поддржа таа интервенција, имено, ние во тоа време отворено го прозивавме ПДП, а подоцна се уверивме дека кога беше таа интервенција ПДП не го поставило прашањето на Влада зошто е таа интервенција, ниту побарала специјална седница зошто е таа интервенција, ниту направи чекор да излезе од власта или некој посериозен чекор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Георгиевски, минутата Ви заврши.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

ПДП и ВМРО-ДПМНЕ очигледно имале исти позиции во тоа време . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Георгиевски, Ве молам, крај.

Нема друга реплика.

Не можете реплика на реплика.

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов, а по него нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Деновиве во Република Македонија се заврши, еден во други услови или кога друг законски предлог на Владата би бил во прашање и посакуван настан. Имено, станува збор за средбата на највисоко ниво, значи беа присутни ректорите на универтските заедници во рамките на Коридорот 8, значи од Република Италија, Република Албанија, Република Македонија и Република Бугарија.

Во принцип, како што доликува на една таква средба, интелектуалците од овие земји долж Коридорот 8 се залагаа за прифаќање на унифицирани европски стандарди во областа на образованието во рамките на високото образование и според информациите со кои располагаме, сето одело навистина на одредено академско ниво се додека во рамките на дискусијата некои од соговорниците, односно од учесниците на дискусијата не спомал дека во Република Македонија егзистира парауниверзитет за кој сега Владата се обидува да го протурка како законски предлог во Собранието.

Изненадено на оваа констатација за парауниверзитетот реагирал ректорот на Универзитетот од Бари и побарал објаснување, но наеднаш техниката за преведување се расипала. Претседавачот со овој висок симпозиум објавил пауза од 15-тина минути, се разбира, ректорот на Универзитетот од Бари е од Бари, не е паднат од месечината и после паузата видел дека насоката се движи во една сосема релаксирана атмосфера без притоа да се спомне парауниверзитетот и обидот на Владата истиот да влезе во системот на институциите во Република Македонија.

Нормално, Владата не ја интересира, а би требало да ја интересира, особено господинот Црвенковски, затоа што тој најверојатно, доколку дојде до изгласување на овој закон, треба да очекуваме дека ќе добие титула почесен доктор на универзитетот, но се плашам дека целиот предлог ќе заврши како Бранковиот закон и незнам, не сум сретнал случај во историјата што се случува со почесните доктори кога нивниот проект пропаѓа во рок од шест месеци, а највеќе до една година.

Значи, во рамките на една таква академска расправа, претставниците на академската мисла, односно на универзитетската заедница на Република Македонија проговорија пред нивните колеги за парауниверзитетот, веднаш потоа се расипа техниката и сите тие ретерираа.

Се разбира, доколку, кога зборуваме за предлог законот кој е максимално лицемерен, ќе повторам уште еднаш, од страна на Владата, можеме само да претпоставиме зошто се оставени оние 8 факултети во резерва. Ние знаеме дека Владата се обидува да се појави со еден пакет закони врзани со територијалната поделба, врзани со финансирањето, врзани со Локалната самоуправа, но, според одредени информации, бидејќи Република Македонија, Владата на господинот Црвенковски, преку своите министри, но и самиот лично, впрочем, дури и ние како Собрание бевме инволвирани неколкупати да расправаме за такви прашања, се обидува да влезе во чекор со евроинтеграциските процеси, особено да не приближи до НАТО-структурите и Европската Унија, како институционален дел од Европскиот континент.

Можам, бездруго, да го дочекам денот кога Министерството за одбрана ќе излезе со предлог дека во рамките на ослободување од несуштествените делови на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија дека на пример Касарната Кузман Јосифовски Питу во Тетово во рамките на структурирањето на нашата армија по принципот на НАТО земјите, објектите, инфраструктурата во Тетовската касарна ќе ги дадеме на тендер, а ние ќе се префрлиме на пример во Еребино, затоа што обично базите во земјите членки на НАТО не се наоѓаат баш во централните градски подрачја, туку се како една изолирана инфраструктурна единица со посебни обележја, означени со посебен режим на движење, зависи до степенот на важност и функцијата и

оние што доаѓаат и заминуваат од институциите кои се наоѓаат во рамките на една таква база.

Значи, тогаш очекувам Министерството за одбрана да излезе со предлогот дека ние ги градиме мерките на доверба, се ослободуваме од несуштествените објекти, дејности на армијата и на Министерството за одбрана, за тоа верувам ако некои од командантите кои лобираат за дивиот универзитет во Мала Речица има намера да гради универзитетска библиотека во Медицинска пластика, можеби некој ќе гради најверојатно студеннтски дом во рамките на Касарната Кузман Јосифовски Питу во Тетово.

Бидејќи гледаме практично тој еден голем универзитетски град кој ние наивно мислевме дека е Тетово, прераснува во еден значаен универзитетски центар во овој дел од Европа и верувам дека мора да биде и инфраструктурно и со сите останати капацитети во состојба да го прифати сиот оној наплив на професори и на студенти, патем речено, ние се обидуваме, можеби навистина нема никаква роднинска врска помеѓу лицата кои ги потпишувале оние изјави дека се согласуваат да конкурираат, да влезат во работен однос во дивиот универзитет во Мала Речица, но малку изненадува затоа што како серија се наредени дузина имиња, практично со исто презиме. Можеби станува збор за научни династии, не е ништо непознато во светот на науката, можеби овој пат станува збор за нешто слично. Но, во секој случај, лаички кога гледаме, бидејќи ние како опозиција шест-седум дена се обидуваме и од Владата и од парламентарното мнозинство да разбереме за што всушност станува збор, тие одговори, очигледно е дека ги немаме и најверојатно нема да ги добиеме до крајот на оваа расправа, без оглед кога таа евентуално би завршила.

Чисто како информација, би сакал да напоменам дека и такво нешто се случува. Би сакал да направам една паралела со неодамна завршениот конкурс за избор на државни службеници, 600 беа на број кои припаѓаат на припадниците на македонските граѓани од немакедонско етничко потекло. Стануваше збор за конкурс за примање на 600 такви лица, Владата се обиде тоа да го направи на своја рака така како што таа умее, значи паритетно да си подели што припаѓа на овој коалиционен партнер што припаѓа на оној коалиционен партнер, но среќа тие не ја спроведуваа постапката, па првиот пат кога ги фатија, што се вели со раката во теглата, Европската Унија се закани дека таа ќе се

повлече од поддржувањето на овој проект, доколку Владата не ретерира од спроведување на конкурсот така како што го спроведе.

Сега, јас не сум сигурен дали треба да очекуваме во тие 600 луѓе кои се упатени на обука, кои ќе бидат државни службеници колкумина од нив имаат диплома од малоречанскиот универзитет, од дивиот универзитет, колкумина од нив конкурирале со дипломи од постојните, од членките на високообразовната заедница на Република Македонија и се плашам дека можеби за евентуално легализираните дипломи на малоречанските студенти едноставно ќе нема место во државната администрација, затоа што знаеме дека Владата така како што штеди цело време, таа е максимално штедлива, ќе мора да се ориентира кон приватната иницијатива, бидејќи во предлогот од оние пет факултети кои треба да се легализираат имаат и егзатни науки, природни науки, очекувам, да речеме, да прочитам на насловна страница во некој дневен весник дека Семос компјутери реши да вработи пет високопрофитни, квалитетни, максимално професионално обучени и незнам до небеса способни информатичари и тие ќе бидат во маркетинг, во развој на софтвер, во било каде и својата кариера ќе ја најдат во Семос-компјутери.

Понатаму очекувам тој чекор да го следат и останатите стопанственици, очекувам технолозите од малоречанскиот универзитет да се ангажираат во Скопска Пивара. Ние знаеме дека веќе екс министерот за економија заедно со еден од бордот на директорите на Пивара започнаа со една стратегија за конкурентност на македонските претпријатија и нивно претставување во рамките на глобалниот европски пазар. Очекувам дипломци, магистранти, докторанти од овој универзитет, исто така да најдат свое место и да работат во рамките на една кампања која во времето на Владата на ВМРО се викаше “купувајте македонски производи” и тие да почнат да шетаат низ Европа и светот и да го убедуваат странскиот капитал да тргува, да вложува, да инвестира во Република Македонија односно да ги убедуваат нив да купуваат македонски производи. Очекувам тоа да го видам наскоро, но мислам дека господинот Црвенковски мора малку повеќе да се ангажира, без оглед што јас верувам Тоше Проевски има љубители и овде присутни во оваа сала иако се чувствувам пријатно затоа што воглавно се чувствувам во познато

партиско опкружување, не гледам некои од владиното мнозинство, особено оние што се најповикани.

Значи, ако не можел премиерот, можел вице-премиерот за Европски интеграции, затоа што преку викендот слушнавме одредени изјави токму од вице-премиерот кој е одговорен за евроинтеграциските текови и соработката и комуникацијата со Европската унија дека овој не е во Рамковниот договор, но тоа нема врска и потоа еден збор од кој јас навистина се вознемирив, вели дека и понатаму ние ќе ги поддржуваме политиките и знаеме дека ќе има напади на тие политики кои Владата ги преземаше и ќе ги презема. Јас мислев дека поентата на егзистенцијата на секоја Влада е напротив да не води политика, значи, тоа да не биде во множина, туку да води политика и тоа една единствена, концизна политика која како еден збир од повеќе сегменти кои ја одразуваат и отсликуваат внатрешната стабилност на една држава и нејзината надворешна комуникација која е базирана врз таа внатрешна стабилност.

Значи, очекувам, се надевам, а бидејќи гледам дека одредени медиуми ја преземаат улогата на владино мнозинство во Парламентот, можеби одговорот на овие прашања ќе стигне брзо, можеби ќе видам на телопите и на страниците на некои весници веднаш дека има конкурс на пет, можеби и тие ќе ме демантираат, па ќе има за десетмина квалификувани високопрофесионално обучени кои би работеле во Семос-компјутери.

Владата, сакам да истакнам, дека се лаже со овој молк кој се обидува да биде погласен од говорењето на опозицијата дека поаѓајќи од народната “секое чудо за три дена” дека опозицијата ќе ретерира во своите ставови, но, колку што можете да го видите расположението на повеќето пратеници и од ВМРО и од Либералната партија, мене ми изгледаат доста сериозно, особено неколкумина наши колеги кои максимално се трудат Владата да ретерира во овој случај и Владата да го повлече Предлог законот, да го врати во нормална процедура, затоа што од 15 септември, односно од формирањето на Владата на Црвенковски, се надеваме дека наскоро ќе биде почесен доктор од Мала Речица, во неколку наврати исклучително важни законски проекти, без оглед дали станува збор за законски проекти кои се врзани за внатрешната стабилност на Република Македонија или имаат врска со надворешната политика на Република Македонија,

последен беше договорот за Проксима, да го протури во Собранието, практично да го протури како и самата Влада да чувствува дека прави навистина нешто погрешно, затоа што, ако Владата е убедена, јас ќе речам политиката нема да користам множина, како вице-премиерот политиките на Владата, сакам да ја препознаам по една политика, не по многу, тоа ќе го прави во една нормална постапка и во Собранието и во јавноста. Во случајот, станува збор кој ако не повеќе постоечките универзитети. Некој од моите колеги зборуваше дека овде седат универзитетски професори. Точно, но овие неколку дена дебатираат универзитетските професори од редовите на опозицијата. Оние од владиното мнозинство, секоја чест на исклучоците, се доста гласни во ходникот, тие не излегуваат на говорница, нивните реплики ги кажуваат таму надвор во ходникот така што ако сега некој дојде, апансас, што викаат старите, наеднаш, ненајавено, ќе има проблем, ако не е запознат со политичката клима во Република Македонија, ќе има проблем да сфати како е можно опозицијата да работи во Собранието, а Владата да е надвор, да се крие, да бега. Обично Владата, бидејќи ги има инструментите на државата е таа што секогаш има повеќе информации и секогаш може да изненади, таа е што го диктира темпото како ќе се развиваат било кои односи, сакате да ги земете во Република Македонија. Владата едноставно поради тоа што на располагање и стојат сите ресурси, капацитети на државата е таа што го бира времето, местото, начинот што и како ќе направиме. Оваа Влада очигледно се плаши. Добро, јасно ни е тие можат да кажуваат што сакаат овде, но сите индивидуално особено како колектив се свесни за заедничката неспособност дека тие не функционираат. Нивната неспособност можат да ја кријат само на овој начин. Да расправаме за Проксима, апансас, да расправаме . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам господине Трендафилов, расправајте за законот, Проксима помина.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Дали можам да продолжам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можете, продолжете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, што сакам како поента да го кажам?

Криејќи се во својата неспособност, Владата и нема друг избор освен да излезе со лицемерни предлози како што е овој. Предлог на закон од пет члена, не го броиме член 6 што вели овој Закон ќе стапи во сила осмиот ден од објавување во Службен весник, 200 страници некаков проект кој има цели династии кои ќе предаваат незнам со какви звања, дури има луѓе кои се согласиле дека ќе работат во дивиот малоречански универзитет, но ете заборавиле да напишат што се по професија и каде завршиле. Значи, само име и презиме пишува и евентуално од каде е лицето кое е потписник на еден таков вид изјава. Да не зборувам дека оваа високостручна установа располага со тоа што располага и меѓу сите оние во една прецизна спецификација, морам да признаам, и се промакнала една мала грешка од техничка природа, имено би рекол не сум сигурен дали оние пет решоа со кои располага овој универзитет се на плин или станува збор за електрични. Но, верувам дека ако уште еднаш ја прочитаме кој знае што се ќе најдеме, има предмети во наставните содржини, кои се повторуваат.

Ако добро ме служи помнењето на факултетот за хуманистички науки и уметности значи се учи историја на античка Македонија, историја на албанскиот народ потоа повторно историја на античка Македонија. И ние се чудевме дали некои од оние кои евентуално ќе влезат во наставниот колегиум на овој универзитет зборуваат за Илири, Траки, тоа ме потсетува на едни многу чудни времиња, би биле смешни доколку не расправаме за една ваква сериозна тема. Но, и расправајќи за една ваква сериозна тема Владата и владиното мнозинство немаат смелост да се соочат со претставниците на ВМРО, немаат смелост да се соочат со претставниците воопшто на опозицијата, немаат смелост тоа што така гласно се обидуваат да го кажуваат во ходниците и во бифето на Собранието, да го кажат овде, од ова место, затоа што е ова Парламент. Се знае каде и како се дискутира во Собрание, не само во Собранието на РМ, туку воопшто. Но, можеби од навика, затоа што во 1999 година и во 2000 беа промотори на исклучително агресивна улична политика, ете, како професионална деформација им останала и таа уличарска нишка во нив, да кажеме. Значи, се плашам од уште една дилема, обично оваа Влада на Црвенковски да не подготвува нешто далеку пострашно од овој Предлог закон кој се наоѓа пред нас. Да видиме во деновиве што следат дали ќе биде притворен поранешен функционер од ВМРО дали ќе читаме од оние поранешни полициски досиеја, на пример дали ќе читаме извадоци од темел објавен во некој дневен весник за незнам, овој е таков, овој е онаков. Но, мислам дека треба да очекуваме нешто такво, затоа што утре пак што би рекол г-динот Костов стапува на сила полициската држава во РМ. Што се однесува до нас полициската држава стапи на сила уште на 15 септември минатата година. Сега г-динот Костов само тоа така фино верува низ системот на инситуциите ќе го спроведе затоа што тој своевремено гарантираше и фер судска постапка. Замислете, министер за внатрешни работи гарантира дека ете судот и истражните органи фер и  до крај ќе ја спроведат постапката. Затоа се плашам дека оваа Влада во нејзината неспособност е подготвена да предизвика што е можно поголема катастрофа за да ја скрие својата неспособност, затоа што нивната и политичка егзистенција која ќе биде верувам и со политички рејтинг платена, или материјално платена како што е овој очигледен веќе договор помеѓу клучните коалициони партнери на Црвенковски и г-инот Фадил Сулејмани

во рамките на неговите деловни способности, па тој своевремено доста тргувал на берзата и се обезбедил со акциите од Тетово Табак, дека тие и само во такви услови знаат да егзисстираат. Ним им пречат правила, им пречат закони, и затоа треба или со законите да се изманипулира, или да се променат во некаква квази состојба во која само силата и инструментите на сила со кои располага државата ќе може да им овозможи да егзистираат не само на политичката сцена туку насекаде. Сега, обично Владата секој проект се обидува да го поткрепи со изјава на некој странски претставник во РМ. Знаеме дека дури и министри во Владата на Црвенковски често се јавуваат во улога на брифери со новинарите, па сме сведоци на разни надреални, на разни состојби за кои мислевме дека дефинитивно се минато во Европа, но, еве кај нас на голема врата се враќаат. Ме чуди зошто во овој момент не се обиде да обезбеди ниту една единствена изјава од некој претставник, или на странска држава во Република Македонија кој како амбасадор ги претставува интересите на својата земја кај нас, или од првите луѓе на неколку меѓународни институции и организации кои се наоѓаат во РМ. Обично за нив се завршуваше со тоа. Се сеќавате кога се објавија резултатите од Пописот во РМ всушност претставниците на коалицијата на г-динот Црвенковски дури  тврдеа дека, што ќе рече меѓународната заедница понатаму не е важно. Лета ли магарето, што велат старите, лета, ама ниско, ама важно лета. И сега јас сум изненаден од една досега конзистентна политика во стил на оваа народна поговорка која сега ја спомнав, наеднаш Владава на г-динот Црвенковски изигрува некаква самостојност, некаква благодарение на високата свест филозофија и не се консултира со никој од меѓународната заедница и упорно се обидува да го истурка овој лицемерен предлог пред Собранието на Република Македонија. Мислам дека доколку и тоа се случи дека ќе отпочнеме некакви процеси барем во рамките на она што се нарекува уназадување на демокртските процеси во РМ. во ВМРО обично  демократските процеси, или демократијата како појава се сфаќа како процес кој никогаш не завршува. Очигледно за СДСМ сваќањето е дека демократијата кај нив никогаш не ни почнала. Очекувам дека ќе почнат некакви поместувања во тој правец, затоа што на повеќето луѓе во моментов во очи на Нова година и на Божиќните празници воопшто не им е грижа ниту за СДСМ, ниту за Министерството за образование ниту за министерстовто за внатрешни работи тие се загрижени како ќе ги поминат божиќните

празници, затоа што тие не можат да ги поминат на начин како што би сакале да ги чувствуваат Божиќните празници тие и нивното семејство. Дека тој елемент можеби следната година ќе ни овозможи да се размрдаат повторно демокртските процеси кои апсолутно сега се максимално уназадени,максимално уништени. За жал овој предлог закон е резултат на таквите демократски процеси во РМ, затоа што ако тие беа на она ниво на кое беа во минатото, Влада која држи до својата сериозност и Влада која се труди да ја оствари основната функција да се грижи за благосостојбата и просперитетот на сопствените граѓани, немаше ниту на сон, ниту да се осмели да се појави со еден таков таканаречен проект од 200 страни за легализација на дива нелегална институција, затоа што сериозна Влада немаше да дозволува да се прават политички пазари и договори на релација коалиционен партнер, некое лице кое се претставува ректор, затоа што Влада ќе отидеше веднаш во зградата на Тетово табак и за уши ќе ги извадеше оние кои со сила го узурпираа тој имот за кој знаете каква постапка е во тек, а не својата сила да ја продава на пазарите гонејќи малолетници, или да се фали со незнам, луѓе кои допрва треба да бидат предмет на истрага, ако воопшто до таква дојде, или да се занимава со брифирање од најдолен полициски тип и луѓето да се подготвуваат за отстрел како што за жал во РМ се случува. Ова е преседан. Бездруго како и да заврши оваа расправа, кога и да заврши оваа расправа, исходот повеќе не е битен. Мене ми е жал што барем генералниот секретар на СДСМ не е тука. Тој во текот на петочно саботната расправа нешто се обидуваше да каже, јас го разбирав само: маските паднаа, маските паднаа. Би сакал да истакнам дека навистина маските паднаа затоа што просто е несватливо мнозинство, владиното мнозинство упорно да молчи и воопшто да одбегнува едноставно да присуствува на пленарната седница на која е предлог закон на Влада зад кое тие стојат. Или интимно во себе тие се срамат, тие се срамат најверојатно од овој предлог, затоа што тука неколкумина пратеници токму од СДСМ кажаа и поинакви мислења. Колегите велат кои се членови на Комисијата за образование, а и неколкумина кои се пријавија да зборуваат на оваа тема претпоставувам во иста насока, или барем во слична насока како што тоа го прават ВМРО, Либералната партија и ДПА веднаш беа повикани, некои биле повикани и од претставници на Владата да ретерираат во

сопственоиот став, затоа што и навистина тие се толку многу, ако им се дозволи на сите да мислат кој знае што ќе се случи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Деловнички г-динот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас би сакал г-дине претседателе да ве прашам врз основа на кој член од Деловникот на Собранието на РМ не држите во овие ноќни саати? Дали вие точно знаете врз основа на кое деловничко и статутарно право вие тоа го правите?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Врз основа на одлуката да се работи. А, крајот на седницата претседателот го објавува, или по предлог на еден пратеник со поддршка од 10 пратеници. Има таков член и вие тоа можете да го искористите ако сакате. Јас не сакам да полемизирам, јас ви објаснив.

Има збор г-динот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван г-дине претседател на Собранието, почитувани пратеници, 5-6 дена во Собранието на РМ се дисккутира нза овој закон и сеуште граѓаните на РМ кои што доста будно ги пратат случувањата поврзани со овој закон не можат да разберат, делумно тоа и не им е објаснето, затоа што поголем дел, односно во моментов сите пратеници на СДСМ не се во салата, тие се надвор, во ходниците, дома, по ресторани итн. меѓутоа, во салата ги нема да објаснат. Во првите денови нешто така малку објаснија, меѓутоа сеуште граѓаните на оваа држава не можат да разберат од каде доаѓа оваа толку голема настојчивост да се прогласи, овој универзитет да се прогласи за легален, значи еден класичен илегален универзитет, да се прогласи за легален еден див универзитет што ги иритира граѓаните на РМ, прво, македонците, а потоа и македонците од албанско етничко потекло, нормално дел од нив. Еден универзитет каде што апсолутно нема да има никаков квалитет во наставата, автоматски не може да произлезе и некој посебен квалитет во кадрите што ќе излезат, за каков квалитет можеме да зборуваме кога како што споменавме најголем дел од професорите на овој факултет што ќе бидат се професори кои што дипломирале, магистрирале и докторирале на овој див нелегален

универзитет без никакви стандарди во образованието, а еден друг дел се приштински професори од каде што исто така излегуваат многу силни кадри. Не може да стане збор за квалитет кога се работи во услови во кои што не се исполнети ниту минималните стандарди на работење во образованието, во приватни куќи, во запоседнати згради итн. Еден закон каде што се притиска да се прифати еден закон каде што има купишта прекршувања во досегашната постапка на брзина донесена акредитација, набрзина направена програма која што покажува катастрофални нешта во деталите во програмата . И конечно да се прогласи за легален еден универзитет чиј што ректорат се наоѓа во една зграда која што е освоена со оружје. Замислете во 21-век треба овој парламент да легализира зграда која што паравоена формација пред неколку месеци ја освои со оружје и ја чуваше еден период со оружје, незнам сега како е во оваа ситуација, дали сватија дека Владата нема намера таму да интервенира, можеби на почетокот се плашеа дека власта ќе реагира, меѓутоа после сватија дека оваа власт не реагира на такви работи. Зошто би си создавала такви нелагодности, да интервенира, да ја заштити сопственоста, приватната сопственост во оваа држава која што е многу важна работа за привлекување на странски инвеститори затоа што ако некој странски инвеститор сака да купи нешто во оваа држава да инвестира, на него може да му се случи одредена групација со оружје да му влезе, да му го земе имотот и Владата да не реагира. Да каже, тоа ќе се реши на суд итн. И токму заради тоа оваа година имаме само 22 милиони долари странски инвестиции во првите 7 месеци од годината, што очигледно оваа Влада не ја загрижува толку многу како што ја загрижува и притиска за едно деноноќно работење за признавање на еден див универзитет заради задоволување на теснопартиските интереси на две партии за што е можно подолго да останат на власт, што е можно подолго да владеат, тоа е власт заради власт без некоја конкретна цел што да се постигне и зошто да се постигне, односно без да се замисли одреден развој и просперитет. Ние долго дискутиравме околу можностите за решавање на овој проблем на друг нажин. Зборувавме дека овој див универзитет, делови од него би можеле да се припојат кон Штуловиот униерзитет, или универзитетот на југоисточна Европа кој што според сите сознанија и оценки функционира одлично кој што е мултиетнички, покрај албанци, студираат македонци, се студира и на англиски јазик. И како што знаеме Рамковнот договор предвидува дека овој универзитет после и

договорот воопшто кога овој универзитет се формира, договорот со меѓународната заедница која што вложи големи средства и големи напори за изградба на овој универзитет, беше планирано после 5 години од основањето и работењето на овој приватен универзитгет државата да започне со финансирање на проекти од национален интерес кој Што ќе бидсат изработени на Штуловиот универзитет и ова значи дека некаде од 2005, 2006 година, овој универзитет полека ќе почне да добива одредена делумна финансиска поддршка од државата и на тој начин таа поддршка ќе овозможи за негов понатамошен развој и понатамошно збогатување и со кадри и со опрема и со секаков вид на квалитет. Значи, припојувањето односно залепувањето да речеме на овој див и нелегален универзитет кон Штуловиот навистина може да биде едно интересно решение кое што постепено ќе ги реши проблемите. Но очигледно дека тоа не се сака, затоа што тоа е кажано уште од првиот ден. Меѓутоа, Владата упорно опстојува да потроши голем дел од буџетските пари на дивиот и нелегален универзитет во селото Мала Речица во услови кога имаме исклучително тешки и лоши стандарди на студентите во студентските домови. Поминете да видите како тие живеат во исклучиртелно субстандардни услови, во услови во кои што не достасуваат основни работи за живеење. Сега парите од овој буџет ќе треба да се трошат за тетовскиот универзитет за да се задоволат нечии индивидуални партиски потреби, а тие ќе мора да продолжат во исклучително тешки услови и тоа оние кои што ќе најдат и ќе успеат да најдат соба, односно ќе успеат да бидат ставени на списокот да бидат во студентски дом. Затоа што и тоа е исклучително голем проблем. А јас спомнав и во мојот претходен говор дека со овие пари со 4 - 5 години одвојување на овие пари за постојните студенти ќе се овозможи изградба на нов студентски дом со сместувачки капацитет за илјада студенти, ќе се овозможи купување на огромна бројка на компјутери во средните училишта, ќе се овозможат многу други работи кои што сега нема да можат, бидејќи ќе треба да се задоволат партиските и веројатно нечии лични интереси и парите да се пренасочат во друг правец.

Така што би сакал да го напоменам уште еднаш моментот дека не само што овие пари ќе бидат насочени во погрешен правец и на постојните универзитети, на студентите нема да им се помогне. Уште повеќе што последниот буџет се скратуваат парите. Се скратуваат затоа што го слушнавте деновиве ректорот на Универзитетот во Скопје и

уште еден ректор говореа дека доколку се скратат парите тие би реагирале. Еве јас им кажувам дека парите во наредниот буџет за образование имаат скратување. Намалени се трошоците за студентски стандард за 10 милиони денари и за капитални средства, купување компјутер и мебел за средното образование од пет милиони денари.

Исто така масата на пари во образованието е на исто ниво од претходната година бидејќи ќе се отпуштат 4% од образованието, вклучително и од високото образование а на нивно место на платниот список меѓу другото ќе влезе и наставниот кадар на тетовскиот универзитет. Според ова ако ректорите на постојните универзитети сега имале дилеми дали ќе се скусуваат средства им кажувам дека уште во следниот буџет тие се скусуваат, а уште ќе има скусување наредниот буџет, затоа што државата потпиша договор со ММФ бидејќи се планира долгорочен од на одржување на низок буџетски дефицит, значи многу малку ќе има поголеми финансирања во овој дел.

Јас уште еднаш ќе нагласам дека инсистирањето овој закон да помине по секоја цена, дури и во вакви услови во какви што се обидувате тоа да го направите во петокот вечерта, исцрпувачки го држевте Парламентот до 7 и 15 часот наутро. Вечерва повторно тоа го правите. Штетно е затоа што веројатно ќе се дојде до избрзано решение. Веројатно ќе се дојде до ситуација кога уште еднаш на радикалните албанци ќе им се испрати еден сериозен сигнал дека мајката му е само на сила да се направат работите. Токму тоа го прави СДСМ, која што вечерва ја нема во салата, затоа што очигледно дека нема објаснување за чекорите што ги прави пред граѓаните.

Радикалните албанци со ова сакаат да демонстираат сила, да демонстритаат моќ, да го понижат македонскиот народ. Духот да го понижат. Да сфатат македонците дека кога тие ќе решат нешто да направат нема сила што ќе ги спречи во оваа држава, а со тоа сериозно им помата СДСМ и нормално тоа го прави од чисто лични интереси за самата партија за да останат на власт без некоја конкретна цел што понатаму ќе прават, бидејќи досега не видовме некоја посериозна визија во нивното работење, ниту пак резултати во оваа година. Значи во овој проект не може да стане збор за наука, нема нормално образование, немаме проблем со високото образование на албанците на мајчин јази, бидејќи тој проблем е решен. Навистина неможеме сите овие аргументи да ги користиме

како аргументи, науката, образованието во решавањето на проблемот на високото образование на мајчин јазик не може да се користи во овој случај како аргументи.

Би споменал уште еден аспект. Денеска во светот во многу држави во Европската унија во Шведска и тн. се повеќе се основаат универзитети на кои што и покрај тоа што домашниот јазик е различен од англискиот се изучува на англиски јазик. Особено тоа зазема трендови во економијата, најверојатно и во други делови затоа што целата најквалитетна литература денеска во сферата на финансиите и на економијата е на англиски јазик. Целокупната кореcподенција во меѓународната економија, во меѓународниот бизнис, во меѓународните финансии е на англиски јазик. Овде во Македонија гледаме обратни процеси. Не само што се бега од студирање на државниот јазик кој што е убедливо најупотреблив во државата, да не зборуваме за некој трет јазик, туку се оди кон една целосна гетоизација на затворање во гето, на затворање во една заедница во која што само таму се зборува тој јазик и се инсистира само на тој јазик да се учи. Колку тие студенти понатаму ќе бидат моќни во меѓународните релации, во меѓународниот бизнис, во сите нивни напори за извоз, за пласирање на производи надвор од државата или воопшто на сите други факултети и нешто друго е големо прашање, а за тоа денес никој не размислува. Битно е вечерва законот да помине, да се заврши приказната со овој закон, да нема штета политички гледано на СДСМ и нормално да се задоволат потребите на ДУИ.

Незнам се прашувате ли за апсурдноста на целата оваа ситуација. Вие од СДСМ и вие господине претседателе се претставник од СДСМ за што седиме тука во 23,30 часот, половина час пред полноќ. Дали седиме заради тоа што имаме ситуација на воена опасност на државата или имаме елементарна непогода во државата. За што се борите? Би било добро тоа да го објасни некој од вас, за што се борите да знаат граѓаните зошто во толку доцни часови Парламентот сеуште работи, ако веќе знаат ние за што се бориме да знаат вие за што се борите. Ќе стане ли некој од вас да ја објасни нужноста за што не натеравте да работиме пред некој ден цела ноќ ив ечерва очигледно повторно ќе се случи тоа. Со што толку ве задолжи ДУИ за да вака се однесувате.

Би сакал да нагласам уште еден аспект во врска со овој закон. Со признавањето на овој универзитет повторно болното прашање во селото Мала Речица нема да биде

решено. Со овој закон се легализираат пет факултети од вкупно 13. Значи осум факултети и понатаму остануваат да работат на диво. Ние и по овој закон ќе имаме диво работење на факултети. Никој од тука, никој од СДСМ ниту од Владата не стана да каже овие пет факултети ги признаваме и со другите осум застануваме, ги запираме, тие нема да постојат. Никој тоа нема да го прави затоа што знаат и намеравaат да ги остават и тие осум факултети да работат и веројатно еден ден и тие осум факултети ќе можат да направат нов универзитет. Па ќе имаме три универзитети на 1 км. не два како што се сега и деновиве зборувавме, туку ќе имаме три факултети на 1 км, два чисто на албански јазик и еден на неколку јазици а најмногу застапен на албански јази, зборувам за Штуловиот универзитет.

Нашиот предлог е уште еднаш овој предлог на закон да престане да се расправа во Парламентот. Има голем отпор не само кај нас опозицијата, туку и кај сите граѓани во оваа држава. Да се врати на расправа кај потписниците на Рамковниот договор. Ако тој создава толку проблеми, ако тој создава толку гласност во јавноста, толку дискусии, толку нервоза, толку спротивставени мислења редно е овој закон да се врати да се доработи и ако треба да се дискутира меѓу потписниците на Рамковниот договор.

Ќе потсетам дека во 1995 година беше убиен еден албанец, а 15 беа повредени во одбраната на тезата дека овој универзитет е див, нелегален, неможе да постои, државата неможе да го признае, државата никогаш нема да го признае како државен легален универзитет донесен со една незаконска одлука на три општини, а денеска таа одлука на тие три општини треба да ја легализира гласачката машинерија на СДСМ.

Би потенцирал дека навистина е загрижувачка реакцијата на пратениците албанци кои што пред некој ден кажаа дека ако ние зборуваме за минатото и тие знаат да се вратат на минатото алудирајќи на она што се случуваше во 2001 година. Меѓутоа уште позагрижувачки е што СДСМ ниту реагираше ниту се огради од ова. Тие се плашат да се оградат од ова, да не им се замерат на нивните колеги од ДУИ кои што практично се заканија со војна. Практично се заканија дека ќе се вратат на оружјето.

Толку ли е голем стравот кај СДСМ да не се растури оваа Влада заради овој закон, или барем да кажат во лице дека неможе така да се однесуваат. Неможат на

Парламентот јавно да се заканувaат дека ќе се вратат на минатото, алудирајќи на 2001 година.

Јас уште еднаш ќе нагласам дека ВМРО-ДПМНЕ со основањето на Универзитетот на Југоисточна Европа помогнат од Меѓународната заедница всушност го следевме патот и го трасиравме заеднички со Меѓународната заедница. Меѓународната заедница целосно стои зад Штуловиот универзитет и не го поддржува дивиот универзитет во Тетово, затоа што знае дека тоа е чекор назад од мултиетничкото живеење во Република Македонија. Затоа што знае дека ова води кон гетоизација и ова не ги унапредува процесите. Спротивно е на основната идеја на Рамковниот договор.

Молкот на СДСМ е всушност само контрола на штетата која ја претрпеа од самиот закон и нормално од дирекцијата на опозицијата.

Уште еднаш ќе нагласам со донесувањето на овој закон една од најголемите опасности е кршење на принципите на мултиетичност, на мултиетничко живеење и одење кон дополнителна гетоизација затоа што такви елементи во овој момент постојат во државата.

Јас уште еднаш би се обратил до пратениците од СДСМ, затоа што некој од нив гледам влегоа во салата.

Да не им се плашат на ДУИ, тие нема да ја напуштат Владата што и да се случи со овој закон затоа што премногу вложија 2001 година за да влезат во оваа Влада. Не треба да им се плашите, ќе го преживеат и недонесувањето на овој закон или негово донесување во друга форма и ќе останат во Влада. Премногу жртви дадоа за да дојдат до оваа позиција во која што се сега. Отфлете го законот и покажете им дека правната држава во Република Македонија сеуште не е мртва. Ќе ве поддржат и за претседателските избори заради многу придобивки што ќе ги имате од тоа. Немојте да им се плашите. Ако денеска се изгласа овој закон очекувајте понатаму да ви доставaт нови барања, нови фактури. Веќе сега не се задоволни со овој закон и бараат другите факултети да се признаат, дека прашањето не е решено и тн. Ќе ја признаете дивата клиника што се гради. И таа ја нарековте приватна журка. Ќе ги осоколите радикалните структури и понатаму да газат на правната држава. Никој нема во Западна Македонија да

ви плаќа даноци понатаму и да ја почитува правната држава. Секое изнудено решение, секое насилно решение носи нови фрустрации и ново насилство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Ќедев, а нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

САШКО ЌЕДЕВ:

Благодарам господине претседател.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван господин министер за образование.

Најпрво би сакал пред присутните пратеници и пред македонската јавност да дадам едно образложение на нашето видување зошто се водат вакви исцрпувачки и долги дискусии токму за оваа точка. Ќе се обидам да одговорам на дел од потенцијално поставените прашања и дел од дилемите во јавноста кои што се покренаа во однос на оправданоста на ваков тип на седница, која што во секој случај ќе биде една историска седница во историјата на парламентарната демократија во Република Македонија и би се обидел да се обратам до сегментот од студентската младина на Република Македонија која што според моето лично убедување мислам дека претставува...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ќедев ве молам за законот да зборувате.

САШКО ЌЕДЕВ:

Во врска со Законот за високо образование...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам обраќањето до јавноста преку обраќањето на законт.

САШКО ЌЕДЕВ:

Ова е една историска можност и за вас. Сигурно ќе влезете во историјата како еден од претседателите на Собранието на Република Македонија кој што го собори рекордот на собраниските седници.

Зборував за делот од студентската младина кои што се изманипулирани во однос на законот за легализирање на тетовскиот универзитет бидејќи токму нивното образложение беше дека сакаат преку една парламентарна дискусија преку еден начин на парламентарна демократија да се убедат во оправданоста или неоправданоста на овој проект.

Многу често во изминатите денови медиумското покривање на собраниската сала ги покажуваше празните столчиња на 2/3 од собраниската сала и тоа е еден многу јак аргумент токму до студентската младина која што е изманипулирана да види кој присиствува и кој образложува и дава аргументи и факти за овој катастрофален законски проект кој што ќе има далекусежни последици во понатамошниот опстанок на државата и понатамошното живеење во Република Македонија.

Во изминатите неколку дена не бевме сведоци на ниедна, можеби сум делумно субјективен, меѓутоа според мои критерими не слушам ниеден аргументиран исказ на претставниците на владеачката коалиција во однос на оправдувањето на овој законски проект. Само се повторуваа некои реторични фрази на значењето на образованието како процес, на значењето на високото образование меѓутоа во ниеден настап на претставниците на владеачката коалиција не се изнесоа значајни сегнификантни аргументи кои што би го оправдале легализирањето и формирањето на државниот универзитет во Тетово.

Со овој начин на вака исцрпувачки дискусии не само за пратениците на позицијата и пратениците на опозицијата, меѓутоа исцрпувачи за најголем дел од граѓаните на Република Македонија ние се надеваме дека ќе дадеме еден историски придонес во однос на презентацијата на вака непринципиелни витални законски проекти кои што актуелната Влада сака на еден многу подмолен начин да ги подметне во секојдневно живеење на Република Македонија.

Сосема накратко би ве потсетил сите на начинот на кој што се предлагаат вака витални законски проекти.

Најпрво во фаза на годишните одмори, кон крајот на јули беше предложен законот за дополнување на Законот за високо образование при што суштинска цел на тој закон беше презентирано дека е дел од Рамковниот договор и суштинската измена беше

инкорпорирана во член 95. Членот 95 повеќе пати беше повторуван и јас во мојот настап сега ќе повторам многу работи, меѓутоа тие се од егзистенцијално значење, а многу работи ќе бидат повторени и од понатамошните дискутанти, бидејќи сакаме да дадеме придонес на медиумското покривање на вака есенцијален законски проект.

Значи во член 95 од Законот за високо образование кој што дотогаш се однесуваше само за примената на јазиците од високото образование за прв пат се вметна во истиот член и можноста за финансирање на високото образование на заедниците застапени со над 20% во Република Македонија.

Во тоа време кога надворешната температура беше над 40 степени, кога наголем дел од граѓаните беа преокупирани со начинот како да избеган од горештините и во фаза на годишни одмори во ова Собрание во скратена постапка бев јас на расправа, без концензус, без консултација на релевантните институции се донесе Законот за високо образование, кој што ги создаде сите формално-правни основи да дискутираме денес во однос на Законот за легализација и формирање на државниот универзиет во Тетово.

Уште еднаш ќе повторам дека за време на таа расправа бевме сведоци дека еден од главните аргументи на владеачката коалиција беше дека се работи за законски проект, кој што е обврска за Рамковниот договор. Меѓутоа и покрај сите образложенија на сите правни експерти и на претставниците, главно, на опозицијата дека тој законски проект нема никаква врска со Рамковниот договор, бидејќи со формирањето на универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово се задоволени сите критериуми и обврски во однос на финансирањето, функционирањето, всушонст, на високото образование на етничкие заеници.

Уште еднаш ѓе го повторам членот 6, став 2 од Рамковниот договор, кој што се однесува на финансирањето на високото образование на етничките заедници застапени со над 20%. Невосмислено е дека во таа точка стои, обврската на Република Македонија да го финансира високото образование на овој сегмент од општеството, меѓутоа, тоа е детерминирано и прецизирано врз основа на посебна спогодба на Владата на Република Македонија , на посебни проекти кои што имаат посебен владин интерес. Со отворањето на универзитетот на Југоисточна Европа тој инерес е задоволен, што значи сите критериуми беа задоволени уште пред донесувањето на измените и дополнувањата на

законот за високо образование во јули. Од кога помина сето тоа со, би рекол, минимално медиумско покривање, бидејќи Владата има стратегија на бомбардирање на Собранието и на македонската јавност по витални проекти, со есенцијални законски проекти, при што нормално е дека не омжат сите да имаат соодветно медиумско покривање, така што после еден законски проект, каков што беше Законот за високо образование, веднаш се наметна Законот за државјанство.Значи вниманието на јавноста, на медиумите, па и на Собранието се насочи кон новиот законски проект. На кој начин помина тој законски проект, само би сакал накратко да потсетам, беше една седница која што мислам дека и претседателот се сеќава, беше петок попладне, пред викенд и беше најавеон дека за прв пат претседателот најави во неговиот краток мандат дека ќе инсистира на завршување на таа седница за време на викендот, за разлика дека ќе трае ден, два или три и во таа фаза ние како опозициона партија оценивме дека нема никаква смисла да се водат исцрпувачки дискусии, ги кажавме нашите аргументи овде во повеќе дискусии, иако во најголем дел од нашите излагања министерот за внатрешни работи не беше присутен во салата, при што актуелниот министер за образование, навистина, заслужува кредит бидејќи е присутен скоро за цело време на нашите излагања. Тогаш и покрај отсуството на најрелевантниот субјект во Владата за носење на овој закон, тој закон помина некаде околу 7,30 или 8,00 часот попладне, околу 20 часот, при што се усвои еден закон , кој што е исто така од исклучителна важност, единствен закон кој што ги штити интересите на државата. Значи еднииствен закон од таков витален карактер, кој што неможе да се спореди со ниеден друг законски проект. Тој Закон помина и вниманието на медиумите и покривањето во однос на тој проблем, веќе сврте кон наредниот витален законски проект, како што претставува Законот за формирање на државен универзитет во Тетово. Целото внимание на Собранието , на медиумите на Македонската јавност се насочи кон Законот за формирање и легализирање на државниот универзитет во Тетово. Започнавме еднодневна дискусија со многу јаки аргументи, главно, од страна на опозиционите партии, на нашата партија и на демократската партија на албанците, па и на Либералната партија со најзначајно учество во дискусиите по повод овој витален законски проект. Уште еднаш ќе повторам дека образложението од страна на владеачката коалиција беше со многу мала аргументација, скоро никаква, никакви факти и аргументи, кои што значајно ќе

придонесат за оправдување пред македонската јавност на ваков значаен законски проект. Уште еднаш ќе потсетам дека минатиот петок, исто така, по втор пат претседателот на Собрание најави една исцрпувачка и непрекидна дискусија и изгласување на тој закон некаде во време на викендот. Меѓутоа, сите знаеме што се случи тој дена. Падна рекордот во Собранието на Република Македонија во однос на континуирана работса на Собранието. Мислам дека претходниот рекорд беше при носењето на уставни промени, на витални законски проекти, кои што го променија Уставот на Република Македонија и таа седница, како што кажаа поранешните пратеници завршила некаде околу 3,45 часот рано наутро. Нашата седница заврши рано наутро, некаде во 7,15 часот, не заврши туку беше прекината, а денес сме сведоци на продолжувањето на оваа седница, која што никој не знае кога ќе завриши. Значи кое е оправдувањето на вака , на некој начин бесконечно дискутирање. Оправдувањето е дека сакаме да го скренеме вниманието на македонската јавност, да им укажеме на сите медиуми дека треба малку повеќе да се фокусираат на вака есенцијални законски проекти, бидејќи меѓувреме Владата влета со нов проект. Тоа е проектот на дел од децентрализационите закони, проектот за територијална поделба. Веднаш вниманието се фокусираше токму на таков значаен проект и се вознемири голем дел, пред се од Западна Македонија. Значи, се дефокусира јавното внимание и луѓето, ако не беше онаа долга седница во петок и сабота, никој веќе немаше да зборува за Тетовскиот универзитет. Сите ќе прифатеа дека е тоа дел од Рамковниот договор, обврска на потписниците на Рамковниот договор и тука нема ништо чудно. Тоа е прашање кога е нормално да се случи тоа. Дајте сега да мислиме на територијалната поделба што ќе се случи со Кичево, што ќе се случи со Струга. Заборавете го Тетовксиот универзитет.

Меѓутоа, почитувани пратеници, почитуван министре, посебно посчитуван г-дине претседател, во оваа прилика сакам да кажам дека и ние не знаеме кога ќе заврши оваа седница бидејќи седницава има ногу аргументи да продолжи. И, вниманието на македонската јавност ќе биде фокусирано токму на еден ваков есенцијален проект, кој што на некој начин претставува судбински проект за иднината на Република Македонија. Ние, нема да дозволиме вниманието да биде дефокусирано од овој законски проект и ќе го држиме во континуитет, се додека физички издржи пратеничката група на опозицијата,

а и пратеничката група на позицијата. Бидејќи, ние имаме многу појаки морални аргументи да издржиме во оваа презентација на овој законски проект во однос на нашите ценети колеги од позицијата. Мислам дека е многу потешко, бесцелно и со голема грижа на совест да се седи наоколу во Собранието, како што спомна г-динот Груевски во претходната дискусија во ресторани, во кафитерии, во клуб, во собраниски канцеларии, наоколу, а некои мораа и да заспијат, неможеа физички да издржат, тие се наоѓаат во многу потешка положба од нашата пратеничка група која што е предодредена да издржи до крај, г-дине претседателе. Се додека го држиме вниманието на македонската јавност и се додека не се избориме за вистинското медиумско покривање на еден ваков есенцијален законски проект.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Едно мало објаснување. Никој вас не ви пречи , ниту ви се одзело право да зборувате. Затоа, ве молам , не ми се обраќајте, зборувајте по темата, никој не ви земал збор, ниту нешто деловнички е пропуштено, да си го искажете своето мислење, па колку и да трае тоа.

САШКО ЌЕДЕВ:

Многу би ценеле ако од ваша страна ги нема вашите познати дистракции за време на нашите излагања, бидејќи ние се фокусираме на еден есенцијален законски проект.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие не зборувате за законот, во тоа е проблемот, а мене Деловнико ме обврзува да ве опоменам ако сте надвор од темата и затоа ве молам продолжете.

САШКО ЌЕДЕВ:

Кога зборуваме за еден ваков витален законски проект, ние мораме да се обратиме и на други аспекти во фазата на демократското живеење на Република Македонија , така што би требало да ни дозволите малку поголем простор, бидејќи ова ќе биде многу долга седница, многу дискусии и затоа мислам  дека и на вас ќе ви сметаат вакви дистракти.

Уште еднаш би го потенцирал значењето и нашата одреденос дека ние не отстапуваме од ставовите и принципите, кои што се опфатени во Рамковниот договор и во однос на нашата интеграција во ЕУ и во сите Евроатлански интеграции. Тие стратешки цели претставуваат една принципиелна ориентација, од која што нема отстапување. Меѓутоа, би потенцирале дека жестоко ќе се спротивставиме и пред јавноста ќе ја разобличиме секоја злоуптреба на принципите на Охридскиот договор и на принципите кои што се засновани и претставуваат база на Евроатланската ориентација на нашата држава.

Уште едно потсетување на злоупотребата  на Рамковниот договор со Законот за високото образование. Всушност, ние денес сме сведоци дека претставниците на владеачката коалиција признаваат и јавно признаваат дека формирањето на државниот универзитет во Тетово не е дел од Рамковниот договор. Тоа е дефинитивно прифатнео од претставниците на владеачката коалиција. Меѓутпоа, кратко потсетување дека измените во законот за високо образование се донесоа по скратена постапка и се оправдаа како дел од Рамкловниот договор. Тие измени во Законот за високо образование создадоа можности за предавање во собраниска процедура на ваков законски проект, како што е законот за формирање на  тетовскиот универезитет. Значи, од една страна признаваме дека тетовскиот универзитет дефинитивно не е дел од Рамковниот договор. Од друга стран условите за да дојдеме до оваа фаза да разговараме за овој законски проект, беа создадени со измените и дополнувањата на Законот за високо образование. Тоа е една сериозна конфгликтна состојба , која што многу брзо проаѓа на некои начини незабележливо во јавноста во Република Македонија . Меѓутоа, затоа овие долги дискусии, ова долго работење на Парламентот на Република Македонија има за цел да ги разобличи овие нечесни игри од страна на Владата на Република Македонија. Доста беа критикувани настапите на дел од пратениците на нашата пратеничка група, посебно сегментот кога почнаа да се читаат делови од планот и програмата на Тетовскиот универзитет. Тука е направен еден сериозен пропуст на планот и програмата на Тетовскиот универзитет, кој што е доставен само во еден примерок на една пратеничка група, која што брои над 30 пратеници. Исто така, еден примерок е доставен до пратеинчка група која што брои над 60 или 60 пратеници. Дали

мислите дека пратениците имале можност да го погледнат тој документ. Јас на првата расправа кога расправавме за овој законски проект, го немав видено тој документ. Г-динот Спиро Мавровски прв пат го виде документот некаде после полноќ во петок и јавно прочита неколку делови. На момент можеби изгледаше несериозно јавно на парламентарна седница да се читаат делови од програмата за формирање на државниот универзитет во Тетово. Меѓутоа, почитувани даим и г-да, би молел секој да го погледне од присутните пратеници и тие што не се присутни да го погледнат овој документ. Тој е документ , точно не се обележени страните, но според дебелината на скриптата е некаде над 200 страни, при што повеќе од две третини од тој документ се изјави, на една страна изјава за потенцијалните наставници и соработници на Тетовскиот универзитет. Значи две третини имаме на рака напишани и потпишани изјави и листа  на списокот на потенцијалниот кадар.

Почитувани пратеници, мислам дека е несериозно некој да го притисне копчето за, иако тоа сугерира на една коалиција, да го притисне копчето за и да даде историски придонес во еден законски проект, кој што ќе има сигурно далекусежни последици, а без да го погледне овој документ.

Затоа , би апелирал, со најава дека оваа седница ќе продолжи многу долго, сите пратеници, пред се од позицијата кои што се некаде низ Собранието и надвор, барем накратко да го погледнат овој документ и да видат за што ќе гласаат. Меѓу тие пратеници има неколку познати академски  граѓани на Република Македонија, универзитетски професори,познати имиња и високо респектирани личности во Република Македонија. Јас лично незнам со каков личен и морален кредибилитет би го притиснале копчето за еден ваков законски проект. Со тоа притискање и гласање за еден ваков законски проект, сите влегуваат во историјата на Република Македонија , бидејќи ќе гласаат за еден законски проект, кој што ќе има историско значење за иднината на Република Македонија. Малку понатаму, ќе се обидам да дадам мое лично образложение за текот и настаните кои што би го оправдале тврдењето дека се работи за еден историски законски проект.

Во овој сегмент мислам дека е многу важно да го слушнат студентите на сите универзитети во Република Македонија, што би значело легализирањето на Тетовскиот универзитет. Најпрво, тоа би значело создавање на една можност за признавање на

десетици, па и стотици можеби дипломи на високо образовен кадар, можеби не веднаш во оваа фаза за неколку месеци, но многу брзо би се создале услови за една фактичка позиција на огромен број на нови на високо образовани невработени луѓе. Главно, од сегментите на високото образование, каде што имаме висок степен на невработеност на Република Македонија . Значи, ние немаме ништо против конкурентноста, квалитетот и компетентноста, конкурентноста и квалитетот и компетитивноста меѓу сите високообразовни млади луѓе во Република Македонија. Меѓутоа, со ваков законски проект, ќе се создаде една непринципиелна компетитивност, непринципиелна конкуренција, која што имајќи ги предвид обврските со Рамковниот договор, посебно долгорточните обврски во однос на застапеноста на припадниците на етничките заедници застапени со над 20% во јавната администрација и во сите сегменти на државата. Уште еднаш ќе потенцирам долгорочни обврски во Рамковниот договор, не краткорочни обврски. Тоа значи дека сите суденти кои што мислеа дека изманипулираниот лсегмент од младите студенти е тој кој што излезе на мирни протести и кој што беше поддржан од наша страна, се потврдива обратното, дека изманипулираниот сегмент е сосема другиот сегмент од младата студенска популација на Република Македонија. Бидејќи, многу брзо нивна конкуренција, но непринципиелна конкуренција ќе бидат студенти, кои ќе добијат дипломи врз основа на невалидно високо образование и суштински неквалитетно високо образование. Тука ќе бидат ставени во непринципиелна конкурентна состојба студентите од Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”, студентите од Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово и студентите од Универзитетот “Климент Охридски” од Битола. Значи пропорционално ќе бидат ставени во една состојба на една непринципиелна конкуренција и компетитивност припадници на сите етнички заедници на македонскиот народ подеднакво. Значи нема да има некој кој што да биде лично засегнат со носењето на ваков законски проект.

Во неколку претходни дискусии беше спомнато дека сериозно треба да се размисли во однос на допирањето на обврските и принципите на Рамковниот договор со овој законски проект . Значи дефинитивно има консензус меѓу позиција и опозиција дека ваков законски проект не е во согласност со Рамковниот договор. Меѓутоа, што се слу!чува сега со обврските и на опозицијата и на позицијата во однос на Рамковниот

договор.Одеднаш се создава една многу чудна и потенцијално опасна состојба, при што опозицијата или дел од опозицијата може да обвини дека владината коалиција носи непринципиелни законски проекти од витално значење, кои воопшто не се дел од Рамковниот договор.

Тогаш зошто и кој би ја мотивирал опозицијата или делод опозицијата да работи според принципите на Рамковниот договор. Значи доаѓаме во една многу сериозна конфликтна состојба, една состојба која што треба да се антиципира и која што ќе биде еден дел од нашата интенција за долга собраниска седница и полемика. За жал немаме одговор од страна на претставниците на позиционите партии. Немаме одговор каков став ќе завземат за ова прашање. Мислам дека дел од дискутантите денес го отворија ова прашање. Што ќе правиме со Рамковниот договор кога Валдата го потценвуа Собранеито, ги потценува опозиционите партии и ја потценува македонската јавност со вака сериозни законскипроекти, а од друга страна бара консензус, бара комплетна подршка на витални законски проекти, кои се дел на Рамковниот договор. Ќе се обидам да образложам зошто има историско значење законот за легализирање и формирање на државен универзитет во Тетово.

Сосема сум сигурен дека со формирањето и легализирањето на овој универзитет, во значителнамера ќе имаме политички, економски и потенцијално безбедносни услови за нестабилност во Република Македонија, бидејки факт е дека имаме еден политички сериозен проблем во Тетово со големиот број студенти кои се заведени уште од формирањето на овој универзитет. Доста слушнавме за сите историски фази од формирањето, учеството на познатите политички субјекти во фазата на формриање, одржување и негирање и сега легализирање на овој универзитет, па не би се задржал воопшто на тоа. Меѓутоа, начинот на кој што владеачката коалиција се обидува да реши вака сериозен политички проблем воопшто не е сериозен политички пристап бидејки имаме еден многу потенцијално опасен политички меѓукоалиционен договор на на владеачката коалиција, со што се создаваат услови за комплетна дестабилизација на државата. Најпрво, ќе се створи огромна тензија меѓу големиот број невработен високо образовен кадар од сите припадници на етнички заедници, кои ќе бидат ставени во една состојба на необјективна конкурентност со новиот кадар кој ќе произлезе од

легализирањето на тетовскиот унвиерзитет. Во оваа фаза имаме само неколку факултети на овој универзитет, меѓутоа ако помине вака како што е сега државниот универзитет во Тетово , многу брзо, по експресна постапка, не по скратена туку по експресна постапка ќе бидат легализирани и медицинскиот факултет, и фармацевтскиот факултет и сите други факултети кои во моментот стојат на страна. Значи, важно е сега да помине овој првиот и да створи простор после кој многу лесно ќе поминат другите факултети. Каков одраз ќе има на политичката и пред се на безбедносната состојба? Ќе се создаде со сигурност една растечка тензија, посебно меѓу младата популација, посебно меѓу невработениот дел. Еден дел од таа негативна енергија сигурно ќе се насочи кон поголем одлив на нашиот кадар надвор. Значи, ќе бидеме сведоци на позначаен одлив на високо образовниот кадар од Република Македонија во соседните земји, во земјите од ЕУ и преку океанските земји, при што ќе продолжи континуираниот процес на одлив на квалитетни високо образовни кадри. Од друга страна многу силно ќе се демотивираат сегашниве студенти, кои што се наоѓаат веќе во фаза на нивното формирање, во фаза на високо образовна дејност. Ќе дојде сигурно до една фаза на деморализираност, дестимулираност и во секој случај на потенцирање на негативните и дезинградивните процеси во Република Македонија . Многу е лесно да се предвиди тоа. Затоа, со други зборови може да се предвиди дека ваков сериозен законски проект во една легорична смисла би го имал ефектот на една хаварија во една атомска централа,како што беше хаваријата во Чернобил. Најпрво ќе настрадаат луѓето што се во близината на таа хаварија,меѓутоа, никој нема да биде поштеден. Таа хаварија ќе го зафати целиот сегмент на државата.

Затоа, почитувани пратеници, ова се многу силни аргументи, кои може секој да ги предвидии да ги антиципира, кон што би водел процесот на формриање и легализирање на државниот универзитет во Тетово. Сигурно дека тоа ќе води кон дестимулација, деморализираност на младите луѓе, кон јакнење и стимулирање на враќање на едни ретроградни процеси во Република Македонија , кои нема да водат во еден позитивен правец на развојотна демократското општество и во никој случај нема да ги потенцираат нашите евроатлански интеграциони афинитети. Сосема е сигурно дека формирањето на ваква институција во секој случај ќе има сериозен импакт на Буџетот на Република

Македонија. Веќе утре во 11,00 часот е закажана седницата на Комисијата за образование и наука. Значи утре во 11,00 часот и сосема е сигурно дека до 11,00 часот нема да заврши оваа седница. На кој начин планира претседателот на Собранието и претседателот на Комисијата за образование, а сигурно и минситерот би требало да биде присутен на таа Комисија, да се разговара за Буџетот за 2004 година. Тоа е уШте една потврда дека се случуваа многу чудни и не сериозни работи,почитувани пратеници. Многу несериозни работи не само во Владата, меѓутоа, почнаа и во Собранието да се чувствуваат. Значи ние знаеме дек анема да заврши до утре оваа седница, а ни се закажува седница на Комисијата за образование и наука, при што јас незнам сокаков образ ќе разговараме за Буџетот за 2004 година. Во образложението на Владата стои дека овој законски проект, кој што е многу едноставен, многу прост законски проект кој што е предвиден и треба да се донесе поскратена постапка, на крајто стои дека нема да има влијание на Буџетот на Република Македонија . Јас не можам да замислам поголем о потценување на секој пратеник и на секој поединец во Република Македонија со една ваква констатација. Како може да немаме влијание на Буџетот на Република Македонија , кога во апсолутен износ Буџетот на Република Македонија за 2004 година во сегментот образование е истиот од минатата година. А ректорот на универзитетот “СВ.Кирил и Методиј” изјавува, ако Владата не му овозможи зголемвуање над 50% од Буџетот, тогаш ќе имаме жестока реакција од Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”. Што значи ова, почитувнаи пратеници? Дали некој може да даде образложение на ова? Ова е една многу чудна состојба, простоневеројатна за да биде образложена пред македонската јавност. Значи, имаме во апсолутенизност ист Буџет за 2004 година, Универзитетот избегнвуа не дава јасен став, не дава официјален став, даваат само неофицијални ставови, меѓутоа, најавуваат жесток одговор ако Буџетот на Република Македонија за 2004 година во сегментот образование не биде зголемен над 50%, тогаш ќе имаме жестока реакција. Тогаш што би требале ние како опозициона партија,што би требало макеоднската јавност сериозно да направи, да и каже на Владата на Република Македонија и на претставниците на владеачката коалиција во Собранието дека вакви лаги не проаѓаат. Тоа е премногу наивно за да може некој да поверува во тоа.

Исто така , би сакал претседателот, поточно во моментов почитуванта потпретседателка на Собранието, да ја информирам а можеби е информирана дека утре во 11,00 часот, ви исто време кога е закажана и Комисијата за образование и наука, е закажана и седница на Интеруниверзитетската конференција. Инаку, за тие што не знаат, да потсетам дека Интеруниверзитетската конференција е највисоко тело на постојните три универзитети, значи на Универзитетот "Св, Кирил и Методиј " од Скопје, на Битолскиот и на Штуловиот универзитет. Значи, на таа Интеруниверзитетската конференција јас се надевам дека ќе стане збор и за формирањето на државниот универзитет во Тетово. не би било нормално да не се дискутира ид а не се донесе став на Интеруниверзитетската конференција , каков став имаат за овој законски проект.

Затоа, ако Владата несериозно постапи со поднесувањето на овој закон, ако Собранието има несериозен пристап во однос на водењето бескрајни дискусии за кои ние сме спремни, тогаш би инсистирал до почитуванта потпретседателка и до претседателот на Собранието да дадат можност за изјаснување на релевантните институции. Со кое образложение ние би излегле пред јавноста, со кое образложение пратениците на владеачката коалиција би го изгласале овој закон, а да немаат мислење од највисокото тело на веќе постојните три универзитети. Многу несериозно би било и би се создал еден синџир на несериозности, кој што никој не знае до каде ќе оди.

Затоа би апелирал до претседателот на Собранието да овозможи континуирана расправа по однос на овој законски проект, меѓутоа со доставување на официјален став на Интеруниверзитетската конференција. Тоа би значел голем чекор напред во однос на форсирање на вистинските демократски процеси и вистинската парламентарна демократија. Се друго би бил еден насилен начин на една квази демократија, квази парламентарна демократија, која што макеоднската јавност веќе ја гледа и ја чувствува и ќе продолжи да ја чувствува и понатаму во идните денови, се додека и медиумите и јавнсота и сите пратеници не ја сватат и не ја акцептираат сериозноста на овој законски проект.

Затоа, почитувани пратеници, би било многу значајно во оваа фаза, иако времето можеби е малку непријатно, меѓутоа, би било многу достоинствено и елегантно од страна на пратениците на владеачката колаиција, со неколку зборови да дадат некои

оправдувања, аргументи и факти кои макеоднската јавност ги очекува од нив, бидејки како пратеници и сите претставници на гласот на народот би требало секој да ја сноси одговорноста пред тие луѓе што го изгласале.

Затоа, уште еднаш би апелирал да се надмине  оваа кризна и критична ситуација, дел од парламентарното мнозинство на владеачката коалиција да излезе пред македонската јавност и да даде бар неколку аргументи за легализирањето и формирањето на државниот универзитет во Тетово.

Инаку, би сакал да им се заблагодарам на сите пратеници од опозицијата, пратеници од повеќе опозициони партии кои навистина дадоа многу значаен импакт во фокусирањето на медиумите на комплетната македонска јавност и свртувањето на вниманието на сите пратеници од владеачката коалиција на важноста на вакви витални проекти. Ние нема да преминеме понатаму на дискутирање на законите за децентрализација, на законот за територијална поделба, се додека не се расчисти со овојзаконскипроект.

Ви благодарам за вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално има збор г-динот Љубе Бошковски.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке, од дискусијата на г-динот Кедев дознав дека постоидокумент од Владата на  Република Македонија  и Минситерството за образование и наука, документ кој претставува проект за основање на универзитетот во Тетово. Јас ја искористив приликата во моментот додека г-динот Спиро Мавровскине беше тука да го земем документот, кој тој љубоморно го чува за себе, и гледам студиозно го разработил во неколку сегменти. Посебно ме фрапира моментот околу Природно-математичкиот факултет, каде што се зборува за  хортикултурата, каде што е предвидено со два часа неделно, со што не можам никако да се согласам во семестар и сметам дека овој документ мора да биде фотокопиран, да се направи пауза , да се даде до сите пратеници во македонскиот парламент, за да исто и ние кои ја немаме таа привилегија

која ја има г-динот Спиро Мавровски, нашиот пратеник, да се запознаеме со документот и утре некаде во попладневните часови да ја продолжиме расправата

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам за сугестијата г-дине Бошковски, меѓутоа, овој документ колку што сум јас информирана е доставен до сите пратенички групи, така што сите пратенички групи, претставници на сите пратенички групи учествуваат во работата и на Комисиајта за образование и наука и на Комисијата за меѓуетнички односи, така што колку што знам тие ја имаат добиено. Мислам дека не е потребно, значи вие очигледно подоцна дојдовте, така што не сте информирани за состојбата.

Јас сега би замолила да продолжиме со дискусии.

Има збор г-динот Коце Трајановски . Но пред тоа процедурално има збор г-динот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако се оценило дека - проект ли е, што е тоа - за расправата е важно, па се испратило до пратеничките групи, тоа мора да го добие секој пратеник. Пратеничките групи не се субјект во Собранието. Тоа е форма на организирање. Пратениците се оние кои учествуваат во расправата. Тие треба да го имаат. Вие ако сакате да си ја вршите својата должност, тоа треба да го обезбедите. Нека продолжи седницата, ама сега да се добие тоа, да го добијат сите. Без тоа не можат да работат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам за сугестијата г-дине Андов, меѓутоа, тоа е материјал, колку што разбрав, произлезен од Владата, којшто бил основа за дискусија во комисиите на Собранието на Република Македонија , меѓутоа, тој не е тема на законот. Законот го имате , минситерот е тука, така што сите објаснувања кои што се потребни во врска со тоа се на располагање.

Реплика за г-динот Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Невозможно е да расправаат пратенциите по комисиите и да располагаат, ако располагале, а изгледа никој не располагал во комисиите со материјалот, а да не располагаат пратенциите на пленарната седница. Ние немаме два вида пратеници, едни кои во комисиите ќе расправаат и други кои тука ќе расправаат. Според тоа, ако е тоа важно, тогаш треба да се дозволи. Зошто избегнувате да го доставите тој материјал, зошто го криете?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Андов, јас ве молам да не манипулираме со податоци кои не се во ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Не манипулираме, јас го немам материјалот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

И јас го немам, меѓутоа, во  комисиите бил доставен.

СТОЈАН АНДОВ:

Што манипулираме? Или го имате или гонемате. Го немаме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Андов, тој материјал не бил на расправа во комисиите. Дозволете да се искажам. На расправа во комисите бил законот , биле присутни претставници од Министерството. Дозволете, за да не ја манипулираме јавноста, исходот од гласањето (реакции).. јас ве молам да се слушнеме. Ако ве  интересира да се информираме, да се информираме. Исходот од гласањето.. Господине Даневски, ве молам, ве слушнавме. Исходот од галсањето во Комисијата за образование и наука е таков што сите пратеници, ни еден од пратениците не гласал, колку штојас знам негативно, туку  или гласале позитивно и тројца пратеници гласале воздржано. Значи, ни еден пратеник - таа информација беше во Извештајот што го добивме. Значи во Комисијата каде што овој

материјал им бил достапен тоа го заклучиле и сега нема зошто да почнуваме. Ние расправаме за законот а не за програма на Владата.

Процедурално, да видиме по кој ред да одиме.

Процедурално, има ред г-оспоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас би сакала да ве информриам почитувана потпретседателке дека со Предлогот за донесување на закон за оснвоање на државен универзитет во Тетово добивме мислење од Одборот за акредитација за високото образование дадено во однос на проектот за основање на универзитет во Тетово, на седницата одржана на 1.12.2003 година. Значи, Одборот за акредитација на високото образование, на седнциата одржана на тој и тој ден, по опсежната расправа го дава следното мислење по проектот за основање на универзитет во Тетово. Значи, ние го имаме мислењето на Одборот за акредитација по проектот, а го немаме проектот.

Јас не сум член на матичната комисија, до мене проектот не дошол, а вие сакате тука да расправаме за законот за основање на државен универзитет во Тетово, за кој веќе има проект од Владата.

Затоа ве молам, барам овој проект, затоа што ние го имаме само во еден или два примерока да ни биде доставен во најскоро време.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Само едно мало појаснување една мала исправка, попрецизно пред мене е извештајот од Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на РМ, каде се вели “Комисијата со 8 гласа и 1 глас против и 2 гласа воздржани”, простете јас реков дека три гласа биле воздржани, значи еден бил против и два воздржани, “го поддржа Предлогот за донесување на овој закон”.

И една работа што треба да ја разликуваме. Овој материјал кој што се цитираше пред малку и вчера и пред некој ден во Собранието, тоа е владин материјал, тој не е доставен до Собранието. Ние како претседателство и како служби во Собраникето немаме обврски да го дистрибуираме, бидејќи тој не е доставен до Собранието.

(Реакција на дел од пратениците)

Ве молам ајде тогаш да се исслушаме сите, па потоа ќе даде појаснение Аднан Ќахил, па господин Оровчанец.

АДНАН КАХИЛ:

Ве молам цело време се експлоатираше во врска со гласањето во Комисијата. Како член на матичната комисија можам најодговорно да го , тврдам следново. На самиот ден на Комисијата ние добивме материјал и мислењето на Одборот за акредитација, а на самата Комисија министерот објаснуваше делови на програмата јас лично одговорно тврдам дека гласав воздржано само заради тоа јас немав доволно информации од типот благовремено да прочитан и изградам свој став во врска со мислењето на Одборот за акредитација и немав пред себе, тој целиот проект кој е во врска со законот. Според тоа, моето гласање беше во тој правец поради немање доволно информации, гласав воздржано. Најодговорно тврдам ниту благовремено го добив мкислењето за акредитација, на самиот ден, ниту го имав проектот каде што господинот министер делови од проектот објаснуваше и кажа дека ќе биде досавен проектот до пратениците.

Значи такво беше гласањето. Ако во тој момент сум гласал воздржано заради тие факти, би требало овој момент благовремено да ги добијам тие информации, тој закон за да го изградам својот став како пратеник од таа матична комисија.

Ве молам во иднина не манипулирајте со тоа дека пратениците гласале воздржано, или ова, јас тврдам дека во тој момент не сме имале релевантни информации во врска со тој закон.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Значи вие само го потврдувате она што јас го кажав дека сте гласале воздржано, меѓутоа го кажавте образложениeто зошто тоа сте го напавиле.

Господин Оровчанец повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам. Оваа грешка се повторува по втор пат во ова Собрание. Госпоѓата Соња претседателката на Комисијата за образование, наука и спорт кажа дека без еден глас против. Сега вие тоа го повторивте. Очигледно се разговара или се кажува нешто

што не е вистинито. И тогаш кажав, очигледно не се ни следи дека гласав против. Тоа е една работа.

На самата Комисија работата помина уште побегло отколку што овде министерот ја презентираше. Таму нешто повеќе кажа, меѓутоа овој проект ние го немавме како пратеници. Моето прашање до министерот беше како ќе реализираме проект без проект. Ние едноставно не знаеме за што станува збор. Единствен документ кој што постоеше на Комисијата и тоа беше даден на самата Комисија, истиот момент поделен меѓу пратениците кои што беа присутни на Комисијата за образование беше мислењето на Одборот за акредитација која што очигледно гледаме низ дискусиите дека не е релавантно, а во утрешните весници гледаме изјава на господинот Тито Беличанец кој што сугерира нешто друго и тој се оградува од своето мислење кое што го два како претседател на Одборот за акредитација. Да не се служиме со невистинити работи. Проект немаше, се даде само еден документ кој што беше составен од две страни, на кој што беше дадено само мислењето од Одборот за акредитација и ништо повеќе.

Врз база на таква оскудна и дискусија, врз база на отсуство на елементарни работи во процедурата, ние влеговме во една постапка за легализирање на еден универзитет, што за мене е крајно неприфатливо и токму од тие побуди дискутирав во тој смисол овде, со една единствена цел, да дојдеме  до солидно решение за високото образование на Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам за појаснувањето. Ајде и вие процедурално, па министерот бараше збор.

Господин Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке, во саботата наутро беше 4,30 минути, ние не се разбравме. Тој проект кој беше понуден од Владата и од министерот за образовние, беше виден 10 минути пред да почнеме со говорот и она што го видовме беше навистина

сериозно еве и сега ми е страв пола час после 12,00 часот, значи повторно имаме проблем.

Пред мене е мислењето на проекто за основање на универзитетот во Тетово на кој што е потпишан господинот професор д-р Тито Беличанец. Новиот момент е денешен во кој што тој кажува дека признавањето на тетовскиот универзитет не доаѓа предвид. Е, сега незнам дали ова е валидно, пак дали е ова валидно, ова е денешен утрдински дневник во кој што господинот Тито Беличанец образлага дека тетовскиот мора да биде споен со Штуловиот универзитет.

Господа за кој и каде ние се брзаме, расправаме толку време, на крајот ќе испадне еве и Сенатот на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” денес излегува со соопштение дека бидејќи буџетот не е подигнат ќе се запре наставата во “Кирил и Методиј”. И, сега ние се брзаме, каде брзаме, зошто брзаме, незнам.

Госпоѓо потпретседателке вие можеби знаете. Министерот по стоти пат го повикваме да излезе. Повторно не излезе. Господата пратеници од СДСМ тие си ја завршија својата работа од точка 6 направија точка 2 и веќе шести ден распаваме по точка 2, имаме уште 19 точки, а вас ве нема. Зошто ве нема ќе кажете самите. Друго е да се легне, да се одмори, да се касне, ама ние сме тука цело време. И, на крајот ние сме тие што спиеме, вие сте тие што сте будни и што ја пратите Македонија.

Господинот Макрадули многу процедурални работи ги кажува, а од друга страна ништо не работи. Благодарам.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Ве молам без квалификации господине Мавровски.

Министерот господин Положани, бараше збор.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Јас сакам конфузијата што се наметнува да ја разбистриме. Според членот 43 предмет на парламентарна процедура е Законот за основање на високообразовна

институција каде што предлагачот пред Парламентот донесува и мислење од Одборот за акредитација.

Проектот што го имате тука и што рече господинот Андов дека сакаше да се скрие, поради тоа е тука, инаку во комисиска расправа беше расправано врз база на проектот, законот со мислење на Одборот за акредитација каде што одредени членови сакаат дополнителни информации во врска со проектот и јас го доставив лично по барање иако не е испратен како што вие рековте до Собранието затоа што тоа не е законска обврска. Инаку за тоа е мислењето кое што од стручен аспект дава мислење без разлика дали е позитивно или е негативно, туку дава мислење за проектот и мислам дека од тој аспект постапено е според законот и според членот кој што се занимава со таа работа и мислам дека тука не би требало да има проблем.

Благодарам.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Процедурално госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас ќе го прочитам член 117 од Деловникот на Собранието на РМ во кој се вели: “Поканата за седница на работните тела со Предлогот на дневниот ред и материјалите што ќе се разгледуваат на седницата претседателот на работното тело им ги доставува на членовите на работното тело по правило 8 дена пред денот на одржување на седницата”. Е, сега, на ова работно тело Комисијата за образование и наука на дневен ред бил Предлог законот за основање на државен универзитет во Тетово. На самата седница на Комисијата им е доставено мислењето на Одборот за акредитација за високото образование дадено, јас би сакала да обрнам внимание на министерот за образование, дадено по однос на проектот за основање на универзитет во Тетово. Ако ние го немаме проектот за основање на универзитет во Тетово и релевантно е мислењето на Одборот за акредитација затоа што членовите на Комисијата пред се незнаат за што да зборуваат, што треба да зборуваат.

Што им значи мислењето ако го немаат проектот за основање универзитет во Тетово. Јас мислам дека не е тоа добра волја на министерот за образование по барање на одеден број пратеници да го даде проектот, туку тоа е суштината и фундаментот врз основа на кој потоа Одборот за акредитација го донел ова мислење и на крајот на Комисијата за образовние и наука е доставен предлогот за основање на државен универзитет во Тетово. Значи треба да ја следиме обратната постапка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господинот Положани сака да објасни. Повелете.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Можеби е така подобро, но јас постапувам според законот. Законот вели така како што јас сум го доставил. Мислам дека со законот се доставува и мислењето. Можеби има потреба и од друг начин, но според законот, може треба да да се смени законот. Јас сум постапил според законот.

(Реакциј на дел од пратен иците)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Госпоѓо Којзеклиска ве молам.

Господин Блаже Стојановски процедурално.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке, овде се јавија некои дилеми кои што еве во денешиот печат излегоа, а се работи за изјава на претседателот на Одборот за акредитација, господинот Тито Беличанец, кој што зборува во функција на претседател на Одборот за акредитација. Ние имаме добиено мислење од истиот тој одбор за акредитација кое што е сосема спротивно на она што претставува цитирана изјава на претседателот на Одборот за акредитација.

Значи имаме две спротивни изјави на претседателот на истиот одвој одбор за акредитација и навистина неможеме ние да знаеме која од овие две изјави е вистинита.

Од овие причини, а имајќи во предвид дека претседателот зборува дека затекнатите студенти е најдобро да се трансферираат на постојните државни универзитети и да продолжат со студирањето но по строго утврдени критериуми. А, од друга страна има мислење за проектот, по проекто за основање на универзитетот во Тетово.

Навистина имаме две сосема спротивни, различни работи кои што ги кажува истиот човек. Од овиде причини не мора да ги разјасниме овие работи и мора да добиеме релевантно мислење или записник од седницата на Одборот за акредитација со цел да можеме да утврдиме фактичката состојба да имаме за што да дискутираме, затоа што дискутираме врз основа на мислење кое што не знаеме дали ги содржи истите работи кои што се дискутирани на Одборот за акредитација или пак важечко е она што го имаме денес како изјава на претседателот на истиот тој одбор. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Има право да даде забелешка за начинот за водење на седницата и за материјалите кои се доставени беше во рамките на она што е предвидено, меѓутоа јас мислам дека сепак имам еден законски текст. Во меѓувреме пртениците и од дискусиите на поединечни колеги се запознаа и со содржината на програмата на Владата,така што не се работи за непознавање и ние сега, мислам, по сите овие денови дискусија веќе знаеме за што дискутираме.

Така што јас би сугерирала да продолжиме со дискусијата.

Збор има господинот Коце Трајановски.

(Повеќе пратеници бараат процедурално)

Процедурално кој сега прво, ќе зборува, сите 4 истовремено дигаат рака. Можете да се договорите. Господин Ќедев повелете.

САШКО КЕДЕВ:

Претседателке уште еднаш би сакал да потенцирам на сериозните процедурални отстапки и проблеми со кои што се соочуваме за ова прашање. Значи најпрво би сакал да ве потсетам дека ние секојдневно добивме собраниски материјали кои што се мерат не во страници туку во килограми. Значи огромни собраниски материјали секодневно ги

добивме за многу маргинални работи.А, еден вака многу витален дел како што е проектот кој што кажав дека повеќе од 2/3 се изјави, значи кој што го нема видено најголем дел од пратениците го немаат видено. Значи ова би бил еден сериозен процедурален пропуст. Тоа е едно.

Второ, сведоци сме дека беше спомнато дека ќе има многу простор за работа за антикорупциската комисија по однос на еден потенцијален, огромен мега скандал во РМ во кој што ќе бидат соучесници сите кои што отстапуваат од овие принципи. Сведоци сме дека имаме мислење на Одборот за акредитација, мислење кое не е позитивно. Тоа мислење што е на две три страни дадено, секој го прочита веќе деновиве и со ниедна реченица пред потписникот на тоа мислење не потврдува дека дава афирмативно мислење на Одборот за акредитација. Дури на почетокот стои дека Одборот за акредитација после долга и мачна дискусија го дава тоа алиби мислење. А денес истакнаа колегиве дека имаме официјална изјава од претседателот, значи ќе биде сериозен процедурален прекршок кој што ќе даде многу сериозен знак на сите граѓани на Република Македонија дека се случува нешто чудно и дека владеачката коалиција сака да помине еден нов мега скандал во Република Македонија.

Затоа би инсистирал да се запази формално-правната процедура.Да се достави проектот, проектот да го види секој пратеник, тука секој кој што има обврска да гласа во Собранието, да се сочека мислењето на интеруниверзитетската конференција иако формално правно не е потребно, меѓутоа од морален аспект е потребно.

И, трето, да добиеме званично мислење на Одборот за акедитација, дали е позитивно или е негативно.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА.

Благодарам.

Господин Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колешки и колеги пратеници, јас го сваќам напорот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да го најде методот  како ќе ја

заврши оваа седница, но мислам апсолутно (реакција на дел од пратениците) но мислам да ги употребам термините од наставата, ја промашил темата.

Би сакал прво вас да ви укажам потпретседателке, дека согласно Деловникот за процедурално може да се зборува за повреда на деловникот. Тука нема никакви дилеми. Тоа е исто како кредито за заобиколницата околу Скопје кога баравте проектот тука да се донесе и за тоа да распаваме сега.

Овој проект не е составен дел на законот и вие тоа го знаете добро. Ние сега имаме за дискусија Закон за основање на државен универзитет. Сега вие може да зборувате уште десет саати за други работи, ама ова не е тема. И, затоа ве молам потпретседателке или господин претседателе да ја завршите оваа зврзлама со процедурални непринципиелни забелешки, и јас да го употребам терминот што досега го слушам стопати и да продолжиме со расправата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господин Стојан Андов, процедурално.

СТОЈАН АНДОВ:

На процедурална забелешка на еден пратеник неможе да одговара друг пратеник. Само претседтелот на Собрранието, инаку нека си даде оставка претседателот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро.

СТОЈАН АНДОВ:

Него го заменува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Никој друг неможе да даде забелешка на процедурална забелешка. Одговор неможе да даде Макрадули на незнам на кого забелешка. Не е надлежен, ниту има овластувања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Андов се ве разбравме, продолжувме со расправа бидејќи вашите процедурални забелешки не се вред.

Мнистерот објасни дека е се по процедура, по закон. Според тоа..

(Реакција на дел од пратениците)

Ве молам, ве молам, ве молам, ве молам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски, имате збор.

(Пред говорницата излегоа пратениците Сашко Кедев, Никола Груевски и Ганка Самоиловска-Цветанова).

Ве молам седнете си на место. Ве молам за тишина. Мир во Собранието.

Продолжуваме со расправа. Ве молам, господинот Коце Трајановски има збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Имам процедурално господине.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од 15 минути.

(Седницата прекина во 24,40 часот).

По паузата седницата продолжи во 12,55 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, вечерва во Собранието на Република Македонија се случи обид за насилство, имено еден член од СДСМ, академски професор влезе во салата и притоа физички се закани на дел од членовите од ВМРО-ДПМНЕ или конкретно на потпретседателката на ВМРО-ДПМНЕ госпоѓата Ганка Самоилова Цветановска.

Затоа бараме лично да се извини се додека не се извини, нема да почнеме ние со нашите говори и нема да продолжи седницата.

Бараме господинот Довчев, кој физички се закани влезе во салата и се закани на членовите на ВМРО-ДПМНЕ, се со цел за да може да не заплаши и овој закон да биде донесен оваа вечер.

Инаку да потсетам, пред неколку дена исто така, имаше закана за Република Македонија, закана за војна.

Сметам дека Вие како потпретседател, исто така треба да барате од господинот Довчев да дојде и да се извини на потпретседателката на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете процедурално господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас само да го надополнам колегата Коце Трајановски. Вие како претседател на Собранието, доколку мислите дека оваа расправа во иднина може да излезе повторно од контрола, можеби ќе најдете некоја деловничка оправданост. Ние од ВМРО-ДПМНЕ ќе го повикаме сопственото обезбедување, доколку Вие не го обезбедите редот во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, процедурално.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, некни се случи нешто што е ништо во однос на овој инцидент и сега гледам нема никаква реакција од СДСМ. За жал, после тоа се случија уште два други настана кои многу повеќе допираат и до македонскиот народ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски процедурално.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Барам извинување како од пратеникот, така и од Пратеничката група на СДСМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со расправа.

Повелете госпоѓице Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Господине претседателе, би сакала да имате ист принципиелен однос и пристап како кон позицијата така и кон опозицијата. Од Ваша страна вчерашниот инцидент беше

осуден. Но Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ имаше доблест и излезе и се извини на пратеничката од СДСМ.

Бараме од Вас да го осудите инцидентот што го предизвика пратеникот Довчев заканувајќи се на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, да бидете принципиелен и доследен и бараме извинување од пратеникот Довчев. Вакво насилство неможе да се толерира во собраниската сала и вакви лични манири.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Самоиловска, јас не бев присутен и незнам дали е тоа што Вие го зборувате навистина и незнам ако господинот Довчев чувствува дека треба да се извини, нека се извини. Јас незнам што се случило бидејќи не бев во салата. Немојте од мене да барате нешто, само заради тоа што Вие сметате дека е тоа така.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Ве молам претседателе минатиот инцидент не слушнавте што се случи, што и кажа пратеникот Тасев на госпоѓата од СДСМ, но по објаснувањето Вие го осудивте тој настан на пратеникот. Затоа барам и сега да бидете принципиелен и доследен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минатиот пат јас ги погледнав стенографските белешки што рекол господинот Тасев.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Тогаш снимките побарајте ги.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со расправа.

Повелете господине Чашуле деловнички.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Со целиот почит господине претседателе го издржуваме овој маратон. Имам до Вас конкретно прашање: Што имате намера да превземете за да не заштитите од разни упади во оваа сала, кои не доликуваат на возрасни луѓе.

Јас разбирам човекот да не сака да се извини. Од Вас барам да ми кажете како ќе ме заштитите мене, како ќе ја заштитите госпоѓата Цветановска и како ќе ги заштитите сите колеги и колешки овде. Ништо повеќе. Одговорете ми на тоа прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има начин како ќе ве заштитиме.

Повелете процедурално госпоѓа Којзаклиска.

МАРИЈА КОЈЗАКЛИСКА:

Почитуван претседателе Вие можеби не бевте присутен тука кога се започна расправата и по однос на овој проект за основање на универзитет во Тетово.

Согласно член 117 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ќе повторам уште еднаш. Поканата за седница со предлогот на дневниот ред и материјалите што ќе се разгледуваат на седницата, претседателот на работното тело им ги доставува на членовите на работното тело по правило 8 дена пред денот на одржувањето на седницата.

Колку што сум информирана од членовите на Комисијата за образование и наука, а тука е и претседателката на Комисијата, на колегите пратеници кои се членови на таа Комисија им е доставен со дневниот ред само предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово. На самата седница на господата пратеници и членови на таа Комисија им е доставено мислење по проектот за основање на универзитет во Тетово од Одборот за акредитација на високото образование. Овој проект од незнам колку страници, господинот министер го дал по барање на неколку пратеници, значи не до сите пратеници на Комисијата за образование и наука, а господинот Положани пред малку рече дека овој проект немал врска со предлогот за донесување на закон, меѓутоа, веднаш ќе го демантирам, затоа што во воведот на овој проект и во образложението, оценка на состојбите во областа во која се предлага законот е сосема препишан текст. Значи, двата текста стојат идентични и во Предлогот на законот и во проектот.

Ние бараме да ни биде доставен до пратениците овој проект за основање на универзитет во Тетово, затоа што мислењето од Одборот за акредитација се заснива токму на проектот за оснивање на тетовскиот универзитет. Значи бараме проектот за основање да биде доставен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поминаа три минути Ви се молам. Госпоѓо Којзаклиска, на Комисијата во која што Вие бевте за образование и наука  Ви се доставени по закон одредени документи. Тоа е Законот и Мислењето од Одборот за акредитација. Со тоа законските одредби се исполнети и Комисијата со мнозинство гласови го усвои Законот. Ништо друго законски на Комисијата  нема ниту до пратениците законско задолжение да се поднесе. Според тоа, го расчистивме и не одговарам повеќе на вакви процедурални прашања. Законот не е повреден. Постапката не е повредена. Прочитајте го Законот за образование и ќе видите дека постапката не е повредена.

Повелете господине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас имам процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас процедурално повеќе не давам. Како претседател на Собранието бидејќи околу истите работи се вртите. Ако имате нешто надвор од ова.

Повелете но во врска со Деловникот и процедурата.  Деловникот е комплетно исполнет.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе за дадениот збор. Јас морам да потсетам тука дека ние за да добиеме на дневен ред да дојде одреден предлог закон на дневен ред, треба да биде запазена процедурата за неговото стигање на дневен ред како предлог-закон.

Имено, што сакам да кажам. Ние добивме мислење како еден од условите за да може да се разгледува овој предлог-закон за основање државен универзитет во Тетово е мислењето на Одборот за акредитација чии што претседател е пров.др. Тито Беличанец. Ние тоа мислење го добивме. Во него стои дека согласно член 26 став 2 од Законот за високот образование, Одборот за акредитација во натамошната постапка ќе пристапи кон акредитација на студентските програми.

Исто така, притоа, ќе се изјасни за соодветноста на кадрите потребни за изведување настава по одделните факултети и студентски програми. Ние за да можеме да разгледуваме предлог-закон кој што се однесува за основање на државен универзитет, мора да имаме позитивно мислење од Одборот за акредидација. Во таа смисла  согласно

она што е изјавено од страна на претседателот на Одборот за акредитација, односно дека Одборот дава мислење што треба да направи Универзитет да добие акредитација. Ние имаме изјава од претседателот која што дословно вели дека Одборот дава мислење што треба да направи универзитет за да добие акредитација. Прво треба да имаме добиено позитивно мислење, а после тоа да донесеме одлука за основање на државен универзитет. Во мислењето на Одборот стои дека универзитетот треба да ги задоволи кадровските, социјалните и другите потреби за високо-стручни кадри, имајќи ги предвид можностите за студирање на другите државни универзитети. Ние овие податоци ги немаме воопшто. Не се работи за проектот.  Тука се работи за мислење на Одборот за акредитација и услови кој што тој ги поставува, а ние ги немаме добиено, што значи нема основа за да основаме универзитет чии услови не се исполнети.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски. Законот за високо образование не налага дека мора да биде позитивно мислењето. Мислењето може да биде и позитивно и негативно. На пратениците е да одлучат врз основа на тоа мислење дали ќе го изгласаат или нема да го изгласаат. До вас е доставено мислењето од Одборот за акредитација. Со тоа се исполнети законските обврски. Јас реков во врска со ова прашање нема повеќе процедурално, затоа што дадов објаснување и со тоа се завршува ова прашање.

Повелете господине Коце Трајановски, имате збор.

Господине Коце Трајановски дали ќе земете збор, или се откажувате.

Повелете процедурално господинот Љубе Бошковски.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Вие неможете со пратениците како пратеник во македонскиот Парламент, како еден од еднаквите во овој законодавен дом да ни го опструирате правото да го изнесуваме своето мислење да зборуваме за процедурата, за работата на Парламентот. Јас ја разбирам Вашата нервоза, јас можам да Ве сватам дека сте исцрпени, но исто така Вие морате да ја сватите македонската јавност граѓаните, на оние на кои исклучиво им одговараме вклучувајќи Ве и Вас и ако продолжите со ваквата постапка, ние ќе мораме да Ве повикаме на одговорност согласно Уставот на Република Македонија заради профилитетите кои веќе почнавте да ги применувате. Не само од пратениците и Вие како прв човек во Македонскиот парламент и по функција заменик на претсеателот, доколку е тој отсутен од државата. Ова не го забележале ниту парламентите во Парагвај, ниту во

Уругвај, ниту ова може некаде да се види освен во Македонскиот парламент. Ако продолжите со ваквото однесување ние ќе ја повикаме македонската јавност да ги преиспита Вашите мандати. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова не беше процедурално. Повелете госпоѓо Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Конечно Ви благодарам господине претседателе што ме удостоивте да ми дадете збор. Сакам да Ви кажам дека ние не сме Ваши ученици, па Вие да се однесувате така со нас и да не ни давате збор. Меѓутоа, сосема за друго барав процедурално. Колегите од СДСМ пред неколку дена, само на последното заседание, кога настана полемиката помеѓу господинот Орданчо Тасев и госпоѓата Ана Андова, завзедоа став дека за секоја жена од овој Парламент која што ќе биде навредена дека тие ќе ја напуштаат редовно седницата на овој Парламент.  Бидејќи господинот Довчев овде се закани не само на една жена туку на повеќе пратеници од ВМРО - ДПМНЕ, дали ќе бидат доследни на нивниот завземен став и овој пат. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе процедурално. Како координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза од половина час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате и пауза од половина час. Повелете.

Пауза од 24,55 часот.

(По паузата седницата започна со работа во 01,40 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јавува пратеникот Сашо Дохчев.

САШО ДОХЧЕВ:

Јас се извинувам за мојата нервозна реакција која беше реакција на нивната акција за заплашување на претседателот, кога станаа неколку души наеднаш да му се заканат на претседателот на Собранието. Меѓутоа, тоа секако не ја оправдува реакцијата. Најмалку пак се обратив кон госпоѓата Ганка, ниту ја погледнав, ниту имав намера неја да ја заплашувам. Тако што од таа страна немам што да додадам.

Тоа беше целата реакција, никакви зли намери немав против никого. Тоа беше нервозна реакција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Самоилова.

ГАНКА САМОИЛОВА ЦВЕТАНОВСКА:

Најнапред би сакал да кажам дека станувањето на дел од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не беше заканување кон претседателот, туку начин да го искаже својот револт, да реагира и да му укаже.

Со сета почит и прифаќање на извинувањето од страна на пратеникот Дохчев. Сепак јас морам да кажам дека сум максимално разочарана од моите колешки од СДСМ кои не реагираа на истиот начин на кој минатиот пат тие ги повикаа сите пратенички, без разлика на нивната партиска припадност, да реагираат во оној момент кога некоја од колешките, односно пратеничките ќе биде навредена, ќе биде навреден нејзиниот дигнитет и углед.

На моето прашање дали тие ќе ја дадат поддршката, како ние минатиот пат им ја дадовме нашата, една колешка од СДСМ, во Клубот на пратеници дури ми одговори дека тие ќе реагираат само доколку на некоја од жените од ВМРО-ДПМНЕ и се случи нешто.

Во знак на револт сакам да кажам, уважувајќи го извинувањето на господинот Дохчев, дека во знак на револт на нереагирањето на колешките од СДСМ, јас ќе апсцинирам од сите активности на женскиот парламентарен клуб до крајот на мојот мандат.

ЉУПЧО ЈОРДАНООВСКИ:

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитувани колеги, јас до крај го држам мојот принцип.

Навистина и понатаму стојам на ставот, доколку која и да било жена биде навредена во овој парламент, ќе делуваме така како што кажав. Меѓутоа, за разлика од господинот Орданчо, кој не најде сили и лично да се извини на нашата пратеничка Ана Андова, која јавно, пред очите на јавноста ја навреди, нашиот пратеник, господинот Дохчев, и ако видно не Ве навредил, стана и имаше доблест да се извини. Од ова повеќе јас незнам што треба да се направи.

И во иднина остануваме на ставот, до колку која и да било пратеничка биде навредена, од било кој пратеник, исто така ќе реагираме на тој начин, како што кажав претходниот пат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Самоилова.

ГАНКА САМОИЛОВА ЦВЕТАНОВСКА:

Колешке,  јас го уважив извинувањето на колегата Дохчев, но повторно не видов реакција од Вас како пратеничка и од Женскиот дел од пратеничката група на СДСМ, што уште еднаш се потврдува дека не сте принципиелни и јас останувам на ставот дека ќе апсцинирам од сите активности на женскиот парламентарен клуб.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршивме околу оваа дилема.

Збор има господинот Коце Трајановски.

Повелете, процедурално господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сакам деловнички да реагирам.

Во Деловникот на Собранието на РМ, во делот 3, права и должности на пратениците, под точка 3 на страна 10 пишува - право на информирање на пратениците и обезбедување услови за вршење на функцијата пратеник.

Член 32 вели: “на пратениците им се доставуваат сите службени публикации што ги издава Собранието и информативните и документациони материјали што се доставуваат до Собранието заради нивно целосно информирање.

Претседателе, со оглед на тоа што имаше многу процедурални јавувања, ова е веќе деловнички, се однесува на проектот за основање на државниот универзитет во Тетово. Имено, тој беше доставен само до координаторите на пратеничките групи и до дел од пратениците на матичната комисија за образование.

Во недостаток на тој проект, пратениците, не можеа целосно да се запознаат за материјата, по законот за основање на државен универзитет во Тетово.

Барам овој материјал да се искоспира и да им се достави на сите пратеници, вклучително и пратениците од опозицијата, како би можеле за овој закон, закон кој е многу значаен за функционирањето на образованието во Македонија, и со поголемо значење од тоа, за да можат да донесат правилна одлука и да можат правилно да дискутираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски имате мала грешка во читањето на ова.

Вели документациони материјали кои се доставуваат до Собранието. Тој материјал не е доставен до Собранието. Во Архивата на Собранието нема доставено таков материјал, а тој член тоа вели. Значи со тоа расчистивме.

Повелете господине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Имам уште една деловничка забелешка.

Материјалот нас не ни падна од небо. Материјалот на нас ни го доставија од Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Материјалоат не е поминат низ архива за да биде доставен до Собранието. Ве молам, тука си има правила и процедури. А и весникот што се чита, не е исто така, доставен до Собранието, а се користи како аргумент овде.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, во тој случај јас незнам ние за што дискутираме овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние дискутираме за законот, со мислењето на Советот за акредитација.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мислењето е основа од Проектот. Треба Проектот да го имаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Со ова расчистивме и не сакам околу тоа да полемизираме.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

На овој начин  не можеме ние да дискутираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам господине Трајановски, Деловникот не е прекршен, се е направено по процедура, по закон, и ако сакате да зборувате, повелете зборувајте.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мислам дека деловнички е прекршен со оглед на тоа што Проектот не бил заведен во Архивата на Собранието. И таму е тоа направено. Инаку како можеме ние да дискутираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во деловникот не пишува дека мора да биде заведен, бидејќи тоа и не е должност на изготвувачот на законот, да Ви го достави. Никаде не пишува во Законот дека мора да

Ви го достави Проектот.  Бидејќи тој не е стигнат во Собрание преку Архива, затоа и не можите да се повикате на овој член.

Продолжуваме со расправа.

Господине Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Морам да укажам дека се користат сите можни начини се со цел опозицијата да биде наведена или да не и бидат доставени комплетните материјали, се со цел да немаме доволен број на информации, како би можеле вака значајни закони да поминат во Собранието. Меѓутоа, со нашата дискусија, ние сакаме да укажеме и да испратиме порака до Владата на РМ дека во иднина, за вака значајни закони за РМ, нема така лесно да поминуваат во Собранието на РМ и ќе мора овие закони да бидат донесувани со повеќе материјал и со повеќе консензус.

Инаку што се однесува до денешната седница, на дневен ред е Законот за основање на државен универзитет во Тетово.

Со оглед на досегашната дискусија, сметам дека е ова најголем монолог на опозицијата, од основањето на  Парламентот на РМ и од неговото 13-годишно функционирање. Во овој случај опозицијата повеќе од пет дена дискутира, во тој случај позицијата, пратениците од позицијата само молчат. Покрај пратениците молчи и министерот и покрај упатените прашања, забелешки, мислења и дилеми. Меѓутоа, изгледа овој закон ќе се обидат да го донесат во тотален молк.

Сакам да предупредам дека ние како опозиција ќе дискутираме до крај, се додека Владата овој закон не го повлече, и повторно не ни го достави во некоја нова верзија.

Со мојава дискусија ќе се обидам да ги убедам пратениците од позицијата, вклучително и министерот за образование, со аргументите што сакам да ги искажам, да ги убедам да го повлечат овој закон, како министер за образование, или пак пратениците од позицијата да смогнат сили и овој закон да не помине во Собранието на РМ.

Што се однесува до самиот закон, причините поради кој е донесен овој закон се многу  едноставни.

Прво, поголем пристап во високото образование на припадниците на сите заедници, особено на албанската заедница и другите заедници. Констатација, досега тоа

не се остварувало во доволна мерка и покрај Педагошкиот факултет, квотите на двата постојни универзитети во РМ и Факултетот на Југоисточна Европа, или популарно наречениот Штулов Универзитет, на кој предавањата се изведуваат на Албански, Англиски и Македонски јазик. Потоа се наведуват неколку фрази од видот, ќе се изјаснува, ќе се засновува на стручност и компетентност, ќе биде отворен овој универзитет за сите студенти кои ќе изразат желба да студираат, ќе се задоволат потребите од стручни кадри во овој дел од РМ, ќе се придонесе за јакнење на стручниот, интелектуалниот и научниот потенцијал на општеството. Значи, ќе се придонесе за јакнење на стручниот, научниот и интелектуалниот потенцијал на општеството, со образованието на идните кадри.

И на крај, најважната причина, а тоа е, овој закон ќе произлегува од потребите за остварување на заложбите на Рамковниот договор.

Сето ова е напишано во причините поради кои се донесува овој закон.

Сметам дека тоа е крајно несериозно објаснување и на крај многу потценувачки, дури и жално за РМ, многу лаички напишано за еден вака значаен документ со кој се основа високообразовна институција, државен универзитет во Тетово.

Врз основа на овие причини донесен е и предлог закон за основање на државен универзитет во Тетово.

Овој закон е составен од пет члена.

Во членот 1 се вели дека се основа државен универзитет во Тетово кој ќе ги има следниве факултети: Природно-математички, Факултет за хуманистички науки и уметност, Економски факултет, Правен факултет, Центар за политехнички студии, како висока стручна школа.

Значи од 12-те факултети на малоречанскиот парауниверзитет, овде се основаат само пет факултети.

Член 2, седиштето на универзитетот ќе биде во Тетово.

Член 3, подготовките за почеток со работа на универзитетот ќе ги врши матична комисија која ќе ја именува Владата на РМ на предлог на министерот за образование.

Член 4, средствата за финансирање на овој универзитет ќе се обезбедат од Буџетот на РМ и од други извори определени со закон.

Член 5, статусот на затекнатите студенти во Тетово, основан како граѓанска иницијатива, ќе се решава согласно член 198 од Законот за високо образование, донесен во 2000-та година и измените во 2003 година.

Еве толкав е законот за основање на државен универзитет во Тетово.

Не беше потребно ни две минути за да се прочита целиот закон.

Меѓутоа, сметам дека толку краток закон просто е невозможно да дефинира една високо-научна институција, како што е државниот универзитет во Тетово. Не ги дефинира и минимум потребните услови, критериуми и се она што е потребно за функционирање на овој универзитет. Со еден збор ова е крајно скандалозен закон, бидејќи сметам дека се нафрлени само некои определби кои треба да служат како основа за донесување на еден подетален и сеопфатен закон. Меѓутоа со оглед на тоа што целта е политичка, овој закон не може да биде и посеопфатен.

Понатаму, во образложението, во Законот е напишано,

1. Структурата на вработените со високо образование, во Европа е 25%, а во РМ е 12,7%.

2. Просечниот број на студенти на 1.000 жители во Европа изнесува 35, а во РМ е околу 22.

Ова се добри показатели, добра споредба. Меѓутоа, тука треба да видиме колкави се европските достигнувања во какви услови работи и живее Европа и какви се условите кај нас. Имено, каква е структурата на нашето стопанство, а каква е на европското. Кај нас, освен услужните дејности и трговија, скоро да не постои стопанство. Не постои веќе Металски Завод, не постои веќе ФАС 11 Октомври, не постои веќе Железара. Така што, овие високостручни кадри кои премногу ги има во РМ, денеска шетаат по улиците и се прашувам, дали ни се потребни уште високо стручни кадри, од профилите што ги прават овие факултети.

Под број 3 во образложението пишува “со овој закон се врши подигање на нивото на финансирање на Високото образование”. Во развиените земји тоа е 1,4%, а во РМ дупло помалку, или 0,7% од бруто општествениот производ.

Со овој закон се бара, или има цел во Високото образование да се финансира многу повеќе отколку сега. Определбата е многу во ред, до колку тоа се финансира на

она место каде што навистина треба да се финансира. Инаку, на овој начин само ќе се финансира во еден универзитет кој само механички ќе ја зголемува бројката, без притоа да води сметка во какви услови, во какви лаборатории, со какви наставници, со каков стручен кадар се опремени тие универзитети и на крајот каква ќе биде стручноста на овие кадри кои ќе произлегуваат од овие факултети.

Сосема би било во ред до колку овие пари би биле наменети во образованието. Значи, со зголемен процент од бруто општествениот производ, меѓутоа за подобрување на постојното образование. Инаку, сведоци сме во какви услови живеат студентите, какви се условите во студентските домови, сеуште живеат во бараки кои се направени пред 30, 40 и повеќе години, сеуште студентите се многу по број на еден професор и многу сме далеку ние од Европа, по тој процент. Сметам дека ќе има многу поголем процент до колку ние инвестираме во професорскиот кадар за да може на неколку студенти да има еден професор, а не како што е состојбата кај нас, полни амфитеатри, а предавачот е само еден.

Значи, на штета на квалитетот на високото образование на универзитетите се обидуваме повово да направиме уште еден универзитет кој што од финансиски аспект уште повеќе ќе ја ослабе државата, меѓутоа нема ништо да придонесе во квалитетот на високото образование. Така што овој процент од 0,7% во образложението на некој начин се злоупотребува.

Под број четири во образложението пишува со државниот универзитет во Тетово ќе се овозможи продолжување на студиите на студентите што го започнале студирањето на парауниверзитетот во Мала Речица. Дали навистина овие студенти ќе можат да продолжат во новоформираниот, доколку успеете да го формирате овој државен универзитет во Тетово? Тоа е само една од дилемите што сакаме да ја поставиме. Сметам дека не може и сметам дека се лаже целокупната македонска јавност, а особено се лажат студентите од парауниверзитетот во Речица. Имено, од 12 можни факултети на овој нелегален и див универзитет се основаат само пет факултети во предлогот на законот на државниот универзитет во Тетово. Би запрашал каде е Медицинскиот факултет, каде е Факултетот за фармации, каде се останатите 7 факултети. Иако со признавањето на овој државен универзитет во Тетово ќе се озакони

едно насилие, ќе се озакони еден факултет од Мала Речица кој што беше направен со сила, на кој што дури имаше и човечка жртва, на кој СДС употреби сила и сметајќи го како нелегален ние тоа го поздравивме. Кажа нашиот почесен претседател од тоа не се срамиме, затоа што сметавме дека беше прекршен Законот и Уставот на Република Македонија.

Меѓутоа, при ова не е земен предвид Штуловиот универзитет како варијанта за образование на албанците студенти во тетовскиот регион, во Република Македонија, а особено на универзитетот во Мала Речица. Имено, знаеме дека при основањето на овој Штулов универзитет би сакал да напомнам дека тој е приватен универзитет со странски донации, на кој што на повеќе пати беше нагласено дека се инвестирани повеќе од 60 милиони евра за инфраструктура, објекти, опрема, кадар, се со цел студентите кои ќе излезат од овој факултет да бидат и меѓународно признати. На овој универзитет се студира на три јазици: на албански, на англиски и на македонски, така што овој универзитет сметам дека е пожелен за секој студент, а особено за албанците од Република Македонија.

Меѓутоа, со пропагандата на ДУИ и со пропагандата на ПДП на некој начин се сака да се минимизира овој универзитет. Имено, се смета дека Штуловиот универзитет е универзитет на ДПА, дека универзитетот во Мала Речица е универзитет на ПДП и сега, ДУИ да не останат покуси, се извинувам, пократки, во тој случај тие сега си оформуваат свој универзитет. Тоа сега ќе биде државен универзитет во Тетово.

Значи, доколку се појави уште некоја албанска партија, во тој случај ќе правиме уште еден универзитет. И ова е почеток на хаосот во образование на Република Македонија. Тоа министерот би требало да го знае, меѓутоа на него, во пракса веќе покажа со неколку примери дека средувањето на состојбите во образование е последна работа што сака да ја направи. Инаку сме сведоци што се случи со средното училиште “Арсени Јовков”, сведоци сме како се направи кризата во Битола и еве сега ескалира со државниот универзитет во Тетово. Сметам дека министерот треба да размисли, доколку навистина мисли добро на Република Македонија да го повлече овој предлог, бидејќи освен еден пратеник од СДС други нема тука, меѓутоа сметам дека ме слушаат иако и до нив апелираат да не го прифатат, меѓутоа наједноставно е министерот да го повлече овој

закон, да го даде на Владата на Република Македонија, согласно на членот 76 од Деловникот за што имавме и предлог, со што ние овој театар би го прекинале.

На овој начин ќе имаме дуплирање на факултетите во Тетово. Имено, исти факултети ќе постојат во Мала Речица на државниот универзитет во Тетово и на Штуловиот универзитет. Значи, во еден град со 60.000 жители, на само неколку километри триаголник, ќе имаме три универзитети. Ова, во најмала рака е апсурдно. Ова е потсмевање со државата. Ова е потсмевање со Република Македонија. Надвор од сите стандарди во образованието и тука и надвор од Република Македонија. Од ова произлегува дека почнува да се создава тотален хаос во образованието. Се прави гетоизација на албанците со оставање во едни универзитети што ќе бидат изолирани за други националности, а велиме дека со Рамковниот договор ќе направиме една мултиетничка држава каде народите и националностите ќе сезближуваат во Република Македонија.

Покрај овие апсурдни работи што сега ги кажав во смисла на универзитетите, на факултетите на овој универзитет и на постоењето на трите универзитети во Тетово, што сметам дека нема пратеник освен ДУИ кој не мисли како што говорам, меѓутоа, пратениците од позицијата почитувајќи ја партиската дисциплина, со тешко срце можеби ќе гласаат иако апелирам да го надминам тоа, бидејќи се работи за еден многу значаен закон, кој што може ќе ја одредува иднината на Република Македонија.

Што се однесува до овој универзитет, јас имав среќа како координатор на пратеничката група малку да го погледнам и проектот што беше доставен, незнам од каде, падна во мојата канцеларија, бидејќи така сакале од Собранието на Република Македонија, при тоа иако и во законот воопшто не се напомнати просторните услови, опремата, лабораторијата и кадрите, така што ако го склучиме проектот, ќе видиме дека законот е само една пуста желба.

По основ на простории во Тетово почнуваат на најкриминален начин да узурпираат во “Тетово табак”, во касарната, спортската сала и каде што не, се со цел да понатаму овој универзитет го обезбеди целокупниот простор што му е потребен. Се трга во еден проект без воопшто да бидат наведени условите во кој што тој ќе се изведува.

Мислам деак е тој еден од најелементарните услови. Меѓутоа, ние како пратеници треба да замижиме и до овој значаен факт и да и веруваме на Владата на Република Македонија слепо, сето она што ќе ни го предложи да можеме да го изгласаме. Министерот, на сите овие прашања и дилеми по основ на просторот, по основ на опремата, по основ на кадрите не најде за сходно да стане и да ни објасни, макар и да ги каже овие девијантни појави со узурпација на општествен и приватен имот што се прави во Тетово, да ни каже дали е тоа така или не е.

Исто така, воопшто не се наведени во кои лаборатории ќе се изведува наставата, со која опрема ќе се изведува. Единствено има нешто кажано за кадрите, меѓутоа тие сепак се дадени во проектот. Верувајте, во 21-от век кадри кои се предвидени да работат на овој тетовски универзитет, државен тетовски универзитет, своите изјави ги имаат напишано на рака. Како уште пред 100 години што се пишувало. Има единствено име, презиме  и титула, ништо повеќе. Некаде има и адреса. Никаде биографија, никаде збор повеќе, како ние сега да одлучуваме? Дали треба да веруваме на тој проект, што сметам дека и проектот е див, со оглед на фактот дека претседателот на Собранието на Република Македонија рече дека не поминал низа архивата на Собранието на Република Македонија, не е верифицирано од Собранието на Република Македонија, а ние го земаме како клучен документ, го земала и Одборот за акредитација.

Исто така, за кадрите сакам да напомнам, наши сознанија се, непотврдени, за жал, министерот не сака и тука упорно молчи, смета дека ова ќе биде закон што ќе биде донесен само молчешкум од страна на позицијата и Владата на Република Македонија, се претпоставува дека овие кадри, повеќе од 90% имаат завршено на малоречанскиот универзитет. На така наречениот малоречански универзитет. Нивните дипломи воопшто не се нострифицирани, ниту се потрдени од законските и легални образовни институции и од Министерството во Република Македонија.

И сега, ние се прашуваме кој на кого ќе предава. А, велиме дека овие кадри ни се потребни за да завршат на овој новоформиран државен факултет во Тетово и да го понесат развојот во Република Македонија и Република Македонија да ја извадат од заостанатоста во која се наоѓа.

Меѓутоа, гледајќи со каков квалитет ќе испаднат овие стручни кадри, во најблаго речено чисто се сомневам.

На страна 3 се вели дека овој универзитет нема да биде лоцирано на едно место. Ќе се користат располложиви капацитети од постојните факултети во Република Македонија од Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” и Универзитетот во Битола. Јас ве прашувам што значи ова? Ако Владата на Република Македонија имала малку, макар малку почит спрема пратениците што треба да одлучуваат, би требало да ги наведе барем факултетите во кои што треба да се користат за овој државен универзитет во Тетово, а се наоѓаат во Скопје. Не мора да се наведуваат лаборатории, не мора да се наведуваат предавални, меѓутоа, ни тука законодавецот не нашол за сходно да го каже тоа. И затоа, веќе на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” владее една паника. Владее паника на Природно-математичкиот факултет во Скопје, владее паника на Земјоделскиот факултет, на Шумарскиот факултет, на Факултетот за биологија, бидејќи се плашат дека Владата на Република Македонија онаква каква што ја дал Господ и како што работи последнава година, дека утре ден нема да им достави решение на Природно - математичкиот факултет на пример, еве ќе земам на Факултетот за географија, на која што ќе каже таа и таа лабораторија, тој и тој кабинет, таа и таа предавална, треба да се отстапи на државниот универзитет од Ттово. Истото може да се случи и со Факултетот за биологија, хемија, или незнам за кој други.

Значи, нашите сомневања се сосема оправдани и сметам дека ако не го сопреме овој закон да се донесе, многу блиску ќе бидеме сведоци на ова. Јас би сакал министерот да не молчи веќе и да одговори барем на ова многу значајно прашање, бидејќи ова ќе потегне една лавина од револт кај високо образовните институции.

Во тој случај, доколку продолжи така, доколку нашите сомневања се остварат, во тој случај државниот универзитет во Тетово ќе биде лоциран само ректоратот и администрацијата, а сите останати факултети ќе бидат распоредени низ Република Македонија. Во тој случај, не ќе имаат корист ниту студентите кои што студираат на тој факултет, бидејќи ќе трчаат од еден на друг универзитет просторно многу далеку оддалечени.

И на крајот се прашуваме, дали сепак ова е некој политички потег на некоја политичка партија, на ДУИ и на СДС, конкретно отстапки од СДС во корист на ДУИ, се со цел да се дигне рејтингот, бидејќи еве, откако го предложија овој закон и од државјанството, рејтингот малку им се подигна. Меѓутоа, ова ќе значи почеток на пропаста на Република Македонија.

Во прилог на нашите сомневања дека се работи за едно политичко пазарење помеѓу СДС и ДУИ, може да послужи и мислењето на Одборот за акредитација, чиј претседател е професор доктор Тито Беличанец. Јас се потрудив и малку повеќе го разгледав ова мислење, а воедно, еден од моите колеги, господинот Спиро Мавровски кажа и денеска, дека господинто Тито Беличанец се огласил и во дневниот печат.

Имено, во сите овие точки од мислењето, воопшто нема позитивно мислење за отворање на овој државен универзитет во Тетово. Сметам дека тука процедурата би требало да запре и Владата на Република Македонија врз основа на ова мислење, би требало поново да го разгледа законот, да не го пушта практично до Собранието на Република Македонија, туку да изготви еден друг закон кој што ќе добие позитивно мислење од Одборот за акредитација.

Значи, во точка 1 пишува: “ Во Проектот за основање на универзитет во Тетово поблиску е елаборирана потребата од основање на универзитет”. Значи, воопшто не се кажува дали е позитивно и дали треба да се основа тој државен универзитет во Тетово.

Понатаму, во мислењето под точка 1 вели: “Треба да се земат во предвид задоволување на кадровските, социјалните и другите развојни потреби за високостручни кадри во Република Македонија”. Значи, не вели дека биле земени во предвид, туку треба. Се се зборува во некое идно време. Значи, како да и сугерира со ова мислење на Владата на Република Македонија дека треба да направи друг предлог отколку што е законот. Сепак, овие се академски граѓани, професори на факултет, тие нема децидно да кажат, меѓутоа, ако читаме малку повнимателно, значи упатуваат на еден многу културен, на многу елегантен начин даваат негативно мислење за овој проект.

Во точка 2 се вели: “Во проектот е нагласена и објаснета меѓуетничката интегративна функција на новиот државен универзитет, имајќи ги во предвид како

позитивните искуства на универзитетот за Југоисточна Европа во Тетово, така и на Законот за високо образование.” Значи, на крај елегантен начин упатува дека решението практично се наоѓа во Штуловиот универзитет. Тој практично, Одборот за акредитација, признала и потврдува дека во Штуловиот универзитет е остварена целта за кој што тој е формиран, иако, сакам да нагласам, дека при формирањето на универзитетот, јас бев пратеник во ова Собрание и седев од страната на позицијата. Тогаш, ако се семат стеногртамите, ќе може да се провери колку се бевме критикувани од тогашниот СДС кој што беше опозиција, а сега е позиција, во смисол на неадекватноста на тој проект и на крајот од предавството на ВМРО-ДПМНЕ према националните интереси во Република Македонија.

Сега, еден крајно спротивен став и не само по тој факултет, да беше по него ќе беше добро, меѓутоа, прават уште многу поголема катастрофална грешка, се оформува факултет, трет факултет во Тетово.

Во точка три содржина и структура на проектот е подготвена согласно тоа и тоа. Значи, пак не е тоа мислење, туку една констатација во смисла кои се составните елементи на овој проект.

Во точка 4 вели во проектот е прикажан износот на потребните средства за основање и работа на новиот универзитет во Тетово, за 4 години и понатаму вели за основање на новиот универзитет треба да се обезбедат дополнителни средства. Значи, приказната не е завршена. Тоа значи дека финансиските средства кои се предвидени и кои се кажани за овој проект воопшто не одговараат за потполно функционирање на овој универзитет. Во продолжение вели: исто така се укажува дека предложената листа на опрема не е доволна заради што се смета дека треба да се издвојат дополнителни средства за нејзина набавка. Притоа треба со договор меѓу соодветните високо образовни институции да се овозможи користење на нивната опрема. Значи, она што беше кажано во законот еве Одборот за акредитација на чело со претседателот професор доктор Тито Беличанец се наведува дека практично овој тетовски државен универзитет ќе ја користи опремата, ќе ги користи ресурсите на постојните факултети во Скопје. И тоа не е проблем, меѓутоа, тоа треба децидно да биде кажано однапред за да

би можело соодветните декани или ректори на универзитет да се изјаснат за тоа како и под кои услови ќе бидат користени овие предавални, лаборатории, кабинети и слично.

Значи, исто така, понатаму во точка 5.3 зборува за кадрите кои треба да ги образуваат студентите на овој државен универзитет во Тетово. Таму се вели исто така притоа ќе се изјасни и за соодветноста на кадрите потребни за изведување настава по одделни факултети и студиски програми.

Во продолжение вели, потребно е вклчување на некој од постојните универзитети односно факултети во нивниот состав, Педагошкиот факултет, Технолошко-металуршкиот, Земјоделскиот, Градежниот, Правниот, Економскиот и другите факултети.

На крајот може да се заклучи дека ова мислење е негативно од страна на Одборот за акредитација. Затоа упатувам едно прашање до министерот за образование како е можно и покрај негативно мислење на Одборот за акредитација Владата на Република Македонија на чело со министерот за образование за овој закон да предвиди ваков закон и на некој начин ова е дрскост ваков закон да се достави на разгледување на пратениците на Република Македонија. Ова е потценување на пратениците во Собранието. Затоа пак ве повикувам како министер да го повлечете овој закон додека сеуште има време притоа ќе ги скратите и нашите маки и на позицијата и на опозицијата, а сметам и вашите маки и маките на студентите кои го чекаат решението преку овој државен универзитет.

Што е најзначајно исто така Ректоратот на Универзитетот “Кирил и Методиј” молчи. Значи, десет и повеќе дена како се случува да биде актуелен овој закон за основање државен универзитет во Тетово, повеќе од 5 дена беа масовни протести на студентите и средношколците по улиците на Скопје и другите градови во Република Македонија, значи протестираа студентите, а ректорот и Ректоратот молчат. Јас не можам ова поинаку да го протолкувам, единствено како нивна неможност на Владата на Република Македонија да и кажат не за овој закон, бидејќи тие од Владата на Република Македонија доведени се до тој степен да не можат да ги остваруваат своите основни функции. Немаат ниту да го платат парното греење, немаат ниту основните материјали да ги купат.

Значи, ставени се во една зависна положба поради која не смеат да реагираат. Иако сметам дека прават голем престап, се работи за еден многу значаен настан во

образованието во Република Македонија, а тие на чело на високо образовната институција народот со нетрпение го очекува нивното мислење за да би можеле да го изградат својот став по овој универзитет.

Исто така во предлгот на законот за основање на државен универзитет во Тетово се вели дека законскиот основ се наоѓа во Рамковниот договор. Само би сакал да потсетам дека ова воопшто не е согласно Рамковниот договор.

Имено, во точката 6.2 од Рамковниот договор се вели дека националностите кои се повеќе од 20% во Република Македонија можат да основаат високо образовни институции и притоа тие да се финансираат врз основа на спогодба. Врз основа на ова е направен амандманот 4 во кој се вели дека националностите имаат право да основаат образовни институции. Не е напомнато ниту основни ниту средни ниту високо образовни. Значи, ставена е една многу широка рамка, меѓутоа, повикувајќи се на точка 6.2 многу е јасно дека тука не спаѓаат високо образовните институции.

Сега се поставува прашањето што го натера СДСМ нешто што не е обврска спрема Рамковниот договор сепак да го понуди и овој закон и да направи да се основа државен универзитет во Тетово. Сметам дека се тоа дневно политички игри на СДСМ се со цел да го задржи својот коалиционен партнер, да ја задржи власта во Република Македонија и да купи кредит за следните претседателски и локални избори во 2004 година.

Во точка 5 од овој закон се вели дека пари ќе се обезбедат од буџетот на Република Македонија. Буџетот ни беше доставен, ќе го разгледуваме на седницата од 26 декември оваа година, меѓутоа, и покрај моето упорно барање да најдам ставка во делот на образованието за овој универзитет, ставка не најдовме. Сега сигурно образложението ќе биде дека таа ставка е некаде скриена во некои капитални трансфери или нешто слично. Доколку Владата има доблест и министерството, би требало јасно и децидно во буџетот на Република Македонија да ги проектира овие средства. Меѓутоа, изгледа работите не се чисти затоа до крај се оди со скриени податоци. Иако се претпоставува дека овие два милиони евра кои се предвидени за овој државен универзитет во Тетово наменети се само за плати на професори и на администрацијата.

Значи, ние можеме да дојдеме до заклучок дека практично основањетона овој државен унверзитет во Тетово ќе биде, покрај тоа што рековме криминално се присвојат

голем број на објекти, наводно, поради потребите на овој универзитет практично второто ќе се реши вработувањето на оние луѓе кои се заслужни за ДУИ. Значи, за една дневно политичка потреба ние се дрзнуваме да формираме универзитет.

Покрај тоа сакам да напомнам, со оглед на тоа што универзитетот ќе се финансира од Буџетот на Република Македонија, а во најголем дел тој буџет се полни од даноците кои се собираат од сите граѓани на Република Македонија, ќе треба за овој универзитет да се распише референдум на кој ќе треба граѓаните на Република Македонија да го кажат своето мислење за овој универзитет и врз основа на тоа Владата на г. Црвенковски да знае дали треба или не да го основа овој универзитет.

Значи, г. министре поставивме многу прашања, дадовме многу предлози за сите овие 5-6 дена, побаравме одговор на многу дилеми кои се поставуват кај нас, со оглед на тоа што материјалот е толку скромен и толку краток што не можеме да одговориме на многу прашања, а вие молчите. Го браните законот со молк што е случај без преседан во Собранието во 13 годишното постоење на Собранието на Република Македонија.

Што е исто така многу жално молчи СДСМ, не знаеме дали се согласуваат, дали молкот е потреба, дали со молкот и понатаму ќе ја браниме Република Македонија. Дали молкот во крајна линија е аргумент.

Би сакал да предложам напорите во решавањето на прашањето на параунверзитетот и на образованието на албанците на високото образование на албанците во Република Македонија би требало да се реши со надградување на Штуловиот универзитет. Притоа би сакал да напомнам дека многу поцелисходно би било овие пари да се вложат во развој на стопанството во дотичниот регион. Инаку, онака како што е сиромашна Република Македонија и тој крај таму сметам дека високото образование не е толку потребно во таков процент. Во сиромашните земји најзначајно е да се обезбеди работа и луѓето да најдат работа макар со средно образование. Високото образование во ваков процент со три факултети на 60 илјади жители можат да го имаат само некои високо технолошки развиени држани како што е Германија, која може да ги апсорбира тие високо стручни кадри. Меѓутоа, тие високо стручни кадри треба да одговараат на потребите во општеството. На овој начин сметам дека во една сиромашна држава со никакво стопансто, со многу слабо земјоделие вклучително и сите останати

гранки освен трговијата и делумно неизбежниот услужен сектор во кој, за жал, не се потребни многу високо образовни кадри се планира и се проектира трет државен универзитет во Тетово.

Сметам дека на овој начин само се свртува и се одбегнува вниманието на младите кои треба да студираат неможејќи да најдат работа се свртуваат спрема универзитетите многу повеќе отколку кога би можеле да најдат работа и да основаат семејство. Тоа е многу значаен елемент и тоа е појава во многу сиромашни земји. Затоа, знаејќи го тоа, ние би требало овие средства да ги инвестираме во развој на мали и средни претпријатија, во развој на земјоделие и сето она што ќе најде вработување на млади луѓе кои имаат завршено средно образование. Вака правиме дупли проблем, издвојуваме средства со тоа се создаваат високо образовни кадеи кои и покрај тоа што за нив се потрошени огромни средства за да се добијат тие дипломи ако апстрактираме квалитетот на таа диплома зависно од квалитетот на наставниот кадар и слично втор проблем ќе биде што тие луѓе ќе работат, бидејќи веќе ќе бидат високо образовани, треба да им се најде соодветно работно место, а знаејќи ја состојбата во Република Македонија дека тие и постојните ги има многу на Бирото за вработување од скоро сите профили и сега бегаат надвор од Република Македонија, значи ние практично на западните земји, вака малку карикирано кажано, им финансираме образование на кадри кои после како готови кадри ги земаат и ги вклопуваат во нивното стопанство.

На овој начин правиме дупли трошок, значи и со офој факултет, бидејќи сметам дека не се проектирани потребите од овие кадри и соодветно на тие потреби не се формирани овие универзитети, ние практично ќе финансираме извоз на вискообразовни кадри, доколку можат да најдат работа.

Сега се прашувам дали е ова политички договор меѓу СДСМ и ДУИ, дали е тоа благодарност заради одржување на Владата, дали е кредит за следните избори, бидејќи очигледно дека нема никакви аргументи за формирање на трет универзитет во Тетово.

На крајот дали ова е причина за заплашување, со оглед на тоа што од еден пратеник слушнавме дека доколку ние со своите дискусии се вратиме назад тие ќе се вратат во минатото, значи, ако не го донесеме законот, може да биде многу лошо за Република Македонија.

Некој ќе рече дека многу ги изведуваме овие работи, меѓутоа, од оваа страна многу поинаку звучат тие зборови искажани со таков тон и со таков израз на лицето. Друг пратеник до него веднаш ќе каже - тоа е наша територија и ние ќе работиме онака како што сметаме, бидејќи ние сме газди на својата територија. Значи, веќе територијата во Република Македонија е исцртана, а со Законот за територијално разграничување сметам дека тоа ќе се потврди, меѓутоа, кога ќе дојде тој закон на дневен ред на Собранието исто така ние како ВМРО-ДПМНЕ ќе го дадеме целокупното внимание кое е потребно за тој закон и нема да дозволиме така лесно да помине во Собранието на Република Македонија.

На крај пак би апелирал до СДСМ и ЛДП, а знам дека интимно се против донесувањето на овој закон, знам дека е партиска директива, меѓутоа, би сакал да апелирам да не го изгласаат овој закон, да го вратат назад во Владата на Република Македонија за да се достави предлог кој ќе биде соодветен на условите во кои ќе треба да функционира овој закон. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Потпретседателке, ценети пратеници, присутни и неприсутни, господине министре

Повод за мојата дискусија во врска со формирањето на универзитетот во Тетово можеби навидум нема врска, инаку ќе се обидам само да ја кажам основната премиса зошто ќе дискутирам за да врз елаборирање врз основа на таа премиса да се покаже и да покажам колку другите заедници, да не кажам, се ништавни во Република Македонија. Повод за мојата дискусија што третата програма на турскиот јазик во текот на вчерашниот ден заради пренос од Парламентот дел од програмата се прекина и не се емитуваше. Навидум ќе каже некој што има врска програмата со образованието и формирањето на универзитетот. Можеби нема врска, но врз основа на мојата елаборација ќе покажам колку апсолутно оваа заедница се става на трет, четврти на енти план на Република

Македонија. Тоа е многу важна работа затоа што тоа што дискутирав претходно, а и врз основа на фактите кои се изнесени до сега и понудената програма врз основа на Уставот покажува врз познатата максима дека се основа универзитет за потребите на албанската и на другите заедници.

Јас тука ја гледам потребата, но не гледам дека апсолутно се земени предвид фактичките потреби на други заедници за формирана на овој универзитет. Но, на тоа ќе дојдам подоцна, само би се навратил хронолошки на ова што се случуваше порано за да ги поврзам работите во една целина за да на крај покажам и докажам дека потребата од образование на мајчин јазик е насушна потреба на сите заедници во Република Македонија. За мене таа потреба е прифатлива, разбирлива и во претходната дискусија кажав дека во таа насока сигурно ќе дадам поддршка на секоја заедница врз основа на принципи кои се засноваат на еднаквост и правична застапеност, ќе биде добредојдена.

Имено, водејќи се од основните демократски принципи карактеристични за сите модерни европски држави, сметам дека образованието заедно со здравството претставуваат основни цивилни столбови на секоја нормално правилно формирана и држава на здрави темели.

Исто така, тргнувајќи од сите цивилизациски придобивки и специфики на модерните општества во целост сметам дека постојат определени карактеристични стандарди неопходни за исполнување на основните потреби на секоја целна група во општеството. Потенцирам секоја целна група, на сите заедници во општеството. Во рамки на конкретниот проблем легализација на универзитетот во селото Мала речица постојат огромен број аномалии кои што во ниту еден момент не можат и не смеат да бидат занемарени пред се поради фактот што истите се неопходно потребни за единствена успешна и целосна реализација на еден вака гломазен и пред се чувствителен проект. Што јас би рекол, проект за сите и од сите. Но, да започнам хронолошки. Кога во декември 1994 година т.н., ректор на тетовскиот парауниверзитет тогаш сеуште претседател на иницијативниот одбор за отварање на универзитетот во Тетово Фадил Сулејмани ќе изјави : ако Владата не спречи, се ќе оди во пеколот, “Нова Македонија” 2.12.1994 година. Тогаш во тој период никој не гледаше сериозно на овој проблем, сметајќи го за детска работа. Но, како што гледате децата пораснаа, станаа полнолетни.

На седницата на Владата на Република Македонија одржана на 12.12.1994 година под раководство на истиот премиер Бранко Црвенковски се констатираше дека албанскиот универзитет е против уставен. “Нова Македонија” 3.12.1994 година. Сега истата таа Влада на Република Македонија со истиот премиер Бранко Црвенковски се става над Уставот на Република Македонија  и констатира дека ова повеќе не е против уставна форма и истиот сака да го легализира и тоа по итна постапка без дозволување на било каква поголема расправа сведувајќи го парламентот на еден обичен инструмент за гласање, а не за највисока институција во државата, приредувајќи смешни и маратонски седници без паузи, без одложување и без можност граѓаните да го чујат гласот на своите избраници. Реално си правиме муабет, нема многу такво расположение кај граѓаните спремни да гледаат седница на парламентот до раните утрински часови. Па нели е нивно демократско право да ја слушнат секоја јавна расправа за сите законски решенија. Во тој период т.е. уште при самото формирање на оваа  параинституција, тогашниот министер за внатрешни работи Љубомир Данаилов Фрчковски ова институција ја осуди и нејзиниот старт го поистоветува со иницијатива без образовни дименизии, класична политичка акција, тоа е мртво роденче уште на самиот почеток но политичкиот дел од иницијативата може да заживее само доколку политичарите од власта се покажат доволно слаби едно движење да се наметне над нив. “Нова Мекедонија” 18. 12.1994 година. Сега се поставува прашањето дали ова движење успеа да се наметне над политичарите од власта, т.е. дали тие излегоа толку слаби што дозволија едно мртво роденче да порасне, да стане полнолетно и без никакво законско право да почне да си ги бара своите права кои што пак по ниту еден закон не му се загарантирани, посебно во услови кога сите негови права и обврски му се дозволени со еден друг софистициран европски поддржан закон, закон за универзитет на Југоисточна Европа, Штуловиот универзитет. Потоа следеа голем број реакции на сите државни институции тргнувајќи од тогашниот претседателна Република Македонија  Киро Глигоров, кој што преку соопштение од страна на неговиот кабинет формирањето на оваа квази институција ја нарече обид за илегално организирање на универзитетот 30.01.1995 година. Кабинет на претседателот на Република Македонија. Сето ова претставува еден обичен хронолошки приказ на настаните, настани и изјави на тогашните функционери. Некли од нив се сеуште актуелни носители на власта со кои што

сакам да гиј потсетам пред се истите тие функционери за своите ставови изнесени во медиумите пред 7-8 години. И секако да ги потсетам граѓаните на Република Македонија за тоа што е можно да се случи кога некој смета дека граѓаните се со кратко помнење, дека секој може што сака да прави без да ги праша и покрај тоа што токму истите тие му овозможиле да биде на тие позиции на кои што се наоѓал тогаш и на кои што се наоѓа сега. Значи каква парадоксалност и каква иронија. Ова што цитирав се ставови на луѓе кои беа тогаш на власт и сега се на власт. Се со цел да дадам една слика што понатаму ќе дискутирам во врска со овие проблеми. Едно е јасно, не е можно демократско општество без решавње на националните прашања на сите општествени групи, но и решавањето на сите проблеми и прашања вклучително  и националните како примарни не се можни без демократија. Во оваа фаза би сакал да им се обратам и на нашите високо почитувани професори, дали тие се  рамнодушни во врска со ова прашање пред се поради тоа што тие се најдирктно засегнати од реализацијата на ова навистина горливо прашање. Имено, неспорен е фактот, претставува проблемот со финансирањето на актуелните два државни универзитети. Сите сме запознаени со тоа колку е мал буџетот кој што државата го одвојува за постојните два унвиерзитети Св.Кирил и Методиј и Св. Климент Охридски. Со оглед на тоа знаете ли колкав ќе биде издатокот на државата доколку започне да финансира уште еден државен универзитет. Навистина е проблематична и ситуацијата со просторното прашање на оваа образовна институција. Дали постои свесно размислување за тоа како ќе биде решено ова прашање пред се поради фактот што овој  универзитет функционира во никакви просторни услови. Значи ли ставката во предлогот проектот за легализација на овој универзитет поврзано со просторниот проблем на парауниверзитетот дека е можно дел од неговите простории да се префрлат на некои од веќе постојни просторни капацитети на двата државни универзитети во Скопје и Битола. И реално ако се изгласа државниот универзитет, државата има право и обврска тоа да го направи, дали ќе биде таму и на други места, тоа е веќе обврска на државата и мора да обезбеди, нема бегање од тоа. Во тој период во 1994 година кога истата оваа власт излезе на улици и ги притвораше луѓето заради отворање на тој универзитет, морам да ги потсетам дека во тој период многу луѓе се најдоа да не кажам во затвор, затворени зад решетки. Но, во тој период голем број и

турци во Гостивар, Тетово, исто се најдоа зад решетки. Зошто тоа го потенцирам, затоа што мора еднаш засекогаш да се расчисти дека во Република Македонија живеат други заедници. Другите заедници имаат исто така насушна потреба од образование на свој мајчин јазик. Образование да, ама на сите под еднакви услови. Но она што е важно како што некои потенцираа точка 6.2 од Рамковниот договор вели: Финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високо образование на јазиците на кои што зборуваат најмалку 20% од населението во Македонија, а врз основа на посебни спогодби. Очигледно ние се наоѓаме во една зачарана средина, еден круг да кажам каде што врз основа на закон или устав, значи овој Рамковен договор кој е инкорпориран во Уставот, само тие што имаат над 20% имаат на некој начин права, а сите други права се само декларативни, декларативни пред другата јавност, да не кажам европска јавност. Значи, нема законска основа, а од друга страна се заговара потребата и на другите заедници да учат на свој јазик. Јас и во претходниот мој говор потенцирав, добро ќе беше предлогот за основање на универзитет да содржи и поента, план и програма како да се инкорпорираат и другите јазици. Во програмата што јас летимично ја погледав Предлог програмата има основање на катедра за албански јазик, колку што знам и македонски јазик. Никаде не се спомнува катедра за турски јазик, никаде не се спомнува можност да се учи на турски јазик. Ако можело да се направат изјави, дузина изјави од низа професори, па можело да се контактира и со професори кои предаваат турски јазик, или кои се стручни во соодветна област да дадат, и да не дадат изјави како што се понудени на другите професори. Не нудењето, или неземањето во обзир дека е можно на тој тетовски универзитет, а јас ќе прочитам дека би требало да биде можно и на дргите два универзитети во рамки на Климент Охридски и Кирил и Методиј да учат и на турски јазик. Ќе потенцирам, до ден денеска на Педагошкиот факултет нема група посебна на турски јазик, а и неверувам дека во иднина ќе ја има, бидејќи ако можеше, ќе дојдам до таа паралела, некни во 11,00 часот програма на турски јазик после 30 и нешто години да се прекине дел, да не се емитува, затоа што имало емисија на трета програма, пренос од Парламентот, мислам дека ќе се најде начин, ќе се најде модус и во иднина да се избегне таа обврска од државата да се формира во Тетово, Климент Охридски, Кирил и Методиј високо стручна настава на турски јазик. Од тоа се плаши. Очигледно дека во тој правец се

оди. Имаме ситуација во Македонија мнозински народ, дел од заедниците кои се над 20% и дел од заедниците кои се под 20%. Три различни критериуми во Република Македонија, па оди снајдисе, а цело време заговараме едни демокртски принципи, еднаквост, права, обврски, но очигледно само обврските се заеднички, а правата апсолутно не се заеднички. И неверувам дека понатаму тие права ќе бидат апсолвирани на соодветен начин.

Ќе се навратам, своевремено истата гарнитура што сега е на власт, своевремено големиот државник Тургут Озал кога доаѓаше во Република Македонија во разговорите велеше дека Македонија за да опстане економски треба да гледа излез во неколку правци, а тоа е формирање на универзитети врз економска основа, за разни јазици кои тука постојат и тоа богатство треба да се искористи врз соодветна економска амбиентална основа. После толку, толку долги години веќе дел почнува да се остварува. За жал се остварува само за една заедница, а додека другата заедница се става ад акта, или системот: кога ќе дојде време ќе направиме тоа, или кога ќе дојде време ќе побарате да се отвори и кога ќе дојде време ќе направите вие, или едноставно, дај формирајте, дај барајте. Луѓе, овој предлог не го гледам јас како предлог на албанската заедница, овој предлог не го гледам како предлог на македонската или турската заедница, овој предлог е на Владата. Колку што знам Владата ја преставува Македонија, сите заедници во Република Македонија. И имаше право и обврска да се консултира со претставниците на релевантните заедници за да се добие една јасна слика, пресек за потребите на соодветните заедници за високо образование. Јас велам дека потребите се многу големи вклучително и на оваа турска заедница. Но, очигледно во минатото, а тоа се ефектуира после уште повеќе во Македонија се навикнати демек проблемот со турците најлесно се решава. Ние да ги решиме проблемите со албанците, другите заедници не се ни многу важни. Таква порака добивам. Она што овие денови се случува, пораката е таква. Или некој некому ќе му даде, или некој некому ќе му земе. Но, треба да се има во предвид таа позната максима: не му прави на друг такво нешто што не сакаш тебе да ти го направат. Мораше, пак ќе повторам овој закон да биде покомплементарен, поприфатлив за сите граѓани на Република Македонија, поцелисходен, поаналитичен за да го прифатиме како државен универзитет каде што сите граѓани на Република Македонија ќе студираат. Ова

што е сега предлогот, еден дел на граѓани ќе студираат, но за другиот дел од граѓаните студирањето ќе биде како што беше досега, студирање по квоти во Кирил и Методиј и Климент Охридски на другите заедници, значи за турската заедница на македонски јазик, а во Тетово на албански јазик, или некаде на друг јазик, ама никако на свој мајчин јазик. Ако сметате дека така треба да се направи, во ред. Но, треба јасно и гласно прецизно да се каже дека на тој начин се мисли да се образуваат соодветни кадри. Потребите на оваа заедница се големи, затоа што имаме ерозија на млади кои одат надвор во странство т.е. во Турција и учат на соодветен јазик. На тој начин можеби сега не, но во иднина ќе се почне со иселување од Република Македонија. Дали е крајна цел тоа? Немаат можност да студираат на свој мајчин јазик, потребите да се образуваат не само во еден дел од Педагошката академија или факултет како што е сега, или на турски јазик без можност другите специјализирани студии да имаат на свој мајчин јазик, не можноста па си го бараат чарето во Турција  или во други држави во Европа. На тој начин едноставно  и така кревката популација на турците ќе стане уште покревка и сигурно после извесен период, догледен период можеби за 10 - 15 години ќе имаме популација на една заедница која ќе биде мисловна именка во Република Македонија и очигледно сето тоа со смислена намера, намера да не се дава на определена заедница да учат на соодветен свој мајчин јазик. Тоа јасно се гледа и јасно е зацртано како треба да се направи и на божемните права на сите заедници, тие права на сите заедници останувааt ад акта и се дава правото на определена заедница. И минатиот пат реков и сега ќе кажам, и тоа ми е прифатливо. Многу ми е прифатливо да се каже јасно и гласно , политички договор е, договор е за Република Македонија  инкорпориран во Уставот преку Рамковниот договор да се даде на албанската  заедница да учат на соодветен јазик, но треба јасно да се каже дека тоа е така дефинирано, така направено без некои да кажам проекции што ќе биде кога ќе биде утре. Долго време, пак ќе повторам во Република Македонија турците не барале, или не сакале да бараат, или заради икс причини останале само во позиции демек некогаш ќе добијат нешто, ако некој некому му даде. Очигледна е една максима тука. Оној што сака да земе ќе си направи иницијатива од позиција на сила ќе го земе тоа и после ќе зборуваме за демократски принципи. Очигледно останува дека и во иднина турската заедница треба да го направи истото, да направи една граѓанска иницијатива да

отвориме униерзитет, а потоа со текот на времето ќе бараме начини за легализирање на тој универзитет. Затоа и минатиот пат кажав и сега кажувам дека барам, ќе продолжам да барам од Владата на Република Македонија без разлика дали е сегашна, или идна, било која Влада да се отвори универзитет на турски јазик во Скопје, бидејќи има потреба од такво нешто. Потреба има од такво нешто бидејќи ако се свртиме кон економските основи, влезот во последно време на турскиот капитал, капитал каде што Турција учествува со дел во тоа ќе наметне потреба и за високо стручни кадри од вакви профили. Значи има економска освноа. Ќе има потреба од тоа, но очигледно ако некој не бара по има и презиме на сите граѓани на Република Македонија немоќта на власта тоа да го направи , затоа што има право и обврска тоа да го направи. Затоа ќе се обидам јас, ќе барам помош од заинтересираните страни од Владата и другите фактори во меѓународните институции да го поддржат предлогот да се отвори универзитет и на турски јазик финансиран од државата. Сигурно ќе има и други универзитети кои ќе се финансираат на приватна основа, но финансирањето на приватна основа е работа на приватни институции. Впрочем законска можност за такво нешто постои. Мислам дека имаме право да бараме финансирање од државата и тоа ќе го направиме.

Што се однесува програмата јас летимично ја погледнав програмата и реков дека таму би требало да има освен албански и на македонски и на турски и на другите јазици и ќе беше и за мене и за другите порифатливо во овој универзитет на тој начин да провејвуаат демократските принципи, потребите на другите заедници, но очигледно тука не постои. На пример овде се предвидува Природно математички факултет, дава двопредметна настава хемија - физика но мислам дека хемија-физика двопредметна настава е за одделенска настава, впрочем од Педагошкиот факултет префрлен на матичните факултети, додека во програмата не е предвидено за професори во средни училишта, за хемија и физика. Тој што ќе заврши за средно училиште ќе може да предава и основно, а обратното малку потешко е возможно. Не ми беше јасно што значат тие курсеви за определени технолошки предмети, технолошки иновации. Можеби се тоа новини, но очигледно треба да се прочита детално планот и програмата за да можеме и понатаму да елаборираме во тој правец.

Јас ќе се задржам на програмата од изборите 2002 година на СДСМ , каде што во точка 3.1 став 3 каде вели образованието е достапно за сите генерации “еднакви шанси за влез во системот на образование и за остварување на едно од основните човекови права”. Значи еднакви шанси за влез . Со ова апсолутно немаме еднакви шанси, не само за влез во унивртзитет како што сега се предлага, и за другите универзитети немаме еднакви шанси. Еднакви шанси сигурно нема да има и понатаму и џабе само се тие декларативни одредби што Програмата за изборите 2002 година ја прокламираа еднаквоста, правичната застапеност, кои рекоа дека произлегува од Уставните одредби каде се инкопорира Рамковниот договор. Мора да потсетам дека основа за учење на соодветен мајчин јазик пред инкорпорирање на овие измени не постоеше, рековме дека Македонија после инкорпорирање на Охридскиот Рамковен договор не е иста Македонија. Дека законските обврски ја обврзуваат Република Македонија, да учат луѓето, граѓаните од разни етнички заеднички на свој мајчин јазик врз основа на спогодби, а спогодби се прават со Владата т.е. со законодавниот дом.

Во тој контекст мислам дека требаше да се направи поцелисходна програма, подобрана програма, подобар закон, посеопфатен закон, во врска со овој дел што се вика високо образование на заедниците. Заедниците цело време се користат како лајк мотив за придобивање на нешто или не некој начин за работа, тоа покажува дека секаде, па и во предлогот на Одборот за акредитација се зборува за насушната потреба за образование на јазикот на националностите, на заедниците во Република Македонија.

Мислам дека во иднина не би требало да се експлоатираат заедниците.Да се направи јасна дингстинција дали се дава образование на заедниците, или на една заедница. Јас не би сакал да ме сватите погрешно, апсолутно немам против образованието на заедниците, најмалку на албанската заедница, но мислам дека чесно и поштено беше да се каже дека оној универзитет отвара за потребите на албанската заедница. Тоа ќе беше поприватливо решение, а дека турската и другите заедници остануваат по кој знае по кој пат со куси ракави. Со куси ракави за образованието кое е насушна потреба за сите нас.

Би требало во програмата да има критериуми за избор и реизбор на наставници и соработници. Јас имам единствени критериуми, можете да ги видите, за избор и за

реизбор на наставници и соработници, тоа што е стариот критерериум и новиот разработен критериум каде што до детали се разработува на кој начин се избираат наставници и професори за држење настава. Мислам дека во овој предлог на програма, во прелдогот на законот за основање на уневерзитет требаше ако ништо друго барем да се појават овие критериуми за избор и реизбор на наставници со тоа што сите други шпекулации во иднина ќе се ставеа во ад акта. Немањето критериуми остава сомнеш дека е направен договор, договор врз основа на политичките опции на соодветен начин да се бираат кадри, или пак се остава бланко можност да се бираат кадри на оние луѓе кои ќе бидат основачи на тој универзитет т.е. на Владата на Република Македонија преку ова Собрание.

Мислам дека недопустиво е знаејќи дека во светот во последно време се воведуваат рејтинг поени за ибор на наставници, професори, као што е рејтинг поени на АТП, рејтинг поени за тенисери, шахисти и тн. итн. Мислам дека многу е добро да имаме рејтинг поени за професори. Не само за овој универзитет, туку за сите универзитети, значи за сите три универзитети во Македонија, и за Штуловиот и за идни универзитети и за приватни што ќе се формираат. Мораме да имаме критериуми за тоа на кој начин ќе се бираат наставници, професори , стручни соработници.

Она што е битно да се потенцира дека во определен временски период додека се дојде на позиција не се бираат средства и начини тоа да се направи. Во тој период и луѓе кои немаат соодветни наставни звања и титули се бираат како наставници, тоа можеби е добро во даден момент за определена заедница, но очигледно кога доаѓа до една заедница да чита, на пример труската заедница секогаш се потенцира треба да имате толку доктори на науки, толку луѓе, толку квалификувани луѓе. Значи, во минатото еден период кога требало една заедница да дојде до степен и позиција да отвори универзитет се се гладоло низ прсти, тогаш законот не важел, или важеле некои сосема други закони и оној момент кога ќе дојде да се освојат тие позиции се вели од сега треба законот да важи за сите подеднакво. Е другари така неможе. Секоја заедница во даден временски историски рок си има своја потреба, потреба од тоа да предава на свој мајчин јазик, луѓе кои ако не барем со таа титула со приближна титула се дел од образованието. Турската заедница има потреба од високо образование. Над 500 луѓе студенти студираат на разни

универзитети, и во Штуловиот универзитет, ама не на турски јазик. “Свети Кирил и Методиј” и “Свети Климент” ама не на туски јазик.

И во квотите кои се резервирани за турците влегуваат луѓе кои се декларираат за турци а не се турци, и на тој начин се дерогира една добра замисла. Од друга страна ние имаме наши ученици, турци, студенти кои повеќе во Турција или во европските земји завршиле студии, и магистерски и докторски студии кои можат да помогнат за оформување на ваков универзитет и стварање на еден амбиент така што и турците на економски освнови ќе се отвори еден универзитет каде што турците за прв пат тие факултети кои се најкурентни во даден момент ќе студираат на свој мајчин јазик.

Тоа е насушна потреба, тоа треба да се свати во поширока смисала, државата да интервенира во оваа смисла. Законот што е предложен за Тетовскиот универзитет како што е сега да се доработи, па и во рамките на тетовскиот универзитет да има групи , да има факултети кои ќе бидат на турски јазик. Јас пак ќе потенцирам .

Сега барам и ќе барам во иднина ов Владата на Република Македонија , без разлика за која Влада се работи да се формира и да биде финансирана од државата универзитет на турски јазик бидејќи насушна потреба за тоа постои. Не гледам никаква причина да не се даде , иако може да се најде законска основа тоа да се забрани. Но, мислам дека тоа не се цилизенски токови , тоа не се демократски принципи, тоа не е интегративен елемент за кој се залагаат сите, посебно Владата во овој последен период и пак ќе повторам што беа препораките од одборот за акредитација тој интегративен елемент за сите заедници да биде на преден план. Тој интегративен елемент со овој закон не постои. Зошто не постои, зошто тоа не е направено неможам да навлегувам. Мислам дека предлагачот треба длабоко да се замисли зошто тоа го направил и да се корегира во тој правец. Да овозможи на една друга заедница, една групација да може да си учи на свој мајчин јазик, иако во моментот има дел на Педагошкиот факултет во Скопје каде учат на турски јазик, има на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”, но мислам дека не треба да заврши образованието на турците како што сметам дека не треба да заврши образованието и на другите заедници, вклучително и на албанската заедница со усвојување на овој закон. Мислам дека сите заедници, но потенцирам вклучително и албанската заедница заслужуваат повисок степен на образование во сите сегменти на

образованието, заслужуваат поквалитетно образование, заслужуваат поквалитетни професори, заслужува државата да води сметка за секој граѓанин од секоја заедница да може да биде дел од оваа заедница ако биде вклучен во високообразовните токови на Република Македонија .

Како што е сега зацртано, како што е сега предвидено, како што очигледно сега се планира тој интегративен елемент во овој правец изостанува за определена заедница. Би молел, би сугерирал ако неможе со овој закон да се оди со интервенции во идните закони да се овозможи тоа , затоа што досега турците во Република Македонија беа лојален и послушен дел , мислам на турската заедница. Во иднина не барајте цело време тие да бидат послушни и лојални граѓани на Република Македонија . Ако во сите сегменти турците се ставаат ад акта, а тоа се случи со телевизијата, прв пат едноставно се вели денеска нема да има програма на турски јазик, кој ни гарантира дека утре нема да каже Владата нема на турски јазик образование на Педагошки факултет, нема турски јазик таму, нема ова, нема она и сето тоа затоа што турците се обидуваат проблемите да ги решат преку институциите на демократскиот систем.

Јас најодговорно ви тврдам ако продолжи ваквиот тренд, ако продолжи ваквиот пристап на власта, на Владата, на сите релевантни чинители на овој амбиент ние сигурно ќе ја радикализираме состојбата на многу повисоко ниво се со цел да добиеме некои права. Сигурно не е тоа начин на добивање на правата. Тоа би било нешто последно што би требало да се направи. Повторувам, секогаш сум за дијалог, начин на размислување, за дијалог во овој правец, но впрочем разберете дека и турците во Република Македонија се граѓани на оваа држава. Лојални граѓани на оваа држава. Па, зарем тие немаат право да учат на свој мајчин јазик. Ако имаат право, ако само декларативно кажувате, дајте тоа конкретно да го направиме преку законски проекти, преку закон преку предлог на закон за оснивање на универзитетот во Тетово, Скопје и секаде. Немојте само декларативно - и други заедници, и други заедници и цел живот да останеме во тие другите. Па, едноставно ако сме во тие другите да бидеме тие други кои ќе бидат шалтувани од една програма, во друга, од трета пргграма во друга, се додека еден ден не не избришат од тие проблеми. Не би требало да дозволи власта, ама нема да дозволиме и ние, мислам дека помина времето кога турците во Република Македонија поради икс причини едноставно

или затвораа очи пред проблемите или не сакаа да слушаат за тие проблеми. Тие проблеми денеска се евидентни, тука се, кај нас се, пред нас се, или зад нас, како сакате коментирајте, имаме проблеми во сите свери на живеење покрај економските проблеми што сите нас не засегаат но нетреба да се долее маслао во огнот затоа што и другите проблеми од образовен карактер од друг карактер ни се таложат уште повеќе. Затоа во тој правец би требало во овој закон да се доработат тие принципи. Тие принципи не се доработени, не се доработуваат поради икс причини, незнам, а јас ќе повторам дека турците и врз основа на економијата, како граѓани на Република Македонија имаат потреба, а и Македонија има потреба да студираат на турски јазик, на свој најчин јазик, на економскиот интерес заради поврзување со Трска и др. републики кои кореспондираат или соработуваат со Турска. Со тој Пазар што вели имаме 80 милиони Пазар и впрочем во последно време ја знаете турската економија која навлегува во Македонија и врз основа на договорот за слободна трговија верувам во иднина уште повеќе ќе се интензивира таа економска соработка. Видете каков парадокс имаме. Ќе имаме во иднина многу добра економска соработка со Турска, а другите граѓански иницијативи, проблеми кои се од сверата на образование далеку ќе тапкаат зад економските интереси. Па, нели цело време зборувавме дека треба економската премиса да биде основна. Но очигледно кога економска премиса кога доаѓа да се работи и кога се работи за турците се остава ад акта или проблемот се остава за утре. Значи утре ќе биде полесно, утре ќе го решаваме проблемот.

Во овој домен би кажал една кратка приказна со наравоучение. За време на Варшавскиот договор во Софија имале состанок сите од Варшавскиот договор, тој не постои веќе, и во слободно време русин и бугарин шетаат по улица, наоѓаат некои пари и кога ги земале парите двајцата рекле ајде да ги поделиме. Русинот рекол ајде да поделиме братски , а бугаринот рекол не братски - на еднакви делови. Она што е поентата, не треба ние братски да делиме братски некои работи - се мене, малку тебе. Ако делиме на еднакви делови по потребата што во даден момент економијата на оваа држава и потребите на демократското живеење со интегративни елементи покажува и докажува дека треба сите заедници да бидат вклучени во високото образование врз основа на добра анализа, врз основа на добар закон, врз основа на консензус на сите

релевантни политички фактори, и на крај на криштата она што е насушна потреба - образование на сите граѓани на Република Македонија на соодветен јазик. И квалитетно образование. Мораме да го имаме тој елементи на квалитетно образование инаку неможеме да се интегрираме во европските интегративни процеси. Впрочем ние сме сите за Европа, ако сме сите за Европа јас се прашувам дали во таа идна Европа процентите кои што сега играат улога ќе играат улога и тогаш. Покажете каде во Европа врз основа на проценти се определува дали некоја заедница ќе учи или нема да учи на својот мајчин јазик.

Дали некому ќе му се даде високо образование ако има повеќе проценти или пак на друг нема да му се даде, бидејќи има малку проценти. Луѓе, да зборуваме хипотетички, утре во таа Европска унија, такви се и процесите ние да одиме кон Европа, сигурен сум пред или после сите држави во Европа, ќе бидат дел од таа Европска унија. Сега, јас се прашувам, во иднина, хипотетички кажано, но тоа е реално, утре и Албанија и Македонија, Бугарија, ама и Турција ќе биде дел од Европска унија. Дали тогаш соодносот на турците во Европска унија на 100 : 1 ќе игра улога и дали тогаш ќе се истакнуваат процентите. Јас тврдам не. И, не би требало да се тргне од процентите, затоа што секој си има насушна потреба во економијата, насушна потреба во религијата, насушна потреба во образованието и насушна потреба во демократско живеење. Секј што треба и што мисли дека треба врз економски елементи и врз основа на квалитет да направи, треба да формира универзитет и високостручни институции. Јас неможам да се зачудам од фактот, што пак ќе повторам, до ден денеска Педагошкиот факултет во Скопје не доби одговор за акредитација постдипломски студии на Педагошкиот факултет да се учи на три јазици, а се дава мислење за пет дена и гледаме дека господинот Тито Беличанец во последниот ден изјави и самиот на себе си е контрадикторен. Јас се прашувам на што да се верува. Неговата изјава или мислење што и да е претходно или на изјавите што се дадоа воновини. Очигледно е дека имаме дисхармонија во  однесувањето на тие работи. Но, во ред, да не должиме повеќе, да не кажуваме за работи, кои очигледно дека ги тангираат сите граѓани на Република Македонија. Овие дискусии покажуваат дека образованието е горливо прашање во Република Македонија, насушна потреба за тоа да може и да треба да се образуваат сите на свој мајчин јазик. Јас пак ќе повторам дека

очекував и очекувам од овој закон да биде прецизен, концизен, јасен во однос на сите заедници во Република Македонија. Затоа, јас во иднина ќе продолжам и со тоа ќе завршам да барам од Владата на Република Македонија, впрочем и на изборите тоа го вети да се формира на владино ниво, со финансирање на Владата универзитет на турски јазик. Впрочем, дајте еднаш и ние турците да си одлучиме како и на кој начин ќе учиме и ќе го организираме образованието. Впрочем, имаме за тоа елементи, имаме за тоа образовни кадри, имаме можност за кадри да донесеме, ако немаме во даден момент образовани кадри овде, мислам дека во тој определен период, додека дојдат кадрите по сите сегменти, а мислам дека тоа ќе биде многу брзо, образованието и формирањето на таков универзитет ќе придонесе само во подобриот амбиент, интегративен амбиент на сите граѓани на РМ. Ако тоа не се случи, јас ве уверувам дека ситуацијата се повеќе ќе се радикализира и очекувајте дека и турците во РМ што беа лојални и послушни граѓани на оваа држава, повеќе нема да бидат такви... (се слуша упаѓање од страна на пратениците во зборот на господинот Ќахил).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, јас ве молам без меѓусебни дебати. Немојте, колега. Колегата што туку завршува и немојте да започнувате расправа.

АДНАН ЌАХИЛ:

Се чудам на коментарот на господинот, само укажува дека вие немате апсолутно почитување на една заедница, како што имам почитување спрема вашата заедница. Јас во ниеден момент не се уфрлував во вашите говори и вашите коментари, без разлика дали пет пати зборувавте.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред е, јас го опоменав пратеникот и ве молам продолжете.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам претседателке, јас ќе завршам, навистина ме прекинаа, дека моето барање во иднина ќе продолжи, без разлика дали некој се буни и ќе смета дека тоа го повторувам, ако треба илјада пати ќе повторам, но ќе бидам доследен зад барањето и да

се формира универзитет на турски јазик. Ако некому му е досадно и ако тоа го гледа како досадна ситуација, мене тоа е ми е досадно, мене ми е тоа насушна потребна ситуација и јас барам да учам на свој мајчин јазик, како што почитувам секој да си учи на свој мајчин јазик, така и јас барам да бидам почитуван и да ги почитувам другите. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, само една забелешка, јас би ве молела без закани за радикализми кои веќе мислам дека не и требаат на Македонија и е доста од радикализми и мислам дека тоа треба да го избегнеме.

АДНАН ЌАХИЛ:

Можеби погрешно ме разбравте, јас не реков дека се заканувам со радикализам. Јас реков ќе се радикализира ситуацијата. Тоа е варијација на тема. Затоа, јас кажав не би сакал, добро ме потсетивте, излгеда ќе останам уште една минута, ве молам, јас не реков дека јас ќе ја радикализирам ситуацијата. Напротив ќе се борам секогаш за демократски принципи за да се решат проблемите. Сигурно дека ситуацијата ќе се радикализира, затоа што не се решаваат проблемите, а тоа не е во мој домен, не е во домен сигурно на нас, нешто можеби ќе се случи и затоа јас имам обврска и право да предупредам на можните консеквенции. Благодартам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам за појаснувњето.

Процедурално има господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитувана потпретседателке, во последните дваесетина говори слушна ти овдека во Собранието, мислам дека е повреден членот 81, ставот 1 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Последните, повторувам дваесетина дискутанти свесно и намерно бегаат од темата што е предмет на дневниот ред. Ќе почнат, повторно ќе се вратат на темата, повторно ќе избегаат и тн.  Со тоа мислам дека свесно се

опструира работата на Собранието, со тоа се крши Деловникот во членот 84, 87 став 4 и директно се нарушува угледот и достоинството на самото Собрание. Би замолил во иднина да се изнесуваат навистина само нови аргументи, доколку се има. Инаку, после шест дена маратонска дискусија, навистина се изнаслушавме на неколку пати, во неколку наврати, од неколку дискутанти исти или слични дискусии. Од тие причини би предложил до моите почитувани колеги во своите дискусии навистина да бидат конкретни, јасни, да изнесуваат нови аргументи и по можност нивните дискусии да ги скратат во што е можен покус временски период. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Китановски Илија, а нека се подготви госпоѓата Којзеклиска Марија.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, дами и господа, почитуван министре,

Можеби се има впечаток дека темата е исцрпена и од досегашниве дискусии се има впечаток дека дискусиите се повторуваат, меѓутоа дека сигурно сериозноста и важноста на прашањето за кое се работи овој случај диктира потреба повторно и повторно да се навраќаме на некои аспекти, кои што сметаме дека се важни, а кои што претходно или не биле спомнати или не добиле должно внимание во нашите претходни излагања. Ќе се обидам во оваа своја дискусија, можеби од еден малку подруг и досега помалку експлоатиран аспект да го изложам мојот став околу Предлог-законот за основање на државен универзитет во Тетово одноно за легализација на малоречанскиот универзите, со прашањето што многу од колегите од позицијата, а можеби и јавноста си го поставува зошто ние сме толку засегнати, да излгедаме толку засегнати за ова прашање, мислам дека одговорот е во тоа што ова прашање не е прашање или проблем што се однесува само на лбанците или само на македонците. Тоа е проблем кој што се однесува на сите граѓани на РМ со чие квалитетно и сериозно решавање можеме да ги оствариме нашите стратешки определби, односно влегување во евроатланските асоцијации, пред се, во НАТО и во Европската унија. Можеби за некого ќе изгледа

претенциозно или што е тоа што овој закон би можел да направи во нашиот пат кон евроинтеграциите во негативна или во позитивна смисла. Мислам дека навидум е само дилемата тука присутна, инаку, сите сме свесни, не треба да се залажуваме дека и дипломатските претставници и претставниците на европските земји и на меѓународните асоцијации и организации кон кои што се стреми Република Македонија ја следат состојбата на овој план и на планот на високото образование во РМ воопшто и на планот на високото образование на албанската етничка заедница во РМ. Факт е дека тој дел не направиме сериозен исчекор или не се трудиме да ги правиме вистинските чекори и овој сегмент од целокупното општествено живеење во нашата држава, може да стане пречка во остварувањето на стратегиските цели на РМ, а тоа се НАТО интеграциите...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, само еден прекин.

Јас морам да ја известам јавноста, а и вас самите пратеници, ние имавме еден така немил инцидент дека некој притискува за некого, а овдека гледам дека на големо се притискува копчиња за друри пратеници, што мислам дека е крајна злоупотреба и кршење на основните правила, а и право на лично изјаснување. Јас нема да ги спомнувам имињата, но ова е веќе десети пат како се случува тоа. Јас сфаќам дека вие имате право да зборувате колку што сакате и тоа право не сум ви го скратил. Но, крајно е од ваша страна некоректно за други да притискате копче. Не сакам сега да спомнувам имиња, затоа што не сакам пред јавноста да се чуе тоа име. И, не е само еднаш, туку тоа беше пет пати досега направено. Тоа го забележав. Тоа е злоупотреба на туѓо право да притисне копче и да се јавува. Колку се пријавени, пријавени се, само знам дека се притискаат туѓи копчиња, се одјавуваат и се пријавуваат. Ако сакаме да бидеме прави пратеници, да ја водиме џентлменски играта овде, тогаш тоа да не го правиме. Јас сега нема да спомнувам имиња, но забележувам дека тоа се прави од ваша страна. Ние овде донесовме став заради такво нешто што се случувало.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Не можете мене да ме обвините дека сум притиснал копче.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не ве обвинив сите, само двајца или тројца пратеници. Еве, гопсоинот Паљошоски притисна, пред малку господинот Коце Трајановски притисна за Аднан Ќахил. И сето тоа го забележувам и толерирам. Нека сепријави лично пратеникот и нека се одјави лично пратеникот.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Јас не сум ограничен во дискусијата за да добијам плус време. Времето си го имам, секако не сум ограничен во дисиусијата. Не е проблем. Нема потреба да ми го продолжувате времето, бидејќи секако не е ограничено. Се надевам дека не е. Добро, малку ме прекинавте, јас мислев дека тоа се однесува на мене.

Поентата на тоа што досега го кажав, ако успеав некако да го врзам со тоа што допрва треба да гокажам, бидејќи сега малку треба да ја залепиме таа дискусија, беше дека акцент треба да се стави на квалитетот на образованието, посебно на квалитетот на високото образование во Република Македонија, бидејќи и тоа е еден од сегментите во кои што сме биле оценувани, сме и ќе бидеме оценувани од страна на меѓународниот фактор, посебно од страна на Европската унија кон која што се стремиме. Мислам дека со ваков начин на решавање на образовните прашања и со ваков начин на поставување на тие прашања, каде што квалитетот и европските стандарди во високото образование се на последното место, тој сегмент може да ни стане само пречка во нашите стратегиски цели за евроинтеграциите. Од сите досегашни случувања, така и на ова поле можеме да заклучиме дека Владата на СДСМ воопшто не ја засегаат државните интереси или недоволно ја засегаат од желбата за гола власт, најчесто на штета на граѓаните на Република Македонија ни се нудат избрзани, неквалитетни решенија кои што, не само што штетат на актуелната Влада, туку штетат и на Република Македонија и нејзиниот имиџ, кој што треба да го гради во очите на Европа. Очигледно е дека нашите колеги од позицијата во Собранието овие денови со тешкотија и со наведнати глави дискутираат по ова прашање, затоа што навистина е тешко да се брани нешто што не се брани или да се дискутира позитивно за нешто, во кое што и самите не верувате дека е така. Повеќе од

очигледно е дека и самите не се сигурни дали го сакаат тоа или дали учествуваат и дали биле консултирани за една таква одлука.

Овде би направил една паралела, која што и не е паралела и споредба меѓу квалитетот на образованието што може да се добива на малоречанскиот парауниверзитет со квалитетот на образованието што се добива на разни универзитети на поранешните југословенски простори, а и во Република Македонија. Така што, сите овие државни универзитети си имаат свој имиџ и си имаат свој реитинг. Факт е, иако тоа не е со некои експлицитни бројки или оценки изразено дека одредени универзитети се таканаречени престижни односно нивните дипломи  се многу поценети и побарани. Меѓутоа,  овде паралелата што сакав да ја направам е онаа што практично и не е паралела, каде што во бивша Јиугославија и универзитетот на кој што најмногу се образуваа во високиот степен на образование албанците, Приштинскиот  универзитет неможе ни приближно да биде споредуван , а за кој што важеше една фама дека таму се фабрикуваат кадри, дека се штанцаат дипломи и тн., меѓутоа, сепак, тој беше легален универзитет, на кој што внимателно се избираа квалитетни кадри кој задоволуваше одредени критериуми и стандарди.

Кога  тргнуваме од вакви суштински витални интереси за една заедница, а веќе кажав дека ова прашање не се однесува на една заедница, туку на сите заедници, најмалку што можеме да  очеквуваме е за едно такво прашање да се сведеме на голо преговарање на двете партии од позицијата, од кои едната партија тргнува од позиција на села и лечење фрустрации од минатото, а за другата мислам дека доволно до сега кажавме и нема потреба повеќе да дискутираме. Ова е проблем кој што најмалку треба, како штокажав, да се решава кабинетски со голи политички преговори меѓу две или повеќе партии од позицијата, туку е проблем кој што треба да подлежи на сериозна анализа за или против. Пред се, мислам дека таквата анализа треба да се направи кај албанскиот корпус, кај албанското население, кај албанската  интелигенција. Дали албанската интелигенција, албанското население, македонското население со албанско етничко потекло прифаќа, би прифатило искренода се школува на универзитет со сомнителенквалитет, со оглед на тоа што во сегашните услови свеста на сите граѓани на Република Македонија  е развиена и верувам дека никој не сака да биде третиран како

изолирана групација и да биде погрешно воспитуван. Времињата на социјализмот, во кој што се делеа дипломи без знаење за потоа да служат за голо вработување без никаква перспектива и покажување резултат, поминаа. Денес сите луѓе, сите народи и сите нации претендираат на квалитетно образование. Сведоци сме дека голем број македонци го оформуваат , на пример, своето образование на универзитети во Грција, па и во други Европски земји, а дел и во САД и тоа на англиски јазик. Зошто тие тоа би го правеле кога имаат универзитет на мајчин јазик по својата татковина, кој што им е релативно лесно достапен. Исклучиво поради добивање на по квалитетно образованеи и ништо повеќе и постигнување на поголем успех во својата кариера, како и приближување кон своите колеги во ЕУ и пошироко во светот. Исклучиво заради тоа младите генерации да ги подготвуваме за натпревар со своите колеги во ЕУ, за натпревар на едно повисоко ниво. Досега и со македонците, посебно во ерата на комунизмот школувањето беше исклучиво во земјата, но како што е нормално сите скаат да одат напред и затоа мислам дека и овде не треба да дозволиме било кој на било каков начин да не враќа назад.

Уште еден пример. Сведоци сме дека и во досегашниот период голем број на албанци своето образование го оформувале, го оформуваат и ќе го оформуваат на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”. Зошто го прават тоа? Истата причина и истиот одговор што се однесува и за сите други и за нивното студирање на странските престижни универзитети - за да се добијат со поголемо знаење да постигнат поголеми резултати во својата професионална кариера. Всушност, и не е тајнаи не е навреда дека поголем број на квалитетните албански интелектуалци своето образование го стекнале меѓу другото и на овој универзитет.

Со реализацијата и спроведувањето на Рамковниот договр, правата и слободите кои етничките албанци ги имаат во Република Македонија и практично се реализираат, во сверата на високото образование својот врв го достигнаа во формирањето и во практичното функционирање на Универзитетот на Југоисточна Европа во тетово, таканаречениот Штулов универзитет. Ваквиот признат и познат универзитет со право да се школуваат и на англиски, албански и македонски јазик, треба да се негува и доизградува, а не да се оди со решенија кои на овој или на оној начин нудат враќање назад. Сите ние можеме само да се залажуваме дека со едно такво ретроградно

образование ќе имаме успех во работењето по завршувањето на високото образование, меѓутоа, ако се земат основните и средните училишта и дел од администрацијата, во која треба да се вработат дел од овие кадри, и ако земеме предвид дека бројот на вработените во администрацијата по груба проценка изнесува околу 80 илјади, процентот на правична застапеност на албанската етничка заедница би изнесувал некаде околу 15 илјади, кој во голема мерка е или исцрпен или ќе се исцрпи и прашање е, ако се трудиме да створиме високо образование кое нема да произведува квалитетни образовани кадри, кои своето стручно усовршување односно својата реализација ќе ја бараат во услови на пазарна економија, во поголеми или помали странски мешовити или домашни компании , прашање е дали менаџерот, сопственикот или газдата на било која приватна компанија, при изборот на квалитетен кадар кој што ќе му биде неопходен за менаџирање или за било кој дел од работата на неговата фирма, ќе ангажира лице кое ќе има само формално образование, меѓутоа образование кое што на работодавецот на менаџерот нема да му гарантира едноставно унапредување на целокупниот процес, производствен или било каков, на претпријатието кое тој го управува или чиј сопственик е.

Токму тука, мислам дека е суштината на проблемот и тоа можевме да го слушнеме и од студентите, од студентските протести пред Собраниетопред неколку денови и мислам дека тие ни покажаа и поголема свест и поголема грижа за ова општество, отколку членовите на позицијата.

И конечно, овде не треба да ги заборавиме и на прво место да ги ставиме сите граѓани на Макеоднија, кои на почетокот веќе ги спомнав, односно сите оние граѓани на Република Македонија  кои се академски граѓани или претендираат тоа да  бидат. Со легализирање на дипломи и вработување на кадри во квантитет, а не во квалитет, мислам дека агонијата на бесперспективнсот, бројот на невработени уште повеќе Ќе завладее во  Република Македонија  , тоа  автоматски ќе го зголеми одливот на квалитетни образувани кадри во странство, а со тоа ќе ја доведе  Република Македонија во уште потешка положба од досегашната. Од друга страна, зголемвуањето на кадар без никаов план и проценка ќе доведе до уште поголема невработеност на младите во Република Македонија .

На крајот, би ги спомнал условит еи критериумите кои ги предвидуваат престижните универзитети од западните земји кои на сите ни се познати, а кои се засноваат на високи стандарди на образование и пред се на квалитет. Голем број на земји од таканареченииот поранешен источен блок, земји во транзиција, најголем дел од квалитетните ученици, нормално според својата моќ што ја имаат финансиска, ги праќаат своите најквалитетни ученици на државен трошок да се образуваат во престижните универзитети во Западна Европа , за да бидат во чекор со светот, за да донесат нови знаења во сопствената држава. Да ја земеме на пример Република Словенија, со која бевме заедно во иста држава. Таа годишно испраќа неколку стотици студенти во најпрестижните образовни универзитети кои ги финансира од Буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, зборувајте за законот. Словенија моментално не не интересира баш воопшто. Дајте ве молам зборувајте за законот.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Претседателе, ако ова што го зборувам сега не е во контекст на високото образование и на законот, тогаш незнам што е, навистина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, зборувајте за законот.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Не можам да ве разберам, навистина. Буквално зборувам за законот и за импликациите што тој ќе ги донесе и за примерите во другите земји кон кои што се стремиме и кои сакаме да ги постигнеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Дел од овие средства или овие средства, или некое ниво на средства кои Република Словенија, нормално пресликано на ниво на нашата Република, кои ги наменува и троши Република Словенија на овој начин, би можеле да се насочат и да се

планираат за испраЌање на наши талентирани ученици, на наши студенти, мислам дека тоа во текот на годината почна да се прави но во мал обем и повеќе за постдипломските студии отколку во високото образование до ниво на факултет. Мислам дека добар дел од овие средства кои што не изнесуваат 2 милиони евра туку многу повеќе, би биле добродојдени и би биле добро прифатени и од јавнсота, нормално со запазување и на квотата на учество на албанците меѓу тие ученици кои би биле испратени и практично стипендирани од државата на тие престижни универзитети и тоа е еден од начините на кој би постигнале многу поголеми ефекти во високото образование и на албанската , и на македонската и на сите други етнички заедници во Република Македонија .

Затоа, почитувани пратеници предлагам разумот да надвладее пред емоциите, да ги извршиме потребните анализи и проценки, а дотогаш предлагам да ја одложиме оваа точка од дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓице Којзеклиска, бидејки вас ве прочитав, па потоа г-динот Ѓорѓи Оровчанец.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитуван минситер за образование и наука, почитувани колеги пратеници,

Кога зборуваме за темата Малоречански парауниверзитет, веќе подолго време односно шести ден, колку што ме држи меморијата, станува јасно дека тоа е доста сериозна тема, која само по себе бара и по сериозна анализа. Наспроти целосната несериозност од страна на Владата и нејзините пратеници тука во законодавниот дом, што се гледа од начинот на кој се сака да се донесе овој закон, може слободно да се каже овој контраверзен закон по скратена постапка, во мистични околности проследени со разно разни јавни и јаснизакани за отпочнување војна во Република Македонија , како што имавме од г-динот Џезаир Шакири во неговата реплика, а со тоа и овој закон , кој очигледно на крајот на краиштата ќе го донесе парламентарното мнозинство, ќе биде донесен сепак под закана, со што дефакто станува неважечки уште не донесен, иако дејуре ќе почне да произведува правни последици, ние пратениците од опозицијата навистина сериозно во овие 6 дена пристапуваме кон овој проблем. Иако тврдењето на

власта , дека со отворањето на трет државен универзитет во Република Македонија , односно со донесување на Законот за основање на државен универзитет во Тетово, ќе се затвори еден отворен проблем во Република Македонија , а со тоа и решавање на таканаречениот проблем на образование на албанците, и тоа на високо образование на албанците на својот мајчин јазик, поради сите горенаведени грешки уште во самата постапка, за кои колегите веројатно во натамошните дискусии, овој закон на крај ќе предизвика уште поголеми недоразбирања и нарушувања на меѓуетничките односи во Република Македонија . Ако тоа евентуално е ннамера на владините партнери, се со цел да се отргнат од финансиска гледна точка и целокупната економска состојба во Република Македонија и пред домашната и пред меѓународната јавност, мислам дека господа нема да ви успее, тоа веќе е прочитано и видено и од Владата на Република Македонија и од г-динот премиер Црвенковски. Меѓутоа, би сакала да се навратам на сериозната анализа, доколку таа сериозна анализа воопшто може да дојде до г-динот минситер Положани, за евентуалните последици кои ќе следат после овој брутален чин, кој се случува во Парламентот. Брутален чин, мислам на непотребното форсирање на законот за основање на државен универзитет во Тетово.

Би напоменала неколку причини зошто не треба да се донесе овој закон , со кој ќе се легализира универзитетот. Јас навистина незнам дали овде се работиза легализација на таканречените параунуверзитет. Во самиот прелдог велиме основање на универзитет во Тетово, министерот упорно молчии не дава одговор на прашањата. Дали мисли со тоа дека така лесно законот ќе може да го образложи пред јавноста и потреба за донесување на овој закон, навистина не знам. Таксативноќе ги набројам, со тоа што за неколку од нив би се задржала малку подлабоко, со подлабока анализа, финасиските последици - мислам дека колегите од опозицијата до сега доволно елабориреаа за потребата од основање на овој државен универзитет во однос на финансиските средства кои се потребни, покрај постојните два универзитети, имајки го предвид сето она што се кажа во дискусиите на ректори, на сенати, на претседатели на одбори за акредитации, дека тоа ќе претставува намалување на финансиските средства кои доаѓаат од Буџетот, а се наменети за двата постојни универзитета. Понатаму, неоправданоста за постоењето на

двата универзитета во Тетово,овој што сака да се легализира и Универзитетот на Југоисточна Европа, така наречениот Штулов универзитет.

Овде би сакала да кажам дека сепак минситерот за образование и наука не ги консултира двата универзитети, прво, при донесувањето на Законот за високо образование и воопшто не повика претставници,не беа повикани претставници - тоа веќе не е негова грешка, меѓутоа, грешка на претседателот на Комисијата за образование и наука во Собранието. Не беа повикани претставници на Универзитетот на седницата на која се разгледуваше овој Предлог за донесување на закон за основање универзитет во Тетово. Наместо министерот да ги консултира оние на кои директно ќе се однесува законот, тој сепак ја избегна оваа официјална реакција на универзитетите, со што можеше слободно да изврши измени како што нему му одговараат. Но овде , покрај вината на минситерот, секако постои вина на ректорите на двата универзитета, нивните изјави кои ги читавме последните денови, ако не се лажам во саботата , во која ректорот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” рече дека нему не му било важно дали ќе се легализира овој универзитет се додека од Буџетот на Република Македонија не почнале да му одат помалку пари за Скопскиот универзитет. Јас и вчера во вчерашната моја дискусија реков дека тогаш ќе биде малку доцна за ректорот на универзитетот “Св. Кирил и Методиј”.

Третиот дел, квалитетот на образованието, и овде мислам дека дискусиите беа доста исцрпни од страна на колегите. Ова е една од поинтересните тези, а тоа е излегување од рамките на толку повикуваниот Рамковен договор, за кој потполно се согласувам со ваквата констатација, затоа што во Рамковниот договор беше предвидено тоа што беше предвидено, се формира тоа што се формира, а ова останува само политички договор меѓу СДСМ и ДУИ.

Со ова дефиинитивно се уништуваат македонските национални интереси и интересите на граѓаните на Република Македонија. За да не бидеме шовинистички и националистички сватени, не само на македонските национални интереси, туку и на оние луѓе што се чувствуваат граѓани на Република Македонија , од нив можеби има луѓе што не се чувствуваат, само привремено живеат тука, ама не се чувствуваат граѓани на Република Македонија .

Тргнувајќи од финансиските можности на оваа наша држава, или поточно кажано неможности , веднаш би заклучила дека не постои никаква оправданост за отворањето или основањето на овој трет државен универзитет. Незнам дали тука има некој што не гледа или пак некој што така се прави дека не сака да ги види работите такви какви што се , но во Македонија господа, господари и пустоши сиромаштијата, голата егзистенција и борбата како да се дојде до парче леб.

Го убедувате народот во неколку реформи, финансиска политика на штедење на буџетски средства, намалување или имаме укинување на социјалната помош, бркање на вработени на улица, задолжување на Владата кон други влади или банки, едноставно речено за толку кртко време во Република Македонија се направи таков економски пустош кој досега не беше виден во историјата.

Ако е ваква политичката состојба во РМ јас навистина незнам од каде господата од власта, посебно од СДСМ односно премиерот на Владата на РМ, господинот Црвенковски, наеднаш се изнајдоа толку пари и ќе се изнаоѓаат уште три-четири години пари за задоволување на потребите на ДУИ и основањето на овој државен универзитет во Тетово. Навистина незнам дали сакате со тоа да се спаси опаднатиот рејтинг на ДУИ.

Јас господа навистина незнам што ви е вистинската намера, тоа само можам да го претпоставувам додека не го видам како законски предлог во Собранието или во некоја од собраниските комисии, но сметам дека она за кое овде толку време дискутираме финансиите, навистина уште толку дополнително беа оптоварени и со политиката на господинот Гошев, најверојатно и со политиката на сегашниот министер Никола Поповски, така да од тие финансиски средства ние наредните три години, сите граѓани, и вие и граѓаните и ние ќе одвојуваме доволно средства за да можеме да го финансираме третиот универзитет во Тетово.

А, од друга стана сигурно дека за некоја година од вака “успешната финансиска политика” верувајте дека ќе се намалат приходите на другите два државни универзитети, а со тоа повторно ќе се удри и на студентите и на нивните родители кои ќе бидат присилени да плаќаат енормно високи партиципации. Ќе се укинат или намалат студентските стипенции и кредити за студентите македонцид а вие повторно ќе не убедувате дека ние треба да штедиме. Без разлика дали ќе се зголемат даноците или ќе

се направи нешто друго, крајниот резултат е дека се тоа ќе падне на грб на македонскиот народ.

Претпоставувам за кратко време ќе не известите и ќе донесете закон со кој узурпираниот имот на “Тетово табак” од страна на Изахир Самиу или командант Баци, со потполно име и презиме да ви го кажам господинот, со неговата тајфа, значи тој узурпиран имот ќе го легализирате или евентуално од се срце ќе му се дадат буџетски средсва истиот да го купи на име на некоја албанска бизнисменка, претпоставувам.

Понатаму, би сакала да истакнам дека апсолутно нема никаква оправданост за отворање на уште еден универзитет во истиот град Тетово. Јас нвистина немможам да ја сватам логиката како може во исти град да имаме два универзитета. Јас мислам дека тоа го нема никаде во светот, не во Европа, во свет го нема. И многу побогати држави од нас немаат два универзитете во еден град. Ако се грижиме ако сакаме да се грижиме рамноправно за сите граѓани во оваа држава зошто тогаш да не отвориме универзитет во Источна Македонија. Така ли колега. Кочани, каде апсолутно е потребен и оправдан. Дали министерот за образовние некогаш, не некогаш туку од 1 ноември 2002 година поминал во Источниот дел на Македонија, дали разговрал со тамошните граѓани, за да можат да му кажат дека тие ете тие го испраѓаат своето дете да студира во Скопје, во Битола, во Тетово на универзитетот во Југоисточна Европа, колку тоа нив ги чини и што се тие граѓани треба да направат за да сиго дозволат тој луксуз, за да си го школуваат своето дете, затоа што ако вака продолжи нашите деца дефинитивно ќе останат неписмени, високонеобразовани. Тоа е затоа што луѓето немаат пари да ги плаѓаат студиите на нивните деца.

Ако преку ноќ господата од Владата станавте штедачи  толку дрежливи зошто не ја насочите таа ваша великодушност таму каде што е потребно, многу попотребна. Навистина жално е кога некој толку кратко, кратковидо гледа и навистина неможе да ги согледа потребите на граѓаните затоа што сепак Владата на РМ се грижи за интересите на сите граѓани. Треба да се грижи. Треба.

Ако пак сакаме да разговараме за квалитетот на образовнието на Република Македонија сите ќе се согласите дека квалитетот на образованието е на многу ниско ниво. Затоа се прашувм зошто тогаш овие финансиски средсства кои се предвидуваат за

да може да се финансира овој универзитет не се искористат за  подобрување на состојбата во веќе постоечките универзитети, затоа што од секаде се жалат дека немаат пари за парно, немаат пари за незнам што. Зошто не се ангажираат за изработка на нови европски образовни програми. Зошто таму не се вложат пари. Да се подигне ученичкиот стандард во РМ. Решавање на проблемот со студетските домови и тн.

Кога сме кај ученичкиот стандар јас незнам зошто, беше во собраниска процедура колку што се сеќавам законот за студентски стандард, и за ученички стандард меѓутоа беше повлечен од страна на Владата и тоа одолговлечување се повеќе го уништува студентскиот стандард и дополнително ја влошува кревката економска ситуација и состојба на студентите.

Поради штедење на Владата веќе добро познатата причина на Владата, министерот и Владата одлучија да ги намалат стипендиите и кредитите на студентите. Негативна новина ако може така да се каже е и тоа што бруцошите неможе да добијат стипендија. Имаме катастрофална ситуација во однос на условите за живот во студентските домови и можеби една од поважните работи е дека имаме континуирано намалување на средствата од Буџетот за научно-истражувачка дејност. На овој начин колеги пратеници верувајте дека се спречува развојот на образовниот сектор. Ние наместо да издвојуваме дополнителни средства од буџетот за поттикнување на оваа научно - истражувачка и научна дејност Министерството за образование и наука и во овој втор буџет постојано ги намалува тие средства со што всушност се задава директен удар на науката која претпоставува движечка сила и прогресивен фактор во државата.

Да не зборувам за намалување на средствата по различни институти, за македонски јазик, за историја кои пак се од непроценливо значење за развојот на државата и заштитата на македонскиот национален идентитет.

За да постои една  високообразовна институција, се разбира, рековме дека треба да постои квлитетен наставен кадар и квлитетни примателите на тој процес односно студент. Јас господа навистина незнам со кој наставен кадар ќе работи тој универзитет, а за ова малку подоцн ќе ви објаснам, меѓутоа прашањето сеуште стои. Дали тоа ќе значи дека ние треба сега да одвојуваме пари од Буџетот на РМ кој се собира преку даноците

кои што ги плаќаат дел од граѓаните на РМ за да можеме да обезбедиме плата на професори од Приштина и од Албанија кои треба да предаваат на тој универзитет.

Што ќе се постигне со ваквата неквалитетна настава. Се разбира дека неквалитетни високообразовни лица во континуитет ќе го разјадуваат и ќе го поткопуваат македонскиот државен систем. Дали да веруваме дека нема повторно да се запишуваат лица со основно образование директно на факултет како што досега беше случај, посебно на овој парауниврзитет. Оваа држава нема воопшто потреба од дополнително образовни кадри од веќе постоечките катедри на нашите универзитети, поточно кај нас сега, а пак со легализирањето на овој универзитет. со легализирањето на дипломите на тие што досега студирале и тие што допрва ќе дојдат, па ние ќе имам суфицит на кадар, високообразован кадар. Меѓутоа, дали тој високообразован кадар ќе може да се активира повторно во економијата и ќе донесе проспериртет на РМ. Не верувам. Економијата како што тргнала во РМ само ќе ги избрка сите од Макдеонија, како што и досега ги избркуваше. Така да ние само продуцираме кадри за да можеме да им ги понудиме на останатите европски земји и пак во Македонија да не остане никој.

И покрај та што не може како што реков, да се обезбеди работно место оваа Влада преку министерот Положани, преку овој проект ќе направи и нереална конкуренција за студентите. Имено, не е проблем конкуренцијата како конкуренција, секоја конкуренција е добредојдена затоа што значи квалитет, борба на мислења која доведува на крај до квалитет, меѓутоа преку политиката на квантитет, а не на квалитет и политиката на квоти во оваа држава ќе ја поттикне и така постоечката нерамноправна конкуренција за нашата млада популација. Сето ова нашите колеги албанци ќе го правдаат со немањето можност албанските студенти да се школуваат на албански јазик или на својот мајчин јазик.

Тоа уште во старт ќе го отфрлам како факт бидејќи фактите се многу поинакви. Ќе повторам по 105 пат, можеби, албанците може да се школуваат на својот мајчин јазик на универзиетот на Југоисточна Европа во Тетово, на универзиетот во Приштина и на универзитетот во Тетово. И, за ова ќе ви кажам малку подоцна.

Сега не ми е јасно зошто сака на овој начин да се поткопаат двата постојни универзитета во РМ кој пак се единствена можност за образовние на македонците на

македонски јазик, на нивниот мајчин јазик. Навистина неможам да разберам. А, со овој проект токму тоа се прави.

Разбирливо за пратениците од ДУИ кои до вчера со оружје се бореа против оваа држава, но неразбирливо за колегите од СДСМ и од ЛДП, или пак е неразбирливо за секој чесен македонец во РМ, а за вас почитувани колеги можеби е, или сигурно е прифатливо по определени критериуми, само критериумите не ги знам јас доволно кои се.

Во Република Македонија јас верувам дека има простор и за албанците и на двата државни универзитети и тоа под привилегирани услови. И тоа го елаборираме во овие 6 дена и тогаш можам само да заклучам дека има простор доволно во овие рамки за сите, а ова што сега го правиме или барањето за предлогот на законот за основање на државен универзитет во Тетово сметам не само јас, верувам дека и колегите од СДСМ тоа интимно во себе го знаат дека е луксус и лоша услуга за сите граѓани од страна на една институција.

Би сакала уште малку да ви кажам, да ви прочитам од извршното резиме и препораките на меѓународната кризна група во делот на образование.

Имено, во делот образование, според извештајот на меѓународната кризна група, се вели дека приоритет мора да му се даде на образованието на многу млади момчиња од албанска националност, кој што не довершуваат гимназија меѓу другото и преку обуки, преку програми во нивните професии и преку терапетски програми, како и привлекување на жени од албанска националност во високото образование. Овде во овој извештај, уште се спомнува дека претседателот на демократската унија за интеграција, г-динот Ахмети нема контрола над одметнатиот поранешен ректор Фадил Сулејмани и неговиот сојузник Изакир Шамил или командат Баци од поранешната ОНА кој го комплицирале процесот на легализација на институцијата која долго време создава проблеми. Значи меѓународната кризна група дошла до определени сознанија кој пак мене ме наведуваат да размислам дека сепак ова не е политички договор помеѓу СДСМ со господинот Бранко Црвенковски и Алија Ахмети, туку дека е политички договор помеѓу Бранко Црвенковски и командант Баци.

Јас се сеќавам, а верувам дека и колегите пратеници се сеќаваат на изјавата на г-динот Бранко Црвенковски кога се правеше коалицијата со ДУИ, односоно политичкто

крило на поранешната ОНА, сакајќи да каже колку ќе биде тоа принципиелна коалиција подвлекувајќи дека нема ништо да се прави надвор од Рамковниот договор. Па доколку премиерот тука би бил присутен, јас него би го запрашала, меѓутоа, некој од колегите пратеници се тука, па може би тие ќе можат да ми одговорат што е сега овој предлог за основање на државен увенизитет во Тетово. Дали ова е во рамките на Рамковниот договор или излегува од рамките на Рамковниот договор. Легализацијата на малоречанскиот универзитет не влегува, ако вие не сте знаеле во неопхатеноста на Рамковниот договор. Меѓутоа, ме плаши фактот што СДСМ завлегува во други рамки.

Мислам дека навистина не е во ред да се прокламирате владелачката коалиција дека сте поддржувачи на Рамковниот договор. Скоро цело време се работи во рамките односно надвор од рамките на Рамковниот договор и тоа пред се, на штета на македонските национални интереси, а на задоволство на студентите и борците кој колегата Вејсели кој не е присутен во салата рече дека во целост ги поддржувале УЧК, целото албанско население и студентите ги поддржувале УЧК. Јас мислам дека ја посрамотивте македонската гордост и трпение па затоа ни се случува и студентски протести и меѓуетничката нетрпеливост. Навистина ќе ме изненади ако и понатаму не се случуваат многу порадикални испади во Република Македонија. Ќе констатирам дека имаме различен успех во работата на различните министерства, конкретно се однесува и на Министерството за образование и наука. Сметам дека министрите од СДСМ сосема ја дерогираа македонскската држава, а оние од ДУИ успеаја во нивните намери подржувајќи ги своите македонски колеги. За ова сепак најодговорна е или зелено светло даде Владата на Бранко Црвенковски, а со тоа и пратениците во Собранието на Република Македонија. Сега за на крај она што ви ветев дека ќе ви кажам од толку оспоруваниот проект за основање на Универзитет во Тетово во однос на многу бројните изјави кои беа дадени во проектот имаме некои работи кои се замене навистина нелогични. Еве на пример список за потребен број на лица кој можат да бидат избрани во наставно научната област со наставнички соработнички звања и да засноваат работен однос за хуманитарни науки на Универзитетот во Тетово, студиска програма, педагогија, психологија. И тука имаме колеги кои завршиле во Приштина, Скопје, Тирана, докторирале во Данска, и еден посебен случај ми падна во очи тоа е Хафет Серизи или Шерифи, јас се извинувам ако

грешно прочитав, мајор во пензија со воена академија. Повторувам, значи хуманитарни науки, студиска програма педагогика и психологија. Овој мајор како ќе предава психологија и педагогија незнам да ви кажам.

Понатаму, имаме на факултетот за хуманитарни отсек ликовна уметност магистар Имер Бајрами, ниту има институција каде е вработен, ниту на кој факултет дипломирал, ниту дали е магистар на науки, ниту доктор на науки. Празна графа и тој ќе биде г-дин професор. На економскиот факултет кој ќе биде во составот на Универзитетот во Тетово и не само на економскиот, туку и на правниот факултет постојат две лица кои навистина незнам дали се во родбинска врска со г-динот Положани тоа е доктор Петрит Положани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска Ве молам без имиња, бидејќи не се присутни тука луѓето. вие можете професијата да ни ја прочитате, како што се пензионери, капетани, но ве молам, имињата да не ги спомнувате .

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Се работи за факултет на кој ќе работат лица со исто презиме. Јас само сакам да прашам дали се роднини на г-динот Положани или не се во никаква родбинска врска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И, овде може да има со ваше исто презиме, меѓутоа, да не сте во никаква родбинска врска. Само не мора да ги читате имињата.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Значи имаме две лица едниот на правен факултет, едниот на економски факултет со исто презиме со г-динот Положани. Меѓутоа претседателе на политички центар, при универзитетот во Тетово, студијска програма за градежништво и патишта. Јас се извинувам меѓутоа, морам да ги спомнам иако не ги оправдува отсуството на колегите пратеници Ејуп Рустеми и Абдулаким Адеми, како и заменик министерот за одбрана г-динот Ризван Сулејмани. Од ова што успеав да ви го прочитам, како што видовте значи предавачи овој факултет ќе бидат заменик министерот за одбрана, колегите пратеници кои ви ги прочитав, ех сега се поставува прашањето дали тие имаат морално право да бидат предавачи со оглед на фактот дека двајцата се пратеници, членови на овј

парламент кој треба да биде основач на универзитетот во Тетово. А едниот е пак член на извршната власт.

Дали овде почитувани колеги пости определен конфликт на интереси. Тоа до колегите пратеници кои се правници по професија можеби ќе можат да разнмислат на таа тема. Јас незнам дали нешто ќе промени фактот меѓутоа доволно е, да се каже дека тие луѓе ќе бидат професори на овој универзитет. Уште еднаш би сакала да потенцирам дека несакам да ги прејудицирам работите. Дека со овој закон за основање на државен универзитет во Тетово и неговата примена овој закон всушност ќе ја доживее, како што и вчера спомнав судбината на тн., Бранков закон, кој толку беше форсиран за да после една година Владата вели: извинете арно ама овој закон не ги постигна очекуваните резултати. Значи повторно ќе кажам, не сакам да прејудицирам како што ВМРО -ДПМНЕ не прејудицираше во многубројните дискусии кога се донесуваше овој таканаречен Бранков закон што на крајот и се потврди дека е така, но се плашам со усвојувањето на овој предлог закон да не нисе повторни тоа што се случи со тн. , Бранков закон, односно да не ни се случи повторно со овој слободно можеме да го кажеме Бранков универзиет.

Ви благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам објавувам пауза од половина час.

(пауза од 4,30 до 50,5 часот).

(По паузата)

За реплика се јавува г-динот Апостоловски Никола на г-споѓа Којзеклиска.

НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ:

Благодрам, г-дине претседсателе, навистина ми е жал, што колешката Којзеклиска не е присутна, но од нејзиното излагање , кое со внимание го следев, можам да заклучам две работи. Или намерно го злоупотребуваше членот 87 од Деловникот на Собранито, или навистина беше премногу заморена па изнесе неколку невистини.

Првата невистина е на два наврата изјави дека тие како опозиција укажуваат на Владата, што очигледно ги имаат измешано годините.

Втората работа ја изнесе за министерот за образование, дека воопшто не го посетил Источниот дел од Македонија, што не е точно. Во последните два месеца, колку

јас сум запознаен г-динот министер во два наврата ја посети Источна Македонија и тоа неколку града. Исто така се наведува дека е злоупотребен членот 87 од Деловникот, односно не се држеше на дневниот ред. Се спомнуваа разни финансирања, сиромаштија, па на крајот дури отворија и универзитет во Кочани.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам г-дине претседателе, господине министре, колеги пратеници,

Гледам дека повторно во утринскиве часови се собираат пратениците од сите пратенички групи.

Во моето сегашно излагање околу законот за формирање на државноит универзитет во Тетово и окрај напорната и долга дискусија која трае подолго време со мојата добра намера, со мојата концентрација ќе се задржам на еден пат кои што во старт го најавив а тоа е да бидам конструктивен, да побарам уште еднаш правилно да се согледаат овие работи, конструктивно и да се дојде до едно решение кое што сметам дека за сите нас ќе биде полесно. Изволите за еден таков оптимизам ги водам од она што е програмата за образование наука и култура на најголемата партиска група, односно СДСМ во коалицијата која што е сега на власт, во која што како основно начело се зборува за дека СДС за образованието и науката ќе се темели врз сознанието дека човечките ресурси односно знаењето и вештините кои се стекнуваат низ системот за образование и низ научните истражувања во современиот свет претставуваат најсилен, практично нелимитиран развоен фактор. Со ова јас ќе се согласам во потполност на некој начин толку ми е блиску како јас да сум го пишувал. Практично тргнуваме од една премиса за која сите се согласуваме меѓутоа во натамошниот текст упатувајќи критики на претходната Влада основни сегменти кои што сега низ овој законски проект кој што го проследуваме стануваат поактуелни. Јас не би се задржал на повиќе од нив, затоа што ги има многу, но би се задржал на три.

Прво дека во изминатиот период беше нарушена уставната загарантираност на автономијата на универзитетот со упади по факултетите итн.,

Втората ми е дека студентите преку таканаречената линеарна партиципација плаќаат многу повеќе од порано а дека повеќе нема безплатно школување и

третото е дека се зголемени цените за сместување, за исхрана што предизвикува еден катасстрофален студентски стандард. Иако поминеме од основната премиса према овие критики кои се да кажеме и добро намерни ќе видиме дека дури денеска не да е нарушена загарантираната автономија туку се ставени во опозиција ништо да не смеат ни да кажат. Од кои причини? Дали се тие партиски определени, па не смеат да молчат во склот на коалицијата, дали се исплашени од било каква реакција во смисла ускратување на средства итн., меѓутоа, уште повеќе е нарушена автономијата на универзитетот.

Студентската партиципација оваа година ги достигна најголемите свои вредности и денеска студирањето на факултетите на двата државни универзитета повеќе воопшто не е бесплатно, мора да биде финансирано, кофинансирано или комплетно финансирано, зависи према групата во која ќе влезете.

И на крај, што се однесува до цените за студентскиот стандард од оваа година тие пораснаа за 100%. И сега во еден ваков нарушен амбиент доаѓаме до една позиција во која што треба да донесеме одлуки околу формирање на еден нов државен универзитет, односно универзитетот во Тетово. Имаме пред нас, јас ќе се задржам на законот и она што можеме да го прочитаме во причините поради кои може да се донесе законот, а се вика образложение и да видиме кои аргументи се нудат и кои аргументи не можат да бидат прифатени.

Законот почнува со еден уставен основ и јас не би го коментирал тој, затоа што е тоа една нормална номенклатура која што во вакви ситуации се користи, меѓутоа, стартува со потребата за основање на државниот универзитет во Тетово, која практично како потреба е давање на нормативни правни претпоставки за остварување на поголем пристап на високото образование на припадниците и тоа вели на сите заедници посебно, а особено на албанската заедница и дека досегашните напори за зголемување на овој пристап оделе на некој начин во периодичност и никогаш не достигнале некое ниво за кое би се сметало дека е задоволително.

Прво, не постои никаква периодичност, постои една еволутивност, која ако што проследи низ еден временски тек може дефинитивно да биде констатирана како една

напредна еволутивност која носи гаранција во извесен релативно близок временски период се постигне и таа така наречена правична застапеност на албанската популација во системот на високо образование, со еден добар дел во сегментот на тоа високо образование и со студирањето, или школувањето, или едукацијата на својот мајчин јазик. Затоа се наведува што е се направено од педагошката академија итн, до Штуловиот универзитет.

Извлекувајќи податоци во однос на вкупниот број на студенти кои постојат во Република Македонија , меѓутоа тргнувајќи од фактот дека бројот на студентите од македонско етничко потекло кои студираат надвор од државата, поради било какви прилики, дел е поради позитивна дискриминација, дел е поради желба да студираат на други универзитети итн. Меѓутоа, бројот на студенти кои студираат надвор е толку колку што се школуваат и Албанци во РМ. Ако на се ова додадеме и една вредност на матуранти кои би изразиле желба, полагале приемни испити, не успеале, што значи дека биле аспиранти за високо образование, ќе видиме дека тој број е голем и дека го надмашува бројот на оние кои се припадници на Албанската етничка заедница, запишани на универзитетите во РМ, меѓу кои и на Штуловиот универзитет. И ако се направи еден пресек,ќе сфатиме дека застапеноста не е максимална, меѓутоа има еден еволутивен ток и дека во скоро време, со една правилна насока може да се дојде до тој сегмент.

Понатаму меѓу причините поради кои треба да се донесе законот е дека дејноста на универзитетот ќе се заснова на стручност, компетентност и тој ќе биде отворен за сите студенти кои ќе изразат желба и интерес да студираат на овој универзитет. Овој сегмент во причините, на некој начин е зачудувачки затоа што ни еден документ, ни еден сегмент ни од дискусијаата, ни образложенијата што ги имавме од министерот, не можеме да ја видиме ниту компетентноста, ниту стручноста на оние кои треба да ја изведуваат таа настава. Уште помалку дека ова ќе биде интерес на сите кои сакаат да студираат на овој универзитет. Тоа можеме да го кажеме, да сите кои сакаат да студираат на овој универзитет од Албанска етничка заедница. И понатаму следат дискусии од типот дека тоа се идни кадри, светла иднина на нашата земја итн. , програма Космополитска што треба да ја зајакне целата позиција, на причините да им даде една

посеопшта и поголема димензија од онаа што како сурова стварност овде можеме да го видиме.

Како последна од причините, јас мислам и тенденциозно е ставено дека истиот овој закон се донесува односно произлегува и од потребата за остварување на заложбите на Рамковниот договор, со цел за зајакнување на демократските и интеграциони процеси во РМ.

Низ досегашната елаборација, низ досегашната дискусија, дефинитивно сите сфативме дека Рамковниот договор и овој закон нема никаква додирна точка. Зошто се овде наведува како причина, јас мислам дека причината е единствена. Тоа е да се потенцира важноста на овој документ во однос на подлогата што ја има Рамковниот договор, да му се даде една неприкосновеност, дека за тоа прашање не може да се дискутира, дека тоа прашање веќе е апсолвирано и дека овде на некој начин е сервирано, а ние да го проголтаме, без разлика, горко, или било какво, со образложение дека тоа е од повисок интерес на Рамковнио договор и над Уставот, на некој начин. Меѓутоа ако тргнеме од фактот дека тоа не е точно, една ваква причина, очигледно не може да стои.

Понатаму го имаме текстот на самиот закон, со тие негови членови, неколку, кои во суштина ништо не пружаат во однос на квалификациите на законот и формирањето на еден ваков универзитет и имаме едно образложение со оценки на состојбата, во областа во која се предлага законот. Овие оценки за состојбата, како се дадени се само куп нафрлани елементи, вадени од одредени агрегати, без одредени сигнификантни податоци кои треба само да го потенцираат она што сака да се постигне, а тоа е реализацијата на овој проект односно проект без проект, на тетовскиот државен универзитет, и се вика вака: “Развојот на терцијалното образование во нашата земја има за цел да ја подобри образовната структура на населението, да го подигне научно-технолошкото ниво и конечно да обезбеди севкупен развој на земјата...”Натаму да не продолжувам, ќе нагласам дека, пред се - со создавање на услови за вработување на високо стручен кадар.

Една ваква дефиниција и ваква опаска, со ситуација во која се наоѓа нашата земја кога имаме невработени 370.000 жители, од кои многу голем број се високо образовни кадри, е многу тешка демагогија. Имаме потреба онолку колку што имаме реална

потреба. Ако имаме на Биро за вработување тој број на лица, посебно со високо образование, тогаш ќе сфатиме дека ова не е точно. Или, да тргнеме поинаку, дали имаме појава на отворање на работни места за кои има потреба од кадри со високо образование, а на пазарот на трудот не постојат такви кадри. Не постои ни една професија, ама баш ни една професија, освен во информатиката каде се постигнува одреден баланс на импутото и аупутот, можеби одредена инсуфицентност, во другите сфери ама баш не постои никаде исуфициентност. Значи сето ова образложение или оваа оценка ја ставам како невалидна.

Понатаму се кажува за одреден параметри на структурата на вработени, високо образование како е во Европа, па како е кај нас, дека е половична, па просечна опфатеност на матуранти, гледаме дека таа не е ни мала кај нас, дека во Европа е 50%, кај нас 40%. Ако землеме дека во Европа бруто националниот доход е над 22.000 евра, кај нас е одвај 1.800, можеме да сфатиме дека и оваа бројка која ја имаме, на некој начин е голема. Меѓутоа сепат тоа не значи дека Албанската заедница нема право на високо образование.

Исто така и просечниот број на студенти на 1000 жители во Европа изнесува околу 35, додека во РМ се движи околу 22, а никаде не даваме податок на пример за САД кои ни се узор за демократија, и стратегиски партнер во многу области, каде што треба да кажеме дека САД како земја од 250.000.000 и 52 федерални држави, имаат само 52 државни универзитети, а вкупниот број на универзитети изнесува 3940. Што значи има државни универзитети на 5.000.000 жители , по еден државјанин и тие не се престижни. Меѓутоа проблемот на кадарот, проблемот на паметните луѓе, проблемот на професионалците не се решава со државните универзитети. На сите приватни универзитети кои имаат своја рејтинг листа во САД и која континуирано годишно се менува, или периодично, студенти кои се исклучително надарени итн, се финансираат и од самиот факултет, или приватни, или добиваат стипендија, или добиваат кредити за да го реализираат своето школување, па потоа го враќаат со својата работа, а за тие студенти они оценуваат дека се валидни кадри и дека успешно ќе работат и ќе можат да го вратат кредитот и ред други мерки кои кај нас не можеме да ги примениме затоа што,

сепак ние не сме САД. Меѓутоа, тоа не значи да не применуваме методи кои на некој начин се и слични.

Ако веќе се доведуваме во ситуација, а имаме инфраструктува високообразовна, од типот на универзитетот на Југоисточна Европа, можеме како држава да финансираме , со одредена програма или стратегија која треба Владата да ја донесе, врз база на анализи и сознанија во високото образование, овде немаме никакви податоци, немаме студенти од етничките заедници, со цел да стигнеме до поправична застапеност.

Сега доаѓаме до образложувањето околу финансирањето и повторно имаме една паралела во однос на она што е финансирање на високото или терцијално образование во развиените земји каде имаме издвојување од бруто националниот доход од 1,4 % а во РМ изнесува скромни 0,7%. Понатаму дека средствата во Европа имаат тренд на постојан пораз од околу 5% годишно, додека во РМ, да кажеме во оваа измината година која ја третираме како рестриктивна и е рестриктивна, се намалени за 1,2 %. И сега се вика - имајќи ги предвид сите овие индикативни податоци, се прават напори и заложби на државата за зголемување на средствата за финансирање на високото образование кое се смета за една од основните претпоставки за вкупниот општествен и економски развој на земјата. Кои напори се прават гледаме и од она што ни е понудено понатаму во Буџетот и ќе видиме дека следната 2004 година е уште порестриктивна во поглед на обезбедените средства за финансираање на високото образование, во апсолутна вредност, меѓутоа бројот на партиципиентите и на оние кои ќе бараат средства се зголемува. Значи и понатаму имаме  пад во овој сектор. И оние искази на ректорот на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” дека они ќе се кренат многу жестоко, до колку им се намалат средства, да им кажеме може да се креваат колку сакаат, за следната година тие средства им се намалени , а мислам дека Владата воопшто не бере гајле за тоа, а посебно не и е гајле за изјавите на ректорот на Универзитетот.

Понатаму никако не можеме да ја објасниме повторно дилемата за што се работи, без разлика што на некој начин и овлаш е дадено во образложението дека се работи за продолжување на традицијата односно на некој начин легализација на веќе постоечкиот илегален универзитет во еден легален, поради кој и овој закон се носи. И за да се надминат проблемите се дава и едно образложение дека истовремено со тоа се

создаваат услови за организирање на високо образование на јазикот на Албанската заедница, во интенциите на Охридскиот договор што јас никако не можам да ја сфатам, не можам да го фатам крајот на ова образложение, не ми е јасно, доколку министерот има волја да каже нешто, тогаш би можел тоа да ни го објасни затоа што тоа не можам да го сфата. Не ми е јасна целта.

Во понатамошниот тек, за да се оправда, на некој начин, се ова, се поставува една теза дека сето ова се прави врз база на согледувањата и позитивните искуства на универзитетот на Југоисточна Европа односно универзитетот во Тетово, за кој е обезбеден еднаков пристап на сите граѓани, за студирање на својот мајчин јазик. Тука веќе имаме контрадикторност. Од една страна се нагласува и колку е позитивно и дека е обезбеден пристапот на граѓаните од сите националности, за студирање на својот мајчин јазик. Меѓутоа, со интенцијата да се формира овој државен универзитет, практично се става на страна Универзитетот на Југоисточна Европа и на тој начин може да дојде до ситуација да он прекине со своите функции. Мора да се нагласи таа опасност, со една единствена цел. Вакво позитивно искуство и она што е позитивно направено и кое дава очекувани резултати, можеби и повеќе од она што сме очекувале како резултати, не треба да го угасиме.

На крај, безобразлукот во образложението станува, на некој начин и драматуршки затоа што сака да се нагласи дека со формирањето, да не набројувам што се се зборува, дека на овој начин се настојува да се зајакнат интеграционите компоненти преку зајакнување на студентски програми кои се реализираат на албански јазик итн. И овој сегмент, на кој начин може да се реализира, на кој начин го гледа тој пат, интеграционен кој јас не можам да го видам, барем во овој дел, ниту во проектот кој го имавме, би сакал да имам објаснување, меѓутоа и покрај толку време и на гледање и дискусија на други пратеници, јас не успеав да го видам тоа.

Повторно се враќам во ова образложение, на почетниот сегмент, во причините поради кои се добива овој законски проект, а тоа е дека ова ќе биде центар кој ќе овозможи економски напредок со создавање на кадри итн, кои ќе го обноват стопанството во РМ, преку центри за трансфер, наука, технологија и тоа во услови кога имаме толку невработени.

Мене овде веќе не ми е јасно, дефинитивно не ми е јасно, како може воопшто и која е оваа законска процедура, поради која и врз која може да дојде до легализирање на овој универзитет, направен со граѓанска иницијатива, малоречанскиот. Проблемот ќе остане, нема ништо да се реши со ова. Не само што ќе остане, проблемот ќе се надгради, ќе се димензионира, на тој начин што ќе имаме севкупен пад на квалитетот. Проблемот ќе се надгради што ќе се создат поголеми етнички нетрпеливости, затоа што во самата генеза на оваа легализација имаме еден изолационен сегмент. Проблемот ќе се надгради, затоа што севкупниот стандард во финансирањето на вака шкрта влада која великодушно прави нови универзитети, никако не ми влегува во глава. Проблемите ќе се мултиплицираат, затоа што наеднаш ќе дојдеме во ситуација да со оваа легализација и евентуално земање на дипломите кои во овој период на илегалното функционирање на овој универзитет се легализираат, доаѓа еден наплив на високо образование, во наводници “високо образование”, кадри или луѓе кои ќе имаат одредени документи дека завршиле факултет, меѓутоа не и со адекватно знаење, не се адекватен професионализам, луѓе кои што сигурно нема да допринесат за релевантно подобрување на севкупните стандарди на живеењето во оваа земја.

Јас уште еднаш ќе нагласам дека излез од целата оваа ситуација постои, мислам дека тој излез индикативно е присутен во главите на сите овде и на оние кои спијат дома од пратениците, можеби и сонуваат за тоа. Уште еднаш, најдобронамерно побарувам и посакувам од господинот министер, да овие пружени факти, ова искажано расположение за решавање на проблемот на образованието, без таква политизација како што беше практично наметната дека е, можно е и дека треба да се потруди затоа што сметам дека и тој има доволно сознание дека е тоа така и дека треба да го направи правиот потез да овој законски проект, во овој момент биде повлечен од процедура и да дојдеме во ситуација да реализираме едно адекватно решение за високото образование во Република Македонија.

Доколку го направи тој потег, јас лично се ставам на располагање на министерот за образование во целост, за било што, да дојдеме до заедничкото решение со најдобра намера и волја.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам професоре Оровчанец.

Господине Паљошковски, вие сте на ред, а нека се подготви господинот Зоран Крстевски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитувани колеги, почитуван претседателе,

Еве неколку дена до исцрпување водиме дискусија по една точка од дневниот ред, за кое лично сметам дека и воопшто не требаше да постои во оваа форма во која денеска и претходните неколку дена ја имаме пред нас. Но, што е тука е. Ќе се обидеме најадекватно да ги образложиме нашите ставови.

На прво место, сакам да потенцирам дека начинот на кој што се води седницата н Собранието на Република Македонија, ги надминува сите мерки на нетолеранција и непочитување на правото на секој пратеник да се обрати на начин на кој што тој самиот смета дека е најдобро, на начин што ќе му овозможи да влијае врз оваа процедура. Она што ни се случува со одржување на парламентарното заседание до изгрејсонце, зборувам само за упорноста што ја имаме власта предводена од СДСМ, во реализирањето на овој за нив зацртан, за нас таканаречен проект. Меѓутоа, нивната упорност е многу мала во спордба со нашата. Ние сме чисти пред самите себеси. Не сме гласачка машинерија, туку сме длабоко убедени .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Паљошковски, ве молам за законот. За гласачки машинерии другпат, ајде сега за законот ве молам.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Увод еден. Очигледно дека многу од моите колеги нема да сакаат да го слушаат она што ќе говорам, веројатно поради тоа што и немаат што да одговорат и очигледно е дека колку и да се убедуваме, да промениме нешто во нивниот коалиционен

план, нема да успееме. Меѓутоа, ние имаме должност пред граѓаните на Република Македонија, не само пред оние кои гласале за ВМРО-ДПМНЕ, туку пред сите да го кажеме на секаков возможен начин, дека она што го прави оваа власт е директно против интересите на секој граѓанин на оваа држава. Ако има било каков демократски начин да промениме ние нешто, нема да се двоумиме да го направиме тоа.

За нас не е проблем да ги убедуваме до бескрај пратениците од СДСМ и од ЛДП да не гласаат за легализација на парауниверзитетот од Мала Речица, туку за нас, а и за секој обичен граѓанин на оваа држава е проблем да разбере зошто тие истите гласаат за овој закон. Зарем до толку е голем залогот и хипотеката на СДСМ кај ДУИ, што и покрај сите противења на општеството за прифаќање на овој закон, тие упорно ја тераат оваа работа, без воопшто да понудат адекватни аргументи. Зошто легализација на парауниверзитетот, а  во исто време и контрааргументи на нашите ставови, изнесени од оваа говорница.

Постојат неколку моменти од оваа процедура, кои за мене предизвика големо внимание. Тие моменти кај мене не разбудија сомнеж дека само цврсто ми ја потврдија поезијата, дека треба да бидам против донесувањето на еден ваков законски акт.

Прво, легализацијата на тетовскиот парауниверзитет е фларгантно кршење на националните интереси на Република Македонија. Тие се најзначајни. Ниту една власт не е позначајна од Република Македонија. Ако некој е против основните интереси на државата, тоа не може да биде дел од нејзината власт.

Второ, легализацијата на тетовскиот парауниверзитет е фларгантно кршење на сите законски и уставни норми во Република Македонија. Ако требаше години и години да се воспотавува правниот систем на оваа самостојна држава, очигледно е дека треба само малку желби и многу ароганција да се прекршува истиот. Дури ни најголемите заштитници на Охридскиот рамковен договор не го заштитува. Оние кои најхрабро го бранеа и го оправдуваа денес, нејбрзо го кршеа.

Трето, легализацијата на тетовскиот парауниверзитет е фларгантно кршење на сите образовни стандарди воспотавени во модерните западни демократски држави,

државен универзитет без наставен кадар. Државен универзитет ако сакате и без контрола од страна на државата.

И конечно, четврто, легализацијата на тетовскиот парауниверзитет, кршењето на сите права на еднаквост која што треба да ги имаат студентите од сите универзитети во Република Македонија, студентите не треба да ги делиме по ниту еден основ, а најмалку по основ на етничка припадност. Правото на високо образование треба да им е достапно на сите. Ако некој студент турчин, кој што не го познава албанскиот јазик, сака да се запише на политехничката школа на која ќе обавува настава само на албански јазик, тој тоа не ќе може да го направи.

Да почнам по ред. Република Македонија е држава на сите граѓани и истата сите граѓани мора да располагаат со еднакви права. Никаква повластеност на одредени луѓе или групации од луѓе не е дозволено. Нека ми простат колегите од албанските политички партии и останатите партии од власт, меѓутоа она што ни се нуди денеска е премногу.

За да бидам појасен, ќе поставам едно прашање. Дали студент македонец ќе може да се запише на тој таканаречен универзитет? Дали тој студент македонец ќе има квота за упис, утврдена врз основа на официјалните податоци од последниот попис за запишување на истиот. Зошто институцијата финансирана од страна на сите граѓани и од страна на сите даночни обврзници да може да биде користена само од популацијата која ја сочинуваат само околу 20% од целокупното население. На Скопскиот и Битолскиот универзитет има квоти за сите и сите имаат право да студираат. На Штуловиот и на колеџот се запишуваат сите оние што ги исполнуваат стандардите, па макар биле и мексиканци. Ова нема да биде така во Тетово.

Втор момент од оваа точка е што многу мои колеги го зборуваа до сега, поврзано е со законската издржливост на една ваква процедура. Мораме да потенцираме дека не се исполнуваат стандардите за простор. Имаме узурпација на туѓ имот. Не се исполнуваат стандардите за средствас. Немаме реален приказ, колку навистина ќе не чини оваа екскурзија. Не се исполнуваат стадардите за наставниот научен кадар. Малку се оние од списокот што ни е доставен кои ги имаат нострифицирано своите дипломи кај нас.

Ние пред нас имаме новогодишна желба на ДУИ. Секако, збогатена со предлог законот за територијалната поделба и веќе донесениот Закон за државјанство на Република Македонија кој е без поговорно реализирана од страна на СДСМ. Ние пред нас немаме сериозен акт. Да бевме пратеници во некоја понормална држава, веројатно еден ваков акт ќе ја заслужеше наградата “златна катастрофа на годината”. Закон со пет членови разработува проблем на високо образование на албанците во Република Македонија, проблем за кој што се кршени многу копја во минатите 13 години. Ние не знаеме дали со овој закон основаме нов, или го легаизираме веќе постоечкиот параунивerзитет и ние навистина незнаеме дали некој  воопшто може да ни понуди одговор на тоа прашање. Наредна дилема која што ми се поставуваше е дали една ваква институција ќе успее да ги постигне стандардите потребни за секоја високообразовна установа. Реномето на македонските дипломи драстично ќе бидат намалени. Ако до сега се жалевме дека не ни ги признаваат дипломите во странство, се жалевме дека каде и да одиме, нема да ни биде едноставно, како на сите други од сега слободно можам да кажам дека треба да заборавамe дека некој сериозно ќе гледа на нашето образование.

На оваа тема деновиве за прв пат продискутира и ректорот на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”, кој несомнено ни даде на знаење дека ако овој тетовски параунивerзитет се легализира, тогаш треба да заборавамe на признавање на нашето високо образование, установи надвор од нашата држава.

Кај нас полесно се основа универзитет од било што друго. Дали продавница, фирма, невладина организација, земјоделска задруга и друго. Кој ќе мисли дека она што го добиваат македонските студенти и вистинско образование, кога во еден универзитет се случува она што и сите ние го знаеме дека се случува, кој е тој орган што ќе врши контрола врз сиот процес, дали ние ќе бидеме сигурно дека таму ќе се образова квалитетен кадар. Дали некој од оваа Влада е спремен да излезе пред сите нас и да превземе лична одговорност за сите проблеми што ги имаат младите граѓани на оваа држава при признавањето на нивните дипломи, добиени во повеќегодишното напорно залагање за истите. Еден студент од Електротехничкиот факултет ќе има проблем во странство да ја нострифицира својата диплома, поради тоа што во еден дел од неговата држава се врши хиперпродукција на дипломиран кадар, без да се задоволат основните

стандарди, и тоа хиперпродукцијата во овој случај нема никаква врска со неговата струка. Праведно, нели?

Деновиве, надвор од ова Собрание се отвори дискусија за уписната политика на факултетите во Република Македонија. Ги слушавме организациите на средношколците дека остро се спротивставуваат на донесувањето на ваков закон, без никаков реален концепт, што навистина ќе се случува со нивниот упис на факултетите. Наредниве неколку години, на двата државни универзитети, средношколците имаат одредена слобода на пристап, иако и таму постојат оние квоти, онаа позитивна дискриминација со која се покажа во изминатите години, дека кандидат со 95 поени може да не се заспише, а кандидат со 61 поен сигурно ќе се запише.

На приватните универзитети сите се еднакви, барем ние така мислиме, но сепак тие се огромен позитивен исчекор напред. Можеби и на Штуловиот универзитет има одредено ниво на позитивна дискриминација кон албанците, но сепак никој не се спротивстави со цел навистина на најдобар можен начин да се реши проблемот со високото образование. Меѓутоа, што добиваат младите средношколци кои не се дел од тие 20% албанска популација во Република Македонија со формирањето на овој универзитет? Ништо.

Имајте предвид дека еднаш донесен ваков закон ќе значи закон за секогаш. Враќање назад нема да има. Грешката во овој случај, дами и господа, ќе нема кој да ја исправи. Единствено нешто што ние го бараме од вас денес е да гласате по ваше личноубедување. Ослободете се барем денес од партиската стега, не дозволувајте генерациите што следат, токму вас, лично да ве обвинуваат за овие антидржавни процеси.

Благодарам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Паљошковски.

Објавувам прекин на работата.

Продолжуваме денес во 11,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 05,55 часот)